УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА

# ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА И МАКЕДОНЦИТЕ

(Докторска дисертација)

Ментор:
Д-р Ристо Кирјазовски

Кандидат:
М-р Лилјана Пановска

Скопје, 1999

СОДРЖИНА

ВОВЕД vii

I. КРАЈОТ НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА И ГРЦИЈА 1

1. Европа и Балканот: воено-политичка ситуација 1944-1945 1
2. Грција во пресрет на 1945 15
3. Македонците во грчкото движење на отпорот 28

II. ГРЦИЈА ПО ДОГОВОРОТ ВО ВАРКИЗА 44

1. Обиди за стабилизирање на внатрешно-политичката состојба 44
2. Позицијата и стратегијата на ККЕ 55
3. Реактивирање на македонското нацинално-ослободително движење 70

III. ПОЧЕТОКОТ НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА - ПОЧЕТОКОТ НА СТУДЕНАТА ВОЈНА 90

1. Распаѓањето на Големата алијанса: причини и последици 90
2. Граѓанската војна 1946-1947 106
3. Односите помеѓу НОФ и ККЕ 135

IV. КРАЈОТ НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА 155

1. Резолуцијата на Информбирото: рефлексија на една стратегија 155
2. "Неприродните сојузници" (ККЕ - НОФ) во 1948-1949 174
3. Крајот на една илузија 195
4. Последици 225

ЗАКЛУЧОК 234

КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА 245

# ВОВЕД

Граѓанската војна во Грција (1946 -1949), а посебно аспектот на учествто на Македонците од егејскиот дел на Македонија или "грчка Македонија" во неа, заради својата комплексност и чуствителност не бил предмет на посебен и интегрален научно-истражувачки третман, како во македонската, така и во странската историографија. Ова секако не значи дека одредени аспекти на Граѓанската војна и учеството на Македонците во неа не се проучувани. Напротив. Во рамките на македонската историографија, иако малубројни, присутни се научни трудови кои во рамките на сопствениот предмет на проучување допираат и одредени проблеми поврзани со основната тема на овој труд. Тие својата анализа воглавно ја насочуваат кон македонските политички организации кои делувале во текот на Граѓанската војна; политиката на Грчката комунистичка партија кон овие организации, кон македонското национално прашање и воопшто кон македонското национално-ослободително движење. Исто така не помало внимание е посветено и на положбата на Македонците по договорот во Варкиза (февруари 1945 година), односно спроведуваниот терор од страна на грчката држава, како и последиците што за Македонците произлегоа од Граѓанската војна.[1]

---

[1] Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт и другите организации на Македонците од Егејска Македонија 1945-1949* (Култура: Скопје, 1985); Idem, *Македонски национални институции во егејскиот дел на Македонија 1941-1961* (Скопје: ИНИ, 1987); Idem, *Македонската политичка емиграција од егејскиот дел на Македонија во источноевропските земји по Втората светска војна* (Скопје: Култура, 1989); С. Киселиновски, *Егејскиот дел на Македонија 1913-1989* (Култура: Скопје, 1990); Т. Мамуровски, *Македонците во Егејска Македонија 1945-1946* (Скопје: ИНИ, 1995); Р. Кирјазовски, *Правната дискриминација на големо-грчката политика во егејскиот дел на Македонија по Втората Светска војна* (Скопје: МИС, 1996). Од посебно значење за проследување на учеството на Македонците во Граѓанската војна се и петте тома на објавени документи (*Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во Граѓанската војна 1945-1949* (Скопје: Архив на Македонија, 1973-1983), кои содржат важна архивска документација од ККЕ и НОФ.

Гледано од методолошки аспект, постоењето на сета оваа литература во одредена мера ја олесни научно-истражувачката работа, како и анализата на комплексноста нараечена "учество на Македонците во Граѓанската војна во Грција" со сите свои последици. Притоа, неопходно е да се забележи дека следењето на утврдената методологја, како и спроведените истражувања јасно ги потенцираа и "празните места" во македонската историографија, а кои на еден или друг начин, влијаат за подолгорочно и продлабочено заокружување на оваа проблематика. Оттука, она што фактички недостасува во македонската историографија, иако веќе првите чекори во овој правец се направени,[2] е компелксното проучување на политичкиот и воениот аспект на Граѓанската војна, и тоа посебно во контекст на влијанието на надворешните фактори - политиката на големите сили - Соединетите Американски Држави, Советскиот Сојуз, Велика Британија, како и политиката на балканските комунистички партии, пред се на Комунистичката партија на Југославија (КПЈ). Изнесеново добива соодветна тежина доколку се има јасна претстава дека почетокот на Граѓанската војна во одреден степен го означи и почетокот на скоро педесетгодишната Студена војна.

Од друга страна, странската литература, односно онаа што беше користена во изработката на овој труд, воглавно од англо-саксонско јазично подрачје или од грчки автори дадена во превод , опфаќа повеќе

---

[2] Р. Кирјазовски, "Односот на големите сили од антихитлеровската коалиција спрема Грција во текот на Втората светска војна и проблемот на обединувањето на Македонија", *АСНОМ , Педесет години македонска држава 1944-1994* (Скопје: МАНУ, ИНИ, 1995); Idem., *Македонците и односите на КПЈ и КПГ* 1945-1949: Официјални документи (Скопје: Култура 1995); С. Благоев, "Тајната дипломатија во текот на Граѓанската војна во Грција и македонското прашање" *Гласник на ИНИ*, 40/2(Скопје: ИНИ, 1996), 159-182; Т. Чепреганов, *Велика Британија и македонското национално прашање август 1944-1948* (Скопје:ИНИ, 1997). Важни податоци за проследување на политиката на Велика Британија кон македонското национално прашање по Втората светска војна, се содржани и во двата тома на објавени британски документи во издание на Институтот за нацинална историја (*Велика Британија и Македонија 1944-1945*).

аспекти на Граѓанската војна, (политиката на големите сили, развојниот тек на воените операции, инволвираноста на Федеративна Југославија), но сепак може слободно да се констатира дека таа скоро во целост го елиминира, или парцијално и сосема површно го третита учеството на Македонците во војната, и делувањето на македонската национално-ослободителна организација НОФ (Народноослободителен фронт). Во мал дел од овие трудови воглавно е присутна анализа, и тоа единствено на меѓународниот аспект на македонскиот проблем или поточно македонското прашање како фактор во односите помеѓу комунистичките партии на Балканот, во наведениот период. Во овој контекст интересно е да се напомене дека сите тие одбегнуваат да дефинираат националниот карактер на Македонците, нарекувајќи ги Славофони, Славо-Македонци или грчки Славо-Македонци.

При ова, за волја на вистината, сепак треба да се издвои трудот на професорот A. Rossos, кој следејќи го "грчкиот комунизам и македонскиот нацоинализам" во периодот на Граѓанската војна во Грција (1943-1949), презентира анализа која најреално кореспондира со суштината на проблемот.

Гледано од аспект на научната љубопитност, сето ова претставува доволен "материјал" за да се изнајдат мотивите што ја испровоцираа изработката на овој труд. Труд, кој методолошки учеството на Македонците во Граѓанската војна во Грција ќе го обработи низ соодветна анализа на сите внатрешни и надворешни фактори, што на еден или друг начин допринеле за почетокот на војната; го детерминирале нејзиниот развоен тек, а со самото тоа и нејзиниот трагичен крај. Со цел да се избегнат евентуалните недоразбирања, овде е место да се напомене дека главен предмет на анализа е "третата рунда" на Граѓанската војна,

односно периодот од 1946 до 1949 година, кога фактички Македонците по сопствен избор (или не?) беа најдлабоко инволвирани во настаните.

Ваквата замисла, но и самата комлексност на проблемот наметна и соодветен методолошки пристап во изработката на овој труд, посебно при презентирањето и анализата на обемната историска фактографија. За да се се постигне што е можна поголема прегледност на сите настани поврзани со основната проблематика, применет е принципот на нивно хронолошко проследување, и тоа низ соодветните четири главни наслови и повеќе тематски поднаслови. Треба да се забележи дека притоа е направен максимален обид за селекција на бројните податоци за одредени настани, односно за издвојување и презентирање само на оние податоци што покрај релевантноста во себе ја содржат основната суштина на третираниот проблем. Во функција на што подлабока анализа на основната тема, исто така беше присутно и настојувањето сите презентирани настани да се доведат во што е можно поголем причинско - последователен однос, не отстапувајќи притоа од релацијата - од општото кон посебното во следењето на одредената историска појава. За оваа цел посебни истражувања се извршени во Public Record Office (Лондон - Велика Британија), како и во King's College, Liddell Hart Centre for Military Archives (Лондон - Велика Британија).

Испровоцирана од многубројните аспекти што ги имплицира самиот наслов, во трудот е присутна определбата за максимално презентирање на политичкиот аспект, што секако не значи дека е пренебрегнат воениот или некои други аспекти. Во суштина, основно тежнение претставуваше обидот да се изврши пресек на меѓународните политички текови, како и на внатрешно-политичките настани во самата Грција, и тоа уште од текот на Втората светска војна, со цел да се добие што е можно пореална проценка зе се она што претставуваше

детерминирачки фактор за започнувањето на последната фаза од Граѓанска војна во Грција и за учеството на Македонците во неа. Притоа, посебно внимание беше посветено и на анализата на глобалните политички аспекти, коишто го предизвикаа и неуспехот на Граѓанската војна и особено тешките последици за Македонците.

Во секој случај, потребно е да се напомене дека овој труд нема за цел да ги пронајде "виновниците" за голготата низ која поминаа Македонците од егејскиот дел на Македонија. Еден таков пристап само би ја свел историјата на обичен регистратор на настани, без можност од нив да се извлечат соодветни поуки. Токму затоа, гледано од аспект на македонските национални интереси, беше неопходно трудов да укаже дека општествените појави и настани, а во тие рамки и Граѓанската војна во Грција, претставуваат комбинација на голем број фактор, без чие јасно согледување можни се резултати спротивни од очекуваните. Ова е дотолку важно доколку се има во предвид дека секоја една локална или регионална криза, во крајна линија, согласно логиката на real-politic секогаш ќе биде искористена од страна на големите светски сили за балансирање на своите меѓусебни односи, односно, за постигнување на предност. Гледано од овој аспект, Граѓанската војна во Грција, како и учество на Македонците во неа претставуваат школски пример за употребната вредност на суспензија на колективните права на едно малцинство за постигнување на глобални гео-политички цели од страна на големите сили. Корелацијата со денешнава состојба во СР Југославија колку да е неблагодарна, а од македонски аспект и несоодветна, повторно, а се разбира во еден сосема поинаков историски контекст, ја покажува употребната вреност на нерешеното "косовско прашање" во обидите да се воспостави нов светски поредок. Историјата за среќа или за

жал не се повторува, но методите употребувани во "големата игра" опстојуваат и предупредуваат.

# I

## КРАЈОТ НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА И ГРЦИЈА

### 1. *Европа и Балканот: воено-политичка ситуација 1944-1945*

Ако се земе во предвид констатацијата дека Граѓанската војна во Грција од 1946 - 1949 година, била "резултат на судирот на домашните, регионалните и меѓународните сили",[1] како и тоа дека "Грција помеѓу 1944 и 1947 година, служела како земја за тестирање, лабораторија на меѓународната политика",[2] тогаш неминовно се наметнува и заклучокот дека станува збор за мошне сложен историографски проблем за чиешто презентирање е неопходно потребно севкупно согледување на бројните внатрешни и надворешни фактори, што повеќе или помалку, посредно или непосредно, делувале на почетокот, развојниот тек и крајот на Граѓанската војна.

Од друга страна пак, поаѓајки од тоа дека секој историски настан или пројава има своја одредена предисторија, може да се каже дека предисторијата на Граѓанската војна во Грција започнала во годините на Втората светска војна. Затоа кусото навраќање на поважните збиднувања како во Грција, така и на меѓународната воено-политичка сцена, посебно во текот на 1944 и 1945 година, е неодминлива потреба.

Задржувајќи се на 1944 година, можно е да се констатира дека таа била одбележана со понатамошни значајни воени операции на антихитлеровската коалиција коишто, во првите денови на месец мај 1945

---

[1] J. O. Iatrides, "Perceptions of Soviet Involvment in the Greek Civil War 1945-1949", L. Baerentzen, J. O. Iatrides, O. L. Smith (Eds.), *Studies in the History of the Greek Civil War 1945-1949* (Copenhagen: Museum Tusculanum Press, 1987), 224.

[2] S. G. Xydis, *Greece and the Great Powers 1944-1947: Prelude to the "Truman Doctrine"* (Thessaloniki: Institute for Balkan Studies, 1963), IX.

година, довеле до дефинитивниот пораз на нацистичка Германија. Зад неа останале големите воени победи, што Црвената армија ги постигнала во 1943 година во битките кај Сталинград, Курск, Орел и Харков, како и успешните воени операции на западните сојузници во Северна Африка, Сицилија и Јужна Италија, што ја предизвикале и капитулацијата на Италија во текот на истата година.[3]

Овие настани, а во прв ред победите на Источниот фронт овозможиле антихитлеровската коалиција да преземе стратегиска иницијатива, а со самото тоа во периодот што следел да ја обезбеди победата над Германија и нејзините сојузници.

Во првата половина на 1944 година, настапувањето на советските армии продолжило по должината на целиот Источен фронт.[4] Како резултат на тоа повеќе од три четвртини од советската територија биле ослободени, а единиците на Црвената армија стапиле на територијата на Романија и се приближиле кон границите на Полска и Чехословачка.[5] Во меѓувреме, сојузничките англо-американски војски во склопот на воените операции изведувани на тлото на Италија успеале да го заземат Рим, создавајќи притоа поволни услови за нивно успешно напредување низ Северна Италија.[6]

Од средината на 1944 година, Втората светска војна во Европа влегла во нејзинта завршна фаза. На 6 јуни започнала долго планираната

---

[3] Поопширно: В.Черчил, *Други светски рат, Обруч се стеже*, т.V (Београд: Просвета, 1964). 32-41; *Drugi svetski rat: Pregled ratnih operacija*, knj. 3 (Beograd: Vojnoistoriski institut. 1964). 51-54; 145-182; 315-359; 463-516; *Drugi svetski rat 1939-1945*. II (Beograd: Mladost, 1969) 13-26; 45-52; 53-62; 127-132; 135-138.

[4] Поопширно: *Drugi svetski rat: Pregled ratnih operacija*, knj.4, 25-79; *Drugi svetski rat 1939-1945*, II, 78-94.

[5] *Drugi svetski rat 1939-1945*, II, 252.

[6] Поопширно: В.Черчил, *Други светски рат: Обруч се стеже*, т.V, 573-586; *Drugi svetski rat: Pregled ratnih operacija*, knj.4, 199-230.

сојузничка инвазија во Северна Франција - Нормандија, позната како операција "Оверлорд", а две недели подоцна , на 23 јуни отпочнала и новата офанзива на советските армии на Источниот фронт. Овие две независни и взаемно многу малку координирани операции ја довеле нацистичка Германија во стратешки незавидна позиција, така што повеќе не постоело сомнение дека антихитлеровската коалиција ќе ја однесе победата. Во текот на втората половина на 1944 година, западните сојузници ги протерале германските војски од Франција, Белгија, Луксембург и од дел од територијата на Холандија, а совтските армии по ослободувањто на целата територија на СССР започнале да настапуваат во земјите на Централна и Југоисточна Европа, што резултирало со капитулацијата на Романија и Бугарија и со ослободувањето на источните делови на Полска, Чехословачка и на поголемиот дел на Унгарија.[7]

Брзиот советски продор на Балканскиот Полуостров, како и се посилниот притисок на силите на отпорот во Грција, Албанија и Југославија го предизвикале повлекувањето на германските војски од територијата на овие земји. Во ноември 1944 година биле ослободени Грција и Албанија, а до крајот на годината биле ослободени источните и дел од централните области на Југославија.[8]

Воените победи на западните сојузници и Советскиот Сојуз во текот на 1944 година, целосно ја промениле воената и политичката ситуација во Европа. Англо-американските војски што напредувале од запад кон крајот на оваа година дошле до границите на Третиот Рајх, а советските армии настапувајќи од исток веќе отпочнале и операции на дел

[7] Поопширно: *Drugi svetski rat: Pregled ratnih operacija*, knj.4, 156-195; 273-410; 479-538; *Drugi svetski rat 1939-1945*. II. 324-390; 256-278; *Други светски рат*, књ.трећа (Београд: Народна књига, 1980), 8-30; 32-56; 90-166; 232-264.

[8] Поопширно: Ibid., 541-555; 417-471; *Други светски рат*, књ.трећа, 67-85.

од неговата територија, поточно во Источна Прусија.[9] Германија, сосема осамена, без нејзините дотогашни сојузници, не само што се нашла притисната помеѓу двата фронта (Источниот и Западниот), туку била принудена да води и тешки борби на уште два фронта, во Италија и Југославија кои, се повеќе се приближувале кон нејзините граници.

Во почетокот на 1945 година, војските на западните сојузници и Советскиот сојуз ги отпочнале последните офанзивни операции, што во текот на пролетта истата година завршиле со неизбежниот пораз и капитулацијата на Хитлерова армија. За времетраењето на овие операции советските армии ја ослободиле Полска, Унгарија и Чехословачка, ги освоиле Источна Прусија, Источна Померанија и источните делови на Австрија, како и Берлин, со што, во суштина, и го задале и последниот удар на нацистичка Германија .[10] Едновремените воени дејствија на западните сојузници довеле до окупирањето на западните делови на Германија и Австрија, и до капитулацијата на германските војски на фронтот во Северна Италија.[11] Во овој временски период, југословенската армија ги ослободила останатите делови од територијата на Југославија.[12]

Во мај 1945 година, Германија била поразена. Антихитлеровската коалиција ја славела победата, а Европа започнала да го добива нејзиниот повоен облик - воглавно детерминиран од воените и политичките одлуки донесени од страна на главните сојузници - Соединетите Американски Држави, Велика Британија и Советскиот Сојуз, на неколкуте конференции одржани во периодот помеѓу 1943 и 1945 година.

---

[9] *Други светски рат*, књ.трећа, 232-235.

[10] Поопширно: *Drugi svetski rat: Pregled ratnih operacija*, knj. 5, 45-162; 170-200; 204-230; *Други светски рат*, књ.трећа, 241-264; 339-353.

[11] Поопширно: Ibid., 269-351; 353-366; Ibid., 279-284; 308-336.

[12] Поопширно: Ibid., 237-259; Ibid., 288-308.

Уште за време на победоносниот поход во 1943 година, сојузниците започнале да размислуваат за победата и идниот светски поредок. Иако, биле единствени во однос на реализирањето на нивната примарна цел - што побрз и целосен пораз на нацистичка Германија и нејзините сојузници, тие значително се разидувале во однос на прашањата кои се однесувале на организирањето на повоениот светски поредок. Нивните разлики воглавно произлегувале од предходните историски искуства, но и од пооделните воени и политички цели што тежнееле да ги остварат.

Велика Британија која, започнала да го губи статусот на прва светска сила, грчевито настојувала да ги обезбеди нејзините интереси во Источниот Медитеран,[13] и воедно да го спречи ширењето на советското влијание во Централана и Југоисточна Европа.[14] Затоа, британскиот премиер Черчил, инаку личност со исклучително практична политичка логика се залагал за обнова на традиционалната рамнотежа на силите во Европа, што всушност значело, реконструкција на Велика Британија, Франција, па дури и на победената Германија. На тој начин овие земји заедно со Соединетите Американски Држави би можеле да одржуваат противтежа на "советскиот џин на истокот".[15]

За разлика од Велика Британија, Соединетите Американски Држави застапувале поинакво гледиште. Претседателот Рузвелт категорично го одбивал традиционалниот свет на европската дипломатија, и се залагал за создавање на меѓународен поредок базиран на хармонија, а не на рамнотежа. Идниот мир требал да биде чуван од

---

[13] M. McсGwire, "National Security and Soviet foreign policy", M. P. Leffler and D. S. Painter (Eds.), *Orgins of the Cold War: An International History* ( London, New York: Routledge, 1994), 129.

[14] С. Рачев, *Англия и съпротивителното движение на Балканите (1940-1945)* (София: БАН, 1978), 129.

[15] H. Kissinger, *Diplomacy* (New York: Simon & Schuster, 1994), 395.

систем на колективна безбедност што ќе бил поткрепен од меѓународната соработка и добрата волја на воените сојузници.[16] Во тој контекст тој настојувал да се создаде и еден вид совет на управители на светот кој ќе дејствувал брзо против секој иден загрозувач на мирот. Советот според Рузвелтовата визија требал да биде сочинет од тројцата победници и Кина. Овој негов концепт станал познат како "Четири полицајци".[17] На Германија и нејзините сојузници тој сметал дека требала да им биде наметната "безусловна капитулација". Со тоа би се избегнале сите дискусии за условите на примирјето, и едновремено Сталин би се спречил да постигне сепарантен мир со Германија.[18] Оваа политика воедно требала да претставува гарант за тоа дека победените земји веднаш по завршувањето на војната би биле окупирани и управувани за одредено време од страна на победничките сили.[19] Едновремено, американската официјална политика остро се сротиставувала на определувањето на сфери на влијание и на донесувањето на било какви одлуки за територијалните промени предизвикани од војната пред одржувањето на мировна конференција.[20] Зад оваа концепција се криела американската определбата да се стави крај на британскиот и францускиот колонијален империјализам.[21]

Советскиот Сојуз кој, повеќе не претставувал најслаб коалиционен партнер, повоениот свет го гледал низ призмата на сопствената комунистичка идеологија и традиционалната руска надворешна политика.

---

[16] Ibid.

[17] Ibid.

[18] Ibid., 405.

[19] C. E. Black, J. E. Helmreich, P. C. Helmreich, C. P. Issawi, A. J. McAdams, *REBIRTH: A History of Europe Since World War II* (Boulder, San Francisko, Oxford: Westview Press, 1992), 43.

[20] B. Jelavich, *History of the Balkans: Twentieth Century*, vol. 2 (Camridge: Cambridge University Press, 1983), 285.

[21] H. Kissinger, *Diplomacy*, 397.

Сталин пристапил многу практично. Победите што ги остварил Советскиот Сојуз требале да бидат наплатени со проширување на советското влијание во Централна Европа.[22] Тоа што, всушност, Сталин го имал на ум било: Германија да биде поделена; Полска територијално да биде поместена на запад за сметка на победена Германија; Советскиот Сојуз спрема Полска да се врати границите од 1941 година,[23] и да ги задржи Балтичките земји.[24] Сето ова било неопходно потребно за создавање на одбрамбена зона која ќе го штитела Советскиот Сојуз од било која идна германска агресија.[25]

Сепак, на секој од сојузничките лидери му било сосема јасно дека суштината на идниот европски поредок лежела, пред сѐ, во крајниот исход на војната и во решавањето на полското и германското прашање. Во интерес на идниот светски мир некаква согласност требала да биде постигната.

Кога "Големите тројца" - Черчил, Рузвелт и Сталин за прв пат се состанале во Техеран (28 ноември - 1 декември 1943 година) за да ги координираат плановите и дејствата за следните воени операции, но и да ги разгледаат проблемите што се однесувале на повоеното уредување, тие на одреден начин ја поставиле основата на идната политичка структура на Европа. Со историската одлука Вториот фронт да биде отворен во Северна Франција, наместо на Балканот што претставувало тежнение на

---

[22] Ibid., 395.

[23] Во 1939 година бил склучен Германско-советскиот пакт. Како резултат на тоа, СССР во 1939 година окупирал половина од територијата на полската држава ( Западна Украина и Западна Белорусија), а во 1940 година ги ставил под своја контрола и Балтичките земји - Естонија, Литванија и Летонија. (P. Kalvokorezi, G. Vint. *Totalni Rat* (Beograd: RAD, 1987), 92, 78).

[24] H. Kissinger, *Diplomacy*, 406.

[25] Ibid., 395.

Черчил,[26] Источна Европа, во суштина, "била призната како одговорност на Црвената армија..." од страна на западните сојузници.[27]

Иако на Техеранската конференција не биле донесени конкретни политички одлуки, сепак сојузниците постигнале привремена согласност во однос на некои проблеми, а што се однесувале на повоеното уредување на Европа. Во однос на Полска била постигната согласност таа територијално да се протега помеѓу т.н. Керзенова линија (привремена граница на Полска предложена од Комисијата на Друштвото на народите по Првата светска војна) и реката Одра. За возврат Сталин пак, го прифатил Рузвелтовиот план за поделба на Германија на пет самоуправни држави и два дела под контрола на Обединетите Нации , и се согласил да пристапи во светската организација која ќе го обезбедувала идниот мир.[28]

Во Техеран премиерот Черчил бил принуден на несакани отстапки, посебно што претседателот Рузвелт "во тогашниот момент, а судејќи и по одредени наговестувања и во иднина, покажал поголема спремност да ги прифати Сталиновите барања во поглед на се она што практично овозможило советизација на цела Источна Европа".[29] Но, на британскиот премиер не му преостанувало ништо друго. Војната во Европа била војна која Велика Британија не можела да ја добие без учеството на Сединетите

---

[26] Черчил со вешта дипломатска игра постојано ја одложувал сојузничката инвазија во Северна Франција барајќи нападот да се изврши од Средоземјето, преку Италија и Балканот. На тој начин тој сметал дека ќе се спречел продорот на советските армии во Југоисточна Европа. (Поопширно: С. Рачев, *Англия и съпротивителното движение*, 126-132).

[27] R. J. Crampton. *Eastren Europe in the Twentieth Century*, (London, New York: Routledge, 1994). 211.

[28] *Сборник документов: Советский Союз на международных конференцях периода Великой отечественной войны 1941-1945, Тегеранская конференция руководителеи трех Союзных держав - СССР, США и ВеликоБритании (28 ноября - 1 декабря 1943 г.)*, т. II (Москва: Издателъство политической литературы, 1978), 167; 165-166; 114-116.

[29] *Savremeni svet*, IV (Beograd: Narodna knjiga, Vuk Karadžić, RAD, 1983), 295.

Американски Држави, а уште помалку без човечкиот потенцијал на Советскиот Сојуз. Во секој случај, причините за уште поголема загриженост, произлегувале и очигледноста на фактот дека во оној момент кога воената ситуација неповратно ќе се свртела во полза на Советскиот Сојуз, а тоа било неизбежно, последователно ќе се зголемеле побарувањата на Сталин. Со самото тоа комунизмот ќе се проширел надвор од неговите источни граници. Тоа впрочем Сталин и јасно го покажал на примерот на Полска, создавајќи го на т.н. Лублински комитет - доминиран од комунисти, како алтернатива на полската влада во бегство, со седиште во Лондон.[30]

Свесен за сопствената состојба, премиерот Черчил ја вложил сета енергија за да постигне некој вид на неформален договор со Сталин. Целта на ваквиот договор била да се дефинира, или ако било можно, да се ограничи советското влијание барем во она што претставувало витален интерес за Велика Британија.[31] На ум ја имал првенствено Грција, посебно што набргу се очекувало присуството на советските армии на територијата на Балканските држави.[32] А, кога тие еднаш ќе се појавеле тука можеле екстремно да ги загрозат британските позиции во Источниот Медитеран.

Во мај 1944 година, и покрај големиот отпорот што постоел од

---

[30] R. J. Crampton, *Eastren Europe in the Twentieth Century*, 198.

[31] B. Jelavich, *History of the Balkans*, vol. 2, 285.

[32] Уште од XIX век, Велика Британија имала одлучувачка дипломатска улога на Балканот, со што фактички се штителе британските врски со Блискиот Исток и Индија од било каково руско влијание. Во овој контекст посебно важна била Грција. Како балканска, но и медитеранска земја таа се издвојувала со гео-стратешката позиција, која во суштина, овозможувала поврзување на британските поморски комуникации со виталните нафтени извори на Средниот Исток, како и контрола на целиот Источен Медитеран. (J. F. Brown, *Nationalism, Democracy and Security in the Balkans* (Aldershot, Brookfiled: Dartmounth, 1992), 5; T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War, 1945-1949: The Imperialism of "Non-Intervention"* (England: Ryburn Publishing, Keele University Press, 1994), 15.

страна на Соединетите Американски Држави,[33] премиерот Черчил ја покренал британската дипломатија со цел да постигне согласност "советската влада да има водечка улога во романските прашања", а британската "водство во грчките прашања".[34] Согласноста на претседателот Рузвелт овој Черилов план да биде ставен на тримесечна проба, сепак, не довела до никаква "дефинитивна спогодба за поделба на одговорностите на Балканскиот Полуостров".[35]

Загрижен , пред сé, за судбината на Полска и на Грција, но и определен да ги реализира неговите планови, во октомври 1944 година, британскиот премиер презел, но, сега веќе "скоро еден јалов потфат за да ја договорел иднината на Источна Европа директно со Сталин".[36]

За време на посетата во Москва (9 - 18 октомври),[37] премиерот Черчил на половина лист хартија на советскиот лидер му ја презентирал изразена во проценти, неговата замисла за поделба на Балканот на сфери на влијание. Според Черчил, Велика Британија требала да добие 90 проценти "влијание" во Грција, а Советскиот Сојуз исто толку во Романија и 75 проценти во Бугарија. Југославија и Унгарија требале да бидат поделени подеднакво на по 50 проценти. Сталиновата согласност со предлозите на британскиот премиер допринела од оваа средба да произлезе познатиот "процентуален договор".[38] Во однос на Полска

---

[33] B. Jelavich, *History of the Balkans*, vol. 2, 285.

[34] В. Черчил, *Другu светски рат: Триумф и трагедија*, т. VI, 67, 70. (Поопширно: S. G. Xydis, *Greece and the Great Powers*, 43-74; В. Черчил, *Другu светски рат: Триумф и трагедија*, т. VI, 67-74).

[35] Ibid., 74.

[36] H. Kissinger, *Diplomacy*, 413.

[37] Поопширно: В. Черчил, *Другu светски рат: Триумф и трагедија*, т. VI, 206-218; L. C. Gardner, *Spheres of Influence: The Great Powers Parititiоn Europe, from Munich to Yalta* (Chicago: IVAN R. DEE, 1993), 198-206.

[38] Ibid., 207; V. Dedijer, *Interesne sfere* (Beograd: Prosveta, 1980), 389-390; L. C. Gardner, *Spheres of Influence*, 198.

никакви дефинитивна согласност не била постигната. Овој договор, фактички, му овозможил на премиерот Черчил да ја сочува за западните сојузници единствено Грција, додека сите останати земји, освен Југославија, станале советски сателити без разлика на постоечките проценти.[39]

Во почетокот на 1945 година, непосредно пред завршувањето на Втората светска војна во Европа, сепак, за ниедно од клучните прашања од коишто, во суштина, зависела политичката иднина на континентот, а и светскиот мир воопшто, не биле решени. Од друга страна, создадената воена реалност им давала и нова димензија на постоечките политички проблеми. Советските армии веќе биле присутни во сите спорни територии, а Сталин со признавањето на Лублинскиот комитет како привремена влада на Полска (јануари 1945 година)[40] јасно ставил до знаење дека за него повеќе основно прашање не претставувале границите од 1941 година, туку "политичката контрола на териториите зад тие граници".[41] Конкретно решение било неопходно и за поразена Германија. Оттука неминовно се наметнувала потребата за уште една средба на тројцата сојузнички лидери, меѓу кои, меѓутоа се повеќе се вовлекувала атмосферата на длабока недоверба.

Јалта на Крим била определена како место за втората, но воедно и последна заедничка средба на "Големите тројца".[42] Премиерот Черчил и претседателот Рузвелт, чиешто здравје било значително нарушено, биле

---

[39] Во суштина, со или без овој договор, сферите на влијание првенствено биле дефинирани од создадената воена реалност, односно од присуството на сојузничкит армиите во поделните земји. ( H. Kissinger, *Diplomacy*, 414).

[40] N. Davies. "Poland". M. McCauley (Ed.), *Communist Power in Europe 1944-1949* (London: The Macmillan Press LTD. 1977), 43.

[41] H. Kissinger. *Diplomacy*. 413.

[42] Во април 1945 година претседателот Рузвелт починал, а на негово место дошол Хари С. Труман. (B. Jelavich. *History of the Balkans*, vol. 2, 302).

принудени да поминат повеќе илјадници километри за да се состанат со советскиорт лидер.

Во текот на конференцијата (4-11 февруари) повторно дошле до израз различните тежненија на секој од сојузничките лидери. Британскиот премиер поаѓајки од определбата да се одржи рамнотежата на силите во Европа настојувал да ја издејствува обновата на Франција како голема сила, потоа да го спречи распарчувањето на Германија и по можност да ги редуцира прекумерните советски барања за репарациите. Згора на тоа примарно за него било да извлече и што подобро решение за Полска, за чијашто независност, впрочем, Велика Британија и стапила во војната. Претседателот Рузвелт бил преокупиран со постигнувањето договор за гласачката процедура во Организацијата на Обединетите Нации и со начинот како да го придобие Советскиот Сојуз во војната против Јапонија. Советскиот лидер пак, од своја страна, настојувал да добие што е можно повеќе од воениот плен, како во Европа така и на Далечниот Исток, поаѓајки од тоа дека неговите армии најмногу допринеле за поразот на Германија, и дека сеуште биле потребни за победата на Јапонија.[43]

На крајот, сепак, била постигната одредена согласност. Во однос на специфичното прашање за полските граници било договорено Керзеновата линија да претставува источна граница на Полска, а за возврат Полска да биде компезирана со територии од Источна Германија. Дефинитивнито определување на полската западна граница било оставено за мировната конференција. Привремената полска влада требала да биде реорганизирана на широка демократска основа со вклучување на

[43] Поопширно: *Foreign Relations of the United States, Diplomatic Paper: The Conference of Malta and Yalta 1945* (Washington: *United States Governement Printing Office*, 1955).

демократски лидери како од земјата така и надвор од неа.[44]

Воглавно овие биле отстапките што ги направиле Черчил и Рузвелт во однос на Сталин.

Сталиновата отстапка на неговите сојузници била "Декларацијата на ослободена Европа", што ветувала "право на сите народи да го изберат обликот на владеењето во кое ќе живеат; враќање на суверените права, и самоуправување на сите оние земји, кои агресорските нации со сила ги лишиле од тие права".[45] Сојузниците се согласиле и секоја од трите големи сили да окупира по една зона од територијата на Германија, а Черчил успеал да издејствува и една окупациона зона за Франција за сметка на англо-американските зони.[46]

Согласноста на Сталин да влезе во војната против Јапонија, два до три месеци по поразот на Германија, била условена со прифаќање на неговите побарувања во однос на Далечниот Исток.[47] Во исто време на конференцијата Организацијата на Обединетите Нации ги добила основните контури.[48] Што се однесува пак, до Грција, за неа многу малку и ништо суштинско не било кажано на оваа конференција.

Кога Кримската конференција завршила се чинело дека била изнајдена идеална формула за решавањето на повоените проблеми и дека хармонијата, што владеела помеѓу главните сојузници во текот на војната ќе биде одржана и по нејзиното завршување. Меѓутоа, набргу се покажало дека создаденото единство помеѓу сојузниците, како резултат на потребата да се совлада заедничкиот непријател, не можело долго да се

---

[44] Ibid., 973-974.

[45] Ibid., 972.

[46] Ibid., 970.

[47] Ibid., 984.

[48] Ibid., 971.

одржи. Едноставно целите на секој од сојузниците биле премногу различни. Колапсот на нацистичка Германија, како и потребата да се пополни постоечкиот гео-политички и гео-стратешки вакум воделе кон дезинтеграција на Големата алијанса.

Фактички, по многу кусо време Сталин започнал да го спроведува тоа, што во еден приватен разгоговор му го кажал на југословенскиот комунистички лидер Милован Ѓилас : "Оваа војна не е како тие во минатото; кој и да окупира територија, врз неа ќе наметне и сопствен општествен систем. Секој го наметнува својот систем толку далеку колку што може да достигне неговата армија. Тоа едноставно не може да биде поинаку".[49]

Во март 1945 година, Советите во Романија за прв пат го прекршиле "духот и зборот" на Кримскиот договор, со сменувањето на дотогашната влада, со влада што тие ја наименувале.[50] Состојбите биле крајно загрижувачки и во Полска. И тука начелата на "Декларацијата на ослободена Европа" биле флагратно кршени од страна на Советскиот Сојуз.[51] Присуството на советските армии на територијата на поразената Бугарија, и во оваа земја, довело до устоличувањето на комунистички - контролираната "коалициона" влада.[52] Од земјите кои биле "ослободени" од советските војски, вистински коалициони влади единствено биле формирани во Унгарија и Чехословачка.[53] Во Југославија и Албанија, исто така, се одвивал забрзан процес на преземањето на власта од страна на

---

[49] Цитирано според: G. Partos, *The World that Came in from the Cold: Perespectives from East and West on the Cold War* (London: Royal Institute of International Affairs 1993). 8; H. Kissinger. *Diplomacy*. 417; R. J. Crampton, *Eastren Europe in the Twentieth Century*. 213.

[50] В. Черчил, *Други светски рат: Триумф и трагедија*, т. VI, 378.

[51] Ibid., 380-382.

[52] M. McсGwire. "National Security", 64 ; R. J. Crampton. *Eastren Europe in the Twentieth Century*: 225.

[53] Ibid., 65; Ibid., 222, 235.

комунистите. Сепак, потребно е да се напомене дека во овие земји процесот на преземањето на власта од страна на комунистите повеќе бил резултат на нивните здобиените позициии во текот на војната, како предводници на дижењето на отпорот, отколку на советското инсистирање.[54]

Како и да е, кога настапил крајот на Втората светска војна останале само спомените за успешната воена соработка на Алијансата, која ја однела победата над Германија и нејзините сојузници. И покрај одредените напори на сојузниците за рашавање на проблемите предизвикани од војната, како што пишува H. Kissinger, "...војната завршила со гео-политички вакум. Рамнотежата на силите била нарушена, а постигнувањето на сеопфатен мировен договор останало недостижено. Светот бил поделен во идеолошки табори. Повоениот период бил претворен во една продолжена тешка борба да се постигне договорот, којшто лидерите го избегнале пред завршувањето на војната."[55]

## 2. *Грција во пресрет на 1945*

Од петте балкански земји, Грција, во суштина, била единствената земја во која, комунистите, и покрај силните позиции што ги стекнале во текот на Втората светска војна, не успеале да ја освојат власта. Што, всушност се случувало во оваа земја?

Во почетокот на 1944 година, кога станало повеќе од очигледно дека германските трупи набргу ќе се повлечат од оваа земја, во Грција постоело развиено движење на отпорот што, својата организациона

[54] R. J. Crampton, *Eastren Europe in the Twentieth Century*, 215-216.

[55] H. Kissinger, *Diplomacy*, 422.

структура започнало да ја добива непосредно по тројната, германско/ италијанска/ бугарска окупацијата на земјата, поточно во 1941 година.

Од повеќето организации создадени во рамките на грчкото движење на отпорот најважна според бројноста и влијанието што го остварила била организацијата ЕАМ (Ethniko Apeleftherotiko Metopo - Народноослободителен фронт), формирана во септември 1941 година. Нејзината воена компонента била позната по иницијалите ЕЛАС (Ellinikos Laikos Apeleftherotokos Stratos - Грчка народноослободителна армија), а за прв пат станала активна летото 1942 година. И двете, ЕАМ и ЕЛАС, се наоѓале под директна контрола на ККЕ (Kommunistiko Komma tis Elladas - Комунистичката партија на Грција).[56] Втората, по своето значење и воедно најголем ривал на ЕАМ/ЕЛАС била организацијата ЕДЕС (Ethnikos Dimokratikos Ellinikos Syndesmos - Национален републикански грчки сојуз), со истоимената воена формација, предводена од полковникот Наполеон Зервас, познат по своите републикански убедувања. Политичката активност на оваа организацијата отпочнала есента 1941 година, а воената во текот на летото 1942 година. [57] Трета по својата важност, но со далеку помало политичко и воено влијание во однос на другите организации на отпорот била организацијата ЕККА (Ethniki kai Koinoniki Apeleftherosis - Национално и социјално ослободување), формирана во почетокот на 1943 година. Политички лидер на оваа организација бил републиканецот Г. Карталис, а воен, полковникот Д.

---

[56] Поопширно: PRO WO 208/713, Political and Military Organization in occupied Greece, Sector of Military Intelligence.9 August, 1944; C. M. Woodhouse, *Apple of Discord: A Survey of Recent Greek Politics in their International Setting* (London, New York, Melbourne: Hutchinson & CO. LTD. 1948), 59-72; E. O' Ballance, *The Greek Civil War 1944-1949* ( London: Faber and Faber, 1966), 49-53; R. Clogg, "Greece", *Communist Power in Europe 1944-1949*, 185-186.

[57] Поопширно: Ibid.; Ibid., 72-84; *Istotia tis Andistasis 1940-1945*, t. protos (Athina: Allos), 269–274.

Псарос.[58] Фактички, грчкото движење на отпорот било предводено од комунистите и републиканците, додека соодветна ројалистичка организација, што на одреден начин би претставувала репрезент на грчката влада во егзил, со седиште во Лондон, не била застапена. Различни според идеолошките убедувања сите овие организации имале свои планови за идното политичко уредување на земјата, и токму заради тоа, помеѓу нив не постоела, скоро никаква ниту политичка ниту воена соработка.

Но, Грција , како и останатите балкански земји не можела да остане изолирана од она што се случувало на глобален воено-политички план. Заинтересираноста на Велика Британија да ја сочува нејзината доминантна позиција, како и контролата на Медитеранот, довела до тоа скоро сите настани во Грција да бидат детерминирани од политичките и воените одлуки на британската влада. Ваквата британска одлучувачка позиција во "грчките работи" била стекната со нејзината гаранција од 1939 година, со која таа ветувала помош во случај на италијанско - германска агресија врз Грција; со учеството на британскиот експедиционен корпус во одбраната на независнота на Грција во 1941 година, како и со создадената Англо-грчка воена алијанса во 1942 година.[59] Меѓутоа, треба да се напомене дека оваа позиција на Велика Британија кон Грција била поткрепена и со согласноста дадена од претседателот Рузвелт, непосредно по нападот на Перл Харбор во 1941 година, Медитеранскиот регион да останел британска сфера на воено делување.[60]

---

[58] Поопширно: Ibid.:Ibid., 84-86;

[59] S. G. Xydis, *Greece and the Great Powers*, 683-688; E. O' Ballance, *The Greek Civil War*, 40-41; P. Kalvkorezi, G. Vint, *Totalni rat*, 237.

[60] Ibid., 14.

Сепак, спроведувањето на британските воени и политички одлуки не било едноставно. Во Грција била создадена воено-политичка реалност која била во длабока сротивност со целите на Велика Британија. Постоечките групи на отпорот биле категорични во намерите да се спречи обновувањето на монархијата по ослободувањето на земјата,[61] додека британската страна својата база за сочувувањето на влијанието во Грција ја градела врз поддршката на кралската влада во Лондон.[62] Ситуацијата станувала се посложена и со многу брзиот растеж на ЕАМ/ЕЛАС што, можел да ја доведе Грција под комунистичка контрола, а со самото тоа и под директно влијание на Советскиот Сојуз.[63] Посебна грижа за кабинетот во Лондон претставувала и постоечката грчка емиграција во Египет, (сочинета од деловите на евакураната грчка армија и одредени полкитички лидери - м.з.) сред која, преовладувала републиканската политичка ориентација.[64]

Врз основа на вака создадената констелација, британската влада ја дефинирала и својата тактика на делување што, во себе соджела две, на прв поглед, дијаметрално спротивни компоменти. За да се постигне максимален успех во борбата против силите на Оската, таа се определила да ги поддржи и едновремено и да ги обедини сите грчки сили на отпорот. Во функција на зачувувањето на монархијата во Грција таа отпочнала да да делува во правец на создавање на политичка клима што би

---

[61] R. Clogg, "Greece", 186. Во оваа смисла интересна е и забешката на шефот на британската воена мисија во Грција,полковникот Еди Мајерс, за тоа дека во 1942-1943 година повеќе од осумдесет проценти од популацијата на Грција биле републикански демократи, и дека "во овој момент тие не сакаат кралот да се врати". (King's Colledge, Liddell Hart Centre for Military Archives, London, Mayers Papers. 1-4).

[62] B. Jelavich, *History of the Balkans*, vol.2, 279.

[63] Ibid. Според проценките на Еди Мајерс, "...народот на Грција не го сакал комунизмот", односно стравувал од него. (King's Colledge. Liddell Hart Centre for Military Archives. London. Mayers Papers. 1-4).

[64] С. Рачев, *Англия и съпротивителното движение*, 64.

овозможила враќање на грчкиот крал Георги II.[65]

Со формирањето на заедничкиот Главен штаб, во јули 1943 година, како дел од британската Команда на Средниот Исток, се реализирала британската намера за обединување на главните грчки сили на отпорот.[66] Меѓутоа, нејзините залагања да се зајкне и создаде единствен грчки политички фронт, доживеале комлетен неуспех, и тоа само за еден месец подоцна, откако во Каиро, се состанале претставниците на ЕАМ/ЕЛАС, ЕДЕС и ЕККА со претставниците на грчката емигрантска влада. Поставените барањата од страна на делегацијата на движењто на отпорот, кралот Георги II да не се врати во земјата пред одржувањето на плебсцитот, како и да се создаде коалициона влада во која тие би имале три министерски места, кагорично биле одбиени од кралот Георги II, врз основа на неговите консултациите извршени со премиерот Черчил и претседателот Рузвелт.[67]

Неуспехот на преговорите во Каиро водел кон натамошни разногласија. Очекувајќи го скорешното ослободување на земјата, во октомври 1943 година, ЕЛАС започнал вооружени операции против неговиот главен ривал ЕДЕС, со што во суштина, започнала и "првата рунда" на Граѓанската војна во Грција, која траела се до 1949 година.[68] Британската определба во никој случај да не се доведе во прашање опстанокот на ЕДЕС што, сега веќе претставувал главна потпора за

---

[65] C. M. Woodhouse, "Ljeto 1943: Kritični mjeseci", *Britanska politika prema pokretu otpora u Jugoslavijai i Grčkoj* (Globus: Zagreb, 1978), 385; B. Jelavich, *History of the Balkans*, vol.2. 279.

[66] E. O' Ballance, *The Greek Civil War*, 64; R. Clogg, "Greece", 186. За содржината на постигнатиот договор помеѓу ЕАМ/ЕЛАС, ЕДЕС, ЕККА и британската вена мисија види: C. M. Woodhouse, *Apple of Discord*, 299-300.

[67] С. Рачев, *Англия и съпротивителното движение*, 109-110; R. Clogg: "Greece", 186-187; C. M. Woodhouse, "Ljeto 1943: Kritični mjeseci", 388; B. Jelavich, *History of the Balkans*, vol.2. 280.

[68] Поопширно: E. O' Ballance, *The Greek Civil War*, 67-72.

реализација на британските политички интереси,[69] резултирала со договор за примирје, помеѓу ЕАМ/ЕЛАС и ЕДЕС, во феврури 1944 година, во Плака.[70] Сепак, борбата на грчките комунисти за преземањето на власта не завршила со овој чин. Во март 1944 година ЕАМ го објавил формирањето на Политичкиот комитет на националното ослободување (Politiki Epitropi Ethnikis Apeleftherosis или ПЕЕА), кој, всушност, требал да претставува основа за формирањето на идната грчка влада, во моментот, кога ќе започнело очекуваното повлекување на германските трупи.[71] Ваквата одлука на ЕАМ, како и настаните што уследиле подоцна предизвикале дополнителни тешкотии за грчката влада во егзил и кабинетот во Лондон.

На крајот на март 1944 година, во Каиро, група офицери од грчките копнени, поморски и воздушни сили побарале оставка на премиерот Емануел Цудерос, и создавање на влада на националното единство, чијашто основа би ја претставувала ПЕЕА.[72] Неколку дена подоцна, односно на 4 април, овој настан бил проследен и со побуна на грчките сили во Египет, којашто, сепак, набргу била елиминирана, пред се, како резултат на личнате наредби на премиерот Черчил за интервенција на британските војски.[73] Веднаш по задушувањето на

---

[69] Во почетокот на март 1943 година, воениот лидер на ЕДЕС, Н. Зервас на британско инсистирање, се согласил на поддршка на грчкиот крал, и го прифатил неговото враќање дури и без одржување на плебисцит "*ако Британците го скале тоа*". Оттогаш, фактички Британците започнале да ја засилуваат моќта на ЕДЕС како противтежа на ЕАМ/ЕЛАС. (T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 25).

[70] В.Черчил, *Други светски рат: Обруч се стеже*, т.V, 515-516; R. Clogg, "Greece", 188. За одредбите на постигнатиот договорот види: C. M. Woodhouse, *Apple of Discord*, 303-304.

[71] S. G. Xydis, *Greece and the Great Powers*, 33; В.Черчил, *Други светски рат: Обруч се стеже*, т. V, 516; E. O' Ballance, *The Greek Civil War*, 73.

[72] C. M. Woodhouse, *Apple of Discord*, 187; S. G. Xydis, *Greece and the Great Powers*, 33. R. Clogg, "Greece", 188.

[73] Поопширно: W. H. McNeill, *The Greek Dilemma: War and Aftermath* (London: Victor

побуната било преземено и "темелно чистење" на воените сили. Близу десет илјади офицери и војници биле испратени во концентрациони логори, а потоа била формирани нови воени единци - сочинети од "доверливи лица", кои во основа го поддржувале кралот, а со тоа и британските интереси во Грција. [74]

Истовремено била извршена и реорганизација на грчката влада во егзил. На местото на дотогашниот премиер Цудерос бил наименуван Софоклис Венизелос кој, набргу, односно на 26 април, поднел оставка во полза на социјалдемократот Георгиос Папандреу - една од најзначајните политички фигури на овој период. [75]

Во секој случај, вака создадената политичка атмосфера налагала брзо решавање на настанатите проблеми. На иницијатива на новиот премиер Папандреу, во Либан (17-20 мај 1944 година), се состанале лидерите на најважните грчки политички групи, меѓу кои биле и претставниците на ПЕЕА, ЕАМ, и ККЕ.[76] На конференцијата била постигната согласност да се формира влада на националното единство, под лидерство на Г. Папандреу. Едновремено, било договорено сите герилски формации да бидат ставени под командата на новоформираната влада.[77] Во оваа влада ЕАМ добил пет, но, релативно безначајни министерски места.[78]

Неоспорно е дека одредбите на Либанскиот договор, воделе кон

---

Collancr LTD, 1947), 104-109; В.Черчил, *Други светски рат: Обруч се стеже*, т.V, 517-526.

[74] B. Jelavich, *History of the Balkans*, vol.2, 281.

[75] C. M. Woodhouse, *Apple of Discord, 188-189.*

[76] R. Clogg, "Greece", 189.

[77] За одредбите на постигнатиот договорот во Либан види: C. M. Woodhouse, *Apple of Discord,* 305; Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт и другите организации на Македонците од Егејска Македонија 1945-1949* (Култура: Скопје, 1985), фуснота 60, 61-62.

[78] R. Clogg, "Greece", 189.

директно слабеење на најмоќниот воено-политички фактор во Грција-ЕАМ/ЕЛАС. Затоа, набргу, раководството на ЕАМ, крајно незадоволно од отстапките направени од страна делегацијата на ПЕЕА, ЕАМ и ККЕ во Либан, одбило да ги прифати понудените министерски места, и едновремено поставило нови барања.[79] Учеството во коалиционата влада, било условено со следните барања: ЕАМ/ККЕ да ги добијат министерствата за внатрешни работи, за просвета, за правда, за труд и социјална заштита, како и местото помошник министер за одбрана; ЕЛАС да остане независна воена сила до ослободувањето, и главниот командант на обединетите партизански сили да биде од ЕЛАС.[80] Сите овие барања што, всушност, воделе кон максимално зацврстување на позициите на комунистите, биле крајно неприфатливи за новиот премиер Папандреу. Затоа истите категорично биле и одбиени. [81]

Треба да се напомене дека паралелно со овие случувања во Грција, се одвивала и британската дипломатска активност за постигнување на согласност помеѓу Велика Британија и Советскиот Сојуз, за "поделба на одговорностите во Романија и Грција". Повеќе од сигурно е дека ниту ККЕ, ниту било кој друг во земјата, не бил запознат со текот на овие преговори, што ја довеле Грција во британската сфера на влијание, но и до неминовните настани што уследиле подоцна.[82]

Како и да е, нов момент во вака крајно неизвесната ситуација, настапил кон крајот јули 1944 година, кога при Главниот штаб на ЕЛАС

---

[79] S. G. Xydis. *Greece and the Great Powers* ; R. Clogg, "Greece", 189-190.

[80] R. Clogg. "Greece". 190: Р. Кирјазовски, во дедените услови наместо министерството за првда го наведува министерството за земјоделство (Р. Кирјазовски, "Односот на големите сили од антихитлеровската коалиција спрема Грција во текот на Втората светска војна и проблемот на обединувањето на Македонија", *АСНОМ. Педесет години македонска држава 1944-1994* (Скопје: МАНУ, ИНИ, 1995), 262).

[81] Ibid.; Ibid.

[82] R. Clogg. "Greece", 189.

ненадејно пристгнала советската воена мисија, предводена од полковникот Григорие Попов.[83] Ова фактички бил и првиот директен контакт помеѓу претставниците на Советскиот Сојуз и грчките комунисти. Непобитен е фактот, дека набргу по пристигнувањето на советската воена мисија, ЕАМ радикално ја променил политичката линија на делување, и се согласил да стапи во коалиционата влада на Папандреу. [84] Во почетокот на септември 1944 година, шестмината ЕАМ-ови претставници пристапиле во Папандреуовата влада во Каиро, а веднаш потоа било објавено и распуштањето на ПЕЕА.[85] Што е уште поважно, на 26 истиот месец, во Казерта, Италија, претставниците на ЕЛАС и ЕДЕС потпишале договор, со кој прифатиле нивните вооружени сили да бидат ставени под командата на коалиционата влада, а последователно и под директната команда на британскиот генерал Роналд Скоби. [86]

И покрај тоа, што настаните во Грција, на одреден начин , се одвивале во правец на реализирање на британските цели, сепак, за премиерот Черчил, ЕАМ/ЕЛАС се уште претставувале сериозна закана. Во првата половина на септември 1944 година, ЕЛАС, заедно со резервните единици, броел околу 125 000 борци и контролирал деведесет проценти од вкупната територија на земјата, [87] додека ЕАМ имал

---

[83] S. G. Xydis, *Greece and the Great Powers,* 48-49; E. O' Ballance, *The Greek Civil War,* 77. Р. Кирјазовски, "Односот на големите сили", 263.

[84] Ibid., 49; R. Clogg, "Greece", 190. Според Р. Кирјазовски, Сталин преку советската воена мисија фактички му наложил на раководството на ККЕ да го прифати Либанскиот договор. Постапувајќи по директивата на Сталин, Централниот комитет на ККЕ на 2-3 август 1944 година донел и решение за прифаќање на Либанскиот договор, а на 17 истиот месец Централниот комитет на ЕАМ ја соопштил неговата одлука да учествува во владата на Папандреу. (Р. Кирјазовски, "Односот на големите сили", 263).

[85] Ibid.

[86] За одредбите на договорот постигнат во Казерта види: C. M. Woodhouse, *Apple of Discord,* 306-307.

[87] С. Рачев, *Англия и съпротивителното движение* , 213.

членство од 1 500 000 граѓани.[88] Тоа била реална сила која во моментот на повлекувањето на германските војски лесно можела ја преземе власта во земјата. За да ги осуети евентуалните вакви намери на ЕАМ/ЕЛАС, и едновремено да го обезбеди непреченото враќање на владата на националното единство, премиерот Черчил, одлучил во Грција да испрати една британска формација, за што кон крајот на август, добил и непосредно одобрување од претседателот Рузвелт.[89] Во склопот на таквата определба, веднаш по одржувањето на конференцијата во Казерта, британскиот Империјален генералштаб го подготвил оперативниот план, познат по кодираниот назив "Manna".[90] Неговата реализација започнала на почетокот на октомври со истоварувањето на британските трупи во Патрас на  Пелопонез. На 14 октомври воИреја пристигнале и главните сили на оперативниот план "Manna", предводени од британскиот генерал Скоби, а на 18 октомври во ослободена Атина, од Казерта, пристигнала и грчката влада, зедно со британскиот амбасадор Реџиналд Липер.[91]

Во периодот по присигнувањето на грчката влада, основената преокупација на премиерот Папандреу, била, да се постигне взаемна согласност за мирно разоружување на сите герилски сили и создавање на нова национална армија под непосредна владина контрола. По долгите и неизвесни преговори помеѓу владата и ЕАМ, кон крајот на ноември се чинело дека согласност била постигната. Герилските единици на ЕЛАС и ЕДЕС, како и единиците на грчката армија од Средниот Исток, требале да

---

[88] Р. Кирјазовски, *Демократски и антифашистички партии и организации во егејскиот дел на Македонија 1941-1945* (Скопје: ИНИ, 1991), 72.

[89] S. G. Xydis. *Greece and the Great Powers* . 50; В.Черчил, *Други светски рат, Тријумф и трагедија*, т.VI. 104.

[90] E. O' Ballance. *The Greek Civil War*, 87.

[91] В.Черчил, *Други светски рат: Тријумф и трагедија,* т.VI, 256, 258; С. Рачев, *Англия и съпротивителното движение*, 223, 224.

бидат демобилизирани на 10 декември 1944 година.[92] Потоа, требала да биде создадена новата национална армија, и тоа од регуларната грчка Планинската бригада, Светиот баталјон, една бригада од ЕЛАС, и една единица од ЕДЕС. Постигнатиот договор бил и јавно објавен. Меѓутоа, ККЕ ненадејно го променила ставот, истапувајќи со неприфатливото барање за раформирање и на Планинската бригада и Светиот баталјон.[93] Веднаш потоа, нејзиниот секретар Ѓоргис Сјантос ставил јасно до знаење дека ЕЛАС нема да ја прифати демобилизацијата под договорените услови, со што настаните во Грција, фактички започнале несопирливо да се движат кон "втората рунда" на Граѓанската војна.[94] На 1 декември, министрите на ЕАМ поднеле оставка. Во исто време, ЕАМ повикал и на масовни демонстрации, коишто на 3 декември отпочнале во Атина.[95] Во текот на демонстрациите, демонстрантите се судриле со полицијата, и Граѓанската војна започнала.[96] Следниот ден на улиците на Атина отпочнале и првите судири на британските трупи со ЕЛАС-овите

---

[92] C. F. Edson "Greece During the Second World War", *Balkan Studies*, vol. 8. no.2 (Thessaloniki: Institute for Balkan Studies, 1967), 236; R. Clogg, "Greece". 191.

[93] Според C. F. Edson, за ваквата одлука на грчките комунисти "изгледа" постоеле три причини: "1) сознанието дека британските сили биле далеку помалубројни од она што се очекувало; 2) советот од југсловенскиот лидер Јосип Броз Тито да се искористи оваа поволна можност , и 3) сигнал од Русите - ова е претпоставка без посебни докази - дека Грчката комунистичка партија можела, ако така се определила, да се обиде да постигне контрола во Грција со употреба на сила, но дека Партијата немала да добие помош од Советскиот Сојуз, кој исто така не би ја прифатил одговорноста ако обидот не успеел". (C. F. Edson "Greece During the Second World War", 236). Р. Кирјазовски наведува дека Политбирото на ЦК на ККЕ уште на 17 ноември донело одлука "со употреба на воена сила да се спротистави на наредбата за расформирање на ЕЛАС", којашто била издадена од премиерот Папандреу на 5 истиот месец, по предходен договор со британскиот генерал Скоби. (Р. Кирјазовски, "Грчките комунисти на старите позиции" *Нова Македонија*, (1), 10 декември 1997).

[94] R. Clogg, "Greece", 191.

[95] В.Черчил, *Други светски рат: Тријумф и трагедија*, т.VI, 260; B. Jelavich, *History of the Balkans*, vol.2, 282.

[96] Поопширно: W. H. McNeill, *The Greek Dilemma*, 137-157; E. O' Ballance, *The Greek Civil War*, 97-108.

војници.[97] Намерата на ККЕ да ја освои власат по пат на сила, започнала практично да се реализира. Меѓутоа, британскиот премиер Черчил бил категоричен во неговата определба, дури и со употреба на воена сила, да го спречи ваквиот развој на настаните. На 5 декември, тој му упатил телеграма на генералот Скоби, во која прецизно ја изнел неговата намера: "Мораме да ја држиме Атина и да доминираме со неа. Би било сјајно, ако е можно, тоа да го постигнете без крвопролевање, но исто така и со крвопролевање, ако е потребно".[98]

Во секој случај, шестнеделните декемврискиte настани во Грција, претставувале тежок тест за Велика Британија и нејзината определба да ја сочува контролата во овој сектор на Медитеранот. Овие настани предизвикале ангажирање на уште 60 000 британски војници, покрај постоечките 10 000,[99] како и максималното ангажирање на премиерот Черчил за постигнување на најповолно политичко решение со кое, во суштина, би се заштитиле британските интереси. Но, отстапки морале да бидат направени! По неколку разговори со грчкиот крал Георги II, и личната посета на премиерот Черчил на Атина (25-28 декември 1944 година), кралот Георги II бил принуден да се согласи да не се врати во земјата пред одржувањето на плебисцитот и воедно да го наименува атинскиот архиепископ Дамаскинос за регент.[100] На 30 декември архиепископот Дамаскинос бил наименуван за регент,[101] а на 3 јануари 1945 година уследило и формирањто на новата влада, со генералот

---

[97] E. O' Ballance. *The Greek Civil War*. 97; С. Благоев, "Некои аспекти од мешањето на Соединетите Американски Држави и Велика Британија во внатрешните работи на Грција 1943-1945, *Гласник на ИНИ,* XXIX/3 (Скопје: ИНИ, 1985), 49.

[98] В.Черчил, *Други светски рат: Тријумф и трагедија,* т. VI, 262.

[99] S. G. Xydis. *Greece and the Great Powers*, 64.

[100] В.Черчил, *Други светски рат: Тријумф и трагедија,* т. VI, 282-287; 290.

[101] T. D. Sfikas. *The British Labour Government and the Greek Civil War*. 36.

Николаос Пластирас - политичкиот лидер на ЕДЕС, како нејзин премиер.[102]

Ваквите политички промени, проследени и со зголеменото британско воено присуство довеле, на 11 јануари, до склучување на примирје помеѓу комунистичките лидери на ЕЛАС и командантот на британските трупи.[103] Конечниот "мировен договор" бил постигнат на 12 февруари во Варкиза, во близината на Атина. Согласно постигнатиот договор ЕЛАС требал да биде демобилизиран и да предаде поголем дел од оружјето. За возврат владата на Пластирас се обврзала на спроведување на демократски реформи и одржување на плебисцит за прашањето на монархијата.[104]

Во текот на овие настани ЕАМ/ЕЛАС, безнадежно ја очекувале помошта од Советскиот Сојуз. Сталин, едноставно, останал крајно доследен на договорот постигнат со премиерот Черчил во Москва.[105] Аналогно, наместо упатувањто на помош на ЕЛАС, кон крајот на декември, грчкиот амбасадор во Москва бил информиран дека нов советски амбасадор во Грција ќе бил наименуван.[106] Поразот на ЕЛАС во ваквата меѓународна политичка констелација на односите бил неизбежен.

Договорот во Варкиза, меѓутоа, едновремено, покажал дека во рамките на грчкото комунистичко раководство непосредно делувале две

---

[102] S. G. Xydis, *Greece and the Great Powers*, 64; B. Jelavich, *History of the Balkans*, vol. 2, 283; T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 36.

[103] Ibid.

[104] За содржината на договорот види: C. M. Woodhouse, *Apple of Discord*, 308-310.

[105] В.Черчил, *Други светски рат: Тријумф и трагедија*, т. VI, 276. Р. Кирјазовски наведува дека раководството на ККЕ на 15 декември 1944 година било информирано од Сталин да не "очекува помош" и "проблемот со Англичаните да го реши на миролубив начин". (Р. Кирјазовски, "Грчките комунисти на старите позиции").

[106] R. Clogg, "Greece", 192; С. Благоев, "Некои аспекти од мешањето на Соединетите Американски Држави", 60.

линии. Од една страна, како што пишува B. Lory, делувала линијата, на "'горатa' олицетворена во *капетаниосите* - водачи на партизаните навикнати на војна, темелно зацврстени по селата каде што почнале да спроведуваат вистинска месна власт, решени на прагматичен начин да ги искористат стекнатитите предности," и од друга страна, линијата на "'градот' олицетворена во комунистичките борци ... коишто барале политичка акција според класичните облици на нивната партија: пропаганда, демонстрации, штрајкови." Во суштина, во Варкиза "сакајќи да излезе од нелегалното дејствување 'градот' жртвувал еден дел од адутите на 'горатa".[107]

Сепак, како што се покажало подоцна, Договорот во Варкиза не бил "во можност да ја надвладее акутната поларизација на грчката политика",[108] а уште помалку да ја совлада започнатата поларизацијата во рамките на глобалната политичка арена.

### 3. *Македонците во грчкото движење на отпорот*

Во севкупноста на воено-политичките настани за време на Втората светска војна, Македонците од егејскиот дел на Македонија вложиле напори да го остварат нивниот долгогодишниот стремеж за национална слобода - целосно изгубена со инкорпорирањето на овој дел од Македонија во рамките на грчката држава, по Букурешкиот мировен договор во 1913 година.

Имено, по тројната германско/италијанска/бугарска окупација во 1941 година, во егејскиот дел на Македонија била создадена нова историска реалност, која, пред сé, се манифестирала со елиминирањето на

---

[107] B. Lory. L'Europe Balkanique de 1945 à nos jours (Paris: Ellipses/édition marketing S.A.,1996), 21.

[108] S. G. Xydis. *Greece and the Great Powers*, 65.

дотогашната грчката државна власт, воспоставувањето на новиот окупационен систем и почетокот на грчкото движење на отпорот. Сето ова, од Македонците, од овој дел на Македонија, било доживеано како можност за дефинитивно остварување на горе наведената цел. Основата за ваквата еден надеж Македонците ја гледале во фактот што борбата за остварување на нивната национална слобода во исто време би била и дел од општо-европското движење против фашизмот. Ова дотолку повеќе што на чело на најмоќните движења на отпорот на Балканот се наоѓале комунистичките партии, кои истовремено ја признавале самобитноста на Македонците.[109] Меѓутоа, со новонастанатата ситуација настапила и целосна промена на односот помеѓу ККЕ и Македонците.

Ако, во меѓувоениот период ККЕ, како релативно слаба политичка сила, можела без последици по грчката држава да ја наметнува нејзината "повеќе теоретски македонска политика врз нејзиното македонско и грчко членство",[110] за време на Втората светска војна,

---

[109] Комунистичките партии на Југославија, Бугарија и Грција, согласно со политиката на Коминтерната, кон крајот на дваесетите и почетокот на триесетиите година на овој век, ја прифатиле постоечката реалност, и официјално ги признале Македонците, како посебен словенски народ со сопствен јазик, историја, култура, територија и интереси. Официјалното признавање на Коминтерната уследило во 1934 година. (A. Rossos. "Macedonianism and Macedonian Nationalism on the Left". I. Banac. K. Verdery (Eds.). *National Character and National Ideology in Interwar Eastren Europe*. (New Haven: Yale Center for International and Area Studies. 1995), 239. Поопширно: И. Катарџиев, *Време на зреење:Македонското национално прашање меѓу двете светски војни 1919-1930* , II. дел V(Скопје: Култура, 1977): Idem. *Борба за развој и афирмација на македонската нација* (Скопје: Култура, 1981), 201-276; Е. Баркер, *Македонија и нејзиното место меѓу Балканските политички сили* (Скопје: Македонска книга, 1992), 62-99). Во текот на Втората светска војна комунистичките партии на Балканот го поддржувале реализирањето само на "македонската национална минимална програма"(остварување на малцински права во соодветната држава), наспроти "македонската национална максимална програма"(формирање на обединета и независна македонска држава). Поддршката на "македонската национална минимална програма" била условена со делувањето на мекедонското народно-ослободително движење под раководството на соодветната комунистичка партија. (С. Киселиновски, *Егејскиот дел на Македонија 1913-1989* (Скопје: Култура, 1990), 131-132).

[110] A. Rossos. "Incompatibile Allies: Greek Communism and Macedonian Nationalism in the Civil War in Greece. 1943-1949". *The Journal of Modern History*, vol. 69, no. 1 (Chicago: University

ваквата политика се појавила како сериозна пречка за зацврстувањето на нејзините позиции, придобивањето на грчките некомунистички следбеници во рамките на ЕАМ/ЕЛАС, а последователно и во остварувањето на крајните цели. Затоа, не отстапувајќи од "нејзината обврска за социјалистичка револуција", таа едновремено "негувала имиџ на решителен заштитник на традиционалните национални интереси на Грција"[111]- дефиниран во сочувувањето на териториалниот интегритет на грчката држава. Поаѓајки од ваквата определба, ККЕ ги игнорирала националните стремежи на Македонците, настојувајќи притоа да ја стави под целосна контрола секоја пројава на македонскиот патриотизам. На тој начин, уште на самиот почеток на окупацијата, помеѓу ККЕ и Македонците започнал да се создава еден тешко премостив јаз, што во суштина, го детерминирал и натамошниот развој на нивните меѓусебни односи.

Во резолуциите прифатени на Шестиот и Седмиот пленум на Централниот комитет (ЦК) на ККЕ, одржани во јули и септември 1941

---

of Chicago press, March 1997), 46. И покрај големите спротиставувања на нејзиното членство, ККЕ на Третиот вонреден конгрес, одржан од 26 ноември до 3 декември 1924 година, ја прифатила политичката платформата на Коминтерната за "обединета и независна македонска држава". Иако оваа политичка линија воглавно била во согласност со барањата и потребите на Македонците, таа, сепак, била во длабока спротивност со интересите на останатата грчка популација. Ваквиот став на ККЕ кон македонското национално прашање се одржал до декември 1935 година. Фактички, инагурацијата на полтиката на Народниот фронт од страна на Коминтерната и дала можност на ККЕ да го промени овој став, со новата политика за "полна рамноправност на малцинствата во рамките на грчката држава", промовирана на нејзиниот Шести конгрес. (Поопширно: *КПГ и македонското национално прашање 1918-1974: Документи за односот на Комунистичката партија на Грција кон македонското национално прашање 1918-1974*, (Скопје: Архив на Македонија, 1982); Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 51-52; С. Киселиновски, *КПГ и македонското национално прашање 1918-1940* (Скопје: Мисла, 1985). Во секој случај, ККЕ била единствената политичка партија во Грција, која во меѓувоениот период застанувала во одбрана на Македонците против репресивната политика на грчката држава. ( А. Росос, "Македонците од Егејска Македонија: Извештај на еден британски офицер, 1944", *Гласник на ИНИ* ,38/1-2 (Скопје: ИНИ, 1994), 91-92; Idem, "Macedonianism and Macedonian Nationalism, 241-243).

[111] Ibid.

година, ККЕ ги повикувала сите граѓани да земат учество во борбата против окупаторите, но притоа воопшто не ги споменала националните малцинства.[112] Резолуцијата на Осмиот пленум, одржан во јануари 1942 година, и резолуцијата на Втората сегрчка конференција на ККЕ, одржана во декември истата година, отишле чекор понапред во однос на Македонците од егејскиот дел на Македонија. Имено, ККЕ ги повикала да стапат во национално-ослободителната борба заедно со грчкиот, српскиот и бугарскиот народ против фашистичката Оска, за победа на Советскиот Сојуз, затоа што, само тоа претставувало гаранција за нивното национално и социјално ослободување.[113] Меѓутоа, сето ова, фактички било резултат на едно тактично делување на ККЕ, во услови кога, како што истакнал Стратос Кентрос, функционер на ККЕ во Леринско, дури и кај "самите словеномакедонски кадри (Димаки - Илија Димовски-Гоце, Пандел-Пандо и др.) имаше збрки", односно "го застапуваа мислењето за обединување на грчка Македонија со другата што беше окупирана од Бугарите, и по обединувањето да се побара независност на цела Македонија." "Многу се измачивме - забележува С. Кентрос - прво да ги убедиме самите славомакедонски кадри, а потоа и обичниот народ. Во тоа многу ни помогна доаѓањето на др. [от] Лазо Трповски, славомакедонски функционер во Македонското биро на ККЕ, кој ги следеше и ги раководеше нашите организации".[114]

Како и да е, поведени од желбата за национална слобода, во

---

[112] *Егејска Македонија во антифашистичката војна 1941-1943 година: Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во антифашистичката и Граѓанската војна во Грција 1941-1949 година*, т.VII, кн.1 (Скопје: Архив на Македонија, 1985), 28-31, 38-42. Види и: Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 42-43; 53-54.

[113] Ibid., 82, 152. Види и: Ibid., 54.

[114] Ibid., 447.

редовите на ЕАМ/ЕЛАС, пристапиле голем број на Македонци.[115] Меѓутоа, по "поминати години на запоставување, угнетување и репресии, овој доминантно селски народ, почуствувал отуѓување од грчката држава. Било тешко за него да покаже лојалност кон неа или да ги сфати сериозно ветувањата за рамноправност во идната Народна Грција".[116] Во вака создадените услови, одреден број на Македонци остварувањето на своите идеали започнале да го гледаат во примамливите пароли на окупационите власти и на Внатрешната македонска револуционерна организација (ВМРО) на Ванчо Михајлов, кои, им "ветувале ослободување од грчката власт" и создавање на "слободна", "автономна", "независна" или "обсдинета" македонска држава.[117] Нивната пропаганда, во секој случај, била градена врз основа на традиционалната и длабоко присутна недоверба на Македонците кон грчката држава и воопшто кон Грците. Така, во нивните повици, Македонците биле предупредувани дека "Андартите [партизаните] се со Британците, а Британците ќе го вратат кралот и стара ГРЦИЈА (т.с. ГРЦИЈА на МЕТАКСАС). Поради тоа вие морате да се вооружите против андартите".[118] Присутноста на ваквата реалност резултирала и со вооружувањето на повеќе македонски села и со создавањето на вооружените групи, познати како комитски или контрачети.[119] Сепак, неопходно е да се напомене дека, како што

---

[115] Според официјалните податоци на ККЕ во регуларниот ЕЛАС служеле над 6.000, а во резервниот ЕЛАС над 20.000 Македонци. (*КПГ и македонското национално прашање 1918-1974*, фуснота 310, 328; Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 47).

[116] A. Rossos. "Incompatibile Allies: Greek Communism and Macedonian Nationalism". 47.

[117] Ibid.

[118] А. Росос, "Македонците од Егејска Македонија, 104.

[119] Поопширно: М. Фотев, *Врховистите во служба на фашистичките окупатори и НОД во Егејска Македонија (1941-1944)*) (приватна архива на Евдокија Фотева); Х. Андоновски, *Македонците под Грција во борбата против фашизмот 1940-1941* (Скопје: ИНИ, 1968), 91-111, 175-77; В. Ајановски-Оче, Егејски бури (Скопје: ИНИ, 1975), 102-107, 122-28; Т. Мамуровски, *Бугарската пропаганда во Југозападна и*

соопштува британскиот капетан П. Х. Еванс (стациониран командир на Управата за специјални операции (SOE) во Западна Егејска Македонија), "некои села, на пример АСПРОИЈА (Сребрено), со брутални методи беа присилени да се вооружат".[120] Повеќе од сигурно е дека промената на ставот на ККЕ во однос на Македонците се должел и на ваквата состојба, бидејќи Македонците излегувале од нејзина контрола, а со тоа, воедно се создавале и услови со кои, во иднина директно можел да биде загрозен грчкиот територјален интегритет.

Во секој случај, до 1943 година, како што пишува А. Rosos "...овие десничарски и воглавно надворешни влијанија биле засенети и спречени од многу посилната атракција и пример: македонското национално-ослободително движење во Вардарска или југословенска Македонија, чиешто присуство, исто така, се чуствувало и во Егејска Македонија".[121] Неспорно е дека автономниот статус на македонското ослободително движење во рамките на југословенското движење на отпорот предводено од КПЈ (Комунистичка партија на Југославија), оставало силен впечаток и врз најлојалните македонски членови на ККЕ и следбеници на ЕАМ/ЕЛАС. Во суштина, статусот на Македонците во егејскиот дел на Македонија бил во остар контрас со статусот на Македонците во вардарскиот дел.[122] Ова го потврдува и британскиот капетан П. Х. Еванс, пишувајќи: "...ТИТО секогаш презема послободна политика онаму каде што дејствуваат неговите единици, отколку што е тоа случај со ЕЛАС. Тоа значи ... во склоп на ТИТОВИТЕ сили ... МАКЕДОНСКИТЕ

---

*Централна Егејска Македонија 1941-1944* (Скопје: ИНИ, 1989); А. Росос, "Македонците од Егејска Македонија, 107-108.

[120] А. Росос, "Македонците од Егејска Македонија", 107.

[121] A. Rossos. "Incompatibile Allies: Greek Communism and Macedonian Nationalism". 47-48.

[122] Ibid., 48.

единици го употребуваа МАКЕДОНСКОТО знаме (златна звезда на црвена позадина) и т.н. ЕЛАС од друга страна секогаш ги командува МАКЕДОНСКИТЕ единици со ГРЦИ што остава лош впечаток кај андратите СЛАВОФОНИ во ЕЛАС. Тоа прави тие да се чуствуваат исто како што се чуствуваат и цивилите, дека златното време најавувано од ЕАМ/ЕЛАС во кое СЛАВО-МАКЕДОНЦИТЕ ќе уживаат исти права и полна слобода е на крајот на краиштата само трговија; ГРЦИЈА ќе продолжи да биде нивни господар, ќе продолжи да ги исклучува од државните служби, од унапредувањето во војската и т.н.".[123]

Позитивниот импулс што доаѓал од примерот на југословенското движење на отпорот ја вдахнувал и се повеќе зацврстувал идејата сред Македонците од егејскиот дел на Македонија за сопствено и независно движење - како единствен гарант за реализирање на националната слобода. Но, токму тука се криела и најголемата опасност за ККЕ. Затоа, на состанокот на претставниците на Централните комитети на комунистичките партии на Југославија, Грција и Албанија, одржан на 20 јуни 1943 година,[124] грчкиот претставник Тилемахос Верверис изразил

---

[123] А. Росос, "Македонците од Егејска Македонија", 110-111.

[124] Иницијативата за одржување на овој состанок произлегла од делегатот на Врховниот Штаб на НОВ и ПО на Југославија, Светозар Вукмановиќ - Темпо. Целта на состанокот била остварувањето на воена и политичка соработка на антифашистичкото движење на Југославија, Грција и Албанија и создавање на заеднички т.н. Балкански штаб. (*Егејска Македонија во антифашистичката војна 1941-1943 година*, т.VII. кн.1, 237-240; С. Вукмановиќ-Темпо, *Борба за Балканот* (Скопје: Мисла, 1982), 118-126). Треба да се напомене, дека спроведувањето на идејата за формирање на Блканскиот штаб во себе содржела два аспекти: "Првиот, национално-ослободителното движење во Југославија било многу по силно отколку во другите Балкански земји, и тоа ја овозможувало нејзината раководна улога во тој орган, каков што трбал да биде Балканскиот штаб. Вториот аспект ја содржел општо политичката ориентација на југословенското раководство во врска со развојот на национално-ослободителната и антифашистичка борба во реонот на Македонија (во сите нејзини три дела) и обидите таа да биде 'патронирана' од страна на југословенското раководство". Идејата за формирање на Балканскиот штаб била напуштена есента 1943 година, согласно со оценката на југословенскиот лидер Ј. Б. Тито, дека неговото формирање, во дадениот момент било "политички неправилно". (Ар. Улунян, *Коммунистическая Партия*

силно негодување на предлогот да се потпише изјава со која ќе му се признае "правото на македонскиот народ на самоопределување" - како предуслов за помасовно вклучување на Македонците во редовите на балканските комунистички движења на отпорот.[125] Грчкиот претставник категорично тврдел: "... ако во текот на грчката народно-ослободителна војна се постави проблемот на грчка Македонија, од една страна тоа ќе придонесе за мобилизацијата на Македонците, но, од друга страна тоа ќе предизвика незадоволство кај грчкото население спрема КП на Грција".[126] Оттогаш, во суштина, ККЕ се нашла пред особено тешка задача - "да ја одржува и засилува нејзината поддршка сред Грците, додека се обидувала да ги смири Македонците".[127]

Во услови на комлетна поделеност на интересите помеѓу ККЕ и Македонците, грчкото комунистичко раководство, решило, во иднина да манипулира со македонското национално прашање. Кога и да се јавела потребата од политичка и воена поткрепа од македонскиот фактор, ККЕ ги задоволувала неговите упорни барања и правела одредени половични отстапки, притоа не откажувајќи се од контролата врз него и неговото движење. Во моментот, кога потребата од неговата поддршка исчезнувала, ККЕ ги повлекувала отстапките и целосно ги игнорирала барањата на Македонците.[128]

Во склопот на вака дефинираната политика, ККЕ во септември

---

*Греции, Актуальны вопросы идеологии, политики и внутренней истории, КПГ в Национальном Сопротивлении, Гражданской и "Холодной" войнах 1941-1956* (Москва: Фонд Греческих Исследований, 1994), 76, 82).

[125] *Егејска Македонија во антифашистичката војна 1941-1943 година,* т.VII, кн.1, 239; С. Вукмановиќ-Темпо, *Борба за Балканот*, 124-125.

[126] Ibid.

[127] A. Rossos. "Incompatibile Allies: Greek Communism and Macedonian Nationalism". 49.

[128] Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 53; С. Киселиновски, *Егејскиот дел на Македонија*, 129-33; A. Rossos. "Incompatibile Allies: Greek Communism and Macedonian Nationalism". 49.

1943 година, непосредно пред почетокот на "прва рунда" на Граѓанската војна, го дозволила формирањето на македонската единица "Лазо Трповски", во рамките на ЕЛАС.[129] Целта на формирањето на одредот била двонасочна. Од една страна, да се обезбеди помасовно вклучување на Македонците во редовите на ЕЛАС за претстојната воена пресметка со десницата, и од друга страна, да се делува кон крајно оневозможување на бугарската пропаганда сред македонското население.[130] Од истите причини, следниот месец, ККЕ "против [нејзина] волја",[131] го одобрила формирањето на организацијата СНОФ (Славјаномакедонски народноослободителен фронт), а во јануари 1944 година го дозволила и формирањето на нејзинита воена компонента позната по кратенките СНОВ (Славјаномакедонска народноослободителна војска), под директна команда на ЕАМ/ЕЛАС.[132]

Создавањето на СНОФ, во суштина, "за повеќето радикални елементи во македонското раководство, кои биле во најтесен контакт со Вардарска Македонија",[133] претставувало само прв чекор кон реализирањето на идејата за автономно македонско национално-

---

[129] Поопширно: Р. Кирјазовски, *Македонски национални институции во егејскиот дел на Македонија 1941-1961* (Скопје: ИНИ, 1987), 55-59.

[130] Ibid.. 55; С. Киселиновски, *Егејскиот дел на Македонија* , 133.

[131] Е. Баркер, *Македонија и нејзиното место*, 132.

[132] Во суштина, биле формирани две организации. СНОФ за Костурско бил формиран во октомври 1943 година во с. Д'мбени, а се конституирал во с. Крчишта, а СОФ во Леринско се формирал во ноември истата година во с. Белкамен. Настојувањата организацијата СНОФ да претставува една организацина целина за сите Македонци од егејскиот дел на Македонија, како и барањата организацијата да делува самостојно, односно надвор од рамките на ЕАМ, биле одбиени од ККЕ. (*Егејска Македонија во антифашистичката војна 1941-1943 година,* т.VII., кн.1, 445; Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 57-58). За СНОФ и СНОВ, поопширно види: Х. Андоновски, *Македонците под Грција*, 113-129 ; Р. Кирјазовски; *Македонски национални институции*, 21-33, 59-61.

[133] A. Rossos. "Incompatibile Allies: Greek Communism and Macedonian Nationalism ". 49-50.

ослободително движење, кое би било застапено со "свој орган за борба, со своја организација"; движење кое ќе се борело "за народна власт и правата на народите за самоопределување".[134] Во тој контекст, Лазо Димовски - Ошенски, обраќајќи се до Бирото на ККЕ за Западна Македонија на 24 јануари 1944 година, го поставувал прашањето: "...имаат или немаат право [Славјаномакедонците] кога веќе здружени со грчкиот народ се борат, по истерувањето на германско-бугарските окупатори и врз база на осумте точки на Атланската повелба за самоопределување на народите, да посакаат заедно со другите два дела под Србија и Бугарија да образуваат своја славјаномакедонска народна република?!".[135] За овие радикални претставници на македонското национално-ослободително движење, како и за самите Македонци, дотогашните ветувања на ККЕ за "полна рамноправност во условите на народна република [Грција]",[136] повеќе не биле доволни. Затоа, при своетото обраќање до Западномакедонското биро на ККЕ, Лазо Дамовски-Ошенски, потенцирал: "...Оправдано е прашањето на Славјаномакедонците: Зошто нас нé не оставаат слободно да ја развиваме нашата национална култура и да ги оствариме нашите национални идеали, кога сме нешто посебно?! Не сме Грци, туку славјаномакедонска нација, со различни идеали. Како можеме да останеме во составот на Грција, задоволени само со рамноправност? Како ова може да се правда со програмските принципи за самоопределување на народите?".[137]

Ваквите гледишта, во секој случај, биле во длабока спротивност со

---

[134] *Егејска Македонија во НОБ 1944-1945: Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во антифашистичката војна 1944- 1945 година,* т.I. (Скопје: Архив на Македонија, 1971), 131, 133.

[135] Ibid., 18.

[136] Ibid.

[137] Ibid.

она што ККЕ имала намера да го постигне со формирањето на СНОФ во егејскиот дел на Македонија. Таа ни од далеку не била подготвена да ги прифати ваквите барања, а уште помалку, да "прифатела како партнер, едно автентично македонско национално-ослободително движење кое, уживајќи популарност кај масите, создавало силна независна основа".[138] Затоа, по шест месечно постоење, во април-мај 1944 година, со одлука на ККЕ, СНОФ/СНОВ, биле расформирани.[139] Веднаш потоа, со наредба и одобрение на Македонското биро на ККЕ за Западна Македонија било уапсено раководството на СНОФ. Во знак на протест, група од осумдесет македонски борци предводени од Наум Пејов ги напуштиле редовите на ЕЛАС и им се приклучиле на македонските единици во вардарскиот дел на Македонија.[140]

Треба да се напомене дека ваквата политика на ККЕ кон Македонците била причина и соодветни партиски противречности помеѓу југословенските и грчките комунисти. На тоа укажува и еден специјален советски извештај, упатен до бугарскиот лидер Георги Димитров. Имено, во него било наведено следното: "Претставниците на народно-ослободителната армија на Југославија во својата работа во однос на организирањето на партизанското движење во Македонија наидуваат на решително спротиставување од ЕАМ. ЕАМ ги штити старите граници на Грција и не дозволува самоопределување на Македонија. На таква позиција се придржуваат и комунистите. Секретарот на ЦК на КП Грција во разговорот со претставникот на маршал Тито рекол дека за никакво

---

[138] A. Rossos, "Incompatibile Allies: Greek Communism and Macedonian Nationalism", 51.

[139] Р. Кирјазовски, *Македонски национални институции*, 33, 61.

[140] *Егејска Македонија во НОБ 1944-1945*, т.I, 129, 227; *Егејска Македонија во НОБ 1949: Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во Граѓанската војна во Грција 1949 година*, т.VI (Скопје: Архив на Македонија, 1983), 312.

самоопределување на Македонците не може да стане збор, затоа што македонскиот народ во суштина не постои. Грчките комунисти во Македонија решително се борат против движењето на Македонците за самоопределување".[141]

Како и да е, во летото 1944 година, ККЕ повторно се согласила на одредени отстапки. Врз основа на постигнатиот договор помеѓу Главниот штаб на Македонија и ЕЛАС, ККЕ го дозволила враќањето на македонскиот баталјон од вардарскиот дел на Македонија, како и организирањето на посебни македонски единици во рамките на ЕЛАС.[142] Во суштина, било дозволено формирањето само на две воени формации - Воденскиот македонски баталјон, во јуни 1944 година, и Леринско - костурскиот македонски баталјон, во август истата година.[143] Меѓутоа, ККЕ и во овој случај не остапила од контролата врз развојот на македонското национално-ослободително движење. Активностите на овие македонски воени формации биле целосно контролирани, а нивната бројна сила била намерно лимитирана.[144] Во врска со ваквиот однос на ККЕ, во извештајот на Штабот на Леринско - костурскиот македонски баталјон "Гоце", упатен до Главниот штаб на НОВ на Македонија, на 19 септември 1944 година, е истакнато: "... со сите сили сакаат да го спречат издигнувањето на партизанското движење на македонскиот народ во Грција, ... и сакаат новите [македонски партизани] кои што доаѓаат во баталјонот на Гоце, да ги земат и однесат во разни единици на ЕЛАС".[145]

---

[141] Ар. Улунян, *Коммунистическая Партия Греции*,*104*.

[142] *Егејска Македонија во НОБ 1945*,т. II, 346.

[143] За формирањето и военото делувањето на Воденскиот и Леринско-костурскиот македонски баталјон, поопширно во: Р. Кирјазовски, *Македонски национални институции*, 67-74, 74-86.

[144] *КПГ и македонското национално прашање 1918-1974*, 233; *Егејска Македонија во НОБ 1944-1945*, т.I. 198.

[145] *Егејска Македонија во НОБ 1944-1945*, т.I. 196.

Постоечките несогласувања помеѓу грчкото комунистичко раководство и Македонците од егејскиот дел на Македонија, ја доживеале кулминативната точка во октомври 1944 година, кога ЕЛАС се подготвувал дури и со воена интервенција да ја спроведе одлуката на ККЕ за расформирање на Воденскиот и Леринско-костурскиот македонски баталјон. Соочени со можноста целосно да бидат ликвидирани, овие две македонски воени формации во текот на истиот месец преминале на територијата на вардарскиот дел на Македонија.[146]

Во вака создадените околности, расцепот помеѓу грчките комунисти и Македонците, едноставно станал неизбежен. Набргу уследиле меѓусебните обвинувања. Грчките комунисти го обвиниле македонското раководство дека се "комитаџии, автономисти, продадени на Интелеџенс сервис",[147] додека македонските лидери го обвиниле раководството на ЕАМ/ЕЛАС дека во "однос на Македонија водело една шовинистичка великогрчка политика".[148] Во долгото писмо упатено до Централниот комитет на ЕАМ и Главниот Штаб на ЕЛАС, во октомври 1944 година, лидерите на Леринско - костурскиот македонски баталјон, укажувале дека понатамошната соработка нема да била можна доколку ККЕ не ја корегирала нејзината политика, и не ги прифатела барањата на Македонците содржани во следното: формирање на посебни македонски единици со нивно раководство и со нивни штабови; формирање на македонски Национален фронт, со претставник во Централниот комитет на ЕАМ; самостојно организирање на народната власт во македонските

---

[146] *КПГ и македонското национално прашање 1918-1974*, 248-250; 268-269; *Егејска Македонија во НОБ 1945*, т. II. 20. Види и: Х. Андоновски, *Македонците под Грција*, 190-197; Р. Кирјазовски, *Македонски национални институции*, 74, 82-86; A. Rossos, "Incompatibile Allies: Greek Communism and Macedonian Nationalism", 51-52.

[147] Х. Андоновски, *Македонците под Грција*, 193. Види и: *Егејска Македонија во НОБ 1945*, т. II. 20.

[148] *Егејска Македонија во НОБ 1944-1945*, т.I. 229.

села и градовите; слобода во водењето на пропагандата и просветата сред македонскиот народ за самоопределување и негово обединување. Се дури не се решеле овие прашања "македонските народни борци нема да се потчинуваат на диктатурата и дисциплината на ЕЛАС и ЕАМ [и] ќе водат самостојна политика и борба за народни права", истакнувале македонските лидери.[149]

Во секој случај, како што констатира A. Rossos "...Преселбата на двата баталјони, кои ги вклучувале најзрелите и добро - познати македонски комунистички лидери во Егејска Македонија, не претставувала отфрлање на грчката политичка левица. Тоа бил повеќе еден обид од нивна страна да ја присилат ККЕ и ЕАМ/ЕЛАС да ги прифатат Македонците како еднакви, и да ги респектираат нивните национални права".[150] Се разбира дека во дадениот момент, кога во Грција веќе била пристигната владата на националното единство, и кога ККЕ ги барала начините да ги поврати или барем зацврсти нејзините изгубени позиции, за ваквите настојувања на Македонците веќе не останал никаков простор. Затоа, Македонците започнале да се организираат на територијата на вардарскиот дел на Македонија. Во ноември 1944 година, во Битола, од двата македонски баталјони, како и од другите пребегани Македонци од егејскиот дел на Македонија, била формирана бригада,

---

[149] Ibid., 229-230.

[150] A. Rossos. "Incompatibile Allies: Greek Communism and Macedonian Nationalism". 53. Во оваа смисла интересно е искажувањето на лидерите на Костурско-леринскиот македонски баталјон изнесено во погоре споменатото писмо: "...Ние не избегавме за да станеме слуги на фашизмот ...не избегавме зошто сме непријатели на народот... како што вие не обвинувате... ние избегавме затоа што сме борци , борци Македонци, затоа што сакаме да се бориме против фашизмот ... во братската антифашистичка борба...и со безбројните жртви што ги дадовме... да ни се признаат... демократските принципи на сојузничката борба, националните права на нашиот народ и неговта слобода... Сакаме да дојдеме таму во нашите земји и да се бориме рамо до рамо со вас, да ви помогнеме во вашата борба... обединети и братски... Сигурни сме дека ЕЛАС и ЕАМ... со пријателски дух...ќе дадат правилно решение...". (*Егејска Македонија во НОБ 1944-1945*, т. I. 231.

позната под името Прва егејска ударна бригада, што, сочинета од четири баталјони, активно учествувала во завршните воени операции на територијата на вардарскиот дел на Македонија.[151] Непосредно пред формирањето на бригадата, било формирано и политичко тело именувано како Привремена политичка комисија на Македонците под Грција.[152] Како основна декларативна цел на Привремената политичка комисија било истакнато барањето за признавање на правото на самоопределување, загарантирано со Атланската повелба.[153] "Ние го заслуживме тоа право со тригодишната војна, ние го извојувавме нашето право", било истакнато во прогласот на Привремената политичка комисија, упатен до Македонците во егејскиот дел на Македонија, на 12 ноември 1944 година.[154] Набргу потоа, на 3 декември 1944 година, во Битола, се одржала конференција на која, во присуство на двеста делегати од егејскиот дел на Македонија, била избрана постојаната Политичка комисија на Македонците под Грција.[155] Како основна задача, што пред себе ја поставила Политичката комисија била формирањето на воено-политички бази во егејскиот дел на Македонија, кои требало да го организираат Македонците во македонска политичка организација, да вршат агитација за целите на македонското нацинално - ослободително движење, како и мобилизација на нови борци за Првата егејска ударна бригада.[156]

Во текот на "втора рунда" на Граѓанската војна во Грција,

---

[151] Поопширно за формирањето и военото делување на Прва егејска ударна бригада види: Р. Кирјазовски, *Македонски национални институции*, 88-96.

[152] *Егејска Македонија во НОБ 1944-1945*, т. I, 269. Поопширно: Р. Кирјазовски, *Македонски национални институции*, 33-43.

[153] Ibid., 266.

[154] Ibid., 269.

[155] *Нова Македонија*, 9 декември 1944; Р. Кирјазовски, *Македонски национални институции*, 40.

[156] Ibid.

Политичката комисија јасно го дефинирала својот став на страната на ККЕ и ЕАМ/ЕЛАС, за создавање на заеднички демократски фронт, но под услов Македонците да имаат своја организација, свои воени формации со свој штаб и официрски кадар.[157] Сепак, разногласијата помеѓу ККЕ и Македонците не биле надминати. Настојувањата на борците од Првата егејска ударна бригада за учество во декемвриските настани во Грција, повторно биле условени од ККЕ со расформирање на бригадата и пристапувањето на нејзините борци во единиците на ЕЛАС.[158]

Започнувањето на битката за Атина, во декември 1944, значел и привиден крај на несогласувањата помеѓу Македонците и Грчката комунистичка партија. Отворената поддршка што им ја пружиле Британците на ројалистичките сили против грчката левица, а оттаму и против Македонците, создала услови овие "неприродни сојузници" во текот на Граѓанската војна, повторно да се најдат на истата страна.

---

[157] Х. Андоновски, *Македонците под Грција* , 203-204.

[158] Р. Кирјазовски, *Македонски национални институции*, 42-43.

# II

## ГРЦИЈА ПО ДОГОВОРОТ ВО ВАРКИЗА

### 1. *Обиди за стабилизирање на внатрешно-политичката состојба*

Временскиот период по потпишувањето на договорот во Варкиза, може да се окарактеризира како период на вложување на напори за повоено стабилизирање на Грција, што било посебно отежнато не само од политички туку и од економски причини. Како што истакнува E. Averoff - Tossizza "...Многу веројатно е дека во ниедна [европска] земја, освен можеби во Германија, не било толку тешко како во Грција. Имало недостаток од се: храна, облека, лекови, домашни животни, машини и средства за комуникација. Голем дел од популацијата дури немала покрив над главата ... околу една четвртина од селата биле изгорени".[1] Владата на новиот премиер Пластирас, во дадениот момент не располагала со посебно решение за тоа како да ја надвладее катастрофалната економска состојба, што била изразена со високата девалвација на грчката валута, опустошената индустрија, општата невработеност, празната државна каса и некотролираната инфлација. Министерот за финансии во кабинетот на Пластирас, Г. Сидерис, решавањето на проблемите го гледал единствено во барањето на економска помош од Велика Британија.[2]

Постоечката економскта криза, заедно со немоќта на кабинетот на Пластирас да се справи со внатрешно-економските проблеми ја интензивирала и онака високата социјална тензија. Првите месеци од

---

[1] E. Averoff - Tossizza. *By Fire and Axe: The Communist Party and Civil War in Greece, 1944-1949* (New York: Caratzas Brothers. Publishers, 1978), 148.

[2] T. D. Sfikas. *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 50.

1945 година поминале во знакот на бројни работнички штрајкови и општото незадоволсво.[3]

Од друга страна, пак, постоечката поларизацијата на грчката политичка сцена помеѓу левицата и десницата за сметка на центарот, не дозволувала да се создаде стабилна влада која би ги надминала создадените политички и економски проблеми предизвикани како последица од војната.

Поранешните политички коалиции се регрупирале, при што најголемо влијание имале популистите под лидерството на Цалдарис, либералите предводени од Софулис, националните либерали под водството на Гонатас и Зервас, и Националната политичка унија сочинета од следбениците на Папандреу, П. Канолопулос и С. Венизелос. Иако, групирани околу силни политички фигури, сепак, овие партии, заради нивната базична нестабилност и давале елементи на несигурност на вкупната политичка клима во земјата. Ако десницата и центарот биле поделени на фракции, тогаш левицата, како што пишува B. Jelavich, "...претставувала уште по хаотична слика".[4]

Така, до почетокот на 1945 година, коалицијата на ЕАМ значително ослабнала, воглавно, како резултат на нездоволството на нејзиното членство од политиката што се водела за време на декемвриската Граѓанска војна. На републиканското лево крило, кое го сочинувале одреден број на мали групации, како аграрците и социјалистите, им недостигал силен центар. Главна точка на нивниот договор било спротиставувањето на враќањето на грчкиот крал Георги II во земјата. Во однос на повеќе други прашања, биле во постојана

---

[3] C. Hadziiossif, "Economic Stabilization and Politikal Unrest: Greece 1944-1947", *Studies in the History of the Greek Civil War 1945-1949*, 29.

[4] B. Jelavich, *History of the Balkans*, vol. 2, 306.

конфронтација. Од сите лево ориентирани партии, единствено ККЕ останала најмоќна, и покрај постоечките внатрешните тензии.[5]

Во исто време, внатрешно-политичката ситуација била искористена од страна на десните политички партии и ројалистите за зајакнување на нивната контрола врз ново организираната полиција и Националната гарда.[6] Стекнувајќи доминантна позиција во овие институции тие отпочнале безмилосно да се пресметуваат со припадниците на движењето на отпорот. Така, по потпишувањето на договорот во Варкиза, како што пишува Е. Averoff - Tossizza "сите оние кои припаѓле кон ЕЛАС биле објект на бројни и различни прогонувања, легални или нелегални, оправдани или не оправдани",[7] што секако водело кон крајно влошување на внатрешната ситуација во земјата. Во суштина, веднаш по Варкиза, Грција била опфатена од бел терор - "спроведуван од еден неформален сојуз создаден помеѓу армиските офицери, Националната гарда, полицијата, вооружените разбојници и политичките организации",[8] со што постигнатиот договор бил крајно кршен. Тоа го потврдува и фактот, што непосредно по договорот, незаконски биле уапсени 80 000 граѓани.[9] Сепак , за размерот што го достигнал спроведениот терор најдобро говорат официјалните податоци на ЕАМ. Според овие сумарни податоци, во периодот од потпишувањето на договорот во Варкиза, 12 февруари 1945 година, до одржувањето на изборите, 31 март 1946 година, во Грција и егејскиот дел на Македонија биле убиени 1 289 лица (953 од вооружените групи, 250 од Националната гарда, 82 од полицијата, 4 од

---

[5] Ibid., 306-307.

[6] Ibid., 306.

[7] E. Averoff - Tossizza. *By Fire and Axe*,. 149 .

[8] D. H. Close. *The Origins of the the Greek Civil War* (London and New York: Longman. 1995). 156.

[9] Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 71.

Британците),[10] ранети 6.671, малтретирани 31 632, затворени 84 931, ограбени и уништени 18 767 куќи, извршени обиди за убиства 509, силувани 165 жени и девојки, прогонувани 200 000 лица.[11] Од убиените, во Леринско, Костурско и Сорвичко 98 проценти биле Македонци.[12] Следствено на ваквата ситуција, од самиот почеток, постигнатиот договор во Варкиза започнал да претставува мртво слово на хартија.

Ваквата состојаба, едновремено, негативно се рефектирала и врз напорите на Велика Британија да ја стабилизира политичката ситуација во Грција, што за неа било од особена важност. Имено, во првите месеци на 1945 година, како што станувало се поочигледно дека Велика Британија ќе остане доминантна сила на Медитеранот и дека Грција ќе биде база за зацврстување на нејзините позиции во овој регион, кабинетот во Лондон отпочнал да посветува се поголемо внимание на стабилизирањто на состојбите во земјата - како единствена гаранција за успешно реализирање на "британскиот концепт за надмоќ во Источниот Медитеран и Средниот Исток".[13] Иако, Британците на одреден начин можеле да бидат задоволни со она што дотогаш го постигнале во Грција - успешна воена интервенција и отстранувањето на ККЕ од учество во власта, сепак, не можеле да бидат задоволни и со она што го постигнале во однос на зајакнувањето на позицијата на оние политички сили врз кои требало да се потпре идното британско влијание во оваа држава. Со тоа, присутноста на Велика Британија како одлучувачки фактор во креирањето на "грчките работи", повторно станала неминовна.

---

[10] D. H. Close. *The Origins of the the Greek Civil War*. 156.

[11] Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 72; T. D. Sfikas. *The British Labour Government and the Greek Civil War*. 88; J. Baev. *O Eemfilios polemos stin Ellada - Diethnis diastaseis* (Athina: Filistor 1996). 92.

[12] Ibid.

[13] T. D. Sfikas. *The British Labour Government and the Greek Civil War*. 62.

Целите и тактиката на новата британска политика во однос на Грција биле дефинирани веднаш по потпишувањето на договорот во Варкиза.[14] Првата етапа на оваа политика предвидувала стационирање на три британски дивизии за да го надгледуваат разоружувањето на герилците, како и екипирање на доволен број на баталјони на Националната гарда за поддршка на грчката администрација. Во втората етапа било предвидено намалување на британските сили на една дивизија, како мобилна резерва во случај на "опасност", додека последната, трета етапа - врменски неопределена, го предвидувала повлекувањето на сите британски сили. Едновремено, на грчките власти би им биле ставени на располагање експерти за воените, полициските и економските прашања од страна на британската мисија. Амбасадорот Липер, ќе располагал со широки овластувања, со цел да ја надгледува политиката на грчката влада и да ја насочува работата на британската мисија.[15] Во суштина, овластувањата на британскиот амбасадор биле толку големи, што го навеле, N. Clive, вториот секретар во амбасадата да ги окарактеризира како "...повеќе сродни со оние на колонијален гувернер отколку на главен на нормална дипломатска мисија".[16] Суштината и крајната цел на вака дефинираната британска политика била да се сочува мирот во земјата; борбата против ЕАМ да се пренесе на политички план и да се изгради силен, умерен и прогресивен политички центар, со што би се изолирало влијанието на левите политички сили.[17]

---

[14] Британска политика во однос на Грција била дефинирана од британскиот министер за надворешни работи Идн, фелдмаршалот Александер и Макмилан (министер резидент при Штабот на Сојузничките сили на Командата на Средоземјето), на конференцијата одржана во амбасадата во Атина на 15 февруари 1945 година. Истата веднаш била одобрена од британската влада. (Ibid., 51).

[15] Ibid.

[16] N. Clive. "British Policy Alternatives 1945-1946", *Studies in the History of the Greek Civil War 1945-1949*, 213-214.

[17] Ibid., 214.

Личноста на премиерот Пластирас која ги носела прерогативите на републиканец и антикомунист навидум идеално се вклопувала во оваа британска замисла.[18] Сепак, неговите идеи дека власта може да се зацврсти и да функционира единствено со поставување на негови доверливи следбеници на клучните места во армијата и полицијата, кои, во основа, требале да му дадат приоритет на спроведувањето на законот и поредокот наспрема стриктните одредби на договорот во Варкиза, предизвикале силно негодување, најпрво, кај регентот Дамаскинос, а, потоа и кај британскиот амбасадор, Липер.[19] Дури и приврзаниците на десницата кои, во Пластирас гледале "браник против болшевизмот", започнале да агитираат за порано одржување на плебисцитот и за помало влијание на републиканците во армијата. Во исто време левицата жестоко се обжалувала на теророт спроведуван врз нејзините следбеници од страна на државните сили.[20] Последователно, регентот ја побарал оставката на генералот Пластирас, и на 7 април 1945 година оставката на неговата влада била прифатена. [21]

Во текот на кризата за промена на владата, во Грција, пристигнала британската воена мисија, и едновремено Управа на Обединетите нации за помош и обнова (United Nations Relief and Rehabilitation Administration или УНРРА) ги преземала нејзините обврски.[22]

На 8 април 1945 година, уследило формирањето на новата грчка влада, под премиерството на адмиралот П. Вулгарис кој, го имал

---

[18] T. D. Sfikas. *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 51.

[19] Ibid., 215.

[20] PRO FO 371/ 58680 R 4219/1/19, Political Summary 1945, Sir R. Leeper to Mr. Bevin, Athens, March 1, 1946.

[21] Ibid.; Види и: W. H. McNeill, *The Greek Dilemma*, 173; N. Clive, "British Policy Alternatives 1945-1946", 216; T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 52.

[22] Ibid.

потврдено својот антикомунизам во текот на априлскиот бунт на грчките вооружени сили предходната година. Владата на Вулгарис, воглавно била сочинета од личности кои, според нивнита политичка ориентација припаѓале кон грчкот политички центар.[23] Нејзината основна прокламирана цел, била да ја подготви земјата за одржувањето на плебисцитот и изборите, и тоа во најкус можен временски период. Меѓутоа, дури ни по тримесечно функционирање, владата не успеала да го обнови законот и поредокот во земјата, што негативно се рефлектирало и на подготвувањето на изборните списоци. Едновремено, таа се соочувала и сериозни проблеми на економски план, за кои немала соодветно решение.[24] Ваквата состојаба ја изложила на истовремени напади од страна на либералите и левицта, што со тек на време, биле сесродоточени кон тоа дека јавната безбедност во земјата не е доволно добра за да се одржат слободни избори. На 23 јули тие упатиле и заеднички формален демарш до владата, заканувајќи се дека ќе апстинираат од секое гласање ако "непристрасноста на администрацијата и државниот закон не биле доведени на соодветно задоволувачко ниво".[25]

Создадената ситуација, влијаела за одложување и реализација на замислата на кабинетот во Лондон, односно на премиерот Черчил, за побрзо одржување на плебисцитот, а со цел да се реставрира грчкиот крал Георги II.[26] Дополнителни пречки кон остварувањето на Черчиловите планови се појавиле во почетокот на јули истата година, кога, Соединетите Американски Држави одговориле на британската

---

[23] Ibid. Види и: W. H. McNeill. *The Greek Dilemma*, 173; N. Clive, "British Policy Alternatives 1945-1946", 216; T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 52.

[24] N. Clive, "British Policy Alternatives 1945-1946", 216-217.

[25] PRO FO 371/ 58680 R 4219/1/19, Political Summary 1945, Sir R. Leeper to Mr. Bevin, Athens, March 1, 1946.

[26] T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 54.

покана да учествуваат во меѓународното надгледување на плебисцитот. Администрацијата на новиот претседател Х. Труман ја прифатила поканата, но со сугестија изборите за Уставотворното собрание да се одржат пред плебисцитот.[27] Секако дека ваквата сугестија не одела во прилог на реализирањето на плановите на британскиот премиер за реставрација на монархијата во Грција. Но, политичките денови на Черчил како премиер веќе одминувале. На британските генерални избори во јули 1945 година, лабуристите ја однеле победата врз британските конзервативци, и со тоа, Черчил, едена од најистакнатите политички фигури на Втората светска војна, заминал од меѓународната политичката сцена.[28]

Иако, новата лабуристичка влада на премиерот Атли ја следела политиката на конзервативците во однос на заштитата на британските интереси во Источниот Медитеранот,[29] сепак, таа не ја споделувала и Черчиловата опседнатост за реставрацијата на кралот Георги II во Грција.[30] Така, за време на посетата на регентот Дамаскинос на Лондон, во септември 1945 година, било одлучено грчките избори да бидат одржани што е можно побргу, а плебисцитот да биде спроведен откако ќе се создале стабилни услови во земјата.[31] Согласно ваквата одлука, премиерот Вулгарис, на 5 октомври официјално објавил дека изборите ќе бидат одржани на 20 јануари 1946 година, на што сите партии, освен популистите, реагирале со изјава дека ќе апстинираат од гласањето.

---

[27] Ibid.

[28] В. Черчил, *Други светски рат, Триумф и трагедија*, т. VI, 603.

[29] S. G. Xydis. *Greece and the Great Powers*, 121.

[30] T. D. Sfikas. *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 57.

[31] Ibid., 58.

Обидот да се определи датумот на изборите, на крајот, довел и до оставката на премиерот Вулгарис, на 8 октомври 1945 година.[32]

По оставката на владата на Вулгарис, во Грција, уследила политичка криза предизвикана, пред сѐ, од несогласувањата што се појавиле во однос на пополнувањето на настанатиот политички вакум. Барањето на британскиот амбасадорот Липер, да добие одобрение да делува во правец на воспоставување централно-лево ориентирана влада, било категорично одбиено од Форин Офис. Британскиот министер за надворешни работи Бевин, сметал дека иницијативата за формирање на новата влада требала да му биде доверена на регентот Дамаскинос.[33]

Мандатот за составот на новата влада, конечно му бил даден на лидерот на либералите Темистоклис Софулис, кој успеал да обезбеди соработката помеѓу републиканците и припадниците на центарот, како и поддршка на левицата. Меѓутоа, силното опонирање на популистите го направиле безуспешен и овој обид.[34] Во услови на крајна неизвесност, на 1 ноември, регентот Дамаскинос го наименувал, П. Канелопулос како премиер. Канелопулос формирал центро-десничарска влада, сочинета воглавно од припадници на академскиот живот и експерти. Сепак, за кус временски период владата на Канелопулос се покажала како неприкладна не само за регентот Дамаскинос, туку и за Британците.[35] На 20 ноември Канелопулос ја поднел неговата оставка, а два дена подоцна, на 22

---

[32] PRO FO 371/ 58680 R 4219/1/19, Political Summary 1945, Sir R. Leeper to Mr. Bevin, Athens, March 1, 1946. Види и: W. H. McNeill, *The Greek Dilemma*, 179; N. Clive, "British Policy Alternatives 1945-1946", 219; T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 58-59.

[33] T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 59.

[34] Ibid.

[35] PRO FO 371/ 58680 R 4219/1/19, Political Summary 1945, Sir R. Leeper to Mr. Bevin, Athens, March 1, 1946; T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*,59-60.

ноември 1945 година, во Атина, била формирана републиканско-центристичката влада на лидерот на Либералната партија, Т. Софулис.[36]

Од владата на Софулис, која на одреден начин претставувала и последна можност за Британците за нормализирање на состојбите во Грција, се очекувало да ја спроведе во пракса, политиката, одобрената од британската влада, за економска реконструкција на земјата со британска помош, спроведување на изборите најдоцна до март 1946 година, и одржување на плебисцитиот во март 1948 година.[37] Делувајќи во овие рамки, владата, во јануари 1946 година го потпишала Англо-грчкиот финансиски договор, [38] и едновремено по долги негодувања на Соединетите Американски Држави кои, се спротиставувале на инвестициите во Грција се додека "Грците не ја довеле нивната куќа во ред", успеала да обезбеди кредит од американската Експорт-Импорт банка.[39] Обезбедените кредити довеле до извесна економска стабилност и до намалување на политичката тензија,[40] така што на крајот на јануари 1946 година, премиерот Софулис објавјавил дека изборите ќе се одржат на 31 март 1946 година.[41] Во меѓувреме, во Грција пристигнала Сојузничката мисија за набљудување на грчките избори (Allied Mission for Observing the Greek Elections или АМФОГЕ), сочинета од претставници на Соединетите Американски Држави, Велика Британија и Франција.[42] Претсавници на Советскиот Сојуз не зеле учество во АМФОГЕ, како резултат на

---

[36] Ibid.; Ibid., 60.

[37] PRO FO 371/72241 R 4690/31/19. Greece: Annual Report for 1946, Sir C. Norton to Mr. Bevin . 15th April. 1948.

[38] Ibid.

[39] T. D. Sfikas. *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 71.

[40] PRO FO 371/58699 R 10538/1/19. Mr. Peak to Mr. Bevin. Salonica, 5th July. 1946.

[41] E. Averoff - Tossizza. *By Fire and Axe*, 164; N. Clive. "British Policy Alternatives 1945-1946". 220.

[42] W. H. McNeill. *The Greek Dilemma*, 189; E. Averoff - Tossizza, *By Fire and Axe*, 165.

предходната одлука на Сталин, неговата земја да не учествува во контролата на изборите во една сојузничка држава, затоа што тоа би значело мешање во нејзините внатрешни работи.[43] Непоходно е да се напомене дека во текот на 1945 година, советскиот однос кон натамошното британското воено присуство во Грција значително се променил - од релативна индиферентност изразена во текот на декемвриските настани, во едено отворено непријателство. Така, на 22 јануари 1946 година, советската влада доставила барање во Советот за безбедност на Обединетите нации за повлекување на британските трупи од Грција, "каде пртставувале закана за мирот ".[44]

Во една ваква создадена атмосфера, на 31 март 1946 година, во Грција биле одржани општите избори. И покрај советскиот совет, ККЕ да земе учество на изборите,[45] ККЕ и ЕАМ одлучиле да апстинираат, сметајќи дека условите во земјата не се поволни, и не дозволувале одржување на избори што ќе биле реален одраз на јавното мислење.[46] На изборите Популистичката партија освоила 160 места од вкупно 354. Нејзината изборна коалиција со некои од десните партии им овозможило абсолутно мнозинство од 203 места во грчкиот парламент.[47] "Грчкиот народ," како што оценил новиот британски амбасадор во Грција, сер К. Нортон "... на прво место гласал против комунизмот, а на второ, за

---

[43] S. G. Xydis, *Greece and the Great Powers*,92; R. Clogg, "Greece", 193.

[44] PRO FO 371/72241 R 4690/31/19, Greece: Annual Report for 1946, Sir C. Norton to Mr. Bevin , 15th April, 1948.

[45] T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 87.

[46] R. Clogg, "Greece", 193; Ар. Улунян, *Коммунистическая Партия Греции*. 171; 172.

[47] PRO FO 371/72241 R 4690/31/19, Greece: Annual Report for 1946, Sir C. Norton to Mr. Bevin , 15th April, 1948.

монархијата, како најдобаро обезбедување против комунистичката власт."[48]

Сепак, подоцнежните настани покажале дека изборната победа на монархистите не била доволна за решавањето на скоро ненадминливите внатрешни проблеми во земјата, создадени како последица од војната, но и како резултат на развојот на повоената меѓународната политичка ситуација.

## 2. *Позицијата и стратегијата на ККЕ*

Во текот на 1945 година, односно годината пред отпочнувањето на "третата рунда" на Граѓанската војна во Грција, забележливо е настојувањето на ККЕ да ја дефинира сопствената стратегија и тактика на делување во новосоздадените услови по потпишувањето на договорот во Варкиза. Непобитлив е фактот дека ККЕ, согласувајќи се со одредбите на овој договор, во дадениот момент отстапила од определбата за освојување на власта по пат на вооружен конфликт, и ја прифатила парламентарната борба во рамките на политичкиот систем на земјата, како најприкладен начин за реализирањто на програмските цели. Впрочем, нејзиниот секретар, Ѓ. Сјантос тоа јасно го покажал со изјавата дадена на странските новински дописници на денот на потпишувањето на договорот. Во дадената изјава лидерот на ККЕ изразил задоволство од потпишувањето на договорот, сметајќи дека со "тоа е задоволен и целиот грчки народ"[49] и воедно "ветил дека Партијата ќе делувала во конституитивните рамки" на државата.[50]

---

[48] Ibid.

[49] Цитирано според: С. Благоев, "Некои аспекти од мешањето на Соединетите Американски Држави ", 63.

[50] T. D. Sfikas. *The British Labour Government and the Greek Civil War*. 63.

Што е од особена важност, Ѓ. Сјантос, изразил и помирлив став во однос на присуството на британските трупи во Грција. Во тој контекст, во дадената изјава тој потенцирал дека конфронтацијата со Англичаните била "несреќен судир, кој е надминат и ќе се заборави" и дека "ако сојузниците одлучат да ја задржат англиската војска, ние одговараме, дека тоа е во интерес на Грција, бидејќи тоа што е во интерес на сојузниците е исто така и во интерес на Грција".[51] Дали ваквата определба на ККЕ, била правилна, или дали претставувала предавство во однос нејзините приврзаници, тоа повеќе не било важно. Постигнатиот договорот во Варкиза била реалност која, партиските лидери на ККЕ одлучиле да ја почитуваат, обезбедувајќи ја на тој начин легалноста на партијата. За волја на вистината, сепак, забележливи се одредени нејасности и контрадикции.

Во телеграмата, што на 15 февруари 1945 година, Ј. Јоанидис, организациониот секретар на ККЕ, ја упатил до партиските организации, тој давал инструкции за прикривање на оружјето, но едновремено ги потенцирал и основните претстојни цели, дефинирани во потребата од анализа на договорот во Варкиза и причините кои воделе кон неговото потпишување; фокусирање на борбата на левицата кон целосна обнова на демократските слободи и економскиот развој и воспоставување на широк демократски фронт. Како и да е, Јоанидисовата директива дека не би било коректно владата на Пластирас да се нарекува "фашистичка", давала сигнал дека грчките комунисти, сепак, се определиле да и дадат можност за нејзино делување.[52]

---

[51] Цитирано според: С. Благоев, "Некои аспекти од мешањето на Соединетите Американски Држави ", 63; T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 63.

[52] T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 63.

Во секој случај, одлука на ККЕ за прифаќање на политичкото легално делување се покажала како неприфатлива за дел од партиските членови и припадниците на вооружените единици на ЕЛАС, кои, како што пишува T. Sfikas, чуствувале дека утврдената перспектива за изградба на една поинаква, од предвоениот период, иднина "...ако не била напуштена, тогаш била одложена за една непредвидена иднина".[53] Најекспониран преставник на ваквото несогласување со новата политика на ККЕ, бил Арис Велухјотис, легендарниот *Kapetanios* на Главниот штаб на ЕЛАС. Остро спротиставиувајќи се на одлуката на ККЕ за интегрирање во стариот општествен систем и помирливот однос кон Британците, тој го одбил разорожувањето и заедно со група борци останал во "грчките планини", одлучувајќи да ја продолжи востаничката борба.[54]

Разидувањата што се појавиле во редовите на ККЕ во однос начинот на реализирањето на нејзините поставени цели, воделе кон зголемување на недоверба спрема партиските лидери и кон взаемни обвинувања. Во периодот по Варкиза, околу една четвртина од нејзините вкупно 420 000 членови ја напуштиле Партијата, додека од 20 000 до 25 000 биле отсранети.[55] Едновремено, и 2500 до 3 000 припадници на ЕЛАС, (Грци и Македонци), ја напуштиле земјата и преминале во Југославија.[56]

---

[53] Ibid.

[54] E. O' Ballance, *The Greek Civil Wa*, 113; T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 66.

[55] D. H. Close. *The Origins of the the Greek Civil War*. 166.

[56] PRO FO 371/ 58891 R 117728/6032/15, From New York to Foreign Office. December 6 th, 1946. Според документите презентирани од грчкиот премиер на осумдесет и третата седница на Советот за безбедност на Обединетите нации бројот на "Еласистите и Словенските комунисти" коишто по Варкиза ја напуштиле земјата и преминале во Албанија, Југославија и Бугарија изнесувал помеѓу 7 000 и 8 000 лица. Од наведениот број 5 000 лица како што потврдуваат овие документи биле испратени во Булкес - Војводина, Југославија. (PRO FO 371/ 66994 R 25/ 4/ 15. Documents presented by the Prime minister of Greece of the Eight-Thrd meeting of the Security Concil. 16 December 1946). Наспроти

И покрај овие несогласувања, комунистичките лидери веднаш по потпишувањето на јануарското примирје во 1945 година, започнале да ја обновуваат партиска организација. За таа цел бројни партиски кадри биле испратени назад во Атина. Така, од почетокот на март, забележливо оживеала активноста на работничкиот синдикат, партиските средби и циркулацијата на партискиот печат - демонстрирајќи ја на тој начин определбата на партиските лидери за прифаќање на стратегијата за политичка експанзија и борба за економска реконструкција.[57]

Во овој контекст неопходно е да се потенцира дека во периодот непосредно по Варкиза, основна преокупација за ККЕ била што побрзо да се реши уставниот проблем, и воедно да се спречи ширењето на белиот терор. Во таа смисла, на почетокот на март 1945 година, ЕАМ, упатил меморандум до владите на Соединетите Американски Држави, Советскиот Сојуз, Велика Британија и Франција, повикувајќи на формирање на претставничка влада во духот на Јалтската декларација, и на упатување на една сојузничка комисија за испитување на состојбите во земјата.[58] Во врска, пак со споведувањето на белиот терор на 21 истиот месец, Комисијата на ЕАМ за областа Македонија упатила писмо до амбасадорите на "Големите четворица".[59]

Во писмото, Комисијата ги образложила создадените состојбите во оваа област како последица на спроведуваниот теророт, и побарала од

---

овие податоци Р. Кирјазовски наведува дека во Југославија биле префрлени околу 6 000 Грци и Македонци, претежно воени старешини на ЕЛАС и активисти на политичките организации. Според истиот автор префрлувањето било извршено во мај 1945 година и тоа на барање на ККЕ. (Р. Кирјазовски, *Македонците и односите на КПЈ и КПГ 1945-1949, Официјални документи со коментари* (Скопје: Култура, 1995), 10; Idem, *Правната дискриминација на големо-грчката политика во егејскиот дел на Македонија по Втората светска војна* (Скопје: ППС "МИС", 1996), 3).

[57] D. H. Close, *The Origins of the the Greek Civil War*, 166.

[58] S. G. Xydis, *Greece and the Great Powers*, 88; T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 64.

[59] *Егејска Македонија во НОБ 1944-194*, т. I: 307-308.

амбасадорите да преземат се што е во нивна можност "за прекинување на теророт, за дословна примена на договорот во Варкиза..., за нормализирање на положбата и за воспоставување на демократски слободи" во земјата.[60] Меѓутоа, ваквите укажувања не наишле на соодветен одзив, бидејќи Форин Офис, а и премиерот Черчил, не се согласиле со предлогот на претседателот Рузвелт, во трочлената комисија, да има претставник и од Советскиот Сојуз.[61]

Во суштина, во периодот по Варкиза, ширењето на размерот на белиот терор, како и официјалната - надворешна и домашна - апатија кон протестите на левицата, се рефлектирале со чуство на безнадежност меѓу припадниците на левицата, и на тој начин ја довеле ККЕ во незавидна положба. За да се врати довербата во Партијата, било неопходно потребно да се дефинира нејзината идна политичка дејност. За таа цел од 5-10 април 1945 година, во Атина бил одржан Единаесетиот пленум на ЦК на ККЕ.[62] На Пленумот, како основна политичка цел, била истакната борбата за "искоренување на фашизмот и обезбедување на демократскиот развој, за демократска обнова - за народна демократија".[63] Според одлуките на Пленумот примарна задача на Партијата требала да претставува "борбата против монархијата и за победа на демократијата".[64] Патот и начинот за реализирање на новата народно демократска власт се гледал во создавање на претставничка влада, спроведување на референдум по прашањето на монархијата и одржувањето на изборите за Уставотворно собрание.[65]

---

[60] Ibid., 308.

[61] T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 64.

[62] *To Kommounistiko Komma Elladas ston polemo ke stin andistasi 1940-1945, Episima keimena*, t.V (Ekdosi tu KKE, 1973), 368-379.

[63] Ibid., 375.

[64] Ibid.

[65] Ар. Улунян, *Коммунистическая Партия Греции*, 143.

Вака дефинираната политичка ориентација на ККЕ уште еднаш го потврдувала фактот, дека оваа Партија се определила на координирање на сопствените дејствија со политиката на владата, нешто што во новонастанатите услови не било од многу голема корист. Како што пишува T. Sfikas, на крајот на пролетта 1945 година "...позицијата во која се нашла ККЕ била бизарна. Нејзините грчки и британски противници ја мразеле повикувајќи се на нејзините обиди да ја освои власта со силата на оружјето, додека нејзините приврзаници и поранешни команданти на ЕЛАС ги напаѓале нејзините лидери затоа што не го сториле тоа".[66]

Како и да е, нов момент во зацврстувањето на организационата структура и дефинирањето на политичкото делување на ККЕ настапил на 29 мај 1945 година, кога во Атина, по скоро девет години поминати во затвор, пристигнал, генералениот секретар на ККЕ, Никос Захаријадис.[67] И покрај, долгогодишно отсуство од грчката реалност, сепак, организационите способности и теоретска подготвеност на Захаријадис, давале гаранција за успешна "научна анализа" на претходната политика на Партијата и усмерување на нејзиниот "иден непогрешив курс".[68] Забележливо е дека, Захаријадис, не се откажал од претходните ветувања на комунистите за остварувањето на демократијата и граѓанските слободи преку мирно конфронтирање со другите партии. Во суштина, веднаш по неговото враќање тој започнал да ја спроведува оваа стратегија, "свесен дека таа била суштински иста како онаа на Комунистичките партии во

---

[66] T. D. Sfikas. *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 66.

[67] Во периодот од 1936-1941 година, Никос Захаријадис се наоѓал во заточеништво во Грција, а од 1941- 1945 година во германскиот концентрационен логор Дахау. Од Дахау бил ослободен од страна на американските војски, а во Грција бил вратен со британски авион. (PRO FO 371/ 58680 R 4219/1/19. Political Summary 1945, Sir R. Leeper to Mr. Bevin. Athens, March 1. 1946); T. D. Sfikas. *The British Labour Government and the Greek Civil War*. 66; Ар. Улунян, *Коммунистическая Партия Греции*, 148).

[68] T. D. Sfikas. *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 66.

Франција и Италија".[69] Ако се земе во предвид тогашната констелација на меѓународните политички сили, тогаш, неоспорна е констатацијата на С. Н. Close, дека, оваа стратегија била "единствениот реален курс за земја која, Советскиот Сојуз сметал дека припаѓала во западната сфера на влијание".[70]

Захарјадис, веднаш по враќањето, ги преземал неговите поранешни должности на генерален секретар, и започнал со работа. На 1 јуни 1945 година, била одржана седница на Политбирото на ЦК на ККЕ, на која покрај останатото, било одлучено, на ЕАМ,[71] да му се достави на разгледување "Програма на Народната демократија".[72] Едновремено, Зхарјадис во партискиот весник *Ризоспастис* ги изложил тежненијата на Партијата, истакнувајќи дека ККЕ "...никогаш не настојувала да ја освои власта против желбата на народот и дека никогаш немала да тежнее кон курсот на делување заговаран од Троцкистите, анархистите и идиотите. Поставената цел била да се обедини мнозинството на работниците, земјоделците и пониската средна класа, кои би довеле до скорешна буржоаско-демократска трансформација на земјата".[73] Во текот на истиот месец, определбата на Захарјадис за заборавање на герилското минато на Партијата била потврдена со уште еден политички гест. А. Велухјотис, "симболот на грчката герилата" бил јавно прекорен од Захарјадис, како "авантурист", кој со своето "однесување ја помагал десницата во

---

[69] D. H. Close, *The Origins of the the Greek Civil War*,165- 166.

[70] Ibid., 166.

[71] Во април 1945 година ЕАМ се трансформирал во партиска коалиција,сочинета од ККЕ, Земјоделската партија, Деморатско радикалната партија, Социјалистичката партија, Демократскиот сојуз и Единствената социјалистичка партија. (Ар. Улунян, *Коммунистическая Партия Греции,* 147).

[72] Т. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 66. Поопширно: Ар. Улунян, *Коммунистическая Партия Греции,* 149-150.

[73] Ibid.

нејзините напади против левицата".[74] Последователно, уследило неговото исклучување од Партијата,[75] а набргу потоа, бил убиен од владините сили.[76]

Истиот месец, Политбирото на ЦК на ККЕ го подготвил предлог-нацртот на "Програмата на Народната демократија", и му го доставил на разгледување на ЦК на ЕАМ. ЦК на ЕАМ го прифатил и следниот месец Програмата во вид на брошура била објавена.[77] Во неа, народната демократија била дефинирана како "еден поинаков тип на демократија", којашто би преставувала сојуз помеѓу работниците, земјоделците, занаетчиите и интелегенцијата. Покрај деталениот план за политиката што требала да се води за одредени прашања - од невработеноста до положбата на жените и младината, во Програмата, биле дадени и основните тежненија на ЕАМ и ККЕ во однос на надворешната политика и националните претензии. Во таа смисла, во неа е било назначено дека Грција треба да ги сочува пријателските односи со четирите големи сили, дека ЕАМ ги поддржува националните и територјалните барања,[78] и дека ЕАМ е расположен за соработка со секоја партија која се согласува со базичната линија на Програмата.[79] Објавувањето на овој документ, исто така, сугерирало дека, во дадениот момент ККЕ, во суштина, "се определила кон мирна еволуција".[80]

---

[74] Ibid.; D. H. Close, *The Origins of the the Greek Civil War*, 167.

[75] Ibid.

[76] E. O' Ballance, *The Greek Civil War*, 115.

[77] T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 67.

[78] Грчката држава го барала Северен Епир од Албанија, Додеканезите од Италија и ново регулирање на грчко-бугарската граници. (С. Благоев, "Тајната дипломатија во текот на Граѓанската војна во Грција и македонското прашање", *Гласник на ИНИ*, 40/2 (Скопје: ИНИ), 160.

[79] *Saranda Hronia tu KKE 1918-1985* (Politikes kai Logotehikes Ekdoseis, 1958), 523-529.

[80] T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 67.

Нова компонента во понатамошното политичко делување на ККЕ била дадена на Дванаесетиот пленум на ЦК, одржан во Атина, од 25-27 јуни 1945 година. Имено, во врска со ширењето на белиот терор, ККЕ повикала на "организирање на масовна народна самоодбрана".[81] Во практична смисла, самоодбраната значела индивидуална невооружена одбрана против терористичките напади, масовна самоодбрана против насилствата и апсењата, земајќи често облик на штракови и демонстрации, и вооружени одбрамбени дејствија од поранешните припадници на ЕЛАС кои, се наоѓале засолнати во планините.[82] Фактички, иако ова прашање многу малку е обработено од страна на историографијата, се чини дека сепак оваа одлука остапува од претходно прокламираната ориентација на ККЕ за "мирољубива еволуција". Формално со неа било им дадено алиби за делување на сите оние што не сакале да го положат оружјето, односно што ќе одлучеле со насилни сртства да се спротивстават на политиката на белиот терор. ККЕ, свесно или несвесно го направила првиот чекор што ќе ја доведе до Граѓанска војна.

На Пленумот, што било од посебна важност, генералниот секретар, Захарјадис, исто така дал и оценка за политичката дејност на Партијата во текот на Втората светска војна. Настојувајќи да ги образложи закономерностите на партиската политика во контекстот на гео-стратешката положба на Грција, Захарјадис, ја презентитал неговата теорија за двата пола. При тоа, тој нагласил дека во согласност со тоа "... како што се менувала положбата на Грција за време на Светската војна, реалната надворешна политика на ЕАМ и ПЕЕА морала да се движи помеѓу двата главни пола: Европско-балканскиот, со центар - во Советска

---

[81] *Saranda Hronia tu KKE 1918-1985*, 529-535.

[82] O. L. Smith, "Self-Defence and Communist Policy 1945-1947", *Studies in the History of the Greek Civil War 1945-1949*, 162.

Русија, и Средоземниот - со центар во Англија. Правилна надворешна политика би била онаа политика која,  во вид на грчка оска би ги поврзувала овие два пола."[83]

Со презентирањето на оваа теорија, како што пишува Ар. Улунян, во суштина, Захарјадис, "... се осврнал на тој аспект на проблемот, за кој, пред него, се плашеле да говорат лидерите на грчката партија - дека геополитичката положба на Грција во голема мера ја определила судбината на движењето на ЕАМ".[84] Поаѓајки од ваквото толкување, Дванаесетиот пленум ја оценил како правилна партиската политика во текот на војната. Со тоа, од ЕАМ била симната одговорноста за сите преземени чекори што довеле до потчинувањето на ЕЛАС на британската команда и вмешаноста на британските сили во внатрешниот конфликт во Грција.[85]

Како и да е,  настаните во Грција, во текот на летото 1945 година не се развивале во полза на Народноослободителниот фронт и неговата главна политичка сила ККЕ. Официјалните атинските власти во политичкото опонирање се повеќе ја обвинувале левицата за отстапување од националните интерси, а потикнати од опасноста да дојде до можен сојуз со прокумунистичките режими во Албанија, Бугарија и Југославија.[86] Ова дотолку повеќе, што дел од членството на ККЕ - "што припаѓало на националното славјанско малцинство" а тесно поврзано со националното движење во Вардарска Македонија, започнало да пројавува активност за добивање на поддршка од страна на Југославија,[87] а во функција на реализација на сопствените национални заложби.

---

[83] Цитирано според: Ар. Улунян, *Коммунистическая Партия Греции*, 153. Види и: Р. Кирјазовски, "Никос Захарјадис - легенда и пакост", *Нова Македонија*, (4), 29 април 1997; T. D. Sfikas. *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 68.

[84] Ibid.

[85] Ibid.

[86] Ibid., 156-157.

[87] Ibid.

На 20 август 1945 година, заменикот министер за надворешни работи на Грција, Ф. Драгумис, отворено изјавил дека Грција претендира на Северен Епир, Додеканезите, и дека е потребна ревизија на грчко-бугарската граница. Притоа, тој истакнал дека "многу соседи гледаат со алчност на суверенитетот и незвисноста на Грција и дека целта на славјанскиот империјализам секогаш била да се здобие со излез кон Средоземното Море "преку телото на Грција".[88] Појавата на вооружените групи во егејскиот дел на Македонија,[89] сочинети од Македонци придонесувала кон потврдувањето на грчката официјалната концепција за "славјано-комунистичка опасност", а ККЕ ја воделе во тешка положба. "...Од една страна - како што констатира Ар. Улунян - за да ги исполни националните очекувања на Грците, да ја сочува државата единствена и независна, таа била должна да им го објасни принципот на еднаквоста на различните народи внатре во земјата, а од друга страна - неопходноста од добивањето на материјална помош од КПЈ, ја присилувала да го истакне лозунгот за евентуална автономија на Егејска Македонија".[90] Всушност, неоспорен е фактот дека ККЕ настојувала да одржува врска со соседните комунистички земји.

Во јули 1945 година од Атина, во егејскиот дел на Македонија и Епир биле префрлени повеќе функционери на ККЕ. А. Цимас бил назначен да раководи со Месниот комитет на ККЕ за градот Кожани, што практично претставувал "главниот центар за врска со странство".[91] Ар. Улунян, пишува дека во пограничните реони на земјата имало регуларни средби помеѓу грчките претставници (А. Цимас, К. Чипас и А. Фокос) и

---

[88] Цитирано според: Ар. Улунян, *Коммунистическая Партия Греции*, 157.

[89] Во врска со појавата и дејноста на овие вооружени групи, Ар. Улунян, пишува дека тие имале повеќе пропагандно, отколку воено значење. (Ibid.).

[90] Ibid., 157-158.

[91] Ibid., 158.

претставниците на комунистичките партии на Југославија и Бугарија. Според Ар. Улунян, "југословенските претставници на овие консултации, веројатно, покрај општите прашања, го поставувале и проблемот на Егејска Македонија."[92]

Во секој случај, забележливо е дека од летото 1945 година, а како што е напоменато и во погорниот текст, политиката на ККЕ градуално се движела кон одреден степен на милитантност, без соодветна формално-партиска покриеност на ваквата "еволутивна" промена на партискиот курс. Барањето на причините за ваквата промена упатува кон ширењето на белиот терор, опасноста од можен државен удар на монархистите, што не ја исклучува можноста и од потребата да се "застанело со прогонетите и да се смиреле партиските милитанти, кои барале јуначки дела."[93] На 24 август 1945 година, Н. Захарјадис во говорот што го одржал во Солун, пред огромен број на луѓе, јавно предупредил дека: "...Ако положбата брзо и драстично не се поправи во правец на мирен и демократски развој, ќе одговориме на монархофашизмот со истите средства, во градовите, планините и селата... Ако тоа го побараат повисоките интереси на народот, повторно на врвовите и долините, ќе се слушне славното 'Embros ELAS yia tin Ellada' ('Напред ЕЛАС во Грција').[94] Лидерот на ККЕ, воедно, повторно се заканил со апстиненција од изборите, за што Партијата, фактички имала гласано во средината на јуни.[95]

Едновремено, ККЕ започнала да го менува и курсот кон британското присуство во земјата. Таа на почетокот на јули 1945 година ги обвинила британските власти дека со нивната неактивност ја

---

[92] Ibid.

[93] T. D. Sfikas. *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 68-69.

[94] Цитирано според:С. Благоев, "Тајната дипломатија во текотна Граѓанската војна", 166. Види и: O. L. Smith. "Self-Defence and Communist Policy", 163.

[95] T. D. Sfikas. *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 69.

охрабрувале монархистичката желба за државен удар.[96] Истовремено, Н. Захарјадис, во споменатиот говор побарал "окупационите трупи" на Бевин да се повлечат доколку "не биле во состојба да го сочуваат законот и редот" во земјата.[97] Од септември 1945 година, партискиот весник *Ризоспастис* отворено укажувал на постоењето на вооружени приврзаници во планините, но едновремено оставал простор да се заклучи дека нивното прибегнување кон оружјето било на нивна иницијатива.[98]

На Седмиот конгрес на Партијата, одржан од 1-6 октомври 1945 година, иако поверето од дискусиите биле посветени на новата "Програма на народната демократија" и на обновата на земјата, сепак, јасно било истакнато и тоа, дека "ККЕ морала да преземе мерки на претпазливост во случај, мирната еволуција да се покажела како невозможна."[99] Едновремено, на Конгресот била потенцирана и потребата од натамошен развој на самоодбраната.[100] Што е осебно важно на Конгресот, била избрана и Сегрчката воена комисија, со претседател Н. Захарјадис, и со задача да ги испита можностите за динамично пресметување "со убиствата и теророт на десницата, со тактиката на 'самоодбрана".[101]

Како и да е, во периодот од Седмиот конгрес до ноември 1945 година, ККЕ, јавно се уште изразувала одредено трпение потенцирајќи ја нејзината ориентација за мирен демократски развој. Таа на неколку наврати барала формирање на нова влада, забрана на монархистичките групи, еднаквост на сите граѓани, општа амнестија, реално составување на

---

[96] Ibid.

[97] Ibid.

[98] H. Close. *The Origins of the the Greek Civil War*. 178.

[99] O. L. Smith. "Self-Defence and Communist Policy". 164.

[100] *Saranda Hronia tu KKE 1918-1985*, 543.

[101] С. Благоев, "Тајната дипломатија во текот на Граѓанската војна", 167. Види и: H. Richter. "The Second Plenum of the Central Committee of the KKE and the Decision For Civil War: A Reappraisal. *Studies in the History of the Greek Civil War 1945-1949*, 184.

изборните списоци и рехабилитација на нациналниот отпор. Кога, владата на премиерот Софулис била формирана, ККЕ, ги повикала сите демокртаски ориентирани партии да ја признаат и да ја поддржат. [102] Оттука може да се изведе заклучокот дека и покрај пројавената милитантност ККЕ, во текот на разгледуваниот период, се уште не била цврсто решена да примени вооружената сила.

Од друга страна, продолжувањето на белиот терор, како и британското инсистирање на одржувањето на општи избори во услови на систематско заплашување, создавале впечаток дека Британците и десницата имале намера целосно да се пресметаат со ККЕ.[103] Потенцирањето на овој момент е неопходен за дообјаснување на натамошната политика на ККЕ, која јавно и дефинитивно почнала да застапува анти-британска политика.

Во декември 1945 година, Н. Захарјадис во една статија објавена во официјалниот весник на Партијата отворено истакнал дека "...првото национално барање во моментов е Англичаните да заминат. Британската окупација во изминатата година беше единствената препрека за обнова на земјата. Во последните години грчкиот народ се соочи со толку многу бури и неправди и даде толку многу жртви за слободата, така што нема да го положи оружјето се додека не го осигури мирот и иднината на земјата, на начин каков што народот има желба".[104] Кон крајот на истиот месец, во два говори одржани во Солун, Н. Захарјадис дал анализа на идната политика на ККЕ, во која биле опфатени и "повлекувањето на британските сили од Грција, учеството на ЕАМ/ККЕ во владата, соработка со антифашистите и Славомакедонците, пријателската

---

[102] T. D. Sfikas. *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 70.

[103] D. H. Close. *The Origins of the the Greek Civil War*. 178-179.

[104] E. Averoff - Tossizza. *By Fire and Axe*, 158.

соработка со 'северните демократски држави".[105] Продлабочената анализа на овие два говора на генералниот секретар на ККЕ Захаријадис, како и местото на нивното одржување, јасно ја покжуваат неговата ориентација кон вооружена пресметка со политичките проитивници. Истакнувањето на потребата од соработка со преставници на македонското национално малцинство, не само што требало да го покаже принципиелниот став на ККЕ кон прашањето за националните малцинства, туку и да ги придобие како сојузници за реализирање на нејзините поставени цели.

Во секој случај, во периодот што следел забележливо е дека "сред раководството на грчката партија се засилувале екстремните ставови, ориентирајќи се на конфротација со властите, дури и на насилно освојување на власта во земјата."[106] Ова секако дека било во врска со заострената внатрешно-политичка состојба во земјата и претстојните парламентарни избори.

За да ја определи политиката на делување во однос на претстојните изборите, ККЕ од 12-15 февруари 1946 година, го одржала Вториот пленум на ЦК.[107] Иако постојат многу контраверзии околу тоа дали на овој Пленум била донесена или не била донесена одлука за отпочнување на вооружената борба, едно е сосема сигурно: "...Централниот Комитет решил постепено да изградува вооружен отпор таму, каде што локалните услови го овозможувале тоа, дозволувајќи им на групите сочинети од прогонетите комунисти да се бранат со оружје, без притоа да им даваат било каков повод на Британците да интервенираат". Со тоа, како што

---

[105] PRO FO 371/58750 R 931/72/19, Cabinet Distribution, From Salonika to Athens, 18 January, 1946.

[106] Ар. Улунян, *Коммунистическая Партия Греции*, 169.

[107] Поопширно: O. L. Smith, "Self-Defence and Communist Policy", 166-168; H. Richter, "The Second Plenum", 180-212; Ар. Улунян, *Коммунистическая Партия Греции*, 169-172.

пишува понатаму O. L. Smith, "...последниот степен на самоодбраната бил достигнат, меѓутоа, важна премиса е дека одлуката за воена акција била исклучиво од одбрамбен карактер".[108] Во суштина, ККЕ, со донесената одлука, за прва пат го одобрила герилското делување, со цел да се одбранела Партијата и да се извршел притисок врз владата за постигнување на компромис.[109] Впечатокот за извесната колебливост во партиските определби произлегува, пред се, од недифинираниот став на Москва кон прашањето за отпочнувањето на вооружената борба.[110] Во секој случај, резултат на ваквата политика на ККЕ, секако бил нападот на жандармериската станица во селото Литохоро, Катеринско, ноќта на 30/31 март 1946 година, наспроти одржувањето на изборите, што од некои се смета и за почеток на Граѓанската војна.[111]

### 3. *Реактивирање на македонското нацинално-ослободително движење*

Кога се говори за развојот на настаните во егејскиот дел на Македонија по потпишувањето на договорот во Варкиза, веднаш треба да се потенцира дека тој не бил условен само од новонастанатата внатрешно-политичкита состојба во грчката држава, туку и од севкупнате глобалани промени кои биле предизвикани како резултат на Втората светска војна. Овде пред сé, треба да се издвои создавањето на Народна Република Македонија во рамките на Федеративна Југославија, како и тоа дека македонското прашање на одреден начин станало централно прашање во меѓународното

---

[108] O. L. Smith, "Self-Defence and Communist Policy", 166.

[109] D. H. Close, *The Origins of the the Greek Civil War*, 179.

[110] Ар. Улунян, *Коммунистическая Партия Греции*, 171. С. Балгоев наведува дека одлуката на Вторитот пленум била пердходно договорена и донесена, врз основа на опширните дискусии, договарања и усогласувања со Тито, Димитров и Сталин. (С. Благоев, "Тајната дипломатија во текот на Граѓанската војна"), 167.

[111] PRO FO 371/58750 R 5863, From Salonika to Athens, Salonica Sittuation Report 30 March-5 April 1946, 15 April, 1946.

комунистичко движење во регионот. Секако дека во овој контекст не смее да се пренебрегне влијанието на политиката на големите сили - победнички во војната, и нивните планови за повоеното уредување на светот.

Гледано од аспект на внатрешно-политичката состојба во грчата држава, едно е сосема јасно: победата на десницата во декемвриската битка за Атина, го означила и крајот за можноста од натамошно реализирање на националните стремежи на Македонците од егејскиот дел на Македонија, дури и во она што означувало минимум на национални барања - национални права во рамките на грчката држава. Ако припадниците на грчката левица, веднаш по Варкиза биле изложени на бел терор за "гревот" направен во текот на Втората светска војна, останувал мал простор, дека Македонците кои, воглавно се ориентирале кон неа заради остварувањето на националналната слобода, можеле да бидат поштедени.

Непобитен е фактот дека Македонците веднаш по Варкиза биле изложени на жесток терор од страна на грчките власти.[112] Впрочем, постоечките сумарните податоци за спроведениот терор во периодот 1945 - 1946 година, тоа најдобро го потврдуваат. Според овие податоци во текот на овој период, само во Костурско, Леринско, Воденско, Гуменџиско и Еницевардарско биле убиени 400 Македонци, 440 жени и девојки биле силувани, 8 145 Македонци биле затворени, 4 209 биле судени, 3 215 биле осудени, 2 172 лица биле интернирани, 13 529 малтретирани, и 13 лица биле полудени од мачење. Едновремено биле изгорени 1 291 куќи, биле ограбени 80 села и 1 605 семејства и биле

---

[112] Поопширно за спроведуваниот терор во период 1945-1946 година, види: *Егејска Македонија во НОБ 1945: Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во Граѓанската војна во Грција 1945 година*, т. II (Скопје: Архив на Македонија, 1973); Т. Мамуровски, *Македонците во Егејска Мкаедонија 1945-1946* (Скопје: ИНИ, 1995),49-83.

иселени 45 села и 1 943 семејства.[113] Ако покрај овие сумарни податоци се наведе и бројката од преку 20 000 Македонци кои , како последица на теророт побарале засолниште во Југославија, односно во НР Македонија,[114] и бројот од преку 10 000 Македонци кои, пребегале во Бугарија од истите причини,[115] тогаш претставата за состојбите во егејскиот дел на Македонија по потпишувањето на договорот во Варкиза станува сосема јасна. Друго е прашањето дали теророт би земал толкави размери доколку од првата половина на 1945 година, на територијата на овој дел на Македонија не започнеле одредени активности што сигнализирале дека Македонците не се откажале од остварувањето на нивните национални претензии, доживувани од грчката држава како обиди за нарушување на нејзиниот територијален интегритет и суверенитет. [116]

Осврнувајќи се на влијанието што го имало создавањето на првата македонска држава во рамките на Југословенскта федерација, треба да се нагласи дека тоа допринело за интензивирзирање на потребата за релизирање на националните интереси на Македонците од егејскиот дел на Македонија, вклучувајќи ја и идејата за обединување на Македонија. Во овој однос посебно значење и место имало Првото заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија

---

[113] *Егејска Македонија во НОБ 1947: Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во Граѓанската војна во Грција 1947 година*, т.IV (Скопје: Архив на Македонија, 1980), 154-155; Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 92.

[114] *Егејска Македонија во НОБ 1945*, т. II, 202-203; Р Кирјазовски, *Македонската политичка емиграција од егејскиот дел на Македонија во Исочна Европа* (Скопје: Култура, 1989), 29-30.

[115] PRO FO 371/48241 R 14975/3/19, British Embassy Moscow, 24th August, 1945.

[116] Секако дека поставувањето на ова прашање не ги ослободува од одговорност грчките власти, но не ги изема од одговорност и сите оние кои на еден или друг начин допринеле кон интензивирањето на споменатите активности до степен на учество во Граѓанска војна.

(АСНОМ) и неговите сосема прецизни ставови за обединувањето на македонскиот народ преку бришењето на вештачките граници. [117]

Во секој случај, не смее да се пренебрегне фактот дека признавањето на македонскиот национален ентитет во рамките на Југословенската фердерација му дала и една нова димензија на македонското прашање, и тоа како во балкански така и во меѓународни рамки. Во оваа смисла треба да се одбележи, дека есента 1944 година, Југославија и Бугарија започнале преговори за склучување на меѓусебен сојузнички договор и за создавање на Балканска (Јужно-словенска) федерација.[118] За време на овие разговори било присутно и македонското прашање. Во суштина, станувало збор за приклучувањето на пиринскиот дел на Македонија, што се наоѓал во составот на Бугарија, кон новата македонскта држава. Иако и двете страни го признавале правото на смоопределување на македонскиот народ,[119] евидентно бил различен нивниот став во однос на предвиденото обединување. Додека југословенската страна го нагласувала правото на Македонците на обединување "без разлика на тоа дали ќе дојде до федерација со Бугарија или не", бугарската страна исистирала обединувањето на "бугарска Македонија" со "југословенска" да се реализирало само во случај на обединување на Југославија и Бугарија.[120]

---

[117] И. Катарџиев, *Соседите и Македонија, вчера, денес, утре* (Скопје: Менора, 1998), 183.

[118] За водените преговори за создавање на Јужно-словенската федерација помеѓу Југославија и Бугарија, поопширно види: B. Petranović, *Balkanska federacija 1943-1948* (Beograd: IKP Zaslon, 1991), 118–135; Д. Минчев, *Македонският въпрос и Българо-Югославските отношения 9 септември 1944-1949* (София: Университетско издателство "Св. Климент Охридски", 1994), 191-223; Т. Чепреганов, *Велика Британија и македонското национално прашање 1944-1948* (Скопје: ИНИ, 1997), 124-130.

[119] B. Petranović, *Balkanska federacija 1943-1948*, 127.

[120] *Dokumenti o spoljnoj politici Socijalističke Federativne republike Jugoslavije 1941-1945*, II (Beograd: Jugoslovenski pregled, 1984), 318.

Исто така, во овој контекст, неопходно е да се потенцира и тоа дека југословенското раководство по формирањето на Народна Република Македонија се повеќе решението на македонското прашање го придвижувало кон обединување на пиринскиот и егејскиот дел на Македонија со новата федерална македонска држава, во склопот на Југославија. Од овој аспект, посебно внимание привлекува говорот на Светозар Вукмановиќ - Темпо, одржан во ноември 1944 година во Белград. Помеѓу останатото тој изјавил дека "...сиот македонски народ сака целосно единство, и заради тоа би требало егејското и пиринското подрачје да се обединат со федералната држава Македонија (во склопот на Југославија)".[121]

Дека во овој период Југославија се залагала за порадикално решавање на македонското прашање и тоа како што пишува Н. Д. Смирнова "...исклучиво на сметка на Грција...", сведочат и разговорите водени во јануари 1945 година помеѓу Сталин и југословенската делегација, предводена од членот на раководството на КПЈ, А. Хебранг.[122] Во текот на разговорите А. Хебранг напоменал дека Југославија се надева да ја добие од Грција "...грчка Македонија и Солун". Според неговото излагање ова барање до тогаш не било поставувано за да не се отежнела позицијата на ЕЛАС внатре во земјата, но "сега ова барање ќе биде поставено". Интересно е дека Сталин го предупредил југословенскиот претставник дека "да се создава ситуација во која вие би се покажале во непријателски односи со Романија, Унгарија, Грција, значи дека имате намера да војувате со целиот свет; нема смисол од создавање на таква

---

[121] E. Barker. *Britanska politika prema Jugoistočnoj Evropi u Drugom Svjetskom ratu* (Zagreb: Globus, 1978), 193.

[122] Н. Д. Смирнова, "Грецијая в политике США и СССР. 1945-1947гг. Новые архівные документы", *Новая и Новейшая история*, no.5 (Москва: Наука, сентябрь-октябрь 1997), 32.

позиција."[123] Сепак, останува отворено прашањето, што, во суштина, стоело зад ваквите изјави на југословенското раководство имајќи го во предвид фактот дека Тито кон крајот на декември 1944 година, ги убедувал Британците дека нема намера да ги форсира плановите за анектирање на "грчка Македонија" и дека ова прашање ќе било поставено на разгледување на мировната конференција.[124] Сличен одговор добил и шефот на британската мисија при ВШ на НОВ и ПОЈ, бригадирот Фицрој Маклин, при средбата со Тито кон крајот на февруари 1945 година. Во врска со предвидениот договор со Бугарија, Тито му предочил на Ф. Маклин, дека станува збор за договор за трговија и пријателство и дека на "никаков начин нема да им наштети на грчките интереси".[125]

Во секој случај, идејата за создавање на Балканска (Јужно-словенска) федерација помеѓу Југославија и Бугарија претставувала неприфатлива опција како за Велика Британија, така и за Соединетите Американски Држави. Посебно нивниот став бил категоричен во однос на нарушувањето на териториалниот интегритет на Грција и Бугарија за сметка на новоформираната македонска држава.

Во меморандумот на британскиот министер за надворешни работи А. Идн, од 5 декември 1944 година, прецизно било изнесено дека и покрај тоа што британската влада била подготвена да го прифати формирањето на македонската држава во идната Југословенска федерација, таа ќе инсистирала оваа држава да не "полага право на било која територија што и припаѓа на Бугарија или Грција, под изговор дека овие територии се 'Македонија".[126] Меморандумот го содржел и

---

[123] Ibid., 33.

[124] E. Kofos, *The Impact of the Macedonian question on Civil Conflict in Greece (1943-1949)* (Athens: Hellenic Foundation for Defense and Foreign Policy, 1989), 17.

[125] PRO FO 48182/ R 3495/ II/a, From Belgrade to Foreign Office, Brigadier Maclean, 25th February, 1945.

[126] Т. Чепреганов, "Меморандум од Антони Идн, министер за надворешни работи

британскиот став во однос на "ексклузивната унија или федерација меѓу Југославија и Бугарија". Ваквата унија или федерација била неприфатлива за британскиот кабинет, бидејќи "тоа би ја променило рамнотежата на силите меѓу балканските држави, би ја изолирало Грција и би ја довело во опасност нејзината позиција".[127]

Скоро идентичниот бил и ставот на Соединетите Американски Држави во однос на овие прашања. Во извештајот на британскиот амбасадор во Вашингтон, лордот Халифакс, упатен до Форин Офис, на 27 февруари 1945 година, наведено е дека "...Владата на Соединетите Американски Држави стои на гледиштето дека предвоените граници на Југославија, Бугарија и Грција во македонската област мора да бидат сметани како легални граници и дека ревизијата на било која од нив треба да биде дозволена само ако тоа е во согласност со слободно изразената желба на популацијата на која ова директно се однесува, и има меѓународна поддршка како дел од генералниот мировен договор." Британскиот амбасадор во овој извештај исто така потенцирал дека Содинетите Држави се согласувале со гледиштето на британската влада за тоа дека "...не постои легална основа за било какво барање на територијата во границите на Грција во корист на 'Македонија', и тоа било како независна држава, или како дел од Југославија, или дел од поголемата Јужно-словенската федерација, врз основа на тоа дека таа територија е 'Македонија." Во врска со прашањето за создавање на унија помеѓу Бугарија и Југославија, Халифакс известил дека "...владата на Соединетите Американски Држави верува дека едностранато обединување или федерацијата помеѓу Југославија и Бугарија, во денешните услови би било повеќе вознемирувачки, отколку фактор на

---

на Велика Британија за македонското прашање, *Гласник на ИНИ*, XXXV/1-2 (Скопје: ИНИ, 1991), 123-124.

[127] Ibid., 123.

стабилност во Југоисточна Европа, додека соседните не-словенски држави, вклучувајќи ја и Турција би го сметале тоа како закана за нивните земји".[128]

Што се однесува до ставот на Советскиот Сојуз, во однос на "југословенските планови за повоена Балканска федерација" забележливо е дека Советите, на почетокот ја подржувале оваа идеја, но "веројатно како еден вид на притисок за повлекување на американските и британските воени претставници од поранешните непријателски земји, како на пример Романија".[129] Меѓутоа, имајќи го во предвид фактот, дека советската влада во февруари 1945 година го известила британскиот кабинет дека "...прашањето на Балканската федерација или посебно Југословенско-бугарската федерација е без посебна практична важност",[130] станува сосема очигледно дека Советскиот Сојуз, набргу ја напуштил оваа идеја. Причината за ваквата промена на советскиот став, J. L. Gaddis ја согледува во тоа дека "...Југословените можеле да станат премногу моќни; а нивната склонст за непопустливост - евидентна во нивните барања на Трст[131]... можела да го испровоцира Западот".[132]

Протестот на Соединетите Американски Држави против потпшувањето на договорот за сојузот меѓу Бугарија и Југославија, со образложение дека Бугарија нема право да склучува договори во периодот кога се наоѓа под контрола на Сојузничката комисија, како и повлекувањето на Советите, кои "биле свесни за тешките меѓународни

---

[128] PRO FO 371/48182/ R 4051/II/GY, War Cabinet Distribution, From Washington to Forign office, Earl of Halifax, 27th February, 1945.

[129] J. L. Gaddis, *We Now Know: Rethinking Cold War History* (Oxford: Clarendon Press, 1997),40.

[130] PRO FO 371/48182/ R 3169/G, Yugoslav-Bulgarian Relations, 14th Fevruary, 1945.

[131] Поопширно за прашањето на Трст види: B. Jelavich, *History of the Balkans*, vol. 2, 314-316.

[132] J. L. Gaddis, *We Now Know*, 40.

импликации кои би биле предизвикани доколку не се земеле во обзир западните предупредувања", довеле до прекинување на започнатите преговорите.[133] Склучувањето на договорот за сојуз меѓу двете држави било одложено се до средината на 1947 година.[134]

Изнесеново, секако потврдува дека кон крајот на 1944 и почетокот на 1945 година, македонското прашање на одреден начин стнало составен дел од глобалната меѓународна политичка шема, во која, едноставно немало простор за реализирање на националните стремежи на Македонците од егејскиот дел на Македонија. Сепак, треба да се нагласи дека, како и секое отворено прашање во меѓународните односи, така и македонското прашање добило една "употребна вредност" во дадениот историски момент, што во суштина, и директно се рефлектирало на натамошниот развој на настаните во егејскиот дел на Македонија.

Во првата половина на 1945 година, сепак, постоеле индикации дека југословенскот раководство на одреден начин не се откажало од неговите аспирации кон "грчка Македонија", преку реализирањето на идејата за обединета Македонија. Во овој контекст за одбележување е изјавата, што Јосип Броз Тито, за време на неговиот престој во Москва во првата половина на април 1945 годиана,[135] му ја дал на московскиот дописник на *Њујорк Тајмс*: "... Разгледувањето на територјалната иднина на грчка Македонија сега не е не прикладна. Во исто време Југославија нема да се спротистави на можното барање за обединување (од Македонците)".[136] Можно е оваа изјава на југословенскиот лидер да била во врска и со

---

[133] B. Petranović, *Balkanska federacija 1943-1948*, 134.

[134] Д. Минчев, *Македонският въпрос и Българо-Югославските отношения*, 222.

[135] Р. Кирјазовски, "Македонското прашање во политиката на големите сили во Грција по Втората светска војана"(труд во ракопис), 8.

[136] *The Conspiracy against Greece* (Greek Under-Secretariat for Press and Informations, 1947), 45.

политиката на Сталин во однос на Грција, оценета од американскиот амбасдор во Атина, Мак Вег како политика што имала двојна цел: "... создавање на просоветска влада [во Грција] и доколку тоа не успее, [советската влада], ќе настојува да обезбеди излез на Егејското Море, што ќе го постигне со создавање на македонска држава, или со некои остапки на Грција во корист на Бугарија и Југославија".[137] Но, не е исклучена и можноста оваа изјава да била смоиницијатаивна и од тактична природа, за да се изврши притисок за решавањето на прашањето на Трст или во крајна линија за да се смират пројавените обединувачки страсти сред Македонците.

Што е посебно важно, набргу по изјавата на Тито, односно на 23 април 1945 година, во Скопје,[138] на иницијатива на Комунистичката партија на Југославија (КПЈ) и Комунистичката партија на Македонија (КПМ),[139] била формирана единствената организација на Македонците од егејскиот дел на Македонија, позната под иницијалите НОФ (Народноослободителен фронт).[140] Веднаш треба да се нагласи, дека со формирањето на НОФ, македонското национално ослободително движење на Македонците од егејскиот дел на Македонија, се нашло под директна контрола на КПЈ, губејќи ја повторно неговата независност, впрочем како и во годините на Втората светска војна кога се наоѓало под контрола на ККЕ.

Важен момент што не кореспондира со одлуката за формирањето на НОФ, секако е наредбата на ГШ на НОВ и ПО на Македонија, од 2 април 1945 година, за расформирање на Првата егејска ударна бригада,

---

137 Р. Кирјазовски, "Македонското прашање во политиката на големите сили"7-8.

138 *The Conspiracy against Greece*, 96.

139 Р. Кирјазовски, "Македонското прашање во политиката на големите сили", 8.

140 Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 106; Idem. *Македонски национални институции*, 102.

која во тоа време била распоредена во Битола и Гевгелија.[141] Ако се прифати констатацијата дека тоа било сторено заради смирување на "пропагандната кампања ... водена против Југославија за наводното мешање во внатрешните работи на Грција, за територјалните аспирации на штета на Грција...",[142] тогаш со право се поставува прашањето зошто непосредно по одлуката за расформирање на бригадата била донесена одлука за формирањето на НОФ. Ова прашање бара посебно внимание, меѓутоа постоечките историски извори, не овозможуваат целосно согледување и давање на содветен одговор.

Основната цел на НОФ, како и во случајот на СНОФ, останувала борбата за извојување на правото на самопределување и национално ослободување, што "... За лидерите на НОФ, кои биле заслепени од успесите на комунистите во Југославија и аплаудирале на создавањето на Народна Република Македонија во федерацијата", како што пишува А. Rossos, "... можело да значи само обединување со слободна Македонија во Југославија".[143] Во оваа смисла за одбележување е изјавата на Лазо Дамовски-Ошенски, еден од главните идеолози на македонското ослободително движење во егејскиот дел на Македонија, уште од времето на Втората светска војна. "Желбата на Егејска Македонија" изјавил тој во јуни 1945 година, "е СОЕДИНУВАЊЕТО СО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА, согласно принципите на Атланската повелба и изјавите на Сталин - Рузвелт - Черчил. ... Грчкиот народ нема ништо да изгуби од ова СОЕДИНУВАЊЕ ...Заедничката борба на Македонците и Грците ќе помогне и ќе го отвори патот да се соединат Македонците со слободна

---

[141] Р. Кирјазовски, *Македонски национални институции*, 95. Т. Мамуровски наведува дека бригадата била расформирана со специјална наредба од Тито бр. 236, од 2 април 1945 година: (Т. Мамуровски, *Македонците во Егејска Мкаедонија*, 138).

[142] Ibid., 94-95.

[143] A. Rossos, "Incompatibile Allies: Greek Communism and Macedonian Nationalism", 55.

Македонија , а пак Грците да добијат демократија и да го исфрлат туѓиот јарем и да го отворат патот за една народна власт во Грција."[144] Програмската цел на НОФ за обединување на егејскиот дел на Македонија со НР Македонија, јасно била прецизирана и од Главното раководство на НОФ, во уводната статија објавена во официјалниот орган на НОФ, "Билтен", од 15 март 1946 година: "Македонскиот народ во Егејска Македонија со полно право бара да се присоедини кон својата матица, кон својот пиемонт Вардарска Македонија. Ние тоа право го извојувавме со оружје во рака. Ние се боревме заедно со грчкиот народ во редовите на ЕЛАС против ... окупаторот и со тоа се боревме и за своја национална слобода".[145]

Сепак, заради создадените услови во Грција по договорот во Варкиза, а генерално и на Балканот, "НОФ морал да ја повлече или барем да ја одложи, до победата на грчката левица, неговата максимална цел, национално самоопределување и обединување, што значела анатема за Грците од сиот политички спектар. Наспроти тоа, тој се сконцентрирал на неговата минимална цел: заштита на опстанокот на Македонците во Грција, за што имал разбирање и поддршка, официјално, барем, во левицата предводена од комунистите".[146] Со право може да се констатира дека оваа минимална програма, останала како негова деклараририрана политика до Вториот конгрес на НОФ, одржан во март 1949 година - практично до крајот на Граѓанската војна.[147]

---

[144] *Егејска Македонија во НОБ 1945*, т. II, 110-111.

[145] *Егејска Македонија во НОБ 1946: Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во Граѓанската војна во Грција 1946 година*, т. III (Скопје: Архив на Македонија, 1976), 190.

[146] A. Rossos, "Incompatibile Allies: Greek Communism and Macedonian Nationalism", 56.

[147] Ibid.

Што се однесува до организационата поставеност на НОФ, треба да се напомене дека највисок негов раководен орган бил Главниот одбор на НОФ сочинет од шест членови: П. Митровски, политички секретар, М. Керамитчиев, Ц. Урдов, А. Корвешов, П. Раковски и М. Фотев.[148] Во рамките на НОФ исто така биле формирани и организациите НОМС (Народноослободителен младински сојуз) и АФЖ (Антифашистички фронт на жените).[149]

Веднаш по формирањето на организацијата НОФ, започнало нејзиното практично делување на терторијата на егејскиот дел на Македонија. За релативно кус временскиот период, НОФ успеал да ја прошири неговата организационата мрежа, воглавно во сите области населени со македонска популација,[150] предизвикувајќи го дури и ефектот од формално постоење на ККЕ. "Таму каде се организира нашиот фронт, скоро целиот македонски народ тргна кон него. Во многу села и околии ККЕ постои само формално", трврдел Павле Раковски, во неговиот извештај за положбата во Воденската област, од 27 мај 1945 година. Ваквата состојба, била потврдена и од Атанас Жогас, активист на ККЕ во Западна Македонија, кога во писмото упатено до Лазо Дамовски-Ошенски, во септември 1945 година, забележал: "Денеска во повеќе славјаномакедонски села нашата партија не се прифаќа и тоа во името на марксизмот!".[151]

---

[148] Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 106; Т. Мамуровски, *Македонците во Егејска Мкаедонија*, 120.

[149] Поопширно: Р. Кирјазовски, *Македонски национални институции*, 138-162.

[150] Според непотполни податоци, во почетокот на 1946 година, организацијата НОФ, покрај Главното имала пет окружни, 10 околиски, 3 градски и 32 реонски раководства, со 120 професионални кадри на НОФ, НОМС, и АФЖ. На територијата на егејскиот дел на Македонија функционирале над 170 селски и градски организации. Во НОФ членувале 4 737 Македонци и Власи, во НОМС 4 823 младици и младинки, и 2 201 Македонки и Влаинки во АФЖ. (Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 129).

[151] *Егејска Македонија во НОБ 1945*, т. II. 306.

Активноста на НОФ во периодот по неговот формирање воглавно била насочена кон мобилизирањето на Македонците за заштита од секојдневниот терор. Илегалната организциона мрежа на НОФ го следела движењето на вооружени групи на десницта и го советувала населението да ги напушта домовите заради нивна безбедност; го помагала повлекувањето во големите градови или преку границата на сите оние активисти на кои им претстоела опасност да бидат ликвидирани или затворени; обезбедувала стручна помош на осудените, и воедно организирала масовни протести, митинзи, демонстрации и штрајкови.[152]

Паралелно со овие активности, со одлука на Главното раководство на НОФ, донесена на 28 април 1945 година,[153] биле формирани и вооружени групи за смоодбрана, и тоа скоро во сите околии на територијата на егејскиот дел на Македонија. [154] Активноста на овие релативно мали и слабо вооружени групи се одвивала се до август 1945 година, кога заради инсистирањето на ККЕ да се почитува нејзината ориентација за примена на "политичката борба", Главното раководство на НОФ донело одлука за прекинување на вооружените активности.[155]

Во секој случај, македонската организацијата, НОФ, се покажала како неприфатлива, не само за грчката десница, туку и за самата ККЕ. "Нашата организација трпи напади од две страни: 1) од десницата и 2) што е најважно од левицата, ККЕ", го известувал Вангел Ајановски-Оче, секретарот на Окружниот одбор на НОФ за Воденско, Главното раководство на НОФ, во септември 1945 година.[156]

---

[152] Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 131-134.

[153] Р. Кирјазовски, *Правната дискриминација на големо-грчката политика*, 25.

[154] Поопширно за ативноста на овие вооружени групи види: Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 134-138; Т. Мамуровски, *Македонците во Егејска Мкаедонија*, 147-151.

[155] Ibid.. 138. Ibid.. 151.

[156] *Егејска Македонија во НОБ 1945*, т.II, 317.

Во суштина, во дадениот момент не постоела основа за соработка помеѓу ККЕ и НОФ. Договорот во Варкиза значително го зголемил постоечкиот јаз помеѓу лидерите на македонското национално-ослободително движење во егејскиот дел на Македонија и грчките комунисти. За лидерите на НОФ, договорот од Варкиза претставувал капитулација, и што е посебно важно тие сметале дека комунистите можеле да ја освојат власта само преку вооружена борба.[157] Овој став на македонските лидери ни од далеку не бил во согласност со политичката ориентација на ККЕ за освојувањето на власта во земјата со политичка борба. Значајни, веќе се покажувале и разликите во однос на начинот за релизирањето на националните барања на Македонците. И, затоа, додека ККЕ и ЕАМ, на одреден начин протестирале против спроведувањето на теророт врз македонското население, во исто време категоричнио одбивале да ја прифатат организацијата НОФ.[158] Движењето на НОФ било прогласено за "фашистичко" "автономистичко", "раководено од Интелиџенс сервис", додека неговите следбеници биле прогласени за "сонмнителни и анархистички елементи...продолжувачи на делото на комитите", и "разбивачи на ККЕ".[159] Од нивна страна, до Македонците биле упатувани повици "да си ги затнат ушите и да се оглушат на сомнителните ветувања" што биле давани од оние "кои се појавуваат како заштитници на Македонците", а во суштина "се разбивачи на единството на народот".[160] Или како што, Танас Корвешов, еден од лидерите на НОФ, во извештајот за воено-политичката ситуација во Гуменџиско и Еницевардарско, од 7 август 1945 година, го оценувал ставот на ККЕ кон

---

[157] Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 146-147; Idem, *Македонски национални институции*, 103-104.

[158] A. Rossos, "Incompatibile Allies: Greek Communism and Macedonian Nationalism", 58.

[159] *Егејска Македонија во НОБ 1945,* т. II, 94, 222, 291, 313.

[160] Ibid., 95.

македонското нацинално - ослободително движење: "ККЕ отворено се бори против нашето движење и со секакви начини и средства сака да го уништи... Нивната борба против нас е поголема дури и од борбата против реакцијата".[161]

Ваквиот однос на ККЕ кон НОФ, во суштина, не се променил, се додека нејзиното раководство сметало дека власта во земјата можела да се освои само со политичка борба.[162] Но, кога ККЕ започнала постепено да ја придвижува нејзината политичка ориентација и кон примена на насилните методи во решавањето на внатрешно-политичките проблеми во земјата, се појавиле и првите индикации за промената на нејзиниот однос кон НОФ. На Пленумот на ККЕ за Македонија и Тракија, одржан во Солун на 28 декември 1945 година, генералниот секретар на ККЕ, Н. Захарјадис, ја подвлекол разликата помеѓу автономистите и НОФ, и го признал НОФ како "антифашистичка организација на Славјаномакедонците". Воедно, лидерот на ККЕ, ја истакнал и определбата за заедничко делување: "...Со Славјаномакедонците одиме рамо до рамо против месниот монархофашизам, против контрачетниците - автономистите и странските чорбаџии ... Со нив ќе врвиме заедно во борбата за лебот, за слободата, за ново-грчката народна демократија".[163] Во краен случај, говорот на Захарјадис "би можел да се смета и како одбивање на максималната цел на НОФ и потврдување на неговата минимална цел", и тоа во услови кога "десното-автономистичко движење веќе било задушено и повеќе не претставувало никаква закана".[164] Со слични ставови во почетокот на 1946 година истапил и Леонидас

---

[161] Ibid., 222.

[162] A. Rossos, "Incompatibile Allies: Greek Communism and Macedonian Nationalism", 58

[163] *КПГ и македонското национално прашање 1918-1974*, 339; *Егејска Македонија во НОБ 1945*, т. .II, 452-453.

[164] A. Rossos, "Incompatibile Allies: Greek Communism and Macedonian Nationalism", 59.

Стрингос, секретар на Обласното биро на ККЕ за Македонија и Тракија. Во статијата "Борбата за демократија и проблемот на Славомакедонците" тој повикал на повторно "единството меѓу Грците и Славомакедонците", според него "нарушено по Варкиза", а "во интерес на мирот и демократијата".[165] Во овој контекст неопходно е да се одбележи дека политичкото приближување на НОФ и ККЕ, значително се интензивирало по одржувањето на Вториот пленум на ККЕ, во февруари 1946 година. Фактички, ККЕ веќе јасно согледала дека Македонците од егејскиот дел на Македонија, биле единствениот реален сојузник, неопходен за реализирањето на донесената одлука за примена и на герилските активности во освојувањето на власта во земјата.

Меѓутоа, треба да се напомене дека ваквото приближување, фактички уследило, откако "ККЕ и КПМ ги надминаа нивните недоразбирања", што, од своја страна, пак, резултирало и со потпишувањето на "еден договор помеѓу Захарјадис и претставницитс на македонската држава", на 3 февруари 1946 година. Според овој договор, "... Славомакедонците од грчка Македонија, од една страна страна, се обврзаа, да ја поддржат ККЕ на изборите, односно во обидите за освојување на власта, од што, зависеше единствената надеж за поволно решавање на македонскиот проблем, и од друга страна, да и пружат вооружена помош на ККЕ, во случај на инциденти помеѓу левицата и десницата во текот на изборите".[166]

Истовремено, од посебна важност е да се потенцира дека Федерална Југославија, во меѓувреме, поточно од јуни 1945 година,[167]

---

[165] *КПГ и македонското национално прашање 1918-1974*, 347.

[166] PRO WO 204/17576. Intelligence Bulletin. On the Local Situation for the month of February 1946. 20 March. 1946.

[167] *Велика Британија и Македонија мај 1945-ноември 1948. Документи*, т. II (Скопје:ИНИ, 1996), 55.

преку официјалниот печат ги интенвизирала нападите против Грција, осудувјаќи ги притисоците врз македонското население во егејскиот дел на Македонија - што во крајна линија, пак, имало и внатрешна македонска употребна вредност. Или како што стои во заклучоците на британскиот амбасадор во Белград, Ралф Стивенсон, извлечени врз основа на "Меморандумот за денешната ситуација во Македонија", подготвен од Хеникер-Мејџор: "... Сегашната југословенска кампања во печатот против Грција е насочено кон одвлекување на вниманието од внатрешните работи. Не постојат индикации дека Југославија се подготвува да ја нападне Грција и не е веројатно дека таа ќе го направи тоа под претпоставка британските трупи кои се сега таму да не ја напуштат. Тактиката која југословенската влада има намера да ја следи е да ги изнесе своите барања против Грција врз основа на статистичките податоци од 1912 година на мировна конференција, каде таа веројатно очекува руска поддшка. Во случај нивните барања да останат целосно незадоволени, постои опасност јавното мислење, намерно запалено од југословенската влада, да го насочи со сила да ги задоволи своите барања".[168]

Во исто време југословенската влада се обидела да го актуелизира проблемот на Македонците од егејскиот дел на Македонија и пред меѓународната јавност. На 18 јули 1945 година, за време на одржувањето на Потсдамската конференција, таа упатила меморандум во кој ја обвинила грчката влада дека во однос на "Македонците од Егејот ги прекршувала принципите на меѓународното право во поглед на фундаменталните човечки права и слободи кои биле јасно изложени во Атланската повелба и Декларацијата на Обединетите Нациии од 1 јануари

[168] Ibid., 41.

1942, како и во Повелбата на Обединетите Нации."[169] Неколку дена подоцна била упатена и протесна нота до грчката влада со молба да прекине со "потврдените прогонства".[170]

Се поострите напади на југословенската влада, доживеале одредена кулминација во октомври 1945 година , кога во Скопје, по повод прославата на 11 октомври, во одржаниот говор Тито категорично изјавил: "... Има браќа Македонци во Егејска Македонија кон чијашто судбина не сме рамнодушни. Нашите мисли се кај нив ... ние ќе останеме при тоа да сите Македонци бидат обединети во својата земја ...Ние не сме се одрекле од правото македонскиот народ да се обедини. Ние никогаш не ќе се одречеме од тоа право. Тоа е наш принцип".[171] Скоро идентичен став изнел и претседателот на Народната влада на Македонија, Лазар Колишевски на митингот одржан во Битола на 14 октомври истата година: "... Ние ... изјавуваме дека не сме се одрекле од обединувањето на Македонија. Тоа е вековен идеал на нашиот народ".[172] И покрај тоа, што Ј. Б. Тито во ноември 1945 година, го убедувал британскиот амбасадар во Белград, Стивенсон, дека "немал никакви планови во однос на грчка Македонија",[173] пораките испратени од овие два говора биле повеќе од јасни и не можеле да бидат прочитани на поинаков начин, освен дека СФРЈ ќе застанела зад борбата на Македонците од егејскиот дел на Македонија за остварување на националната слобода. Тоа во корелација со веќе формираниот НОФ, како и со одлуката на ККЕ за отпочнување на герилските дејствија значело создавање на погодно опкружување за

[169] Цитирано според: S. G. Xydis, *Greece and the Great Powers*, 116.

[170] Ibid.

[171] *Нова Македонија*, 12 октомври 1945.

[172] *Нова Македонија*, 16 октомври 1945.

[173] *Documents on British Policy Overseas: Eastren Europe 1945-1946*, M. E. Pelly, H. J. Yasamee and K. A. Hamilton assisted by G. Bennett (Eds.), sries I, vol. VI (London: Foreign and Commonwelth Office, HMSO, 1991), 196-197.

насочување на Македонците од егејскиот дел на Македонија кон активно учество во престојната Граѓанска војна во Грција. Во исто време, неопходно е да се потенцира дека целиот овој развој на настаните потребно е да се следи и од аспект на започнувањето на периодот на Студената војна, што на македонското прашање ќе му даде и едни поинакви меѓународно употребливи димензии.

# III

# ПОЧЕТОКОТ НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА - ПОЧЕТОКОТ НА СТУДЕНАТА ВОЈНА

## 1. *Распаѓањето на Големата алијанса: причини и последици*

Разгледувањето на меѓународната политичка ситуација во текот на првите години по завршувањето на Втората светска војна претставува значајна компонента за согледување на надворешното опкружување во кое се одвивала Граѓанската војна во Грција. Ова е дотолку поважно доколку се земе во предвид фактот, дека создадените предуслови за Граѓанската војна во Грција во одредена мерка преставувале стекнато наследсто од Втората светска војна. При ова, за волја на вистината, треба да се напомене дека во овој однос Грција не преставувала никаков Европски, или поточно Балкански исклучок. Оттука, сосема разбирливо како клучно се наметнува прашањето, што е тоа што како дел од наследството од Втората светската војна, продолжило да делува на меѓународната политичка и економска сцена допринесувајќи во Грција да се развијат, односно заоштрат внатрешните општествени противречности, што подоцна ескалирале во Граѓанска војна.

Во оваа смисла задржувајќи се на повоената полтиката форсирана од страна на победничките сили - Соединетите Американски Држави, Советскиот Сојуз и Велика Британија, можно е да се согледа дека претходно објаснетата внатрешна состојба во Грција, а во тие рамки состојбата и развојот на меѓу-етничките односи во егејскиот дел на Македонија добила маѓународна "употребна вредност". Имено, согласно логиката на реал-политичкото однесување големите сили, во зависност од сопствените стратешки или тактички интереси, се едно, во Грција гледале погодно тло за обезбедување на сопствени сфери на влијанија, односно за

истиснување на соперникот.

Во историографијата, но и во останатите општествени науки постојат разни школи на објаснувања на причините за развојот на меѓународните односи по Втората светска војна. Сепак, еден момент се чини дека не е спорен за никого. Крајот на Втората светска војна предизвикал невидени промени во меѓународниот систем на државите. Со самото тоа, нејзиниот крај довел до повторна распределба на силите, изразена во дефинитивното завршување на ерата на вековната европска светска доминација.

Во новосоздадениот меѓународен политички амбиент, Соединетите Американски Држави се појавиле како најмоќна нација на светот. Нејзините противници биле поразени додека нејзините сојузници биле длабоко исцрпени. Истовремено, развојот на сопствена технологија во производството на нуклеарни боеви глави му обезбедило на Советскиот Сојуз, и покрај претрпените човечки и материјални загуби, да се појави како старо-нова, втора по ред светска сила. Велика Британија, исцрпена од шестгодишната војна била дистанцирана на третото место. Како резултат на доживеаниот колапс во 1940 година и серозните последици од војната, Франција повеќе не се наоѓала во редот на големите светски сили, што не значи дека го изгубила и атрибутот на европска сила. Германија, исто така го изгубла нејзиното место како голема сила. Нејзиниот втор обид за воспоставување на целосна хегемонија во Европа завршил со целосен пораз и нејзина окупација.[1]

На овој начин, крајот на Втората светска војна јасно ги издеференцирал двете светски суперсили - САД и СССР, чиишто меѓусебни односи ја одбележиле натамошната четириесет и петгодишна

---

[1] D. S. Painter and M. P. Leffler, "Introduction: The International System and the Origins of the Cold War", *Orgins of the Cold War: An International History*, 3.

биполарна поделба на светот, нешто што често било претскажувано во деветнаесетиот и почетокот на дваесетиот век.[2] Во оваа смисла DePorte е сосема во право кога вели дека меѓународниот поредок "преминал од еден систем во друг", во кој американската моќ била далеку по супериорна од советската.[3]

Потенцираниов трансфер на моќта секако дека имал своја рефлексија на меѓународен политички план, изразена во фактот дека односите помеѓу неодамнешните сојузници веднаш по завршувањето на војната започнале да се заоструваат, преминувајќи во состојба на конфронтација, која станала позната како Студена војна.[4]

Привидниот консензус што во текот на Втората светска војна постоел помеѓу сојузниците оставал впечаток дека сите повоени проблеми можеле да бидат договорени. Ова посебно доаѓало до израз доколку се земе во предвид фактот дека помеѓу суперсилите постоела заедничката желба да се спречи нова светска војна и да се создадат механизмни што ќе го обезбедуваат мирот. Меѓутоа желбите се едно, а стварноста нешто друго. Германското прашање поради својата комплексност, но и стратешка важност, едноставно не оставило место за каква и да било еуфорија.

Од стратегиска гледна точка, западните сојузници како и Москва биле детерминирани да го спречат секое оживување на германскиот милитаризам.[5] "Фактот дека тие се поразена нација, колективно и

---

[2] P. Kennedy, *The Rise and Fall of the Great Powers: Economic Change and Military Conflict from 1500 to 2000* (New York: Random House, 1987), 357.

[3] Цитирано според: Ibid.

[4] Во оваа смисла постојат автори што сметаат дека почетоците на Студената војна треба да се бараат веднаш по завршувањето на Октовриската револуција во Русија. (I. Wallerstein, *Geopolitics and Geoculture: Essays on the Changing World-System* (Cambridge: Cambridge University Press, 1991), 6.

[5] P. Kennedy, *The Rise and Fall of the Great Powers*, 374.

индивидуално" изјавил претседателот Рузвелт "мора да има такво влијание врз нив, што не би предизвикало никакво двоумење да започнат нова војна".[6] Поврзани околу прашањето за соодветно казнување на Германија, "Големите тројца" биле едногласни за брзо разоружување на германските вооружени сили. Исто така тие биле едногласни и во однос на нејзината времена поделба во зони, но сериозни разидувања се појавиле околу зедничката економска стратегија, што требела да биде применета.[7]

Основните контури на заедничката економска стратегија се исцртале со согласноста на "Големите тројца" за целосно демонтирање на германската воена индустрија, како и со согласноста економското производство на Германија да се ограничело на најниско ниво. Меѓутоа, имплементирањето на оваа политика се отежнало, пред се, со Сталиновото инсистирање за добивање на голем дел на репарации од Германија и преку пренесувањето на индустриска опрема и суровини во Советскиот Сојуз.[8] Во оваа смисла во Потсдам, на последната конференција на "Големите тројца", одржана во јули-август 1945 година, одреден компромис бил постигнат, со што на Советите им било дозволено да добијат поголем дел на репарации од нивната зона, како и ограничен дел на индустриски материјал и од западната зона на Германија.[9]

Острата репарациона политика форсирана од Советскиот Сојуз во однос на Германија набргу била соочена со промената на американскиот однос кон поразениот непријател, а што во одредена мерка може да се

---

[6]Цитирано според: J. Smith, *The Cold War 1945-1991, Second Edition* (Massachusetts: Blackwell, 1998), 9.

[7] Ibid.

[8] Ibid., 10.

[9]*Сборник документов: Советский Союз на конференцях периода Великой отечественной войны 1941-1945, Берлинска международныхя конференция (Потсдамская конференция) руководителеи трех Союзных держав - СССР, США и ВеликоБритании (17 июля - 2 августа 1945 г.),* т.VI (Москва: Издателъство политической литературы, 1980), 489-490.

толкува и како промена на американското однесување кон идната меѓународна архитектура. Сред америкнскиот естаблишмент се повеќе преовладувало мислењето дека Советите го употребувале прашањето за репарациите за да ја "држат Германија економски немоќна, и според тоа, лесно ранлива за комунистички пресврт и конечна контрола".[10]

Ваквиот став на Соединетите Американски Држави, во исто време го споделувала и владата на Велика Британија. Создадената ситуација во однос на проблемот на Германија постепено водела и кон дефинитивна одлука на западните сојузници, потикната од Соединетите Американски Држави во мај 1946, да се прекине со трансферот на репарациониот материјал од нивните зони во Советскиот Сојуз.[11] Во говорот што американскиот државен секретар, Џејмс Бирнс го одржал во Штутгарт, истата година, децидно означил дека Потсдамскиот договор во однос на Германија повеќе не важел. "Соединетите Американски Држави се повлекоа во изолационизам во 1919", истакнал Бирнс, и едновремено предупредил: "Нема повторно да ја сториме таа грешка. Имаме намера да го продолжиме нашиот интерес за работите во Европа и во светот".[12] Американската определба Германија повторно да биде обновена била истакната и од Бирнсовиот наследник, генералот Џорџ Маршал, кој во март 1947 година, изјавил дека неговата влада "се спротиставува на политиката што ќе ја остави Германија како зафрлена улица или економско сиротиште во центарот на Европа".[13] Во основа, Соединетите Американски Држави биле цврсто решени да ја финансираат обновата на Германија, со цел да обезбедат заштита од можна советска експанзија.[14]

---

[10] J. Smith, *The Cold War*, 12.

[11] G. Partos, *The World that Came in from Cold*, 30.

[12] Цитирано според: J. Smith, *The Cold War*, 12.

[13] Цитирано според: Ibid.

[14] Ibid.

Постепено, но сигурно на површина излегувала се поголемта взаемна недоверба.

Во секој случај, посебно е важно да се потенцира, дека конфликтот на суперсилите околу Германија, бил застапен и пошироко, посебно во Источна Европа и Средниот Исток. Воспоставувањето на комунистичката влада во Полска било оценето од Соединетите Држави како крајно неприципиелно однесување на Сталин, и прекршување на неговата обврска дадена на Кримската конференција за одржување на "слободни избори" во оваа земја.[15] Меѓутоа, Сталин бил категоричен во настојувањето дека "советската влада не може да се согласи во Полска да постои влада што ќе биде непријателска кон неа".[16] Едновремено, Сталин на Потсдамската конференција се обидел да го изнуди западното признавање на советско востановените комунистички влади во Бугарија и Романија.[17] "Напорите да се постигне американско и британско признавање на било каква влада наметната врз било која нација, со примена на сила од надворешна власт, нема да успее" изјавил американскиот претседател Труман, во октомври 1945 година.[18] И додека западните сојузници инсистирале на демократското барање за слободни избори, Сталин продолжил да ги јакнее комунитичките партии во Источна Европа,[19] создавајќи на тој начин безбедносна бафер зона околу Советскиот Сојуз.

Како и во случајот на Германија, така и во случајот на Полска, Романија и Бугарија, Потсдамската конференција не успеала да стори многу. Во суштина, како што пишува H. Kissinger "... реалниот резултат на

---

[15] Ibid., 13.

[16] Цитирано според: Ibid.

[17] H. Kissinger. *Diplomacy*. 434.

[18] S. G. Xydis. *Greece and the Great Powers*. 133.

[19] H. Kissinger. *Diplomacy*. 434.

Потсдам бил почетокот на процесот што ја поделил Европа во две сфери на влијание, сценарио, коешто било најмногу избегнувано од американските воени лидери."[20] Или како што подоцна, во одржаниот говор во Фултон, во март 1946 година, Черчил ја оценил создадената состојба: "Од Шчечин на Балтичкото Море па до Трст на Јадранот железна завеса падна на континентот. Сите тие славни градови и населението околу нив се наоѓаат во советската зона и препуштени се на овој или оној облик не само на советското влијание, туку исто така во голем степен на непосредната контрола на Москва".[21]

Започнатата конфротација помеѓу Советскиот Сојуз и западните сојузници, добила доплнителна димензија, кога на Средниот Исток, во почетокот на 1946 година, отпочнала кризата околу Иран. Оваа земја од 1941 година се наоѓала под заедничка воена англо-советска окупација. Според постигнатата согласност, двете земји требале да ги повлечат нивните војски во март 1946 година. Меѓутоа, присуството на советските војски во северните провинции на Азербеџан, каде го помагале сепаратистичкото движење против владеењето на иранскиот шах, сериозно индицирало дека Советите имале намера да го прекршат воениот договор, што, пак, од американска страна било оценето како советски обид за контрола на расположливите регионални извори на нафта.[22] "Нашиот понатамошен пристап кон нафтата на Средниот Исток е посебно загрозен од советската пенетрација во Иран", забележал еднен функционер на Белата куќа.[23]

---

[20] Ibid., 436.

[21] Цитирано според: R. Vukadinović, *Američko-sovjetski odnosi od 1917. do 1976* (Zagreb: Školska knjiga, 1977), 94.

[22] J. Smith, *The Cold War*, 13. Види и: S. G. Xydis, *Greece and the Great Powers*, 171-172; E. Averoff-Tossizza, *By Fire and Axe*, 139-140.

[23] Цитирано според: Ibid., 13-14.

Врз основа на сопствените проценки дека зад советското однесување стоела промислена агресија, Трумановата администрација како против делување ја поддржала одлуката на иранскиот шах да испрати ирански војски на северните граници, и едновремено го одобрила поставувањето на прашањето за повлекувањето на советските војски пред Обединетите нации.[24]

Кризата околу Иран завршила со согласноста на Советскиот Сојуз да ги повлече неговите војски во мај 1946 година, меѓутоа таа сама по себе генерирала зголемени убедувања во Вашингтон дека "Советскиот Сојуз прераснувал во непријател на Соединетите Американски Држави, и дека, неговите незаситни апетити за експанзија морале да бидат задржани".[25]

Разидувањата помеѓу Москва и Вашингтон, набргу биле изразени и во случајот на Турција. Во суштина, кон крајот на војната, поаѓајки од новостекнатата стратешка позиција, Советскиот Сојуз повторно го активирал проблемот за контролата на Дарданелите, што во текот на изминатите векови бил причина за постојано ривалство помеѓу двете империи.

За прв пат прашањето за потврдувањето на позицијата на Советскиот Сојуз на Дарданелите, било поставено од Сталин на неговата средба со премиерот Черчил, во октомври 1944 година, а подоцна и на Кримската конференција.[26] Според него: "Невозможно е да се прифати ситуација во која Турција ги има рацете на руското грло".[27] Оттука, во текот на пролетта 1945 година, Советскиот Сојуз го интензивирал притисокот врз Турција, и тоа, најпрво, во март, со откажувањето на

---

[24] Ibid., 14.

[25] Ibid.

[26] D. J. Alvarez, *Bureaucracy and Cold War Diplomacy: The United States and Turkey 1943-1946* (Thessaloniki: Institute for Balkan Studies, 1980), 44-47.

[27] Ibid., 45.

Договорот за пријателство и неутралност, склучен помеѓу двете земји во 1925 година,[28] а потоа и со барањето од турската влада за ревизија на Конвенцијата од Монтре; воспоставување на советска база на Дарданелите и враќање на одделни региони окупирани од Турција уште во времето на Првата светска војна.[29]

Додека Велика Британија со посебна загриженост го следела развојот на советско-турскиот спор, Соединетите Американски Држави се уште се приджувале на стопедесетгодишениот индиферентен однос кон Дарданелите.[30] Сепак, кога Потсдамската конференција не резултирала со соодветно решение, настапила пресвртница во американската политка.[31] Претседателот Труман укажал дека Соединетите Држави биле веќе подготвени да ги преземат одговорностите за решавањето на проблемот, што во суштина, било во тесна врска со верувањата на американската дипломатија дека Советскиот Сојуз преку Протоците, настојувал да оствари доминација на целиот Среден Исток.[32] Пројавениот интерес за Турција, а и воопшто за целиот Медитеран, Соединетите Држави, практично го демонстрирале со посетата на воениот брод Missouri на Истабул и Атина, во април 1946 година.[33]

Сепак, во текот на пролетта и летото 1946 година, настаните во Европа укажувале на понатамошната советска активност во однос на Средниот Исток. Поморски единици од Балтичкото Море биле преместени на Црното Море, а одредени извештаи потврдувале дека

---

[28] Ibid., 47.

[29] E. Averoff-Tossizza, *By Fire and Axe*, 142.

[30] D. J. Alvarez, *Bureaucracy and Cold War Diplomacy*, 49, 73.

[31] Ibid., 66.

[32] Ibid., 66, 77.

[33] S. G. Xydis, *Greece and the Great Powers*,175-191.

Советите пренеле и шеесет дивизии на турската граница.[34] Ситуацијата доживела одредена кулминација, во август 1946 година, кога Советите, на американскиот заменик државен секретар, Д. Ачесон, му доставиле копија од советската нота упатена до Турција за Дарданелите. Доставената нота со која се барало Протоците да бидат исклучиво под контрола на советските црноморски сили водела и кон конечното дефинирање на понатамошната американската политика во однос на Турција.[35] "Според нашето мислење, примарната цел на Советскиот Сојуз е да постигне контрола на Турција" што "... би резултирало со паѓањето на Грција и целиот Блиски и Среден Исток, вклучувајќи го и Источниот Медитеран под советска контрола..." било истакнато во подготвениот меморандум од заменикот државен секретар Ачесон во однос на прашањата на Источниот Медитеран. Поврзувајќи ги американските "витални интереси" со поддршката на Турција, и инсистирајќи на потребата тие интереси да се заштитаат "со сите средства што ни се на располагање", меморандумот, во суштина, упатувал на цврстата одлука на Соединетите Американски Држави да се спротиставаат на советската експанзија.[36]

Гледано од овој аспект, погоре споменатата употребна вредност на грчката внатрешно-политичка состојба го добила своето место. Како одговор на притисокот во Обединетите Нации околу Иранската криза, Советскиот Сојуз, во јануари 1946 година, го покренал прашањето за присуството на британските трупи во Грција.[37] Скоро едновремено, односно во февруари 1946 година, до грчката влада било доставено и

---

[34] D. J. Alvarez, *Bureaucracy and Cold War Diplomacy*, 92-93.

[35] Ibid., 93.

[36] Цитирано според: Ibid., 96.

[37] PRO FO 371/72241 R 4690/31/19, Greece: Annual Report for 1946, Sir C. Norton to Mr. Bevin , 15th April, 1948; T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 76.

барањето за воспоставување на поморска база на Додеканезите, додека во однос на англо-американската критика за неговата репресија во Источна Европа, Советскиот Сојуз започнал да го напаѓа "фашизмот" на грчката влада.[38] "Од меѓународна гледна точка Грција влегува во руските планови за експанзија во правец на Средниот Исток, Медитеранот и Индискиот Океан... [Задоволувањето на советскито барање за база на Додеканезите] би претставувало важен чекор во сегашните руски напори за доминација на Источниот Медитеран", бил заклучокот на Одделот на Стејт Департментот за Блискиот Исток, даден во меморандумот од март 1946 година. Во меморандумот била дадена и оценка за можниот понатамошен политички курс на Москва во однос на Грција: "Ако Советскиот Сојуз одлучи да интервенира по директно во грчките работи, две алтернативни методи се можни. Русија може да им даде директна дипломатска поддршка на безрезервните про-советски елементи во Грција, или да ги потикне словенските барања во однос на грчката територија. Било која метода да успее би го помогнала советското опкружување на Турција и би го олеснала решавањето на прашањето на Протоците во согласност со советските желби. Бидејќи секоја поткрепа на словенските барања за отцепување на Северна Грција, не моеже да биде обезбедена без ризикот од предизвикувањето на поголем општ пожар ... веројатно е дека било која советска интервенција во Грција ќе биде изразена во форма на силна поддршка на ЕАМ против неговите домашни и надворешни непријатели".[39] Во секој случај, дефинитивната промена на политикта на

---

[38] D. H. Close, *The Orgins of the Greek Civil War,* 160-161.

[39] Цитирано според: J. O. Iatrides, "Perceptions of Soviet Involvment", 229- 230. Според проценките, на кабинетот на британскиот премиер, од февруари 1946 година, Советскиот Сојуз во реализирањето на неговите "понатамошни намери" кон Грција, можел да ги искористи Југославија и Бугарија, кои "имаат територјални претензии кон Македонија и Тракија". (PRO PREM 8/797 Hem 2 Policy Towards Greece - Future of the Greek forces (C. O. S. (46) 35/0) (D. O. (46) 43, 6 February, 1946).

Соединетите Американски Држави во однос на Грција настапила една година подоцна.

Повоениот развој на настаните, сепак, се покажал сосема спротивен од оптимистичките очекувањата на Соединетите Американски Држави. Во февруари 1946 година, Сталин одржал говор во кој тој зборувал за "неминовноста од конфликтот со капиталистичките сили. Тој го убедувал советскиот народ да не се доведувал во заблуда од помислата дека завршувањето на војната значело и тоа дека нацијата можела да се релаксира. Напротив, интензивни напори биле потребни да се зајакне и одбрани татковината".[40]

Вака создадената ситуација, во која Соединетите Држави се помалку можеле да го прифат Советскиот Сојуз како реален сојузник, довела и до редифинирањето на дотогашната американската надворешна политика. Од посебно значење, во овој поглед, биле идеите на првиот секретар во американската амбасада во Москва, Џорџ Кенан. Неговата позната "Long Telegram", испратена од Москва во Вашингтон, во февруари 1946 година,[41] како и неговиот "Mr. X's Article", објавен во јули 1947,[42] во суштина, ги дале основнате контури на политиката на "containment" - "задржување", која станала "камен темелник на американската дипломатија во Студената војна".[43] "Во овие услови сосема е јасно, дека главниот елемент на било која политика на Соединетите Американски Држави кон Советскиот Сојуз, мора да биде оној, на долгорочност,

---

[40] C. W. Kegly, Jr., E. R. Wittkopf, *American Foreign Policy: Pattern and Process, Fourth Edition* (New York: St. Martin's Press, 1991), 50.

[41] За содржината на телеграмата види: S. G. Xydis, *Greece and the Great Powers*, 699-709.

[42] G. Kennan ("X"), "The Sources of Soviet Conduct", J. Kurland (Ed.), *The Failure of Diplomacy: The Origins of the Cold War* (New York, 1975); P. G . Boyle, "America's Hesitant Road to NATO", J. Smith (Ed.), *The Origins of NATO* (Exeter: Exeter University Press, 1990), 68.

[43] G. Partos, *The World that Came in from the Cold*, 15.

стрпливост, но и на постојано претпазливо *задржување* на руските експанзионистички тенденции", бил заклучокот на Кенан, даден во неговата статија.[44] Она што Кенан го препорачал како основна цел на политиката на "containment" било "Советскиот Сојуз да се задржел на неговото место, со зајакнувањето на економииите, а отаму и на моралот на сите оние земји коишто, можеле да бидат цел на деструкција".[45]

Идеите на Кенан, набргу биле прифатени од страна на вашингтонската администрација, а формално станале дел од американската надворешна политика, во март 1947 година, со објавувањето на Трумановата доктрина. [46]

Грција и Турција, во основа, биле првите земји во кои се почуствувала промената на курсот на американската надворешна политика. Или како што пишува G. Partos: "Грција била една од првите земји, каде што била демонстрирана определбата на Вашингтон, да ги употреби принципите на "containment" во Европа - иако имало еден предходен пример во случајот на Иран".[47]

Непосредениот повод за имплементирањето на новата стратегија на американската надворешна политика, бил даден на 21 февруари 1947 година, кога британската влада тајно го информирала Стејт Департментот за тоа дека по 31 март, нема да можела да и им укажува понатамошна финансиска помош на Грција и Турција.[48] Американскиот претседател Труман, како што пишува H. Kissinger "... веќе бил подготвен да ја преземе историската улога на Велика Британија во блокирањето на

---

[44] G. Kennan ("X"). "The Sources of Soviet Conduct", 43.

[45] C. E. Black, J. E. Helmreich, P. C. Helmreich, C. P. Issawi, A. J. McAdams. *REBIRTH: A History of Europe*, 70.

[46] G. Partos. *The World that Came in from the Cold*, 16.

[47] Ibid.

[48] S. G. Xydis. *Greece and the Great Powers*, 476; H. Kissinger, *Diplomacy*, 451; J. Smith, *The Cold War*, 15.

руското напредување кон Медитеранот...".[49]

По добиената согласност од грчката влада за испраќање на американски советници во Грција, на 12 март 1947 година, претседателот Труман, побарал од Конгресот да одобри 400 милиони долари за економска и воена помош на Грција и Турција.[50] "Опстојувањето на грчката држава, денес е загрозено од терористичките активности на неколку илјади вооружени луѓе, предводени од комунистите, кои им се спротиставуваат на органите на власта ... Грција мора да добие помош ако сакаме да стане самостојна и почитувана демократска држава", истакнал претседателот Труман во одржаниот говор.[51] За да ја добие поддршката на Конгресот, како и на осетливото американско јавно мислење, Труман, го оправдал неговото дејствување со генералната изјава, што подоцна станала позната како Труманова доктрина: "... Сметам дека Соединетите Американски Држави мораат да водат политка на помагање на слободните народи кои пружаат отпор на обидите за потчинување од страна на вооружено малцинство или на притисоците од надвор".[52] Американскиот конгрес, набргу, ја одобрил предложената сума, "за да се спасат Грција и Турција од комунизмот".[53] Со Трумановата доктрина, конечно настапила и целосната промена на американската политика во односот кон Советскиот Сојуз, а со самото тоа и кон Грција. Соединетите Американски Држави ја презеле дотогашната улога на Велика Британија, како главен надворешен фактор на влијание во внатрешните работи на оваа земја. Промената, во суштина, како што пишува J. O. Iatridies

---

[49] H. Kissinger, *Diplomacy*, 451.

[50] PRO FO 371/ 72248 R 2206/31/G, FO Minutes Wallinger, 16 September, 1948. Види и: S. G. Xydis "The Truman Doctrine in Perspective", *Balkan Studies*, vol. 8, no. 2 (Thessaloniki: Institute for Balkan Studies, 1967), 255.

[51] Цитирано според: B. Jelavich, *History of the Balkans*, vol. 2, 311.

[52] Цитирано според: C. W. Kegly, Jr., E. R. Wittkopf, *American Foreign Policy*, 52.

[53] J. Smith, *The Cold War*, 16.

настапила "...по 1946 година", кога "целиот механизам на надворешна политика на Соединетите Американски Држави бил цврсто убеден дека Грчката граѓанска војна била навистина критичната битка во раширената советско-американска конфронтација. Испитувајќи го широкиот опсег на меѓународниот развој на настаните од Берлин до Техеран, вашингтонските службеници заклучиле дека комунистичкото востание во Грција, морало да биде, и навистина било, клучен елемент во експанзионистичката политика на Москва".[54]

Трумановата доктрина, три месеци подоцна, била проследена и со иницијативата за економска обнова на Европа, позната како Маршалов план.[55] "Логично е дека Соединетите Американски Држави треба да сторат се што е можат за да го помогнат враќањето на нормалниот економски живот во светот, без кој неможе да има политичка стабилност и сигурен мир", изјавил во јуни 1947 година, американскиот државниот секретар Џ. Маршал, промовирајќи ја намерата на американската влада за закрепнување на уништената европоска економија.[56] Што е од посебна важност, Соединетите Држави, биле цврсто решени да ја помогнат и обновата на Германија, без која, според зборовите на Кенан "не може да има обнова на европската економија".[57] Можеби момент на поголема контраверзија претсавува и тоа што програмата за обнова како што истакнал Маршал била "отворена за сите европски земји, влучувајќи ги и они кои во сегашниот момент се наоѓаат под комунистички влади".[58]

---

[54] J. O. Iatrides. "Perceptions of Soviet Involvment", 236-237.

[55] Маршаловиот план - најголемиот доброволен трансфер на ресурси во историјата, и друите форми на надворешна помош ги чинеле САД 17.6 билиони долари (или 120 билиони во денешна вредност само за Маршаловиот план. (P. Duignan and L. H. Gann. *The USA and the New Europe 1945-1993* (Oxford: Blackwell, 1994), 41.

[56] J. Smith. *The Cold War*. 16.

[57] Ibid., 17.

[58] Ibid.

Реално не постоела никаква основа за успехот на оваа замисла. Маршаловиот план, чијашто основна цел, во суштина, била да се задржи комунистичката експанзија, од Советскиорт Сојуз бил оценет како вистинска опасност за неговата контрола на Источна Европа. Набргу уследиле бројни акции за зајакнувањето на меѓународното комунистичко движење. Во септември 1947 година било формирано и Комунистичкото Инфармационо Биро (Информбиро), во кое биле вклучени Советскиот Сојуз, Полска, Чехословачка, Унгарија, Романија, Бугарија, Југославија и комунистичките партии на Франција и Италија. "Демократските нации" на Информбирото биле обединети и подготвени за борбата против американскиот империјализам.[59] Крајниот резултат на ваквиот развој на настаните била поделбата и подоцнежната консолидација на Европа во два конкурентни и непријателски табори.

Трумановата доктрина и Маршаловиот план сосема јасно ја покажале цврстата определба на американската влада да се спротистави на пнатамошното комунистичкото напредување во Европа. Оттука, може да се оцени дека успехот на Македонците и грчките комунисти во текот на Граѓанската војна, според создадената историска констелација, во никој случај не зависел од "моќта на нивното оружје", туку од цврстата определбата на Соединетите Американски Држави да го спречат ширењето на комунизмот од другата страна на "железната завеса". Или како што пишува I. O. Iatrides "...кога насилствата во Грција се покажале дека се во тесна врска со наметнувањето на Московско-контролираните режими во Источна Европа, како и со советските притисоци врз Турција и Иран, Соединетите Американски Држави заклучиле дека востаниците претставувале закана за американските интереси, и нивниот пораз бил

---

[59] C. E. Black, J. E. Helmreich, P. C. Helmreich, C. P. Issawi, A. J. McAdams, *REBIRTH: A History of Europe*, 76; J. Smith, *The Cold War*, 18.

неопходен заради успехот на политиката за задржувањето на Советскиот Сојуз". [60]

## 2. *Граѓанската војна 1946-1947*

Без оглед што по општите избори во Грција, победиле популистите, а за привремен премиер бил избран претседателот на државниот совет, П. Пулицас, [61] креирањето на новиот грчки политички амбиент бил и понатаму под силно британско влијание. Но сега со еден нов момент! Имено и кабинетот во Лондон поради новонастанатиот меѓународен политички контекс морал да го прилагоди неговото делување кон потребите на надворшна политика на своите сојузници.

Недовербата, што британската влада ја чуствувала кон популистите, настојувала да ја избалансира со формирањето на широка коалициона влада, која би ги задржала уставните слободи и парламентарните институции; би ги забранила делувањето на вооружените групи; и би се воздржала од прераното поставување на прашањето за одржувањето на плебисцитот. Според проценките на британскиот министер за надворешни работи, Бевин, широката коалициона влада можела да ја смири непомирливата десница, а што било уште поважно, сојузот помеѓу партиите на десницата можел политички да го изолира ЕАМ и воедно да ги намали недоразбирањата помеѓу монархистите и републиканците. Сепак, за него од примарна важност останувало прашањето за времето на одржувањето на плебисцитот, од што тој сметал дека, пред се, зависел мирот во земјата.[62]

Форсираната британска политика набргу наишла на скоро

[60] J. O. Iatrides, "Perceptions of Soviet Involvment", 226.

[61] PRO FO 371/72241 R 4690/31/19. Greece: Annual Report for 1946, Sir C. Norton to Mr. Bevin , 15th April, 1948.

[62] T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 99.

несовладливи проблеми. Лидерите на т.н. Национална политичка унија (ЕПЕ), Папандреу, Канелопулос и Венизелос, кои по постигнатиот договор со популистите земале учество во владата на Пулицис, дале оставка, заради незадоволувањето на нивнито барање да добијат пропорционален дел од министерските места, како и заради несогласувањата околу одржувањето на плебисцитот. Така, на 18 април 1946 година, новиот полтички лидер на Популистичката партија, Константин Цалдарис, бил избран за премиер и министер за надворешни работи на новата воглавно популистичка влада.[63] Во моментот како основни политчки прашања, што барале брзо решение биле прашањето за регентството и времето на одржувањето на плебисцитот. Првото, на инсистирањето на британскиот министер Бевин, било решено, со согласноста на грчката владата, Дамаскинос да останел како регент во текот на "транзициониот период".[64] Прашањето за одржувањето на плебисцитот, сепак, останало како многу сложено и веќе било доведено во релација со американската политика во однос на Совескиот Сојуз. Американскиот државен секретар, Бирнс за да изврши притисок врз Советскиот Сојуз за повлекувањето на неговите војски од Австрија, Бугарија, Романија, како и од другите области, настојувал истото да го сторат и сојузничките војски. Ваквата ориентација го забрзувала и повлекувањето на британските војски од Грција, со што се налагало и побрзото одржување на плебисцитот, спротивно на британската намера. Прашањето било решено на средбата помеѓу Бевин и Бирнс, во Париз, кон крајот на април 1946 година. Следејќи ги Бевиновите инсрукции, британскиот амбасадор во Атина, Нортон, на 10 мај, го информирал Цалдарис дека кабинетот во Лондон е согласен со одржувањето на поран

---

[63] PRO FO 371/72241 R 4690/31/19, Greece: Annual Report for 1946, Sir C. Norton to Mr. Bevin . 15th April. 1948.

[64] Ibid.

пелбисцит, но под услов да се изврши ревизија на изборните списоците. На 13 мај регентот објавил дека плебисцитот ќе се одржел на 1 септември 1946 година. Британската влада продолжила да стравува дека вакавата одлука можела да предизвика Граѓанска војна во Грција, но тоа "изгледало како помала грижа во споредба со потребите на политиката на големите сили".[65] На 15 април 1946 година, грчката влада официјално ги поканила британската, американската и француската влада да испратат свои претставници за надгледување на ревизијата на изборните спицоци. Француската влада одбила да испрати нејзини претставници, така што, во Грција , пристигнале само британски и американски набљудувачи.[66]

Во меѓувреме, лидерот на ККЕ, Никос Захаријадис преземал одредени чекори за реализирање на партиската одлука донесена на Вториот пленум. На 20 март 1946 година, Захаријадис ја напуштил Атина и заминал за Прага, за да учествува на Конгресот на Комунистичката партија на Чешка. Патувањето, едновремено било искористено и за разговори со комунустичките лидери, од кои Захаријадис побарал поддршка за вооруженото делување. Така, на патот кон Прага, тој го посетил Белград, каде се состанал со југословенскиот лидер Ј. Б. Тито. "Првиот обид на лидерот на ККЕ да обезбеди ветувања на поддршка од братските партии бил успешен" пишува T. D. Sfikas "бидејќи Тито искрено се согласил со целите на ККЕ".[67] Ар. Улунян, наведува дека на средбата со раководството на ФНРЈ - Ј. Б. Тито, А. Ранковиќ и М. Ѓилас, Захаријадис добил согласност за прифаќање на 20 000 лица "прогонувани од монархофашистичките војски", а во суштина "идни борци на

---

[65] T. D. Sfikas. *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 102-104.

[66] PRO FO 371/72241 R 4690/31/19. Greece: Annual Report for 1946. Sir C. Norton to Mr. Bevin . 15th April. 1948.

[67] T. D. Sfikas. *The British Labour Government and the Greek Civil War*. 105.

партизанските комунистички одреди".[68] Потоа, во Прага, Захарјадис, добил ветувања за материјална и морална поддршка и од страна на лидерите на албанската и чешката комунистичка партија, како и од Георги Димитров, кој концептот на ККЕ за градуално преминување кон вооружена борба го оценил како сосема правилен. Скептицизам кон плановите за примена на вооружената борба во Грција, единствено, изразиле лидерите на француската и италијанската комунистичка партија. По престојот во Прага, Захарјадис заминал за Москва, на разговори со советското раководство. При првата средба, Сталин, Молотов и Жданов, ги одобриле одлуките на ККЕ, додека на втората тајна средба со Захрјадис, Сталин дал и препорака процесот на вооруженото делување да започнел "градуално од селата кон градовите, со цел да се спречела прераната воена интервенцијата на Британците, и да се издејствувал начин за изнаоѓање на компромис"(подвлечено од Л.П.).[69] Евидентно е дека "Сталин, во блиска иднина не предвидувал силна воена акција", и нешто што можеби е посебно забележливо е дека тој "не дал ветување за воена поддршка".[70] За време на престојот на Југославија, Захарјадис го посетил и логорот Булкес, Војводина, каде веќе се вршела обука на повеќе од 5 000 борци. Во одржаниот говор, пред военото и политичкото раководство, тој меѓу останатото го подвлекол и следново: "Вие сте должни да пристапите кон извршување на решението. Во Грција вратете

---

[68] Цитирано според: Ар. Улунян, *Коммунистическая Партия Греции*, 173.

[69] T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 105. Во врска со разговорите водени со советското раководство D. H. Close, пишува дека на средбата со Сталин, Молотов и Жданов, Захарјадис бил остро критикуван од страна на Молотов за апстиненцијата на ЕАМ од изборите, додека на следната средба со Сталин на Крим, тој добил претпазливо одобрување за неговата двојна стратегија. Исто така од Сталин добил совет вооружената борба да ја развива градуално во селата, така што ќе го спречел провоцирањето на Британците и ќе извршел притисок врз владата за компромис. Така тој ќе бил во позиција да ги нападне градовите, кога британските војски ќе се повлечеле од Грција. (D. C. Close, *The Origins of the Greek Sivil War*, 182).

[70] D. C. Close. *The Origins of the Greek Sivil War*, 182.

се само со оружје во рака, затоа што монархофашистичкиот режим има програма за Граѓанска војана."[71]

Без разлика на различните податоци во достапната литературтра за редоследот на водените разговори на Захарјадис со комунистичките лидери, [72] едно е сосема сигурно - без одобрувањето на Сталин и без ветувањата на Тито за материјална поддршка, тој не можел да започне да го реализира процесот на двојната стратегија. Меѓутоа, тука се наметнува прашањето за тоа, кои биле мотивите на Сталин, а исто така и на Тито за ваквата нивна одлука. Иако, заради недостатокот на достапна архивска документација, не може со сигурност да се согледаат мотивите на Сталин, сепак, може да се претпостави дека во дадената меѓународна политичка ситуација, основниот мотив, во суштина, бил, да се вознемират западните сојузници, во една осетлива стратегиска точка, како што за нив била Грција. Кога веќе постоеле предуслови, тогаш зошто да не се искористеле. Ако ништо друго како тактичко делување, во услови кога

---

[71] Цитирано според: Ар. Улунян, *Коммунистическая Партия Греции*, 175.

[72] D. Kljakić, во својот труд пишува дека одлуката за почетокот на Граѓанската војна била донесена од Сталин во март 1946 година, за време на неговиот престој крај езерото Рица на Кавказ. На неговата одлука и предходеле долги разговори со Захарјадис, кој го информирал за целосната ситуација во Грција и за соработката со Југословените. Сталин му сугерирал на Захарјадис да организира армија во соработка со соседните земји, Југославија, Албанија и Бугарија. По препорака на Сталин, Захарјадис заминал за Белгард за да го информира југословенскиот лидер за водените разговори и за спремноста на ККЕ за вооружена борба. Од Тито тој добил ветување за целосна материјална и морална подршка како за организирањето на борбата, така и за сместувањето на ранетите. Потоа, уследило патувањето на Захарјадис за Прага, а потоа и за Москва за да ги информира Сталин, Молотов и Жданов за резултатите од водените разговори. На 8 април Захарјадис повторно допатувал во Белград, каде со Тито ги усогласиле деталите за организирање на борбата, помошта и соработката.(D. Kljakić, *Sovjetizacija Balkanse zone, Ispovest Lazara Koliševskog* (Beograd: Radnička Štampa, 1992), 121-122). Дека одлуката за почетокот на Граѓанската војна била донесена од Сталин во март 1946 година пред средбата на Захарјадис со Тито, потврдува и С. Благоев. (С. Благоев, "Тајната дипломатија во текот на Граѓанската војна, 168). Р. Кирјазовски наведува дека дефинитивната одлука за отпочнувањето на вооружената борба била донесена на средбата на Захарјадис со Сталин на Крим, и со Тито на 2 април 1946 година во Белград. (Р. Кирјазовски, *Правната дискриминација на големо-грчката политика*, 41).

требале да се зацврстуваат сопствените позиции на меѓународно, регионално и локално ниво. Или како што забележува B. Kondis: "... [Советскиот Сојуз] сакал да ја искористи Грчката граѓанската војна за негови пропагандни цели, посебно кога Британија и Соединетите Американски Држави ја критикувале советската политика во Источна Европа".[73] Во прилог на оваа констатација е секако и фактот што во текот на целот период на Граѓанската војна, Москва, останала "одалечена, загонетна и равнодушна" кон ККЕ. Така, освен ретките примери на директна комуникација, грчките комунисти, биле принудени, контактите со Москва да ги остваруваат преку балканските канали: Димитров и Тито.[74]

Што се однесува до мотивите на југословенскиот лидер, Ј. Б. Тито, кој се покажал како најголема потпора на ККЕ, тие според T. D. Sfikas, биле "... како краткорочни, така и сосема разбирливо, долгорочни". Краткорочно, Тито воглавно бил заинтересиран за заштита на новата комунистичка Југославија, пред се, од опасноста, која според него произлегувала од обидите на Велика Британија да го прошири нејзиното влијание на Балканот.[75] Оттука, интернациналниот повик да се помогнат другите "револуции", не претставувал само должност, туку и можност да се добие уште еден сателит во непосредното соседство. "Југословенските експанзионистичките планови во однос на грчка Македонија", иако како мотив остануваат во сферата на претпоставка, сепак можат да се третираат како еден долгорочна цел на југословенскиот лидер.[76] Ако веќе

---

[73] B. Kondis. "The Termination of the Greek Civil War: Its International Implications", *Balkan Studies*, vol. 29, no. 2 (Thessaloniki: Institute for Balkan Studies, 1988), 330.

[74] J. O. Iatrides, "Perceptions of Soviet Involvment", 246.

[75] T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 106.

[76] Ibid. Види и: E. Barker "The Yugoslavs and the Greek Civil War". *Stidies in the History of the Greek Civil War 1945-1949*. 301-302. Во контекст на мотивите на југословенкиот лидер интересна е констатацијата на M. Almond дека по успехот на герилско движење во

се помагала "револуцијата", за која веќе постоеле "реализатори", зошто да не се направел обид за територјално проширување на новата југословенска држава, и тоа преку обединувањето на егејскиот дел на Македонија со НР Македонија. Во секој случај, основена грижа за Тито останала заштитата на новата федерација. Ниту Сталин ниту Тито, барем спрема развојот на настаните, ни одалеку не биле спремни да ги ризикуваат стекнатите позиции за победата на комунизмот во Грција или за обединувањето на Македонија.

Кога Захарјадис на 9 април пристигнал во земјата, во Солун, пред неговите следбеници,[77] одржал говор, во кој нападот на Литохоро го претставил како предупредување на владата и воедно сугерирал дека народот ќе бил принуден во самоодбраната да побара помош во оружјето.[78] Во суштина, по неговото враќање, тој изразито ја пропагирал смоодбраната, постојано нагласувајќи дека ако владата не го прекинела теророт, народот ќе морал да ги употреби истите средства.[79] Меѓутоа, постоеле голем број поединци кои едноставно не ги чекале неговите инструкции. Во текот на летото, во Северна Грција, односно, Егејска Македонија и Тесалија, се појавиле т.н. "Групи на прогонетите вооружени демократи" (ОДЕК), кои влегувале во директен судир со монархистичките вооружени групи и жандармеријата. Од некои локални организации на ККЕ, припадниците на ОДЕК биле обвинети за "екстермисти" и одбивале да ги помогнат, но сепак, тие наишле на поддршка во многу села, на кои им била укажана заштита од

---

Југославија, тој бил насочен кон проширувањето на "револуциите" насекаде на Балканот, "гледајќи се како лидер на идната Балканска федерација". (M. Almond, *Europe's Backyard War: The War in the Balkans* (London: Heinemann, 1994), 152).

[77] Говорот бил одржан пред партискиот актив. (Р. Кирјазовски, *Правнаша дискриминација на големо-грчкаша йолишика*, 43.

[78] FO 371/ 58699 R 10538/1/19. Mr. Peck to Mr. Bevin. Salonika. 5th July. 1946.

[79] T. D. Sfikas. *The British Labour Government and the Greek Civil War*. 107.

спроведуваниот терор.[80]

Во секој случај, ситуацијата во земјата и по одржувањето на изборите била далеку од стабилна. Спроведувањето на белиот терор особено било засилено пред и по одржувањето на парламентарните изборите и плебисцитот. Во земјата делувале 185 вооружени групи на десницата, од кои 34 во егејскиот дел на Македонија.[81] Исто така била забележлива и активноста на вооружените групи на левицата. Според, британскиот амбасадор Нортон, од мај па натаму "во Северна Грција активностите на вооружените групи земаа димензија на вооружено востание. На почетокот положбата беше лоша во Западна и Централана Македонија , каде групите на НОФ (Славо-македонски автономисти), беа активни. До јуни сериозни проблеми се јавија во Северна Тесалија, и дури во областа на Ламиа".[82] Пројавената активност на вооружените групи на левицата била сосема доволен, и можеби очекуван повод за преземање на доплнителни безбедносни мерки од страна на популистичката влада. На 4 мај 1946 година, со посебен декрет бил обновен законот од 1924 година, за формирање на Комисија за безбедност во секоја административна област, со "специјална задача да донесува казна за прогонство на островите за секое лице осомничено за давање на помош на разбојниците".[83] Во јуни владата презела уште подрастичен чекор со подготвувањето на Декретот Г/46 "околу мерките што се однесуваат на јавниот ред и мир", кој на 18 јуни 1946 година, и покрај силната критика на опозицијата бил усвоен од страна на Парламентот. Со одредбите на Декретот Г се предвидувала

---

[80] Ibid.

[81] Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 171.

[82] PRO FO 371/72241 R 4690/31/19, Greece: Annual Report for 1946, Sir C. Norton to Mr. Bevin . 15th April. 1948.

[83] Ibid.: Види и : Р. Кирјазовски, *Правната дискриминација на големо-грчката политика*, 52-54.

"смртна казна за учество, односно членство во организација која има цел ликвидирање на грчката држава, или отцепување на нејзин дел, учество во напад против жандармериска станица, т.е. полициска станица, воена единица, воен објект и сл." Донесените одлуки на преките судови биле конечни и не подлежеле на жалба.[84] Овој закон бил применет единствено во "Тракија, Македонија, Епир и Тесалија".[85] До средината на август 1946 година биле изречени и извршени 33 смртни пресуди и 35 пресуди со казна доживотна робија, а на грчките острови биле интернирани 3 520 лица. [86]

Во овој период, уследил и одличувачкиот чекор на Захарјадис да ја спроведе одлуката на Вториот пелнум, но се уште со нагласок за градуално развивање на герилските активности. Во јуни 1946 година, Бирото на ККЕ за Македонија и Тракија одржало состанок на кој лично учествивал и Захрарјадис. И покрај предлогот на Бирото, за брза мобилизација на 25 000 лица во регионот, Захарјадис инсистирал, да бидат организирани мали и брзо подвижни групи, кои немале да бројат повеќе од 2 000 лица. "Одбивањето на планот на милитантите бил во согласност не само со одлуката на Вториот пленум, но исто така и со советот на Сталин...".[87] Следниот чекор на Захарјадис, со цел да се извршел притисок на владата, била неговата одлука да се создаде единствено раководство на вооружените групи на левицата.[88] Во јули 1946 година, без никакви консултации, тој го избрал Маркос Вафијадис, член на Политбирото на

---

[84] Р. Кирјазовски, *Правнаӣа дискриминација на ӣолемо-ӣрчкаӣа ӣолиӣика*, 46-47.

[85] PRO FO 371/72241 R 4690/31/19, Greece: Annual Report for 1946, Sir C. Norton to Mr. Bevin, 15th April, 1948.

[86] Р. Кирјазовски, *Правнаӣа дискриминација на ӣолемо-ӣрчкаӣа ӣолиӣика*, 49. Според извештајот на британскиот амбасадор до крајот на октомври биле интрнирани 3 250 лица. (PRO FO 371/72241 R 4690/31/19, Greece: Annual Report for 1946, Sir C. Norton to Mr. Bevin, 15th April, 1948).

[87] T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 110.

[88] Ibid., 113.

ЦК ККЕ и поранешен *kapetanios* на ЕЛАС, за иден водач на Демократската армија, и го задолжил да замине во планините за да го преземе, раководството на партизанските групи кои веќе делувале низ целата земја.[89] Според британскиот амбасадор Нортон, бројниот состав на овие групи изнесувал окулу 4 000 лица.[90] Исто така, М. Вафијадис требал да замине за Белгард на консултации со Ј. Јоанидис и П. Русос, кои кон крајот на август требале да се префрлат таму за да се востановат како Комисија на Политбирото.[91] Според М. Вафијадис, тој воедно ги добил и следните конкретни наредби: "Со Комисијата на Политбирото да се разгледаат постоечките можности и да се делува согласно со нив, земајќи ги притоа како основа веќе постоечките вооружени групи на левицата; овие групи да бидат зголемувани на доброволна база; единиците на армијата кои сакаат да им се придружат на герилците не треба да бидат прифатени; делувањето да биде ограничено само на напади на ′вооружената реакција′, и притоа да се избегнува судирот со армијата; и додека делувањето на ККЕ биде дефанзивно не треба да има партиски организации во герилските единици". Како политичката опредлба и понатаму останувало помирувањето и мирното решение на внатрешниот проблем, заради што се преземале сите овие акции.[92] Согласно предвидениот план, на 25 август 1946 година, Ј. Јоанидис и П. Русос

---

[89] O. L. Smith. "Self-Defence and Communist Policy", 171; D. C. Close, *The Origins of the Greek Sivil War*, 193.

[90] PRO FO 371/72241 R 4690/31/19, Greece: Annual Report for 1946, Sir C. Norton to Mr. Bevin. 15th April. 1948. Р. Кирјазовски, пак, неведува дека бројот на герилците во октомври 1946 година изнесувал од 1 800-2 000. (Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 173).

[91] Префрлувањето на дел од ПБ на ЦК на ККЕ во Белград било договорено на средбата меѓу Тито и Захарјадис во април 1946 година. (Р. Кирјазовски, *Македонците и односите на КПЈ и КПГ 1945-1949*, 11.).

[92] T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 113; Ар. Улунян, *Коммунистическая Партия Греции*, 177.

преминале во Белград, а на 1 септември во Белград пристигнал и М. Вафијадис за да ги изврши потребните консултации за конкретните воено-политички прашања.[93] По престојот во Белград, М. Вафијадис се префрлил во егејскиот дел на Македонија,[94] каде на 28 октомври 1946 година, го формирал Главниот штаб на герилските сили. Тој воедно наименувал и регионални команданти, кои започнале да ги организираат нивните следбеници во вооружени единици. Во декември 1946 година, овие единици го добиле името Демократска армија на Грција (Dimokratikos Stratos tis Elladas или ДСЕ). За главен командат на ДСЕ бил наименуван М. Вафијадис, кој станал познат под псевдонимот "генерал Маркос".[95] Треба да се напомене дека во овој период ККЕ настојувала да добие помош за зголемување на бројноста на герилците на 20 000,[96] за што Ј. Јоанидис побарал од Москва одобрување да замине во советскиот главен град за да го образложи барањето. Неговата посета на Москва не била одобрена, така што тој бил принуден барањето во писмена форма да го достави преку Георги Димитров.[97] На 10 ноември 1946 година, Ј. Јоанидис децидно го информирал Захарјадис, за ставот на Димитров и Москва во врска со ова прашање: "Прво: Зимскиот период и меѓународната ситуација наложуваат вооруженото движење да не земе големи димензии; Второ: Главната задача мора да биде масовната политичка борба на народот, да се користат и најмалите легални можности, така што да се одржи врската

---

[93] Ар. Улунян, *Коммунистическая Партия Греции*, 177.

[94] Р. Кирјазовски, *Правната дискриминација на големо-грчката политика*, 46.

[95] T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*. 124 ; Ар. Улунян, *Коммунистическая Партия Греции*, 181; D. C. Close, *The Origins of the Greek Sivil War*. 195. Составот на Главниот штаб го сочинувале: Георгиос Протопапас Кикицас, заменик командант, Ламброс Каникаридис-Лесанис, Ѓорѓис Бланас-Кисавос и Панос Капетањос, членови. (Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 173).

[96] Ibid.

[97] J. O. Iatrides, "Perceptions of Soviet Involvment". 246.

на Партијата со масите; Трето: Партиските кадри да се заштитат и да не се изложуваат на опасности од уништување".[98]

Во текот на есента 1946 година, вооружените групи на левицата го засилиле нивното делување во егејскиот дел на Македонија. На 21 септември , било освоено големото село Дескати, а во текот на октомври биле извршени напади на малите градови Негуш (Nausa), и Шатиста (Siatista).[99] Исто така, според британскиот амбасадор Нортон до октомври, вооружените групите успеале да ја кослидираат нивна слободна област, во шумскиот предел на регионот познат како Хасиа (Khassia), додека на крајот на октомври патот Атина-Солун, западно од планината Олимп се нашол под нивна времена контрола.[100]

Во меѓувреме, на 1 септември 1946 , во Грција се одржал плебисцитот. На плебисцитот гласале вкупно 1 664 920 лица, од кои 1 136 302 гласале за враќање за кралот, а 183 430 за републиката.[101] На 28 септември грчкиот крал Георги II се вратил во земјата, со што во Грција била обновена монархијата.[102]

Последните месеци од 1946 година, на внатрешен политички план биле одбележани со напорите, пред се, на инсистирање на британската влада, но и со поддршка на Соединетите Американски Држави, за создавање на широка коалициона влада.[103] Следеле бројни воглавно безуспешни преговори со опозицијата, кои на крајот завршиле со

---

[98] Цитирано според: Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 145; T. D. Sfikas. *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 124.

[99] D. C. Close. *The Origins of the Greek Sivil War*, 194-195.

[100] PRO FO 371/72241 R 4690/31/19, Greece: Annual Report for 1946, Sir C. Norton to Mr. Bevin, 15th April, 1948.

[101] PRO FO 371/58714 R 16673/I/19, British Embassy, Athens, 11th November, 1946.

[102] PRO FO 371/72241 R 4690/31/19, Greece: Annual Report for 1946, Sir C. Norton to Mr. Bevin, 15th April, 1948.

[103] Ibid.

формирањето на нова влада, но без учество на либералите. За премиер бил наименуван Димитриос Максимос, додека Цалдарис ја добил функцијата заменик премиер и ја здржал функцијата министер за надворешни работи. Коалиционата влада била сочинета во поголем дел од популистите и ЕПЕ, и што е интересно во нејзините редови како министер за јавна безбедност се нашол и Н. Зервас, поранешниот лидер на ЕДЕС. [104]

Во текот на првате недели, вниманието на новиот кабинет на Максимос, воглавно, било насочено кон работата на Комисијата на Обединетиите нации за испитување на грчките гранични инциденти, која се состанала во Атина, на 30 јануари 1947 година.[105] Нејзиното пристигнување било во врска со писмото упатено од грчката делегација до Генералниот секретар на Обединетите нации, на 3 декември 1946 година, во кое се тврдело дека Југославија, Бугарија и Албанија ја поддржувале герилската борба во Северна Грција "против јавниот ред и територјалниот интегритет" на земјата.[106] На 19 декември, Советот за безбедност го прифатил предлогот на Соединетите Американски Држави, и донел одлука за формирање на Комисија за испитување, со цел да ги "утврди фактите во однос на наведените гранични престапи по должината на границата помеѓу Грција, од една страна, и Албанија, Бугарија и Југославија, од друга страна."[107]

Комисијата на Обединетите нации, сочинета од претставници на сите единаесет членки на Советот за безбедност, ја започнала нејзината

---

[104] PRO FO 371/72240 R 2576/31/19, Greece: Annual Report for 1947, Sir C. Norton to Mr. Bevin, February 25, 1948.

[105] Ibid.

[106] PRO FO 371/58891 R 18181/6032/19, Letter from the Acting Chairman of the Delegation of Greece to the Secretary- General, Dated 3 December 1946, and enclosed Memorandum.

[107] PRO FO 371/72243 R 8066/31/19, Why we went in Greece, 8 July, 1948; *The Conspiracy against Greece*, Security Council Decision on the Greek Question, 19th December 1946, 144-145.

работа веднаш по пристигнувањето во Грција, а ја завршила во април 1947 година, кога се повлекла во Женева да го подготви извештајот. На 23 мај, извештајот го потпишале сите членови на Комисијата, освен советскиот и полскиот.[108] Извештајот потврдувал дека "Југославија и во помал степен Бугарија и Албанија ја помагале герилската војна во Грција" и дека "југословенската и бугарската влада прифатиле политика на поддршка на посебна македонска држава во рамите на Југословенската федерација, за што ги користат аспирациите на Славо-Македонците во Грција за автономна Македонија".[109] Комисијата, воедно ги дала следните препораки: "Советот за безбедност да им предложи на четирите влади, прво, да воспостват и одржат добри односи; и второ, да склучат нов граничен договор. Трето, со цел да се нормализираат условите по должината на границата, Советот за безбедност да формира Комисија... Четврто, сите бегалци да се задржат што е можно подалеку од границите, и да се спречат од вовлекувањето во било каква политичка или воена дејност. Пето, доброволниот трансфер на малцинствата да се проучи и да се поддржи."[110]

Разгледувањето на извештајот во Советот за безбедност, започнало на 27 јули, со иницијативата на Соединетите Американски Држави за прифаќање на од нив подготвената резолуција, а базирана врз препораките на Комисијата. Бидејќи, прифаќањето на резолуцијата било спречено со вето на Советскиот Сојуз, американската влада побарала грчкото прашање да биде ставено на разгледување на Генералното собрание. На 21 октомври, Генералното собрание ја прифатило

---

[108] Ibid.; PRO FO 371/72240 R 2576/31/19, Greece: Annual Report for 1947, Sir C. Norton to Mr. Bevin, February 25, 1948.

[109] *The Conspiracy against Greece*, Report of the Investigation Commission to the Security Council on the Greek frontier incidents, 160, 162.

[110] PRO FO 371/72240 R 2576/31/19, Greece: Annual Report for 1947, Sir C. Norton to Mr. Bevin, February 25, 1948.

американската резолуција, и го изгласало формирњето т.н. Специјалнен комитет на Обединетите нации за Балканот (United Nations Special Committe on the Balkans или УНСКОБ), кој требал да го надгледува придржувањето на четирите влади кон дадените препораки. Специјалнот комитет ја започнал неговата работа во Грција, кон крајот на ноември 1947 година.[111] Југославија, Бугарија и Албанија одбиле да соработуваат со Специјалниот комитет.[112]

Во секој случај, присуството на Комисијата на Обединетите нации, не придонело за намалување на герилските операции. Во текот на зимскиот период на 1946-1947 година, Демократската армија ги зацврстила нејзините позиции, на "еден непрекинат појас во Западна и Централна Македонија и ги продолжила операциите во Тракија, во Северна Тесалија, северозападно и југозападно од Ламиа, и дури на Пелопонез".[113] Според британскиот амбасадор во Атина, Нортон, на почетокот на 1947 година, бројот на герилците изнесувал 12 000, додека пред отпочнувањето на првите поголемите воени операции на грчката армија против ДСЕ, во април истата година, нивниот број се зголемил на околу 20 000.[114]

---

[111] Ibid. УНСКОБ бил сочинет од претставници на Австралија, Бразил, Кина, Франција, Мексико, Холандија, Пакистан, Велика Британија и Соединетите Држави. Советскиот Сојуз и Полска одбиле да учествуваат во неговата работа. (H. N. Howard, "Greece and its Balkan Neighbors (1948-1949): The United Nations Attempts at Conciliation", *Balkan Studies,* vol. 7, no. 1 (Thessaloniki: Institute for Balkan Studies, 1966), 3).

[112] H. N. Howard, "Greece and its Balkan Neighbors", 3.

[113] PRO FO 371/72240 R 2576/31/19, Greece: Annual Report for 1947, Sir C. Norton to Mr. Bevin. February 25, 1948.

[114] Ibid. Покрај оваа борбена сила на ДСЕ, одреден број на регрути (Македонци и Грци, кои по договорот во Варкиза се наоѓале, воглавно во Југославија) постојано биле обучувани во повеќето логори во Југославија, Албанија и Бугарија. Инаку, ваквите логори за сместување и воена обука во Југославија, односно НР Македонија биле стационирани во селото Булкес, Војводина, потоа во Куманово, Тетово, Штип и Струмица; во Албанија во Рубик, и во Бугарија во Берковица. Покрај тоа, во Белград, Скопје и Битола имало и центри за регрутација, испорака на воена опрема, и прифаќање на ранети. Преку овие центри се вршело и префрлувањето на новите борци во редовите на ДСЕ. Обезбедувањето, пак, на сета борбената сила на ДСЕ, се вршело на доброволна

Летните месеци на 1947 година, воглавно, биле одбележани од воените операции на владините војски против Демократската армија. Преземените дејствија, што отпочнале на 9 април, пред се, биле резултат на посетата на британскиот командант на Империјалниот генрал-штаб, фелд-маршалот Монтгомери, на Атина во декември 1946 година, кога тој изразил цврсто гледиште дека "грчката армија морала да се концентрира исклучително на востанието", а "одлучувачкиот воен поход да отпочнел на пролет".[115] Подготвениот воен план предвидувал опкружување на силите на Демократската армија, со движење на владините војски од Централна Грција кон северниот дел на земјата. Рализирајќи го воениот план, владината армија се обидела да ги опколи и елиминира регионалните единиците на ДСЕ, но постигнала мали резултати. Лесно подвижните формации на Демократската армија го избегнале опколувањето, продолжиле со диверзиски операции и го извршиле првиот поголем напад на градот Коница во Епир. Кон крајот на август, заради потребата од префрлањето на вооружените сили во Централна Грција, владата, била принудена да ги прекине главните операции во областа на планината Грамос. Единствениот значаен успех било елиминирањето на силите на ДСЕ во планинската област на Западна Тесалија.[116]

Со преземените оперции, официјална Атина, покажала дека била подготвена да влезе во целосна конфротација со ѓерилските формации на ДСЕ. Меѓутоа, во исто време била забележлива интенцијата на ККЕ да и даде приоритет на вооружената борба. Значаен показател за ваквата политичка ориентација претставува меморандумот, што Захарјадис му го

---

основа, на полудоброволна основа, односно со морален притисок врз помладите, но исто така и насилно. (*The Conspiracy against Greece*,113; E. O'Ballance, *The Greek Civil War*. 142).

[115] PRO FO 371/72241 R 4690/31/19, Greece: Annual Report for 1946, Sir C. Norton to Mr. Bevin. 15th April. 1948.

[116] Поопширно: PRO FO 371/72240 R 2576/31/19, Greece: Annual Report for 1947. Sir C. Norton to Mr. Bevin. February 25. 1948. Види и: E. O'Ballance. *The Greek Civil War*. 137-139.

упатил на Сталин на 13 мај 1947 година, со кој го информирал дека: "Политбирото на Централниот комитет на ККЕ на неговиот состанок во средината на февруари 1947, дојде до заклучок, дека демократското движење, иако се уште им дава целосна поддршка на сите легални можности, мора да ја смета вооружента борба како најважна".[117] Одлуката на Политбирото од февруари, фактички, водела и кон одредувањето на понатамошната стратегијата и тактиката на Демократската армија, која, по преминувањето на Захаријадис во Белград на 6 април 1947 година, главно била креирана во југословенскиот главен град.[118]

Согласно новата политичка концепција, во средината на април 1947 година, Захаријадис и Јоанидис му упатиле писмо на Маркос, во кое ја изнеле потребата, за преобразба "на сегашната партизанска војна во конвенционална војна со непосредна цел - создавање на слободна територија, и тоа не само во планинските, туку и во значајните политичко-економски области." Тие воедно оцениле дека за реализирањето на поставената цел, како најпогодна област се "јавува Македонија со центарот Солун", врз основа на фактот, што оваа област била "најслаб и најчуствителен пункт за непријателот", но воедно и област "каде народно-демократското движење поседува најповолни политичко-социјални предуслови.[119]

Поставувањето на ваквата партиска определба , секако, ја наложувала потребата и од обезбедување на надворешна поддршка и помош. За таа цел, на 21 април 1947 година, Захаријадис, во Белград, се состанал со југословенскиот лидер, Ј. Б. Тито. Во текот водениот

---

[117] Цитирано според: O. L. Smith, "Self-Defence and Communist Policy", 175.

[118] Ар. Улунян, *Коммунистическая Партия Греции*, 188. Р. Кирјазовски наведува дека Захаријадис во Белград останал до октомври 1947 година. (Р. Кирјазовски, *Македонците и односите на КПЈ и КПГ*, 35).

[119] Цитирано според: Ар. Улунян, *Коммунистическая Партия Греции*, 189.

разговор, тој, го информирал Тито за ситуацијата во земјата, за реориентацијата на партиската политика и потребите за нејзиниот успех - зголемување на бројниот состав на Демократската армија на 50 000 борци и обезбедувањето на потребната воена помош.[120] "Резултатите од преговорите многу ветувале", пишува Ар. Улунян, "впрочем, како што на тоа, се надевало раководството на грчката партија".[121]

Сепак, за грчкиот комунистички лидер, Советскиот Сојуз претставувал главниот фактор за добивањето на потребната поддршка. По баранато и добиено одобрување, Захаријадис, во мај 1947 година, заминал во Москва, за да ги разгледа постоечките прашања со советското раководство. Нема сомнение дека Сталин се согласил со новата тактика на ККЕ.[122] Најдобра потврда за тоа е радиограма, што Ј. Јоанидис, ја упатил до делот на Политбирото во Атина со следната содржина: "Последните недели Кукос (Захаријадис), се сретнал со Дедо (Сталин) и резултатите од разговорите што ги водел со него за нашите проблеми се позитивни. Од резултатите треба да бидеме задоволни."[123]

Во почетокот на јуни, Захаријадис се вратил во Белград, од каде ги "потсетил" Советите за итнатна потреба на ККЕ од материјална помош, и ги информирал за посетата на членот на Политбирото на ЦК на ККЕ,

---

[120] T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 166. Следниот ден, односно на 22 април, Захаријадис и писмено го информирал Тито за состојбата и перспективата на ослободителното движење, за тактиката и стратегијата на ККЕ, како и за потребите на Демократската армија. (Р. Кирјазовски, *Македонците и односите на КПЈ и КПГ*), 35-39.

[121] Ар. Улунян, *Коммунистическая Партия Греции*, 189.

[122] Ар. Улунян, смета дека ваквиот став на Москва произлегол, пред се, од проценката, дека со примената на новата тактика, ККЕ, можела да го задржи вниманието на англо-американците во Европа, не дозволувајќи им активно да се вмешаат во конфликтот во Кина, на Далечниот Исток. Освен тоа, Граѓанската војна на тлото на Европа можела да го зголеми угледот на Сталин, и аналогно би го елиминирала мешањето на западните сојузници во советската зона на одговорност во Источна Европа. (Ibid.. 191).

[123] Р. Кирјазовски, *Македонците и односите на КПЈ и КПГ*, 39.

Милтијадис Порфирогенис на Москва. Иако со точност не може да се утврди целта на посетата, најверојатно е, дека во Москва, Порфирогенис ги извршил потребните консултации за содржината на говорот, што требал да го одржи на Единаесетиот конгрес на француската комунистичка партија во Стразбург.[124]

Без разлика на мотивите за посетата, Порфирогрнис на 27 јуни 1947 година, во Стразбур, јасно ги изнел конкретните цели и задачи на ККЕ: "Создавање на слободна демократска Грција, со сопствена влада и нејзин државен легитимитет...", што во крајна линија говори дека раководството на ККЕ било решено да ја освои власта во земјата.[125]

Ваквата најава, во секој случај, предизвикала силна реакција во Атина, и тоа не само сред официјалните владини кругови, туку и во редовите на Народно ослободителниот фронт. Членот на Плитбирото на ЦК на ККЕ, генералнниот секретар на ЕАМ, М. Парцалидис, го информирал Ј. Јоанидис, во Белград, дека говорот ја "вознемирил владата", но едновремено предизвикал "изненадување кај некои кругови на ЕАМ". "Нема сомнение дека тоа нам ќе ни создаде тешкотии", констатирал Парцалидис.[126] На "говорот во Стразбур", под изговор дека ККЕ подготвува вооружено востание за 10 јули, владата на Максимос, на 9 јули, одговорила со приведување и депортирање на 13 751 лица од областа на Атина-Пиреј.[127]

Потребно е да се напомене дека паралелно со наведените настани се одивала и иницијативата за постигнување на компромис помеѓу владата и грчката левица. Контактите зпочнале во април 1947 година, и

---

[124] T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War.*, 169.

[125] Цитирано според: Ар. Улунян , *Коммунистическая Партия Греции*, 192; Р. Кирјазовски, *Правната дискриминација на големо-грчката политика*, 76.

[126] Ibid., 192-193.

[127] T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 169.

тоа, помеѓу партијата на Венизелос и претставници на ККЕ и ЕАМ. Неколкуте понудени варијанти на Венизелос за постигнувањето на копромис биле условени од страна на ККЕ и ЕАМ, со барањето да учествуваат во владата, за да можеле да отпочнат преговорите, што, во суштина, довело и до неуспехот на отпочнатата иницијатива.[128] Уште еден обид следел на 12 јули, кога ККЕ и понудила на владата, прекин на востанието, во замена за формирање на нова влада, општа амнестија и одржување на нови избори. Сепак, "непоколебливиот совет ... да не си игра со овој оган", што го добил премиерот Максимос, од "владата на Неговото Височество", во однос на дадените предлози, се чини, дека бил одлучувачки за нивното неприфаќање. Посебно е важно да се напомене, дека во однос на прифаќањето на предлозите од ККЕ, " исто така, се спротиставила и владата на Соединетите Американски Држави.[129]

По неуспешните обиди за постигнување на компромис, воочливо е дека раководството на ККЕ забрзано ја придвижувала нејзината политика кон примената на "изјавата од Стразбур". Иако, во текот на август, официјалниот партискиот весник, *Ризоспастис*, ги пропагирал условите на ЕАМ за постигнувањето на примирјето, на почетокот на истиот месец, односно на 5 август 1947 година, Јоанидис го известил Маркос да "обезбеди слободна област за формирањето на идната влада на ККЕ; нејзиното формирање, сепак, не зависело од постоењето на таква слободна област"[130] Проценкате на Захарјадис во однос на можностите за реализирањето на поставената задача биле мошне позитивни, што се забележува од писмото, коешто тој му го упатил на југословенскиот лидер, Ј. Б. Тито, на 13 август 1947 година: "Денес, условите (воени и

---

[128] Ibid., 167-168.

[129] PRO FO 371/72240 R 2576/31/19, Greece: Annual Report for 1947, Sir C. Norton to Mr. Bevin, February 25, 1948.

[130] T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 187.

политички), за создавање на цврста слободна територија, со сопствена влада, се позрели од било кога, и ГШ на ДСЕ оди решително во таа насока. ... Без преувеличување можеме да кажеме дека нашите перспективи за зимата што се доближува, и за пролетта 1948 година, треба навистина да бидат оптимистички".[131] Пројавениот оптимизам во дедениот момнет, најверојатно се должел на пристигнувањето на материјална помош од Советскиот Сојуз. Меѓутоа, потребно е да се одбележи, дека оваа помош, иако "ги охрабрила лидерите на Партијата да продолжат со плановите за создавање на регуларна армија, била премногу ограничена за постигнувањето на поставената цел". Во оваа смисла интересна е забелешката на D. Close, дека упатената помош "изгледа била наменета само за да ја заштити Партијата, да не подпадне под преголемо југословенско влијание".[132]

Во секој случај, треба да се има во предвид и фактот, дека најавата за создавање на Привремената демократска влада на Слободна Грција била дадена, во моментот, кога, како што нагласува Ар. Улунян "... односите помеѓу Комунистичките партии и влади на "народно-демократските" држави на Полуостровот започнале да се развиваат по нагорна линија". Од посебно значење за развојот на овој процес биле преговорите водени помеѓу Г. Димитров и Ј. Б. Тито, на нивната средба во Блед, од 30 јули до 1 август 1947 година, а се однесувале на можностите за создавањето на Балканската федерација.[133]

Со склучувањето на Протоколот, кој предвидувал владите на двете

---

[131] Р. Кирјазовски, *Македонциѿе и односиѿе на КПЈ и КПГ*, 41-42.

[132] D. C. Close, *The Origins of the Greek Civil War*, 199. Во врска со упатената помош од Советскиот Сојуз, V. Dedijer, наведува дека таа се состоела од 30 против-авионски топови. Истата останала во Југославија, бидејќи "Грците не биле во можност да ја префрлат"во земјата. (V. Dedijer, *Novi prilozi za biografiju Josipa Broza Tita*, t. III (Beograd: RAD, 1984), 267.

[133] Ар. Улунян, *Коммунисѿическая Парѿия Греции*, 196.

земји да склучат договор за пријателство, соработка и взаемна помош, во суштина, Балканската федерација ги добила нејзините основни контури.[134] Плановите за создавање на Балканската федерација, како и оформувањето на југословенско-албанскиот воен сојуз, давале дополнителена надеж кај грчкото комунистичко раководство дека Привремената демократска влада ќе го обезбедела потребното признавање.[135]

На внатрешен политички план, пак, извесен оптимизам, за смирување на состојбите, се појавил на 23 август, кога кабинетот на премиерот Максимос поднел оставка. Под силен притисок на Соединетите Американски Држави, со предупредување дека ќе биде стопирана американската помош на Грција доколку не се формира коалициона влада, на 7 септември 1947 година, била формирана новата влада на премиерот Софулис - сочинета од десет претставници на либералите и четрнаесет претставници на популистите.[136] Софулис, како претставник на политката на "помирување" и "граѓански мир", влевал одредени надежи кај раководството на ККЕ за постигнувањето на неговите цели. Сепак, барањата на премиерот биле категорични - разоружување на ДСЕ, прекинување на сите востанички дејствија, по што, се гарантирала општа амнестија и примирје. На 9 септември, главниот командант на Демократската армија, Маркос, одбил да ги прифати барањата на владата, и воедно побарал формирање на влада на "нациналното

---

[134] B. Petranović, *Balkanska federacija 1943-1948*, 185. E. O'Balance наведува дека во Блед, помеѓу генерал Маркос и и претставници на ГШ на Југосалвија, Бугарија и Албанија, под надзор на советски офицери, биле водени пеговори, при што било одлучено да се формира Заеднички Балкански штаб од офицери од Југославија, Бугарија и Албанија за помош на Демократската армија. (E. O'Balance, *The Greek Civil War*, 150).

[135] Ар. Улунян, *Коммунистическая Партия Греции*, 196.

[136] PRO FO 371/72240 R 2576/31/19, Greece: Annual Report for 1947, Sir C. Norton to Mr. Bevin, February 25, 1948.

помирување", составена од сите страни вмешани во конфликтот. Понудените барања, биле одбиени од кабинетот на Софулис, со што раководството на ККЕ дефинитивно пристапило кон реализацијата на потребните воено-политички чекори - насочени кон постигнувањето и обезбедувањето на "превласта на ККЕ и ДСЕ во однос на атинската влада".[137] Во суштина, следел моментот за формализирањето на директивите на Захарјадис од април 1947 година, и подготовките за формирањето на владата. За оваа цел бил свикан Третиот пленум на ККЕ, кој се одржал на два состанока и тоа: еден во Белград, од 12-15 септември, во присуство на Н. Захарјадис, Ј. Јоанидис, командантот на ДСЕ, Маркос, Леонидас Стрингос, помошник на командантот за политичка работа, Петрос Еретријатидис, помошник на комнадантот на ДСЕ за Централна и Западна Македонија за политичка работа и П. Русос,[138] и еден во Атина на 27 септември, во присуство на членовите на ЦК, кои се наоѓале во главниот град.[139] Едновремено во Белгард било одржано и воено-политичко советување на главните политички и воени раководители на ДСЕ.[140] Според протоколарната белешка од Пленумот и советувањето, за политчката ситуација, за текот на народноослободителната борба и задачите на Партијата, реферат поднел Н. Захарјадис, додека воено-политичките аспекти и непосредните задачи на ДСЕ биле изнесени во рефератот на Маркос Вафијадис. Маркос, притоа, ги дал следните проценки и непосредни задачи: "Минатогодишниот првобитен план на Партијата, до пролетта 1947 година, ДАГ да брои 20 000 борци е остварен и нашата армија се очеличи во низа судири... Ние мораме да тргнеме смело кон оформување на

---

[137] Ар. Улунян, *Коммунистическая Партия Греции*, 198.

[138] Р. Кирјазовски, *Македонците и односите на КПЈ и КПГ*, 43.

[139] T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 188.

[140] Р. Кирјазовски, *Македонците и односите на КПЈ и КПГ*, 43.

нашата армија во регуларна армија, почнувајќи од создавање на бригади (сега сме дојдени до баталјони)... Сегашната сила на ДСЕ е 22 000 - 24 000 борци, организирани во 55-60 баталјони... За остварувањето на нашиот план, потребно е ДСЕ да прерасне на 50 000 - 60 000 лица...".[141]

Одлуките, што произлеге од Третиот пленумот, предвидувале: формирање на два дела на Политбирото, и тоа "дел на Полтбирото на Слободна Грција (во странство)", во состав: Захарјадис, Јоанидис, Маркос, Стрингос и Русос; формирање на Секретарјат на Полибирото во состав: Захарјадис, Јоанидис и Маркос; делот на Полтбирото во Атина до крајот на октомври во рамките на општата мобилизација на ДСЕ да мобилизира "1 500 партиски членови во Атина, 600 во Пиреј и 500 во Солун" и да организира канали за префрлување на слободната територија; промена на командантите на ДСЕ за Тесалија и Централна и Западна Македонија - Кисавос и Кикицас, со"поспособни раководители за тие должности"; Маркос, Јоанидис и Стрингос да раководат со остварувањето на одлуките кои се однесуват на ДСЕ.[142] Со втората тајна резолуција на Третиот пленум биле определени и конкретните задачи и цели на ККЕ: "создавање на ´слободна демократска територија´ со сопствена влада; пренесување на ´тежиштето на сета партиска работа на воено-оперативн план, така што да се овозможи ДСЕ да прерасне во таква сила, која би можела да доведе до создавање на Слободна Грција, во сите северни делови на земјата".[143] Како главен оперативен документ се јавил тајниот план "Limnes" ("Езеро"), подготвен од С. Папајанис, Маркос, и одредени југословенски советници. Во преамбулата на овој план била изнесена основната цел што требала да се реализира: "Во овој момент созреаја условите за

---

[141] Ibid., 43-45.

[142] Ibid., 46.

[143] Цитирано според: Ар. Улунян, *Коммунистическая Партия Греции*, 200.

исполнување на главната стратегиска задача, поставена пред нашата Демократска армија, и согласно со тоа, потребно е да се создаде слободна територија во областа Македонија и да се ослободи цела Македонија - Тракија со центар во Солун".[144] На 27 септември, одлуките на Третиот пленум биле потврдени и од членовите на ЦК во Атина.[145]

По одржувањето на Пленумот, Захарјадис и Маркос се состанале со Ј. Б. Тито, за да го информираат за работата на Пленумот, за политичката ситуација во Грција и перспективите на ДСЕ. На 20 август, грчкото партиско раководство и писмено се обратило до ЦК на КПЈ, со молба да "посредува ...и кај сите други партии, и пред се, европските партии" за добивање на морална и матерјална помош "во борбата што ја води грчкиот народ за своја национална незвисност". Воедно, изразиле благодарност за "за огромната помош" добиена од Југославија.[146] и "разбирањето што го покажаа албанските другари и готовноста на

---

[144] Цитирано според: Ibid., 201.

[145] T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 188.

[146] Од 1946 до декември 1947 година, Југославија на ККЕ и ја упатила следната помош во воен и друг материјал: 24 топа калибар 76 mm, 37 ПА митралези и 500 илјади куршуми за ПА митралези, 332 тешки митралези, преку 8 000автоматски пушки, 30 илјади пушки, 7 000 панцер-фаусти, 2 300 пиштоли, 57 000 рачни бомби, 5 500 одела, 40 радиостаници, 20 000 шинели, 50 сандаци сапун, два и пол вагони конзерви со месо, 100 пакети кафе, 40 илјади тони пшеница и 500 коњи. Само УДБ-а за Македонија испратила 5 милиони тогашни динари за исхрана на ранетите. Помошта била зголемена и по формирањето на валадата на Маркос. Одговорен за централната оперативна група за помош на ДСЕ бил А. Ранковиќ со соработниците - генерал Ј. Капичиќ, заменик на сојузниот министер за внатрешни работи, потполковник С.- Учо Крстиќ, потполковниците М. Врбица, Ѓ. радовиќ и М. Милутиновиќ, мајорите Д. Миовиќ и О. Трниниќ, капетан Ѓ. Ѓурица, поручниците Ј. Поповиќ, Р. Косановиќ, К. Панговски и Ш. Бенчиќ, воените службеници Л. Сефероовиќ и Б. Јовановиќ. Посебната медицинска екипа ја сочинувалепотполковник В. Б. Мајсторовиќ и д-р Ј. Белиќ. Помош во ракување со оружјето на борците на ДСЕ им давале мајорите В. Декиќ и С. Стефановиќ, поручниците Ј. Поповиќ и П. Лучиќ. (D. Kljakić, *Sovjetizacija Balkanske zone*, 122-123; Д. Кљакиќ, *Времето на Колишевски* (Скопје:Матица Македонска, 1994), 276). Види и: Р. Кирјазовски, *Македонците и односите на КПЈ и КПГ*, 263-256.

Бугарите".[147]

Одлуките на Третиот пленум со нивната амбициозност предизвикале одредни негативни реакции кај дел од партиското раководство што се наоѓало во Грција. Во телеграмата, што членот на ПБ на ЦК на ККЕ, В. Барџотас му ја упатил на Захарјадис, како одговор на предходното најавување дека наскоро требал да се очекува"удар на Демократската армија, што ќе довел до освојување на Солун", остро го предупредил, дека ДСЕ не е во состојба да го нападне и освои Солун. и дека "таквата операција би била само авантура".[148] Со примената на насилните методи во решавањето на внатрешните политички проблеми, не се согласиле и дел од припадниците на ЕАМ, кои сметале на постигнувањето на компромис со владата на Софулис.[149]

Како и да е, на 8 октомври 1947 година, партискиот весник *Ризоспастис* го објавил апелот на Маркос -"Сите на оружје" - што бил доволен сигнал за грчката влада да ги преземе потребните мерки.[150] На 21 октомври, Парламентот усвоил закон со која се забранувале сите весници, што го "подржувале или потикнувале" востанието,[151] а во почетокот на ноември 1947 година, владините војски отпочнале воени операции на планинските масиви Вичо и Грамос, кои, сепак, без поголем успех, завршиле на крајот на месецот.[152] Според британскиот амбасадор Нортон,

---

[147] Р. Кирјазовски, *Македонците и односите на КПЈ и КПГ*, 47-48. Албанија уште од смиот почеток им упатила помош на грчките комунисти, преку базата во Корча. Помошта се состоела од трофејно оружје, чии резерви набргу биле исцрпени. Бугарија, која не располагала со трофејно оружје, добивала оружје од Југославија, преку Петрич и Струмица, и вршела префрлување на истото преку Беласица. (V. Dedijer, *Novi prilozi*. t. III, 267).

[148] Ар. Улунян, *Коммунистическая Партия Греции*, 201.

[149] Ibid., 201-202.

[150] T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 189.

[151] Ibid.; Р. Кирјазовски, *Правната дискриминација на големо-грчката политика*, 86.

[152] Ар. Улунян, *Коммунистическая Партия Греции*, 204.

"во суштина, востаниците ја имале иницијативата на секаде, ... нивното снабдување било потобро од било кога", а "нивната комуникација по должината на главните планински масиви била скоро непречена".[153] Можеби вака создадената ситуација на одреден начин делувала кај раководството на ККЕ, посебно кај оној дел што се наоѓал во странство, да се засили илузијата дека може да се реализира победата. Така, не осврнувајќи се на бројниот состав на грчката регуларна армија (135 000 војници во почетокот на 1948 година)[154], како и на започнатото пристигнување на американската материјална и техничка помош,[155] раководството на Партијата донело решение за создавање на Привремената демократска влада. На 10 декември, Јоанидис и Маркос го информирале членот на Политбирото на ЦК на ККЕ, С. Анастиадис, за донесената одлука, и предложиле во Привремената влада да учествуваат и претставници од ЕАМ. Одговорот бил дека било невозможно да се организира нивното преминување во планините, но, во суштина, повеќето партии на ЕАМ не се согласувале со ваквите планови на ККЕ.[156] На 22

---

[153] PRO FO 371/72240 R 2576/31/19, Greece: Annual Report for 1947, Sir C. Norton to Mr. Bevin, February 25, 1948.

[154] PRO FO 371/72241 R 4402/19, The Military Situation in Greece, 23th March, 1948. Според B. Jelavich, грчката регуларна армија во овој период броела 132 000, додека според Ар. Улунян, кон крајот на 1947 година, броела повеќе од 180 000 војници. (B. Jelavich, *History of the Balkans*, vol. 2, 311. ( Ар. Улунян, *Коммунистическая Партия Греции*, 205).

[155] На 22 мај1947 година, претседателот Труман ја потпишал законската уредба за одобрувањето на помош на Грција и Турција. За Грција биле одобрени 300 милиони американски долари, од кои 150 за оскрбување на грчката армија со оружје, воничка опрема, облека и се останато што било неопходно за успешно делување против востаниците. 20 милиони долари биле наменети за обнова на земјоделието, а 130 милиони за индустриската и финансиската реконструкција на земјата. (E. O'Ballance, *the Greek Civil War*, 141). На 20 јуни бил потпишан и американско-грчки договор, со кој се регулирала американската помош на Грција. Во Грција била упатена и Американска мисија за помош на Грција (Amerikan Mission for Aid Greece или АМАГ), која покрај другото имала и право да врши промени во составот на грчката влада. (T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 142).

[156] Ар. Улунян, *Коммунистическая Партия Греции*, 205;. T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 193.

декември, Јоанидис му упатил телеграма на Маркос, со барање на 24 декември 1947 година, да го прогласи формирањето на Привремената демократска влада.[157] Привремената демократска влада на Слободна Грција (ПДВ), била формирана на 23 декември,[158] а следниот ден востаничката радиостаница "Слободна Грција", што се наоѓала во Југославија, го објавила нејзиното постоење.[159] За премиер на ПДВ, бил наименуван Маркос Вафијадис, кој воедно ја извршувал и функцијата министер за одбрана.[160] Помеѓу повеќето цели на ПДВ, како прва и основна била "да се мобилизираат сите сили на народот за брзо ослободување на земјата од надворешните империјалисти и нивните локални предавници; за заштита на националниот суверенитет, териториален интегритет и за победа на демократијата".[161] По формирањето на ПДВ, со цел да се обезбеди седиште за новата влада, Демократската армија , ноќта на 23-24 декември започнала офанзива, за освојување на градот Коница, во непосредната близина на грчко-албанската граница. Воените дејствија траеле се до последните денови на декември 1947 година, при што, Демократската армија не успеала да ја реализира поставената цел.[162]

---

[157] Ibid.

[158] Д. Кљакиќ наведува дека ПДВ била формирана во Преспа, во малото место Асамати-Република Македонија. (Д. Кљакиќ, *Времето на Колишевски*, 276).

[159] PRO FO 371/72237 R 363/31/19 , Platis, Greek Democratic Army Radio Station, December 24, 1947; PRO FO 371/72240 R 2576/31/19, Greece: Annual Report for 1947. Sir C. Norton to Mr. Bevin, February 25, 1948.

[160] Составот на ПДВ го сочинувале: Ј. Јоанидис, потпретседател и министер за внатрешни работи, П. Русос, министер за надворешни работи, М. Порфирогенис, министер за правосудство, П. Кокалис, министер за здравство и привремено министер за образование, В. Барѕотис, министер за земјоделство, Л. Стрингос, министер за национална економија. Освен П. Кокалис, сите останати членови на ПДВ биле припадници на ККЕ. (Ibid.).

[161] Ibid.

[162] E. O'Ballance. *The Greek Civil War*, 160-161; E. Averoff-Tossizza, *By Fire and Axe*. 246-251; T. D. Sfikas. *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 193.

Формирањето на ПДВ, во секој случај, предизвикало допллнително влошување на внатрешните состојби во земјата. Како против одговор на формирањето на ПДВ, владата во Атина, го донела законот ПЗ 509/47 "околу мерките за безбедност на државата, уставното устројство и заштитата на граѓаните", со кој ККЕ и ЕАМ биле ставени вон законот. Овој закон предвидувала и смртна казна за сите лица обвинети за "ширење превратнички идеи" и за формирање на нелегални организации.[163]

Во овој период уследило и поктивното ангажирање на Соединетите Американски Држави во внатрешните работи на Грција, пред се, да се спречи признавањето на ПДВ, но едновремено и да се подобри делувањето на грчката регуларна армија. Покрај упатената материјална помош, со одобрување на претседателот Труман, била формирана специјална група од американски офицери, која требала да и ги даде неопходните оперативни совети на владината армија. Заедничката воена група на Соединетите Американски Држави за советување и планирање (Joint US Military Advisory and Planning Group или ЈУСМАПГ), пристигнала во Атина во декември 1947 година, а со работа отпочнала во првите недели на 1948 година.[164]

Може да се констатира, дека до крајот на 1947 година, од предвидениот план, ККЕ единствено успеала да ја создаде Приремената демократска влада. Нејзиното седиште не било обезбедено, а и нејзиното очекувано признавање од земјите на "народната демократија" не било добиено. Бројниот состав на ДСЕ, исто така, бил далеку од предвидената

---

[163] Р. Кирјазовски, *Правнаша дискриминација на големо-грчкаша йолишика*, 85-86.

[164] E. O'Ballance, *The Greek Civil War*,156; T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 191.

и потребна бројка за реализирање на поставениот план.[165] ККЕ не била повикана да учествува и на основачкиот состанок на Коминформот во Полска, што јасно индицирало дека "ККЕ претставувала периферна точка за интересите на советската надворешна политка". Нејзината борба на овој состанок воопшто не била спомената, а обидот на југословенскиот делегат да иницира дискусија бил спречен од А. Жданов.[166] Во меѓувреме, грчката регуларна армија се повеќе се зајакнувала, добивајќи ја целосната поддршка на Соединетите Американски Држави. Сепак, сето ова не предизвилало никакво двоумење кај лидерот на ККЕ да продолжи со реализација на предвидениот план, со што настаните што следиле, едноставно, станале неизбежни.

### 3. *Односите помеѓу НОФ и ККЕ*

Во логиката на политичкото, но и воениот делување, барањето на сојузници за остварување на одредена цел, посебно доколку противникот е посилен, е сосема нормална работа. Оттука, политичкото придвижување на ККЕ кон примената и на вооружените средства за освојување на власта, природно довело и до промена на нејзиниот однос кон македонското национално-ослободително движење во егејскиот дел на Македонија, предводено од организација НОФ. Ваквата промена, пак, од своја страна, дала една основа за понатамошно зближување на овие два политички фактори, што последователно резултирало и со отпочнување

---

[165] Во литературата фигурираат различни податоци за бројниот состав на ДСЕ во овој период. Според Р. Кирјазовси, ДСЕ во октомври 1947 година броела 36 000 борци, а според Ар. Улунян, ДСЕ во почетокот на 1948 година броела 26 000 борци. Повикувајќи се на стенографските белешки од Седмиот пленум на ККЕ (1957), Р. Кирјазовски, во истиот труд, наведува дека ДСЕ во октомври 1947 година, броела 23 500 борци. (Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 173, 209; Ар. Улунян, *Коммунистическая Партия Греции*, 209).

[166] T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 190.

на преговори за постигнување на согласност за нивно обединување. Сепак, неопходно е да се забележи дека, во даденот момент, започнал да се исцртува еден сојуз, меѓутоа, сојуз, помеѓу партнери, чиишто меѓусебни односи, биле оптеретени со висок степен на взаемна недоверба, предизвикана од историскиот баласт, стекнат најмногу во текот и по завршувањето на Втората светска војна. Токму присуството на оваа взаемна длабока недоверба, ја дозволува констатацијата дека овој сојуз започнал да се изградува врз една нерална основа. Меѓутоа, се чини, дека во постоечката историска рамка ниту ККЕ ниту НОФ, немале друга алтернатива. Тие едноставно, неминовно биле упатени еден кон друг, во претстојната борба која, на ККЕ требала да и обезбеди освојување на власта, а на НОФ нацинално ослободување на Македонците од егејскиот дел на Македонија. Во оваа смисла можеби најдобро објаснување дава А. Rossos, кој на едно место помеѓу останатото ќе напише: "Македонците дури не можеле ни да помислат на нациналното ослободување без победата на ККЕ, единствената партија во Грција која го имала признаено нивното постоење и национален идентитет. Во исто време, ниту ККЕ, реално не можела да ја очекува победата без директната или индиректната поддршка од нејзините северни комунистички соседи, посебно од Федерална Југослвија; меѓутоа, помошта од Југославија, каде Македонците веќе се здобиле со држава во рамките на федерацијата, тешко можела да се појави, доколку ККЕ не се здобиела со активна поддршка од Македонците во Грција".[167] Како и да е, сето ова, на еден или друг начин, претстојните преговори за постигнување на согласност за обединување на ККЕ и НОФ, ги претворила во еден мачен, неизвесен и долготраен процес.

Првите официјални контакти помеѓу ККЕ и НОФ биле остварени

[167] A. Rossos, "Incompatibile Allies: Greek Communism and Macedonian Nationalism". 43.

во април 1946 година, додека преговорите за обединувањето започнале во мај, а завршиле на 21 ноември 1946 година, со постигнувањето на конечната согласност за обединување на ККЕ и НОФ.[168] Треба да се напомене дека преговорите биле водени помеѓу ККЕ, од една страна, и НОФ, КПМ и КПЈ од друга страна.[169]

Во мај 1946 година, П. Митровски, секретарот на Главното раководство на НОФ,"по директва на ЦК на КПМ, а по барање на ЦК на КПЈ", бил "ополномоштен да стапи во контакт" со раководството на ККЕ, а по "можност ... лично со Захарјадис", за да разговара за две основни прашања: "1) за соработката на НОФ на Егејска Македонија со ККЕ и со демократските сили, и за спојување на партиското раководство (КПМ) во Егејска Македонија, вертикално, од долу до горе, и 2) за ставот на ККЕ спрема оружената борба, переспективите на истата, односно, дали ККЕ ќе проследи таков курс". По преминување во егејскиот дел на Македонија, П. Митровски, во првата половина на мај, се состанал со Леонидас Стрингос, секретарот на Покраинскиот комитет на ККЕ за Македонија - Тракија. Во врска со водените разговори околу обединувањето на ККЕ и НОФ, Стрингос истакнал дека "... НОФ треба да ја сочува својата самостојност и незвисност ... [и] дека НОФ ... треба да влезе во политичка коалиција на партиите на ЕАМ, како независна антифашистичка организација".[170]

Водените преговори биле продолжени во втората половина на мај, во Солун, на средбата помеѓу Н. Захарјадис и П. Митровски. [171] Пет месеци подоцна, П. Митровски, во неговиот извештај од 23 септември 1946 година упатен до Централниот комитет на КПМ, потврдувал дека тој "со

---

[168] Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 156.

[169] E. Kofos, *The Impact of the Macedonian question*, 19.

[170] Р. Кирјазовски, *Македонците и односите на КПЈ и КПГ*, 12-13, 16

[171] Ibid., 19.

др.[гарот] Захарјадис и со други одговорни другари" ги определиле заедничките ставови врз кои требало да се оствари соработката и обединувањето со ККЕ. Тој дури напоменал дека не оствиле "ниту една точка темна или колеблива".[172] Во основа била постигната согласност по следните прашања: "НОФ да претставува единствена македонска национална организација на Македонците во Егејска Македонија, раководена од ККЕ; да се зачуваат македонските партизански единици (групи и одреди), а за секоја област да се формираат заеднички штабови од Грци и Македонци; ... кооптирање на Македонци во раководства на ККЕ и други масовни демократски организации". [173]

Иако, овој договор "никогаш не бил формално одречен или јавно потврден од Захарјадис",[174] сепак, неговото спроведување, наишло на отпор кај окружните и околиските лидери на ККЕ во егејскиот дел на Македонија, во текот на преговорите, водени летото 1946 година, со претставниците на НОФ.[175] Грчките локални партиски лидери одбиле да ги прифатат двете најсуштински барања на НОФ, и тоа: постоењето на самостоен македонски воен фактор и начинот на кооптирањето на кадрите на НОФ во раководствата на ККЕ и другите политички организации. Наместо овие барања, тие инсистирале да се создаде единствена армија, и ККЕ да го здржи правото на избор како на политичките така и на воените раководни кадри.[176] Присуството на тенденцијата да се потчни македонското национално-ослободително движење, било неоспорно. "Сметам дека треба ... тие да се стават под

---

[172] Ibid., 20; *Егејска Македонија во НОБ 1946*, т. III, 380.

[173] Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 157.

[174] A. Rossos, "Incompatibile Allies: Greek Communism and Macedonian Nationalism", 60.

[175] Поопширно: Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 158-162; Idem, *Македонски национални институции*, 109-111.

[176] *Егејска Македонија во НОБ 1946*, т.III, 378-383; 361-364; *КПГ и македонското национално прашање 1918-1974*, 397-400.

наше раководство за да им ги стегнеме рамењата, зошто инаку секогаш ќе ја имаме истата ситуација", пишувал во едно писмо секретарот на Окружниот комитет на ККЕ за Леринско, Стратос Кентрос, упатено до К. Шапера, претставник на ККЕ во Скопје, во врска со постоечките разногласија.[177] Во еден момент, дури постоела и намера и со употреба на воена сила да бидат расформирани македонските одреди и да бидат наложени ставовите на грчките комунисти.[178]

Од друга страна, категоричен бил и ставот на раководството на НОФ да се спротистави на ваквите тенденции. "Ако се обидете со воени средства да ги наложите вашите ставови и ние со воени средства ќе ги браниме нашите. Како претставник на НОФ изјавувам дека секоја акција што ќе има за цел расформирање на македонските единици и на НОФ, ќе ја сметаме за непријателска, ќе преземеме мерки против тоа, а ќе додадам дека оние што работат против НОФ ќе ги апсиме, макар од каде и да доаѓаат", му изјавил М. Керамитчиев на С. Кентрос, во текот на водените преговори. [179]

Во секој случај, ниту ставовите на локалните претставници на ККЕ ниту ставовите на претставниците на НОФ не биле значајни за постигнувањето на конечната согласност за обединувањето на двете организации. Директивите, едноставно, пристигнивале од највисоко партиско ниво. Иако не се познати сите детали за преговори водени помеѓу највисоките официјални претставници на ККЕ и КПЈ/КПМ , одредени факти сугерираат дека, пресудни, за постигнувањето на согласноста за обединувањето биле одлуките на југословенските и грчките партиски лидери. Во овој контекст интересно е да се одбележи

---

[177] *КПГ и македонско̄о национално ӣрашање 1918-1974*, 399.

[178] Р. Кирјазовски, *Македонски национални инс̄иӣуции*, 111.

[179] *КПГ и македонско̄о национално ӣрашање 1918-1974*, 400.

дека на 7 септември 1946 година, Лазар Колишевски, тогашен серетар на ЦК на КПМ и претседател на владата на НР Македонија, го информирал Ј. Б Тито дека во "Егејска Македонија' лидерите на грчките партизани не се разположени да ги спроведат одлуките во духот на разговорите водени со Захарјадис. туку се обидуваат со сите средства што им се на располагање да ги дезорганизираат и распуштат македонските едници". На 24 септември, Л. Колишевски, известувајќи за посетата на М. Вафијадис на Скопје, го информирал ЦК на КПЈ и за "барањето на Вафијадис, Славо-Македонските лидери да заминат за Грција". Тој, притоа забележал дека "неговите [на М. Вафијадис] инструкциите на НОФ", сепак, "не биле во духот на предходниот состанок одржан помеѓу Вафијадис. Тито, Ѓилас и Колишевски".[180]

Очигледно. не доволно запознаен со се што се случувало на највисоко ниво. Л. Колишевски, воедно побарал информација за тоа дали "...било какви промени биле направени 'во работата во Егејска Македонија".[181] Одговорот на Тито пристигнал на 7 октомври 1946 година. Како што пишува Е. Kofos, Тито на "... јасен начин ги изнел основните правила на соработката помеѓу КПЈ и ККЕ, во однос на улогата и позицијата на Славо-Македонците во грчката вооружена борба".[182] Тито на следниот начин ја дефинирал југословенската политика: "Сметаме дека во оваа ситуација, сите единици на тероторијата на Грција треба да бидат под единственото раководство на грчката команда, со која треба да бидете во контакт. Вашите луѓе сега не треба да се мешаат во организирањето и раководењето на вооружената борба во Грција. Вие треба да ја ограничите вашата активност во Егејска Македонија, и тоа,

---

[180] Цитирано според: E. Kofos, *The Impact of the Macedonian question*, 19.

[181] Цитирано според: Ibid.

[182] Ibid.

само на укажувањето на одредена помош, како со дневниот печатот итн...".[183]

Во оваа смисла, посебно внимание привлекува тврдењето на Р. Кирјазовски, дека одлуката за преминувањето на македонското нацинално - ослободително движење во егејскиот дел на Македонија под раководтво на ККЕ, како и одлуката за расформирањето на македонските партизански групи и нивното спојување со грчките партизански групи, биле донесени уште во април 1946 година, за време на средбата на Тито и Захарјадис, во Белград. Треба да се напомене дека на оваа средба грчкиот партиски лидер добил и одобрување за регрутација на борци од редовите на македонската емиграција што се наоѓала во Југославија.[184] Сепак, останува отворено прашањето дали во однос на овој проблем Захарјадис и Тито ги следеле диретивите на Сталин, или настапувале самоиницијативно. Следејќи ја логиката на комунистичката хиерархија во политичкото делување на меѓународен план останува мал простор дека не биле упатени директиви од советското раководство, и тоа посебно до Тито, кој се покажува како клучна фигура во реализирањето на "третата рунда" на Граѓанската војна во Грција.

Како и да е, на 14 октомври 1946 година, во Белград во текот на разговорите помеѓу Ј. Јоанидис и Иван Караиванов, бил постигнат еден

---

[183] Цитирано според: Ibid., 19-20.

[184] Р. Кирјазовски, *Македонците и односите на КПЈ и КПГ*, 11; Idem, "Македонското прашање во политиката на големите сили", 13. Во прилог на тврдењето на Р. Кирјазивски говори и Е. Kofos. Повикувајќи се на говорот на Захарјадис оджан на Седмиот пленум на ЦК на ККЕ, тој пишува:"По завршувањето на непријателствата Захарјадис обелоденил дека во неговиот првобитен договор со Тито, тој исто така го разрешил прашањето на Славо-Македонците, при што КПЈ се согласила дека 'Славо-Македонците ќе се борат заедно со нас' и дека 'ерозијата на македонскиот народ (очигледно од Скопје) ќе биде спречена". ( Е. Kofos, *The Impact of the Macedonian question* , фуснота,69, 42).

начелен договор околу обединувањето на ККЕ и НОФ.[185] Истиот месец, членовите на Главното раководство на НОФ, заедно со секретарот, П. Митровски, се состанале со Л. Колишевски, кој во таа прилика им ја дал следната директива: "Сега вие одите долу [во Егејска Македонија]. ККЕ е вашиот раководител. Да имате верба во нив. Нејзината политика по македонското прашање е јасна. Било какво прашање што ќе ви се појави ќе го решавате со раководството на Партијата. Внимавајте, не одите како фракција во Партијата, туку да се ставите под нејзино раководство. Борете се за зацврстување на борбеното единство со грчкиот народ, и борете се сите и со сите ваши сили против шовинизмот, сепаратизмот и локалистичките тенденции".[186] Потоа, П. Митровски и М. Вафијадис,

---

[185] A. Rossos. "Incompatibile Allies: Greek Communism and Macedonian Nationalism". 60; Според E. Kofos. текстот на договорот помеѓу Јоанидис и Караиванов "(во името на ККЕ и во името на КПМ)", е со дата од 15 октомври 1946 година. Исто така, E. Kofos забележува дека овој договор ги содржел повеќето, но не и сите услови предвидени со договорот за обединувањето на ККЕ и НОФ, од ноември 1946 година, за кој говорат М. Керамитчиев и Илија Димовски-Гоце во нивното писмо од 2 јули 1949 година. Најважни точки на договорот од 15 октомври биле: "a) НОФ ќе биде приклучен кон ККЕ, и тоа поточно во Покраинскиот комитет за Македонија и Тракија, прекинувајќи ги врските со КПМ; b) НОФ ќе формира Централен орган под раководство на Керамитчиев и Митровски, кој ќе одговара пред Покраинскиот комитет на ККЕ за Македонија и Тракија. НОФ ќе има негова младинска организација и печат; c) *Андарциите* [партизаните] во Егејска Македонија и Грција ќе имаат целосно организационо, политичко и акционо единство. Посебни 'македонски' единици нема да функционираат; d) Џ. Урдов, членот на Егејскиот комитет на КПМ, ќе биде задолжен да ја надгледува усогласеноста на партизанското движење во 'Егејска Македонија' со (југословенската) партиска линија". (E. Kofos, *The Impact of the Macedonian question*, фуснота 68, 42). За условите на договорот наведени од Керамитчиев и Димовски, што според E. Kofos индицираат за постоењето на уште еден договор, и тоа од ноември 1946 година, види: *Егејска Македонија во НОБ 1949*, т.VI , 313-314. Споменатиот договор, од 15 октомври, во целост е презентиран во објавените документи "*Македонците и односите на КПЈ и КПГ 1945-1949*". Во дадениот коментар во однос на овој документ Р. Кирјазовски, наведува дека Караиванов бил претставник на КПЈ, што е спротивно на тврдењето на E. Kofos, дека тој бил претставник на КПМ. Исто така, во овој документ не се споменува дека НОФ ќе имал сопствена младинска организација, како и дека НОФ требал да ги прекине врските со КПМ, што е изнесено во презентираниот документ од E. Kofos. (Р. Кирјазовски, *Македонците и односите на КПЈ и КПГ*), 28-29.

[186] Р. Кирјазовски, *Македонците и односите на КПЈ и КПГ*, 29; Р. Кирјазовски, "Никос Захаријадис", *Нова Македонија*, (5), 30 април, 1, 2 и 3 мај 1997. Види и: С. Кочов, *(Само)жртвувањето на Македонците под Грција. Како и зошто беше изманипулиран*

постигнале согласност околу останатите отворени прашања и ја склучиле конечната спогодба за обединувањето на ККЕ и НОФ.[187] Со одредбите на спогодбата се предвидувало следното: македонската партиска организација во Егејска Македонија во целост да се вклучи во ККЕ; организацијата НОФ, вклучувајќи ја организацијата АФЖ да се стават под непосредна контрола и раководство на ККЕ; да се формира Централно раководство на НОФ за Егејска Македонија, во кое, покрај останатите би влегле М. Керамитчиев и П. Митровски, и истото за својата работа да сноси одговорност пред Покраинскиот комитет на ККЕ за Македонија и Тракија; Централното раководство да има свој орган што ќе се печати на македонски и грчки јазик; П. Митровски да биде кооптиран во Бирото на ККЕ за Тракија и Македонија, Ц. Урдов во неговиот Пленум, и потоа, Покраинскиот комитет да изврши распределба на другите македонски кадри на соодветни партиски функции. Организацијата НОМС да се расформира и да се приклучи кон Нациналната сегрчка организација на младината (Eniea Panelladiki Organosi Neon, или ЕПОН); нејзиниот лидер М. Фотев да се приклучи кон Покраинскиот комитет на ЕПОН за Македонија и Тракија; партизанското движење во Грција и Егејска Македонија да оствари целосно организацино, политичко и акционо единство; посебни македонски партизански единици да не се формираат; Ц. Урдов да се приклучи кон Штабот на ДСЕ за Централна и Западна Македонија, и македонскиот како и грчкиот воен и политички кадар да биде именуван и унапредуван од ККЕ врз основа на личните способности.[188]

---

*македонскиот народ под Грција во Граѓанската војна 1945-1949 година* (Скопје: Матица македонска, 1994), 37.

[187] A. Rossos. "Incompatibile Allies: Greek Communism and Macedonian Nationalism", 60. Види и: *Егејска Македонија во НОБ 1947*, т. IV, 132-140.

[188] *Егејска Македонија во НОБ 1949*, т.VI, 313-314 и фуснота 135; Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 165; С. Киселиновски, *Егејскиот дел на*

Во секој случај, потребно е да се потенцира дека согласно условите предвидени со спогодбата, НОФ и ККЕ, биле принудени на едновремени остапки. НОФ морал се откаже од неговото основно барање за постоење на посебни македонски единици во редовите на ДСЕ и да го дозволи именувањето на политичкиот и воениот кадар од страна на ККЕ. Од друга страна, ККЕ била принудена да го прифати постоењето на Централното раководство на НОФ, што "de facto значело негово признавање како највисокиот орган на Македонците во Грција".[189] Вака создадената релација ги чинела нездоволни и едните и другите, што секако директно се рефлектирало врз понатамошниот развој на нивните взаемни односи. Следела ситуација во која се покажувало дека постигнатата спогодба многу малку сторила за надминувањето на скоро непремостивиот јаз. Така, иако НОФ јавно декларирал дека македонскиот народ ќе се борел за "рамноправност во рамките на независна демократска Грција",[190] ККЕ била под постојан притисок на сомнението дека "вистинската цел на НОФ останала самоопределувањето, којашто водела кон обединувањето на Егејска Македонија, или во крајна линија на оние области населени доминантно од Македонците со Народна Република Македонија". НОФ, пак, од своја страна, "поучен од изминатото практично искуство" бил доведен во ситуација постојано да ја "преиспитува македонската програма на ККЕ, и пред се искреноста на нејзиното раководство". Така, наоѓајки

---

*Македонија*, фуснота 345, 136. Спогодбата не била реализирана одеднаш и во исто време. На Вичо била реализирана на 21 ноември 1946 година, на Кајмакчал на 20 декември 1946 година, а на Пајак во јануари 1947 година. (Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 164; Idem. *Македонски национални институции*, 114).

189 A. Rossos, "Incompatibile Allies: Greek Communism and Macedonian Nationalism", 61. Новото Централно раководство на НОФ го сочинувале: М. Керамитчиев, секретар, П. Раковски, одговорен за агитација и пропаганда, В. Николова (Е. Балева-Вера), одговорна за АФЖ; членови: В. Ајановски-Оче, Л. Чолаков, В. Ничев. Како членови на раководството на НОФ останале и П. Митровски и М. Фотев. (Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 168).

190 *Егејска Македонија во НОБ 1946*, т. III, 432; 443.

се помеѓу потребата од Македонците во релизирањето на поставената цел - освојувањето на власта, и длабокото сомнение во однос на нивните крајни цели, ККЕ настојувала да го "неутрелизира НОФ како фактор во идните односи со Југославија". Оттука, контролата на организациониот механизам на НОФ, и посебно на неговото Централно раководство, се појавила како потреба од "животна важност" за ККЕ, што од своја страна, пак, го предизвикувало постојаното незадоволство на македонското раководство во егејскиот дел на Македонија.[191]

На овој начин уште од самиот почеток, додека и ККЕ и НОФ, јавно низ прогласите и пропагандните изјави ја промовирале потребата од соработката, "братството и единството" и "народното збратимување", на македонскиот и грчкиот народ во заедничката борбата за "слобода, независност, демократија, рамноправност и рамнограѓанство",[192] во нивните меѓусебни внатрешни односи се покажувало силно разногласие и недоверба. Така, во мај 1947 година, Атанас Жогас, секретарот на Окружниот комитет на ККЕ за Костурско, во писмото упатено до Тодорос Евтимијадис, секретар на Окружниот комитет на ККЕ за Леринско, оценувал дека "прашањето на НОФ ... е доста сериозно" и воедно предупредувал дека "тие пријатели", односно "предавници ... кои се движат автономистички ... можат да ни направат многу зла, ако ние не сме будни". "Тие пред нас играат двојна, сомнителна и лукава игра" и затоа "погрижете се да ја ограничите нивната дејност во армијата за да не успеат лошо да влијаат и да ги расипат добрите момчиња", била препораката на А. Жогас до Окружниот комитет на ККЕ за Леринско.[193]

---

[191] A. Rossos. "Incompatibile Allies: Greek Communism and Macedonian Nationalism". 61-62.

[192] *Егејска Македонија во НОБ 1946*, т. III, 418-420, 439-440; 441-444; *Егејска Македонија во НОБ 1947*, т. IV, 32-34, 144; КПГ *и македонското национално прашање 1918-1974*, 403-404;

[193] *КПГ и македонското национално прашање 1918-1974*, 414-415.

Ваквите ставови што преовладувале во ККЕ и ДСЕ не останале не забележани од раководството на НОФ. Во извештајот од 19 април 1947 година, П. Митровски, нагласувал дека и покрај тоа што за "спроведувањето на новата линија за спојување" бил "мобилизиран целиот апарат на организациите на НОФ и сите македонски кадри", соработката била значително отежната заради "шовинизмот... [и] ´хроничната´ недоверба која ја имаат неколку поодговорни друг.[ари] од ККЕ према кадрите и македонските раководители". "Духот кој владее кај раководителите на војската - оценувал Митровски - е потценувањето и стравот према македонските кадри" што резултирало со "систематско исклучување на Македонците од одговорни и иницијативни функции", и тоа на "штета на самото мобилизирање на македонскиот народ во борбата против општиот непријател". Во оваа смисла тој обрнал посебно внимание на ставовите на одредени одговорните лица како - Капетањос Еврипидис (Панос), член на Главниот штаб и на Штабот на ДСЕ за Централна и Западна Македонија, Кариофилис Јанис (Статис), командант на Штабот на ДСЕ за Пајак -Кајмакчалан, и А. Жогас. Тој воедно го препорачал "одалечувањето ... од македонските територии", на ваквите и слични кадри за да се "помогне развојот и правилното раководење на НОФ", кој на тој начин ќе можел "сестрано да ги активира и масовно да ги воведе македонските маси во општата борба за општото дело".[194]

Сличени ставови изнел и Вангел Шамарданов, комесарот на 576 баталјон при Штабот на ДСЕ на Пајак-Кајмакчалан во извештајот, упатен до раководството на НОФ, од 30 јули 1947 година. Тој забележал дека и "покрај масовното учество што постои во борбата од страна на Словеномакедонците (70-75%) и повеќе, и покрај воената, материјалната, моралната и финансиската нивна помош на ДСЕ во нашето подрачје, што

---

[194] *Еѓејска Македонија во НОБ 1947*, т. IV, 139-140.

се должи на Словеномакедонците и нивната организација НОФ". не постоела "никаква доверба, почитување и уважување на Славомакедонците". Во исто време тој потенцирал дека "кај народот [Македонците] во двегодишната борба ... под раководството на организацијата НОФ се формира и се дооформи идеолошкиот фронт. и се разви неговата националната свест и тој веќе со друг диоптер гледа на ситуацијата". Заради тоа "неговото сеопшто барање е да се издигнат кадри во ДСЕ, бидејќи сака да гледа во раководството да има Словеномакедонци, а тоа денеска не се случува во размери коишто треба да се случува", констатирал Шамарданов. Посебно внимание обратил и на дискриминацијата што се правела во однос на "партизаните што дојдоа од горе [вардарскиот дел на Македонија]", иако како што оценувал тој сите тие биле "раководни кадри во војската".[195]

Постоечките разногласија помеѓу НОФ и ККЕ биле тема на расправа на партискиот актив, одржан на 24 октомври 1947 година, во седиштето на Демократската армија за Западна и Централна Македонија, во присуство и на лидерите на НОФ. Членовите на Политбирото на ЦК на ККЕ, Л. Стрингос и Ј. Јоанидис, го истакнале масовното учеството на Македонците во борбата и притоа упатиле критика на "секое нивно потценување", кое посебно Јоанидис го оценил како "злосторство".[196] Сепак, како што забележува A. Rossos, "тие како и сите останати говорници на ККЕ го игнорирале НОФ во нивните изнесени ставови".[197] На состанокот, говорејќи од името на НОФ, М. Керамитчиев, потенцирал дека Македонците учствувале со "85% проценти во денешното демократско движење", и едновремено дал ред забелешки во однос на

---

[195] Ibid., 222-223.

[196] Ibid., 355-356.

[197] A. Rossos, "Incompatibile Allies: Greek Communism and Macedonian Nationalism", 63.

политиката на ККЕ: протежирањето на "гркоманите Словеномакедонци", кои според него во поголем дел биле "шпиони"; укажувањето на поголема доверба на македонските кадри "што досега не биле членови на НОФ"; мобилизирањето на "кадри на НОФ без предходна соработка со НОФ"; недоволното истакнување на учеството, дејноста и храброста на Македонците во дневните наредби на Демократската армија; потценувањето на кадрите на НОФ од страна на Демократската армија и отсуството на македонските раководители и активисти во штабовите на Вичо-Кајмакчалан и Пајак", односно подрачјата кои дале повеќе од 6 000 македонски партизани. [198] Иако повеќето од присутните зазеле "добар став за Славомакедонците", сепак, лидерите на НОФ биле потсетени за нивните обврски. Во вечерните часови на 24 октомври, Јоанидис, Стрингос, генерал Маркос и Петрис, ги повикале Митровски, Керамитчиев и Вера Николова на "посебен разговор". Притоа, Јоанидис им укажал "карактеристично": "НОФ не е само ваш. Треба да сте комунисти, а потоа родољуби. Така треба да гледате на прашањето на гркоманите... Треба да знаете дека сте членови на ККЕ (ова го подвлече трипати). Тука постои само ККЕ и никој друг".[199] Во извештајот од 31 октомври 1947 година, подготвен во врска со одржаниот партиски актив, и воопшто за односите помеѓу НОФ и ККЕ, М. Керамитчиев, предупредил дека кај "грчките кадри на сите антифашистички партии и организации и кај раководството на Демократската армија" била присутна "антинофитска тенденција". Нивната цел, оценувал тој, била да го "елиминираат влијанието на НОФ", потоа "националната, политичката и духовната врска" на Македонците со "Титова Југославија и со делот на Вардарска Македонија", и да ги "стават во целост словеномакеднските

---

[198] *Егејска Македонија во НОБ 1947*, т. IV, 356-357. Види и: A. Rossos, "Incompatibile Allies: Greek Communism and Macedonian Nationalism", 63.

[199] Ibid., 358.

кадри и народот под влијание на ККЕ и на ЕАМ". Во реализирањето на оваа цел било присутно настојувањето да се "натценуваат ... некои кадри на НОФ и посебно на словеномакедонските кадри, кои досега не се определија за НОФ, не работеа во НОФ или од почетокот до сега останаа верни на линијата на ККЕ (не заминаа за горе [вардарскиот дел на Македонија] во 1944 год.)". Единствено овие кадри, "почнаа да се унапредуваат на повисоки функции и да уживаат посебна доверба", заклучил М. Керамитчиев.[200]

За игнорирањето на македонскиот политички фактор во егејскиот дел на Македонија, и воопшто за односот на ККЕ кон македонското национално-ослободително движење, во крајна линија говори и фактот, што во формирната Привремена демократска влада на Слободна Грција, која го прокламирала "правото на рамноправност на националните малцинства и правото на нивен слободен национален развиток", не се нашол ниеден македонски претставник.[201]

Тенденцијата да се воспостави контрола на НОФ, и да се елиминира неговот влијание била неспорно присутна, но потребно е да се напомене дека воедно била забележлива и тенденцијата да се спречи преголемото засилување на македонскиот воен фактор, пред се, на територијата на егејскиот дел на Македонија. Ваквата закана била спречувана со упатувањето на македонските борци на воените попришта во внатрешноста на Грција. Во писмото упатено до ЦК на ККЕ на 2 јули 1949 година, М. Керамитчиев и Илија Димовски-Гоце наведуваат дека по постигнувањето на согласноста за обединувањето веднаш биле "ликвидирани партиските келии и македонските единици, од кои една единица од костурско-леринскиот крај, а друга од воденскиот, обете со по

---

[200] Ibid., 349, 359.

[201] Р. Кирјазовски, *Македонски национални институции*, 118.

над 1 000 борци добија наредба да појдат за Хасија и Тесалија, да се приспојат кон тамошните малубројни грчки партизани и заеднички да дејствуваат во формирањето, зацврстувањето и развитокот на Демократската армија...".[202] Во врска со положбата на упатените македонски единици во Централна Грција, Е. Kofos пишува: "...Таму тие биле расформирани и борците биле распоредени во новите мешани единици под раководството на доверливите команданти на ККЕ. Повеќето од Славо-Македонските кадри се нашле себе си деградирани или со добиени второстепени места. Ваквиот третман предизвикал големо незадоволство во текот на следните две години".[203]

Од аспект на потребата да се "зацврсти развитокот на Демократската армија", можеби овој чин има свое опрвдување. Меѓутоа, ако се појде од интенцијата на ККЕ за воспоставувањето на директна контрола на македонското национално-ослободително движење, тогаш дислоцирањето на македонските борци од егејскиот дел на Македонија, одел токму во прилог на оваа интенција, рефлектирајќи се директно и кон слабеењето на позициите на македонскиот воен фактор. Сепак, треба да се напомене дека упатувањето на македонските борци во другите делови на Грција, во крајна линија било во согласно со договорот постигнат помеѓу генерал Маркос и секретарот на Главното раководство на НОФ, П. Митровски.[204] Оттука, произлегува дека македонските борци заминале од егејскиот дел на Македонија, со непосредно одобрување на самото македонско раководство, што значи дека тоа самото придонело кон слабеењето на сопствените позиции. Ова прашање заслужува посено

---

[202] *Егејска Македонија во НОБ 1949*, т.VI (Скопје: Архив на Македонија,1983), 314.

[203] E. Kofos. *The Impact of the Macedonian question*, 21.

[204] D. Kljakić, *Izgubljena pobeda generala Markosa.Građanski rat u Grčkoj 1946-1949. i KPJ* (Beograd: Narodna knjiga, 1987), 95.

внимание, но потребно е да се напомене дека при неговото разгледување сеогаш треба да се има во предвид улогата на југословенскиот политички врв, кој најверојатно бил инволвиран и во донесувањето и на оваа одлука.

Без оглед на постоечката конфронтација помеѓу НОФ и ККЕ, треба да се нагласи дека Македонците од егејскиот дел на Македонија, во периодот 1946-1947 година, масовно учествувале во борбата, сочинувајќи, на тој начин значаен дел од борбената сила на Демократската армија. Во редовите на ДСЕ кон крајот на ноември 1947, според податоците на Главниот одбор на НОФ, само од подрачјата на Воден, Гуменџе, Енидже Вардар, Негуш, Кајлари и Костур, се наоѓале 9 150 Македонци.[205] Македонците на крајот на октомври 1947 година, претставувале 3/4 од вооружените сили, што се наоѓале под команда на Штабот за Централна и Западна Македонија.[206] Треба да се потенцира и фактот дека 2/3 од македонските борци се бореле "надвор од границите на словеномакедонските подрачја, во грчките подрачја, во Епир, Тесалија, во континентална Грција".[207] Во наведениот период, поточно до пролетта 1947 година, во егејскиот дел на Македонија, била создадена поврзана слободна територија, што го опфаќала планинскиот масив од Вичо до Грамос, а исто така, бил ослободен и планинскиот масив на Кајмакчалан, Џена и Пајак, како и масивот на Каракамен. Слободни територии биле создадени и во источниот дел на Егејска Македонија. [208]

Едновремено, Македонците биле масовно вклучени и во постоечките македонските политичките организации. Во средината на ноември 1947 година, организацијата НОФ броела 5 758 членови, додека во организацијата АФЖ членувале 8 750 Македонки. Организационата

---

[205] *Егејска Македонија во НОБ 1947*, т. IV, 364.

[206] Ibid., 356.

[207] Ibid., 365.

[208] Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 191.

структура на НОФ и АФЖ ја сочинувале 3 окружни одбори, 15 реонски, 180 месни бироа, со 68 повисоки и пониски раководители на НОФ, и 33 во АФЖ.[209] Исто така, забележливо било учеството и на младинците, во организацијата НОМС. Непосредно пред нејзиното припојување кон ЕПОН, оваа организација имала 5 509 членови.[210] Потребно е да се напомене дека политичките организации на Македонците во егејскиот дел на Македонија во овој период се појавиле и со свој официјален печат. Како централен орган на НОФ се појавил весникот "Непокорен", чиј прв број излегол на 1 мај 1947 година. Во Леринско, бил публикуван весникот "Зора", во Воденско весникот "Победа", во Костурско "Единство", и тоа сите како органи на соодветните Окружни комитети на НОФ. На почетокот на 1948 година, започнало и издавањето на списанието "Нова Македонка", како орган на организацијата АФЖ.[211]

Организацијата НОФ, на 20 мај 1947 година, го одржала и нејзиниот прв актив, познат како Сенофитски актив. На активот била извршена анализа на внатрешната и меѓународната политичка ситуација, како и на воената состојба во земјата, била оценета дотогашната активност на организацијата, нејзиите односи со ККЕ, ДСЕ и другите грчки партии и организации, и биле дадени насоки за понатамошното развојно делување на организацијата.[212] Активот го именувал и новото раководство на НОФ во состав: М. Керамитчиев, секретар; В. Ајановски-Оче, организационен секретар; П. Раковски, одговорен за агитација и пропаганда; В. Николова, одговорна за АФЖ; Л. Чолаков, одговорен за финансии и В. Ничев, одговорен за организацијата НОФ во Источна

---

[209] *Егејска Македонија во НОБ 1947*, т. IV, 366.

[210] Р. Кирјазовски, *Македонски национални институции*, 145.

[211] Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 351, 354-355, 356-357.

[212] *Егејска Македонија во НОБ 1947*, т. IV, 149-177.

Македонија.[213]

Кон крајот на 1947 година, согласно законодавните акти кои биле донесени по објавувањето на коминикето на Главниот штаб на ДСЕ од 10 август 1947 година, со кое Грција била прогласена за "Народна Република", а Главниот штаб на ДСЕ го преземал извршувањето на врховната, законодавната и извршната власт до формирањето на демократската влада, во егејскиот дел на Македонија, започнало воспоставувањето на народната власт. Притоа биле организирани три окружни народни одбори, и тоа за Костурско, Леринско и Воденско,[214] и биле формирани народни одбори на власта во 48 македонски села.[215] Треба да се одбележи дека со стаутарниот акт бр. 5, Главниот штаб на ДСЕ им ги признал националните права на Македонците, и со тоа правото на сопствено образование. Во чл. 5 од овој акт стоело: "За децата на нациналните малцинства народниот одбор отвора посебни училишта. Наставата ќе се одвива на јазикот на малцинството".[216] Во периодот од октомври 1947 година до април 1948 година во егејскиот дел на Македонија биле отворени 87 македонски училишта, во кои се школувале 10 000 ученици.[217]

Сепак, не смее да се пренебрегне фактот дека активноста на НОФ, уеството на Македонците во вооружените дејствија, стекнатите национални придобивки, биле проследени и со жесток терор врз македонското население спроведуван од страна на официјалните грчки власти и вооружените групи. Само во периодот од 12 февруари до септември 1946 година во егејскиот дел на Македонја биле убиени 433

---

[213] Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 187.

[214] Р. Кирјазовски, *Македонски национални институции*, 184.

[215] *Егејска Македонија во НОБ 1947*, т. IV. 365.

[216] Цитирано според: Р. Кирјазовски, *Македонски национални институции*, 184.

[217] Ibid., 205.

лица, уапсени 36 122, силувани жени и девојки 80, интернирани 538 семејства и 1 135 лица, осудени на интернација 300 лица, осудени од воени судови и стрелани 45 лица и осудени на доживотна робија 56 лица, од кои повеќето биле Македонци.[218] Од 20 мај 1947 година до јануари 1948 година, во Костурско, Леринско, Воденско, Гуменџиско, Еницевардарско, Негушко и Берско, биле убиени 133 Македонци, тепани 4 096, споулавени од мачење 18, затворени 1 679, силувани 143 девојки, интернирани на островите 875, и присилно иселени од своите домови 25 764.[219] Во овој контекст треба да се напомене и тоа, дека до крајот на 1947 година, врз основа на "Законот за присилно евакуирање на населението од внатрешноста", чија основна цел била да ја лиши ДСЕ од регрутирањето на нови борци,[220] од планинските региони во егејскиот дел на Македонија, биле евакуирани 300 000 лица.[221] Ова население било префрлено во градските центри, и сместено во еден вид на гета, строго контролирани од полициските и воените власти. Самото евакуирање било проследено со масовни палежи на селата, грабежи, опустошувања на домаќинствата, терор и убиства.[222]

---

[218] Т. Мамуровски, *Македонциите во Егејска Македонија*, 117.

[219] *Егејска Македонија во НОБ 1948: Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во Граѓанската војна во Грција 1948 година*, т.V, (Скопје: Архив на Македонија, 1981), 20.

[220] Р. Кирјазовски, *Правната дискриминација на големо-грчката политика*, 70-71.

[221] Y. D. Stefanidis, "Macedonia: Political Developments and Social Dimensions, 1923-1950", *Modern and Contemporary Macedonia*, vol. II (Thessaloniki: Papazissis Publishers-Paratiritis Publishing House, 1993), 18.

[222] Р. Кирјазовски, *Правната дискриминација на големо-грчката политика*, 71.

# IV

# КРАЈОТ НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА

## 1. *Резолуцијата на Информбирото: рефлексија на една стратегија*

Во почетокот на 1948 година, воено-политичкиот судир во Грција се развивал во фактор кој можел да доведе до сериозни пореметувања на дотогаш стекнатите гео-стратешки позиции, како на западните сојузници така и на Советскиот Сојуз. Не случајно, британскиот амбасадор во Москва, во јануари 1948 година, ги предупредил владите на членките на Комонвелтот дека основната цел на советската политика во Грција била "да се оневозможи таа да стане *place d'armes* за Американците" и "да ја стекне неа како отскочна даска за нејзините сопствени експанзионистички цели во Медитеранот".[1] Во исто време, Форин Офис му препорачувал на Вашингтон: "Ако сегашната советска политика е базирана на претпоставката дека грчките граници не се неповредливи, и ако Советскиот Сојуз и неговите сателити продолжат да ја потикнуваат Граѓанската војна во Грција, тогаш неопходно е потребно јавно да ги предупредиме дека си играат со оган. Особено вакво предупредување треба да биде упатено до Тито и Димитров, кои треба да бидат потсетени дека како што се боревме со Хитлер во одбраната на човековите слободи така и сега одлучено ќе се спротиставиме на било кој нов обид да се доминира со слободните и независни држави".[2] Ваквите оценки и препораки биле проследени и со соодветно делување.

Велика Британија и Соединетите Американски Држави, веднаш по прогласувањето на Привремената демократска влада на Слободна Грција

---

[1] PRO FO 371/72238 R 687/3/19, Commonwealth Realations Office to Commonwealth Governments, 6th January, 1948.

[2] PRO FO 371/72238 R 687/3/19, From Foreign Office to Washington, 16th January, 1948.

ги преземале потеребните дипломатски чекори за да се спречи нејзиното признавање. Силен дипломатски притисок, посебно од страна на Соединетите Американски Држави, бил извршен врз земјите на "народната демократија", така што ПДВ, и покрај очекувањата не го добила потребниот легитимитет.[3]

Во почетокот на 1948 година, во суштина, американската, британската и грчката влада биле цврсто решени да ја доведат Граѓанската војна до крај, преку уништувањето или безусловното предавање на Демократската армија.[4] Во прилог на ваквата ориентација оделе и мошне охрабрувачките проценки на американските воени аналитичари во однос на позициите на ДСЕ. Тие сметале дека и покрај погодноста на географскиот терен, сепак, постоеле слабости, од типот на снабдувањето и транспортот, што крајно негативно можеле да се одразат врз ефикасноста на воени операции на ДСЕ. Освен тоа, американските аналитичари оценувале дека Демократската армија не била во состојба подолго време да води операции во централните области на земјата, каде не постоела поддршката од зад границта, како што постоела на север.[5] Сето ова давало гаранција дека поразот на Демократската армија можел набргу да уследи.

Од друга страна, се дефинирало и гледиштето на Москва во однос на настаните во Грција. Во овој период, се повеќе преовладувало мислењето, и тоа посебно кај Сталин, дека вооружените борби во Грција, колку што од тактичка гледна точка оделе во прилог на одвелкувањето на американското внимание од Граѓанската војна во Кина,[6] како и од

---

[3] D. H. Close, *The Orgins of the Greek Civil War*, 211; T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 156.

[4] T. D. Sfikas. *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 219.

[5] Ар. Улунян, *Коммунистическая Партия Греции*, 210-211.

[6] Во овој период, на глобален политички план, Далечниот Исток и Балканот се појавиле како сфери на гео-политички интерес на Москва и Вашингтон. Граѓанската

настаните во Источна Европа, исто толку, придонесувале за се позасиленото присустово на Соединетите Американски Држави на Балканот. Ваквта состојба од стратешка гледна точка се јавувала како мошне опасна за Советскиот Сојуз, бидејќи го изложувала на удар југозападното крило на Источниот блок, кој се наоѓал во почетна фаза на формирање. Фактички, ова гледиште преставувало и почетна позиција за дефинирање на понатамошната советска политика кон Граѓанската војна во Грција.[7]

Во овој контекст потребно е да се потенцира дека, во овој период, Москва со посебно внимание ги следела и засилените активости на Г. Димитров и Ј. Б. Тито, кои исто така можеле негативно да се одразат врз позициите на Советскиот Сојуз. На 17 јануари 1948 година, Г. Димитров, по склучувањето на бугарско-романскиот договор за пријателство, соработка и взаемна помош, изјавил дека е неопходно да се создаде конфедерација на источноевропските земји, која би ги вклучувала Албанија, Бугарија, Југославија, Романија, Унгарија, Чехословачка, Полска и Грција. На ваквата изјава веднаш уследила реакцијата на Москва. Во весникот *Правда*, на 28 јануари, била објавена статија во која било изразено несогласување во однос на создавањето на федерација или конфедерација помеѓу источноевропските земји. Москва, едноставно не можела да се согласи со создавањето на некотролиран блок во Источна Европа, кој можел мошне лесно да прејде под лидерството на Ј. Б. Тито.[8]

---

војна во Грција и Граѓанската војна во Кина, претставувале две "кризни жаришта", од чиј краен искоход, зависеле гео-стратешки позиции, како на Советскиот Сојуз, така и на Соединетите Американски Држави. Остварувањето на апсолутна доминација на било која страна, во една од овие две зони на нестабилност, автоматски водела кон слабеење на позициите на било кој од нив. Оттука и произлегувале воените и дипломатските чекори и на двете страни, за даги сочуваат дотогаш стекнатите позиции. (Ibid., 210).

[7] Ibid., 211.

[8] Ю. С. Гиренко, "СССР-Югославия: 1948 год.", *Новая и Новейшя история*, 4 (Москва: Академија Наук СССР, Институт Всеобщей Истории, 1988), 30. Д. Минчев,

Токму затоа, вниманието на Москва главно било насочено кон засилените позициите на Југославија, и нејзиното настојување да делува независно како на надворешен и така и на внатрешен план. Повеќе постапки на југословенското раководство ја сугерирале ваквата намера: окупирањето на Трст од страна на југословенските војски кон крајот на војната; југословенските планови за Балканска федерација; изјавата на Тито во мај 1945 година, дека Југослвија нема да зависела од никого во водењето на нејзината надворешната политика, и дека нема да била вовлечена во било која сфера на влијание; соборувањето на двата американски авиони над југословенската територија во август 1946 година, и склучувањето на Бледскиот договор, во јули 1947 година.[9]

Постоечката тензија, помеѓу Белград и Москва, кулминирала во почетокот на 1948 година, кога Југославија и Албанија, започнале да ја разгледуваат можноста за нивно обединување.[10] За Москва повеќе не постоела дилема. Тито се определил да постигне доминација на Балканот, создавајќи впечаток дека за тоа има одобрување од Москва, и затоа морал да биде "заузден или уништен".[11]

Со таа цел, веднаш, по изјавата на Димитров, југословенскиот и бугарскиот политички врв биле поканети да испратат нивни делегации во Москва. На 10 февруари, во текот на разговорите, Сталин, жестоко ги нападнал претставниците на двете делегациии за тоа дека Бледскиот договор бил склучен без предходно да бидат информирани Советите за неговата содржина. Воедно ги предупредил југословенските претставници, дека намерата за влегувањето на југословенски дивизии во Албанија

---

*Македонскияш въирос и Бйлгаро-Югославскише ошношени*, 385-387; Ар. Улунян *Коммунисшическая Паршия Греции*, 211-212.

[9] R. J. Crampton, *Eastren Europe in the Twentieth Century*, 258-259.

[10] J. L. Gaddis, *We Now Know*, 48.

[11] R. J. Crampton, *Eastren Europe in the Twentieth Century*, 259.

можело да им даде повод на Американците да делуваат на Балканот. Сталин го отфрлил концептот за поголема Балканска федерација, и југословенскиот план за Југословенско-бугарска федерација: шесте југословенски републики плус Бугарија, и побарал веднаш да биде формирана Југословенско-бугарска федерација од две еднакви федерални единици.[12] Југославија во иднина, исто така, ќе морала да се консултира со Москва за прашањата од заеднички интерес за надворешната политика.[13] "Сите така подразбираат", им се обратил Сталин на бугарските и југословенските претставници, "ако Димитров и Тито зборуваат за ред други држави, дека тие го искажуваат мислењето на СССР".[14] Потоа, според М. Ѓилас, Сталин, "преминал на востанието во Грција": "Востанието во Грција треба да се сопре ... Тие немаат изгледи за успех. Што мислите вие дека Британија и Соединетите Држави - Соединетите Држави, најмоќната држава на светот - ќе дозволи да им бидат прекинати сообраќајните комуникации во Средоземното Море! Глупости. А ние немаме морнарица. Востанието во Грција треба да биде сопрено, и тоа што побргу."[15] Според, Ар. Улунян, Сталин побарал прекинување на вооружените борби во Грција, бидејќи "... Граѓанската војна станувала негативен фактор за 'големата' политика на Кремљ".[16] Или како што констатира E. Barker: "... од 1948 година, ако не од порано, Сталин оценил, дека Грчката граѓанска војна, била непрофитабилна, и затоа, како погрешна производствена линија во една фабрика, требала да биде

---

[12] B. Jelavich, *History of the Balkans*, vol. 2, 324-325; R. J. Crampton, *Eastren Europe in the Twentieth Century*, 259. Според М. Đilas, Сталин побарал најпрвин обединување на Југославија и Бугарија, а потоа и припојување на Албанија. (M. Đilas, *Razgovori sa Staljinom* (Beograd: Književne novine, 1990), 116).

[13] Ibid., 325.

[14] Цитирано според: Д. Минчев, *Македонскиятъ въпрос и Българо-Югославскитѣ отношения*, 390.

[15] M. Đilas, *Razgovori sa Staljinom*, 116.

[16] Ар. Улунян, *Коммунистическая Партия Греции*, 212.

отстранета. Титовата улога во целата работа била од второстепено значење".[17] Во овој контекст, извесна забуна, секако внесува фактот што во текот на 1948 година грчкото партиско раководство не било директно информирано за овој советски став, како и фактот, дека во септември истата година, во Москва, Захарјадис добил ветувања од Сталин за испорака на голема воена помош од Советскиот Сојуз.[18] Сепак, може да се забележи дека сето ова не ја доведува во прашање одлуката на Сталин за прекинување на Граѓанската војна, туку оди во прилог на констатацијата дека таа траела се до оној момент додека не претставувала сериозна закана за советските политички интереси.

По средбата во Москва, односите помеѓу Југославија и Советскиот Сојуз, достигнале степен на криза. Југославија морала да се определи: да ја задржи нејзината независност или да го прифати односот на потчинетост кон Москва. Одлучувајќи се за слободно делување, југословенските лидери јасно покажале дека одбивале да го прифатат сателитскиот однос, што, веднаш било проследено со соодветна реакција на Советите.[19]

Во февруари 1948 година, советската влада ги прекинала водените преговорите за постигнување на взаемен трговски договор, а во март, од Југославија биле повлечени и советските воени и цивилни советници. КПЈ одбила да го прифати и советскиот предлог, спорот помеѓу двете партии да биде поставен на разгледување пред Информбирото. Кон крајот на мај повеќе не постоеле никакви изгледи за надминување на советско-југословенскиот спор, така што, на 28 јуни, уследило исклучувањето на КПЈ од Информбирото. Југославија била доведена во

---

[17] E. Barker, "The Yugoslavs and the Greek Civil War", 308.

[18] T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 214. Сталиновите ветувања за испорака на воена помош најверојатно биле во врска со неговата намера да се прекине соработката на грчките комунисти со Југославија.

[19] B. Jelavich, *History of the Balkans*, vol. 2, 325.

состојба на комплетна политичка и економска изолација.[20] Што е посебно важно, Сталин, одлучил и да ги "одвои грчките комунисти од Југословените, и да ја употреби ККЕ како лост во неговиот спор со Тито".[21]

Како и да е, во почетокот на март 1948 година, во Белград, Захарјадис и Јоанидис се состанале со југословенското раководство. На средбата грчките лидери биле информирани за сомнението на Сталин во однос на "победоносниот исход на борбата на ККЕ", и за предупредувањето што го добиле дека "ако Југословените, помагајќи ја демократска Грција, влезат во војна со англо-американците, во таков случај, Советскиот Сојуз, нема да и даде на Југославија никаква помош". Сепак, Тито, објаснил дека "тие веруваат во победата на демократска Грција" и без оглед на добиенто предупредување југословенското раководство ќе продолжело да ја помага ККЕ. Воедно на Захарјадис му било препорачано да појде во Москва за "разјаснување на тоа прашање", со што тој не се согласил, изјавувајќи дека "со нашата борба ќе се обидеме да докажеме дека можеме да победиме".[22]

Во секој случај, ККЕ, набргу била доведена во позиција, во која морала да се определи. Или да остане на страната на Југославија, која ја помагала нејзината борба или да се определи кон Советскиот Сојуз во неговата кампања против Југославија. Се чини дека немала голем избор. Во почетокот на јуни 1948 година, раководството на советската комунистичка партија, уште пред донесувањето на резолуцијата на

---

[20] Поопширно: R. L. Wolff, *The Balkans in Our Time* (Cambridge, Massachusetts: Harvard University Press, 1974), 352-364; B. Jelavich, *History of the Balkans*, vol. 2, 321-327; Ю. С. Гиренко, "СССР-Югославия: 1948 год.", 34-38; R. J. Crampton, *Eastren Europe in the Twentieth Century*, 259-260.

[21] T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 215.

[22] Р. Кирјазовски, *Македонците и односите на КПЈ и КПГ*, 52. Види и: B. Petranović, *Balkanska federacija 1943-1948*, 193.

Информбирото го информирало грчкото партиско раководство за неговиот спор со КПЈ. Политбирото на ЦК на ККЕ, по расправата во однос на ова прашање, заклучило дека ККЕ се "соладаризира со советската партија", но поради "улогата и значењето што ја има КПЈ и Југославија за оружената борба на ДСЕ", решило да не ја информира јавноста, бидејќи во прашање биле "повисоки интереси".[23] На 10 јуни, Захаријадис пристигнал во Белград, каде го запознал југословенското раководство за ставот на ККЕ. Тито и Ранковиќ (министер за внатрешни работи на ФНРЈ) изразиле разбирање за "таквиот флексибилен став на грчкото партиско раководство" и ветиле дека "Југославија и натаму ќе продолжи да и дава помош на ДСЕ".[24] Меѓутоа, по пристигнувањето во Москва, на 13 јуни, и водените разговори со Сталин и Молотов, Захаријадис целосно го изменил својот став.

Во извештајот, од 15 јуни 1948 година, упатен до советската комунистичка партија, во врска со односите помеѓу ККЕ и КПЈ, Захаријадис изнел ред сериозни обвиненија против КПЈ: ККЕ била постојано изложена на напади од страна на раководството на КПЈ, затоа што во времето на окупацијата "водела погрешна и предавничка политика"; КПЈ ја помагала ККЕ матерјално, но, сепак, секогаш постоеле задоцнувања и одложувања на испораките, а голем дел од матерјалот пристигнувал неупотреблив; КПЈ ги напаѓала другите комунистички партии, особено Комунистичката партија на Чехословачка и КП на Бугарија, затоа што недоволно ја помагале ДСЕ; КПЈ во редовите на НОФ, како и кај грчките комунисти кои преминале "од грчка Македонија во Југославија", култивирала дух на недоверба спрема ККЕ". "Јас, лично морам да признам дека допуштив сериозна политичка грешка, затоа што

[23] D. Klakić, *Sovjetizacija Balkanse zone*, 123; Д. Кљакиќ, *Времето на Колишевски*, 277.

[24] Ibid.; Ibid.

не ве известив за сево ова" нагласил Захарјадис, во извештајот, и воедно ја оценил како "целосно правилна критиката на ЦК на КПСС (Комунистичката партија на Советскиот Сојуз) спрема КПЈ и нејзините лидери."[25]

Два дена по донесувањето на резолуцијата на Информбирото, односно на 30 јуни, Политбирото на ЦК на ККЕ одржало состанок, на кој, по предлог на Захарјадис, во целост биле прифатени ставовите на резолуцијата. Едновремено, Политбирото решило за овој свој став да го запознае неговото членство и борците на ДСЕ. Циркуларно писмо било упатено до политичките комесари на ДСЕ, како и радиограма до делот на Политбирото во Атина.[26]

Резолуцијата на Информбирото, била тема на расправа и на Четвртиот пленум на ЦК на ККЕ, што се одржал на 28-29 јули 1948 година. Пленумот одлучил да ја прифати резолуцијата на Информбирото, и за тоа донел посебн документ насловен како: "Резолуција на IV пленум на ЦК на ККЕ во врска со резолуцијата на Информбирото на комунистичките и работничките партии околу ситуацијата во КП на Југославиаја". Сепак, како што било напоменато и во самата резолуција заради "специфичната положба на ККЕ, и на нашето движење спрема Југославија", Пленумот одлучил резолуцијата "засега да не се објави и да влезе само внатрешно-партиски".[27] Во секој случај, ваквата одлука била едно моментално компромисно решение на Захарјадис, во услови кога се водела одлучувачката битка на планината Грамос. Таа требала да допринесе кон избегнувањето на отвоениот судир со КПЈ, што во дадениот момент можел крајно негативно да се одрази врз воената

---

[25] Р. Кирјазовски, *Македонците и односите на КПЈ и КПГ*, 57-61.

[26] Ibid., 61-64; Види и: Д. Кљакиќ, *Времето на Колишевски*, 279.

[27] Ibid., 64-66.

способност на ДСЕ.[28] Сепак, во овој контекст треба да се потенцира дека оваа одлука на Пленумот наишла на остро спротиставување од страна на членовите на Информбирото. На почетокот на август, претставникот на ККЕ во Софија, Коста Шапера, бил повикан од Политбирото на БКП (Бугарската комунистичка партија), пришто му било укажано дека раководството на БКП и КПСС не ја одобруваат политиката на ККЕ спрема КПЈ, и дека нема да дозволат да се "појави втор Тито на Балканот". Воедно било побарано, ККЕ поактивно да се вклучи во анти-југословенската кампања.[29]

Вака создадената ситуација, неминовно водела кон нарушување на односите помеѓу ККЕ и КПЈ, што во крајна линија била и една од основните цели на Москва. Нивните взаемни односи значително се влошиле, откако Кремљ, одлучил како елемент во општата стратегија и тактика на Информбирото, во пресметката со Тито, да го употреби и македонското прашање.[30] Следствено на ваквата замисла на Кремљ, Петиот пленум на ЦК на ККЕ, одржан на 30-31 јануари 1949 година, отстапил од партиската линија од 1935 година, за полна рамноправност на малцинствата во рамките на грчката држава,[31] и им го признал правото на Македонците на самоопределување.[32] Три дена подоцна, односно на 3

---

[28] Ар. Улунян, *Коммунистическая Партия Греции*, 216.

[29] Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 245.

[30] Помеѓу 1948 и 1949 година, Сталин започнал да обликува една нова концепција- "Планот Вишински"- за рушење на југословенското раководство. Со овој план, покрај останатото била предвидена и акција за создавање на "независна македонска држава", во која под закрилата на Информбирото би биле "собрани сите Пирински, Вардарски и Егејски Македонци". Информбировска парола за создавање на единствена македонска држава требала да ги насочи против Југославија, Македонците од егејскиот, пиринскиот и вардарскиот дел на Македонија. (D. Bekić, *Jugoslavija u Hladnom ratu: Odnosi s velikim silima 1949-1955* (Zagreb: Globus, 1988), 31, 51).

[31] *КПГ и македонското национално прашање 1918-1974*, 159; С. Киселиновски, *КПГ и македонското национално прашање*, 69.

[32] Ibid., 438; *Егејска Македонија во НОБ 1949*, т. VI, 44.

февруари, Вториот пленум на Централниот совет на НОФ, одлучил - новата платформа на ККЕ во однос на македонското прашање - "незвисна македонска држава во рамките на народнодемократската федерација на балканските народи"- да биде прокламирана, во март, на Вториот конгрес на НОФ.[33] Промената на политиката на ККЕ во "корист на автономна македонска држава", според британската воена мисија во Грција, настапила "очигледно под покровителство на Москва, [и] веројатно со двојна цел: а) да се создаде и насочи против Тито, еден непријателски блок во јужниот дел [НР Македонија] на Југославија, под [лидерство на] Димитров; б) да им даде изговор на Словените, северно од грчките граници, да дојдат и да се борат за автономна држава на грчко тло, и така да го помогнат герилското движење".[34] Или како што проценувал Форин Офис, во еден извештај од 7 март 1949 година: "... политиката на Коминформот е насочена кон формирање на ´автономна´ Македонија која евентуално би била инкорпорирана во истата Балканска федерација во која Бугарија би била главана. Ова не само што е насочено против било какви ´национални´ аспирации на грчките комунисти, но е директен напад на позициите на Тито што досега ги имал во однос на Македонија."[35]

Суштината на новата политичка ориентација на ККЕ во однос на македонското прашање ја образложил лично и Захарјадис. Во одговорот што му го дал на членот на Политбирото на ЦК на ККЕ, М. Парцалидис , во врска со неговото прашање што ќе се случело со НР Македонија откако ќе се формирала македонска држава во рамките на Балканска федерација, Захарјадис истакнал: "...Точно другари. Овој наш став и

---

[33] Ibid., 54.

[34] PRO FO 371/78396 R 2820/10137/19, From HQ BMM Greece to the War Office, 12 March, 1949.

[35] PRO FO 371/78449 R 11850/10392/19, From Foreign Office to His Majesty's Representatives at..., 7th March, 1949.

парола е насочена против Република Македонија, бидејќи со преминувањето на Тито на страната на империјализмот, Вардарска Македонија, не само што не може да претставува центар за обединување, туку нејзиното ослободување се поставува како императив...".[36]

Нема сомнение дека новиот политички став на ККЕ и НОФ во однос на македонското прашање, претствувал сериозна закана за позициите на федерална Југославија. Оттука, всушност, и односите помеѓу ККЕ и КПЈ, започнале да влегуваат во фаза на конфротација, предизвикана од двете взаемно поврзани прашања: ставот на ККЕ кон македонското прашање и нејзината поддршка на Информбирото. Во текот на февруари 1949 година, настанатите проблеми биле предмет на разговори помеѓу министерот за правосудство на ПДВ, Милтијадис Порфирогенис, и претставниците на македонското и југословенското државно и партиско раководство. Во врска со водените разговори со македонското раководство, М. Порфирогенис, во извештајот од 8 февруари, упатен до Политбирото на ЦК на ККЕ, пишувал: "...Кога зборував за ставот на ККЕ по македонското прашање, Колишевски ме прекина, велејќи ми дека постои држава НР Македонија. Му одговорив дека нашата Партија, признавајќи му го правото на македонскиот народ за целосно национално воспоставување, го остава самиот народ да избере како ќе го искористи тоа право. Ќе беше грешка, ако нашата Партија им сугрираше на Македонците да одат во југословенска Македонија, бидејќи тоа ќе ја разбиеше борбата, бидејќи има многу Македонци, кои од различни причини, ќе се спротистават на едно такво решение ... Во врска со резолуцијата на Информбирото, им реков дека ставот на нашата Партија е на страната на резолуцијата ... [а] она што го посакуваме е Југославија да се врати во семејството на државите на народната

[36] Р. Кирјазовски, *Македонците и односите на КПЈ и КПГ*, 96.

демократија ... на чело со Советскиот Сојуз."[37] М. Порфирогенис, во Белград, се состанал и со членот на ЦК на КПЈ, Крсто Попивода, кој ветил дека "КПЈ ќе продолжи да и ја дава [на ДСЕ] истата помош, но, [сепак] било потребно да се решат некои принципиелни прашања", за што тој предходно побарал "да дојде еден од петораката, што значи, Захарјадис, или Јоанидис, или Маркос". [38]

Во текот на овие разговори, не била постигната согласност за посточките проблеми, а, исто така, не била реализирана барана средба на двете партии на највисоко ниво. Што е посебно важно овие суштински несогласувања, се појавиле како генератор за взаемни недоразбирања и обвинувања и во однос на други прашања. М. Порфирогенис, при средбата со К. Попивода, ја обвинил Југославија за "преземање на непријателски акции", како, "давањето азил на дезертери, организирање на дезертерства преку агенти, поддршка на групата на Керамитчиев..., која врши разбивачка дејност", што секако наишло на негирање од страна на К. Попивода. "...Се чудат - пишувал П. Порфирогенис во неговиот извештај до ЦК на ККЕ - како можеме да кажеме дека Југославија презема непријателски акции против нас, дека поддржуваат некои непријателски елементи ... по помошта што веќе ни ја даваат три години." [39]

Од почетокот на март, меѓупартиските односи помеѓу ККЕ и КПЈ се повеќе се заостурвале. На 1 март 1949 година, грчкото востаничко радио, пренесувајќи делови од резолуциите усвоени на Вториот пленум на НОФ,[40] во суштина, и официјално го потврдило ставот на ККЕ за

---

[37] Ibid., 112-113, 114.

[38] Ibid., 126.

[39] Ibid., 124

[40] PRO FO 371/78449 R 11850/10392/19, From Foreign Office to His Majesty's Representatives at..., 7th March, 1949.

создавање на независна македонска држава. Југословенската реакција уследила на 6 март, кога Моша Пијаде, еден од раководителите на КПЈ, резолуцијата на НОФ, ја окарактеризирал како "уште еден потег на Информбирото во спорот со Тито, и во потикнувањето на бугарскиот спор со Југославија околу Македонија... Овој спор- тој додал - сега е префрлен на грчка територија".[41] Во објавената статија, "За прашањето на балканска федерација", М. Пијаде, исто така навел дека во услови кога "македонскиот народ од Егејска Македонија води крвава борба за одбрана на својата физичка егзистенцијана, нема никаква потреба да му се сугрира... прифаќање на еден чисто декларативен акт...".[42] Од своја страна, ЦК на КПЈ, во радиограмата од 3 март 1949 година, упатена до грчкото партиско раководство, ставот за "создавање на независна [македонска] држава во рамките на Балканска федерација", го оценил како "штетен и опасен", затоа што го одвлекувал "вниманието на грчкиот народ и на Македонците од Егејот од основната задача на заедничката борба против монархофашизмот". Едновремено, било изразено и несогласување со намерите на "некој ... во името на еден дел на македонскиот народ незвисно дали е од страна на Македонците од Егеј или на Пирин, ... да го реши македонското прашање во целост, немајќи односи, ниту договор со Народна Република Македонија, која веќе го собира мнозинството на македонската нација ... Сметаме дека таквата политика е насочена против ФНРЈ", констатирал ЦК на КПЈ.[43]

Во обидите да ја разреши настанатата ситуација директно со грчкото партиско раководството, ЦК на КПЈ, на 5 март повторно упатил радиограма до ЦК на ККЕ, во која покрај останатото било нагласено:

---

[41] Ibid.

[42] Р. Кирјазовски, *Македонците и односите на КПЈ и КПГ*, 103-104.

[43] *Егејска Македонија во НОБ 1949*, т. VI, 105-106; Р. Кирјазовски, *Македонците и односите на КПЈ и КПГ*, 97-98.

"Сметаме за наша должност, да повториме, дека вашиот став по прашањето за линијата на Конгрсот на НОФ на Егејска Македонија, не е правилен", а "фактот што бугарскиот печат веќе пишува за тоа прашање, заземајќи идентичен став, покажува дека ставот по македонското прашање стана составен дел на денешната кампања против нова Југославија."[44] Одговорите на ЦК на ККЕ, од 4 и 6 март, не биле охрабрувачки: "... за нас, како основна стои одлуката на V пленум", а "причината за да заземеме таков став е војната што ја води групата на Керемитчиев од Скопје, која не обвинува дека ја продаваме борбата на Македонците од Егејска Македонија ... Ставот на НОФ е определен од ставот на групата Керамитчиев, која овде отворено пропагира, дека Егејска Македонија ќе треба да се приклучи кон Вардарска Македонија ...Категорички одбиваме дека од наша страна се води кампања против нова Југославија." [45]

Во секој случај, како резултат на спротиставувањата на грчката влада, спроведуавниот терор, и реагирањето на Соединетите Американски Држави, Захаријадис, во март 1949 година, бил принуден да направи извесно отстапување од новиот политички став на ККЕ и НОФ, во однос на македонското прашање. По негова лична директива, Централниот одбор на НОФ на 9 март, издал вонредно соопштение, објавено на 10 март во органот на ДСЕ, *Прос ти Ники*. Според соопштението, во суштина, "непријателите на македонскиот народ" ширеле "гласови дека II Конгрес на НОФ се очекува да го прогласи создавањето на една македонска држава ... Но, друга е вистината - било напоменато во соопштението, затоа што - Вториот конгрес на НОФ е борбен конгрес, конгрес на борбено раздвижување .. конгрес за

---

[44] Ibid., 112-113; Ibid., 99-100.

[45] Р. Кирјазовски, *Македонците и односите на КПЈ и КПГ*, 98-99, 100.

организирање на победата, која ќе дојде како резултат на големите жртви...".[46]

Ваквото отатапување, во никој случај не можело да делува врз надминувањата на недоразбирањата помеѓу ККЕ и КПЈ, во услови кога и западните сојузници и Советскиот Сојуз диктирале политичка реалност, согласно нивните интереси. ККЕ, постепено, но сигурно се претварала во инструмент на информбировската кампања против југословенското раководство. Захарјадис во една негова статија емитувана преку грчкото востаничко радио "Слободна Грција", на 29 март, отворено го довел во прашање постоењето на југословенскиот режим. Белград ова го забележал, меѓутоа, не реагирал во "интерес на борбата на грчкиот народ".[47] На средбата, во Белгард, помеѓу Петрос Русос, министерот за надворешни работи во ПДВ и Александар Ранковиќ, од 1-7 април 1949 година, биле разгледани постоечките разногласија, меѓутоа, во создадената ситуација, не било реално ниту можно да се очекува постигнување на некаква согласност, во однос на идната нивна заедничка соработка.[48] Југословенскиот државен и политички врв, според зборовите на А. Ранковиќ, бил подготвен да продолжи да и упатува матријална помош на ДСЕ, да ги прифаќа ранетите, и да ги згрижува децата што пристигнувале од Грција, но, како што му рекол на П. Русос "никогаш нема да дозволиме да ја пренесете неговата кампања [на Информбирото] против нас".[49]

Сепак, во периодот што следел, дистанцирањето на Белград од директната инволвираност во настаните во Грција, се покажувало како

---

[46] *Егејска Македонија во НОБ 1949*, т. VI, 120-121; Р. Кирјазовски, *Македонците и односите на КПЈ и КПГ*, 107-108.

[47] D. Bekić, *Jugoslavija u Hladnom ratu*, 41.

[48] Поопширно: Р. Кирјазовски, *Македонците и односите на КПЈ и КПГ*, 131-167.

[49] Ibid., 166.

неизбежно. Всушност, била создадена меѓународна политичка констелација во која Југославија, била принудена да ги заштитува нејзините сопствени позиции, посебно од информбировското гесло "за обединета и независна македонска држава". За таа цел Белград се обидел да обликува една теоретско-политичка аргументација, која ќе го отфрлела обединувањето на македонскиот народ. Според, D. Bekić, таа задача ја добил Л. Колишевски.

Во весникот *Борба*, на 11 април, била објавена статија во која "тој уште еднаш тргнал од тезата дека ´... зад паролата за обединета и незвисна македонска држава или некоја апстрактна Балканска федерација се кријат прстите на империјалистите". Заради тоа, "како приоритет се јавувало ´зацврстувањето и развивањето на борбеното братство и единство на македонскиот народ со братскиот грчки народ против монархофашизмот и странските англо-американски империјалисти, а за воспоставување на слободна и незвисна Грција. Со извојувањето на таа слобода ќе се реши и прашањето на националните права на нашите браќа од Егејска Македонија".[50] Сепак, како што пишува D. Bekić, "оваа позиција веќе немала реално упориште во полтичките односи ´на теренот", бидејќи "југословенската влада веќе од 24 февруари водела супертајни преговори со владата во Атина", меѓутоа, не за "македонското прашање", туку за "можноста за повторно отварање на југословенска ´слободна зона´ во солунското пристаниште" - што на Колишевски, секако не му било познато.[51]

Од друга страна, уследиле и практичните чекори на Лондон и Вашингтон, за елиминирањето на улогата на Југославија во Граѓанската војна во Грција. Како најпогоден момент што можел да се искористи била

---

[50] Цитирано според: D. Bekić, *Jugoslavija u Hladnom ratu*, 40.

[51] Ibid.

нејзината тешката економска состојба. Уште есента 1948 година, Алеш Беблер, заменикот министер за надворешни работи на ФНРЈ, за време на одржувањето на редовното заседанието на Генералното собрание на Обединетите нации, во Париз, му изјавил на Хектор МакНил, британскиот државен министер, дека "Југославија имала итна потреба од економска помош за да опстане".[52] Според мислењето на еден дипломатски службеник во Форин Офис, на Тито требало да му биде укажано дека "ако се уште сака да ја добие нашата економска поддршка, ќе биде во негов интерес да ни даде некаква помош за возврат".[53] Се разбира, дека британското барање, единствено, можело да се однесува на прекинувањето на југословенската помош на Демократската армија. Фицрој Маклин, шефот на британската воена мисија во Југославија, во текот на Втората светска војна, и личен пријател на Ј. Б. Тито, ја добил задача да појде во Белград да разговара со југословенскиот лидер за "ова деликатно прашање".[54] Мисијата на Маклин, реализирана во мај 1949 година, завршила сосема успешно, како што, Тито ветил, дека на политичките бегалци кои ќе добиеле азил во Југославија, "во иднина нема да им било дозволено да се враќаат во Грција да продолжат со борбата" и дека "никаква друга помош нема да им биде дадена на востаниците".[55] Следниот месец, Британците, веќе размислувале "колкав и каков вид кредит би ги задоволил потребите на југословенската политичка ситуација".[56]

---

[52] J. Pirjevec. "The Tito-Stalin Split and the End of the Civil War in Greece", *Studies in the History of the Greek Civil War 1945-1949*, 310.

[53] PRO FO 371/78768 R 4224/1634/92, From Foreign Office to Belgrade, 27 April, 1949.

[54] PRO FO 371/78768 R 4224/1634/92, Minutes of South Department, 22nd April, 1949.

[55] J. Pirjevec. "The Tito-Stalin Split ", 314. Види и: I. Stefanidis, "United States, Great Britain and the Greek Yugoslav Rapprochement 1949-1950", *Balkan Studies*, vol. 27, no. 2 (Thessaloniki: Institute for Balkan Studies, 1988), 320.

[56] Ibid., 315.

Од друга страна, Југославија ја користела секоја можност да ги убеди западните сојузници за промената на нејзината полтика во однос на Грција. "Не само што Тито му даде ветувања на Маклин, но, исто така, преку Кардељ, му ги даде истите ветувања и на американскиот амбасадор", ја известувал Форин Офис, британската амбасадата во Белгард. "'Сега се е поинаку... ние таму повеќе немаме пријатели (помеѓу востаниците)", го уверувал Кардељ (министер за надворешна работа на ФНРЈ), американскиот амбасадор, во текот на нивните разговори. Во исто време, Британците извршиле притисок врз Стејт Департментот, кој инаку бил "склон кон мислењето дека ветувањата кои му биле дадени на американскиот амбасадор не биле доволни", сепак, Соединетите Американски Држави, економски да ја помогнат Југославија.[57]

Официјалното објавување на југословенската одлука за затворање на границата кон Грција, уследило во говорот на Тито, одржан во Пула на 10 јули 1949 година. Тој во својот говор, повикувајќи ги Обединетите нации да извршат притисок врз владата во Атина со цел да се сопрат провокациите на југословенско-грчката граница, истовремено истакнал дека југословенското раководство било принудено да ја затвори границата кон Грција за да ги заштити животите на "работните луѓе во нашата држава". Како претекст за ваквата одлука, во говорот, биле изнесени и обвинувањата на ККЕ, дека грчките владини војски ја употребувале југословенската територија за напди на ДСЕ.[58] На овој начин, како што се

---

[57] PRO FO 371/ 78448 R 717/10342/19, From Foreign Office to Belgrade, 15th July. 1949. Од средината на 1949 до 1955 година, Југославија од Соединетите Американски Држави добила финансиска помош од вкупно околу 1,2 милјади американски долари, од кои само 55 милиони требале да бидат вратени. (B. Jelavich, *History of the Balkans*, vol. 2, 328).

[58] На 6 јули 1949 година, радиото "Слободна Грција", го пренело соопштението на комндата на ДСЕ, во кое било изнесено тврдењето дека владините војски на 5 јули, во текот на опреациите на Кајмакчалан, ја користеле југословенската територија за напади на Демократската армија. Во доплнение на ова соопштение агенцијата, "Елефтери Елада" соопштила дека по отпочнувањето на владините операции на Кајмакчалан дошло и до средба помеѓу грчки и српски офицери, по што фактички

констатира и во извештајот на Форин Офис упатен до британската амбасада во Белград, Тито сакал да ги одбегне сите потенцијални обвинувања внатре во земјата дека соработува со владата во Атина.[59] И покрај спектакуларноста на овој говор, сепак, останува впечатокот дека Тито со него дефинитивно се откажал од сонот Југославија да стане центар на целиот Балкан. Нешто што во ниеден момент не можело да биде поддржано, ниту од Советскиот Сојуз, ниту од западните сојузници. Тие и покрај целиот свој антагонизам, сепак, се согласувле во едно: "... на Тито нема да му биде дозволено да ги израсне сопствените чизми."[60]

По затворањето на југословенската граница кон Грција, ККЕ, согласно одлуката на Политбирото на ЦК, од 23 јули, и официјално ги прекинала односите со КПЈ. Одлуката, сепак, била инспирирана од барањето на советсто раководство, ККЕ да ги прекине односите со КПЈ, и јавно да ја осуди.[61]

## 2. *"Неприродните сојузници" (ККЕ - НОФ) во 1948-1949*

И покрај постоечките разногласија и взаемната длабока недоверба, помеѓу раководството на македонската ослободителна организација НОФ и раководството на Грчката комунистичка партија, сепак, како што констатира А. Rossos "ККЕ не можела да го расформира НОФ, како што

---

започнало користењето на југословенската територија. Н. Захарјадис, од своја страна, во неговиот "Преглед на ситуацијата", пренесен преку радиото "Слободна Грција", потенцирал дека "монархофашистите постигнале успеси единствено затоа што ја употребиле југословенсата територија". Ваквите изјави југословенската страна ги демантирани и ги оквалификувани како клевети потиканати од потребата на Информбирото за "нешто што и подготвува на Грција да ја префрлува вината на Југославија". Во оваа смисла била наведена веста на советската агенција ТАСС, од мај 1949 година, дека Советскиот Сојуз бил подготвен да преговара со западните сојузници за прекинување на Граѓанската војна. (*Егејска Македонија во НОБ 1949*, т.VI, 367-370)

[59] PRO FO 371/ 78448 R 717/10342/19, From Foreign Office to Belgrade, 15th July. 1949.

[60] J. Pirjevec. "The Tito-Stalin Split", 316.

[61] Р. Кирјазовски, *Македонциите и односите на КПЈ и КПГ*, 177.

тоа го сторила со СНОФ во 1944 година". Македонската организација, едноставно, била потребна за понатамошното мобилизирање на Македонците во редовите на Демократската армија, во услови кога ККЕ "не можела повеќе да смета на никаква помош... од областите кои се наоѓале под контрола на атинската влада".[62] Во оваа смисла за одбележување е и фактот, дека грчките работници од градските центри, и воопшто членството и сипатизерите на ККЕ не само што останале "апатичени спрема решенијата на [Третитот] Пленум и паролата на Захарјадис: ´Сите на оружје - се за победата´, туку поголем број од нив "препрочитаа да одат во интернација, отколку да одат во планина".[63] На овој начин, ККЕ и ДСЕ, во обезбедувањето на борбената сила, биле доведени во комплетна звисност од областите што ги контролирале во западниот и централниот дел на Егејска Македонија, главно населени со Македонци.

Резултат на ваквата состојба, преставувало и интензивирањето на напорите на ККЕ за воспоставување на целосната контрола врз организацијата НОФ, и нејзиното претварање во чисто симболичен репрезент на македонскиот народ. Оттука, всушност, и елиминирањто на македонското национално раководство, и неговата замена со Македонци, кои, пред се, биле дисциплинирани и лојални членови на Партијата, станала една од приоритетните задачи за грчкото партиско раководство.[64]

Почетниот чекор во оваа насока, бил направен на Првиот конгрес на НОФ, одржан на 13 јануари 1948 година, во црквата на македонското село В´мбел (Moskohori), на слободната територија во западниот дел на Егејска Македонија. Во присуство на петстотини делегати, како и на високи претставници на ККЕ и ДСЕ, на Конгресот, биле резимирни

[62] A. Rossos. "Incompatible Allies: Greek Communism and Macedonian Nationalism". 64.

[63] Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 209.

[64] A. Rossos. "Incompatible Allies: Greek Communism and Macedonian Nationalism". 64.

постигнатите резултати од дотогашната политичко-организацина работа на НОФ, и од учеството на Македонците во борбата. Исто така биле одредени насоките за надминување на постоечките проблеми, од кои зависело понатамошното успешното организирање на вооружената борба. Во оваа смисла, Конгресот го истакнал значајниот придонес на Македонците во редовите на Демократската армија, повикал на уште поголемо зацврстување на братството и единството помеѓу македонскиот и грчкиот народ, и како непосредна задача го поставил целосното вклучување на Македонците во редовите на ДСЕ.[65] На Конгресот биле донесени Програмата и Статутот, а бил избран и новиот Централен совет, сочинет од 35 редовни членови и 18 кандитати за членови. [66]

Во согласност со веќе зацртаната стратегија, преставниците на ККЕ, Ј. Јоанидис и Л. Стрингос, ја наруишиле "свечената атмосфера" на Конгресот, во моментот, кога истапиле со барањето, во Извршниот одбор на НОФ, наместо Вангел Ајановски-Оче и Ламбро Чолаков - дотогашни раководители на организацијата, да бидат вклучени Ставрос Кочопулос, Ташос Гушопулос и Михаилис Малиос - Македонци, лојални кон ККЕ, и пред се, противници на идеите на НОФ.[67] И покрај категоричното спротиставување на раководството на НОФ, сепак, користејќи го правото

---

[65] *Егејска Македонија во НОБ 1948*, т.V, 16-28; 30-32; Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 210-211. На повик на Првиот конгрс на НОФ, уште 3 000 Македонци пристапиле во редовите на ДСЕ. Во функција на решавањето на проблемот на резервите на ДСЕ, а врз основа на предходно постигнатата согласност помеѓу Ј. Б. Тито и Н. Захарјадис за мобилизација на сите Македонци од Егејска Македонија, коишто се наоѓале во Југославија, едновремено 8 000 Македонци биле префрлени во селата Крушевле и Таково, во близината на Булкес, Војводина. Мобилизацијата отпочнала по 17 март 1948 година, односно по средбата на Петрос Русос со Александар Ранковиќ, а била вршена од југословенските власти и грчки претставници. Таа била прекината по заострувањето на односите помеѓу ККЕ и КПЈ во 1949 година. (Р. Кирјазовски, "Егзодусот на Македонците од Егејска Македонија", *Денес*, год. II, бр.41, 23 јули 1998, 26).

[66] Ibid., 33-45.

[67] Ibid., 205; Р. Кирјазовски, *Македонски национални институции*, 121; A. Rossos, "Incompatible Allies: Greek Communism and Macedonian Nationalism", 65.

на партиско вето, грчките претставници, едноставно, го наложиле поставеното барање.[68] Посебно е важно, дека ваквото барање наишло на соодветна поддршка од П. Митровски. Ваквиот свој став го потврдил и самиот Митровски во писмо упатено до Политбирото на ЦК на ККЕ, од 19 февруари 1948 година. Во него покрај останатото тој истакнал: "Ја бранев линијата на Партијата и се борев со доследност за реализирање на истата ... Ја согледав како задолжителна потребата да се создаде нова ситуација во НОФ, да влезе нова крв, да се прероди ... Тоа не им се допадна на некои...", заради "ситни интереси, славољубие... фамилјарност и јаловиот македонизам...".[69] Сосема е разбирливо дека овој став на Митровски, предизвикал негово комплетно отуѓување од другите врвни лидери на НОФ, предводени од Керамитчиев.

Во секој случај, во моментот, била иницирана состојба, во која според извештајот на В. Николова, од 2 март 1948 година, "... Паскал [Митровски] се судри со сите кадри на НОФ, освен со неколку, кои според неговото мислење се најдобри, бидејќи се негова клика и бидејќи го прават она што ќе им рече тој".[70] Ова, секако, било сосема доволно да резултира со длабоки несогласувања среде раководството на НОФ, што, пак, од своја страна, постепено, но, сигурно ја преобразувале организацијата во лесно податлива за понатамошните интервенции и манипулации на ККЕ. Со предизвиканиот внатрешен спор, набргу било запознаено Полтбирото на ЦК на ККЕ, така што, веќе на 20-21 февруари

---

[68] Р. Кирјазовски, *Македонски национални институции*, 121. На конституивниот состанок на новиот Централен совет за членови на Извршниот одбор на НОФ, биле избрани: М. Керамитчиев, претседател, П. Митровски, секретар, В. Николова, С. Кочопулос, Т. Гушопулос, М. Малиос, В. Ничев, С. Вангелова и П. Раковски. Во Секретарјатот биле избрани и М. Керамитчиев, П. Митровски и В. Николова. (Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 220).

[69] Р. Кирјазовски, *Македонците и односите на КПЈ и КПГ*, 208.

[70] *Егејска Македонија во НОБ 1948*, т.V, 125.

1948 година, тој бил разгледуван на состанокот, одржан во седиштето на Главниот штаб на ДСЕ.

На овој состанок повиканите секретари на НОФ и АФЖ, П. Митровски и В. Николова уптиле ред критики еден кон друг. Николова го обвинила Митровски за преголеми лични амбиции, недоверлив однос кон старите раководители на НОФ, додека Митровски ја обвинил неа и другите негови опоненти за негување на антипартиски гледишта и за создавање на антипартиска фракција. В. Барџотас, политичкиот комесар на Главниот штаб на ДСЕ и генерал Маркос, кои "слушаа и понекогаш се смееја", на крајот го прифатиле предлогот на Николова, целата ситуација да биде разгледана на партиски состанок на кадрите на НОФ.[71]

Состанокот бил одржан на 27 март 1948 година. На него учествувале членовите на Извршниот одбор на НОФ, како и други македонски кадри. Со состанокот раководел В. Барџотас. Тој откако ги ислушал обвинувањата помеѓу П. Митровски и групата предводена од Керамитчиев, заклучил, дека проблемите ќе биле надминати, во оној момент "кога секој од вас ќе стане комунист". Дотогаш, според неговото мислење, единствено Партијата можела да даде реална оценка, и тоа ќе го направела во догледно време. Во оваа смисла, Барџотас, од присутните, побрал, во рок од пет дена, писмено да го изнесат "своето мислење за секој друг", и тоа не само затоа што "сите проблеми ... треба да ги знае Партијата", туку и затоа што "Патијата е најголем судија".[72] Сепак, сосема забележливо е дека Барџотас, воопшто не бил заинтересиран за надминувањето на недоразбирања во раководството на НОФ, што секако било во функција на намерите на ККЕ за воспоставување на целосната контрола врз организацијата.

---

[71] Ibid., 125-128.

[72] Ibid., 161-162.

Состанокот, како дел од дневниот ред ја имал и точката за формирање на партиска ќелија при Извршниот одбор на НОФ. При изборот за нејзин секретар, повторно дошле до израз различните ставови на поделеното раководство на НОФ, што било искористено од грчкиот претставник за наметнувањето на неговиот став. Имено, П. Митровски за секретар на партиската ќелија го преложил Кочопулос, додека неговите опоненти го предложиле Керамитчиев. Барџотас забележувајќи дека за секретар не требало да биде избран "никој од оние што се караат", го поддржал првиот предлог, со што Кочопулос бил избран за секретар на партиската ќелијата.[73]

На почетокот на април 1948 година, организацијта НОФ, била изложена на уште една жестока интервенција на ККЕ, во насока на елиминирање на стариот кадровски актив на НОФ. Со итна наредба на Главниот штаб на ДСЕ била извршена мобилизација на целиот професионален кадар на НОФ.[74] Единствено членовите на реорганизираниот Секретарјат на Централен совет на НОФ - Митровски, Кочопулос и Керамитчиев, и секретарите на окружните одбори на НОФ биле иземени од мобилизацијата.[75] Даваните објаснувања дека мобилизацијата била неопходна за пополнувањето на резервите на ДСЕ, биле сосема не одржливи. Се разбира, дека со мобилизирањето на сто или сто педесет лица, ДСЕ ни од далеку не можела да ги задоволи нејзините потреби од човечка сила.[76] Во крајна линија, ДСЕ, не го искористила прикладно ниту нивното искуство и знаење.Повеќето од нив добиле

---

[73] Ibid., 163.

[74] Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 223.

[75] За мобилизацијата и полемиката што се развила во однос на неа во Секретарјатот на НОФ, види: *Егејска Македонија во НОБ 1948*, т.V, 171-175; 214; 216-217.

[76] Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 224.

подредни функции или биле оставени на располагање.[77] Ваквата состојба предизвикала крајно негативен впечаток, кај македонските борци, директно одрзувајќи се на зголемувањето на нивната недоверба и предубедувањата. Или како што пишувала В. Николова во извештајот од 8 мај 1948 година, : "... Македонците - партизани почнаа да се разочаруваат и со кого и да прозбориш, пред се ќе слушнеш: *'Нема правина'*. Да ги слушаш најдобрите синови на нашиот народ да велат: *'Се боревме, се бориме и не не сметаат за ништо'. 'Или ќе најдеме правина или ќе бегаме"*.[78] Сепак, грчкиот партнер можел да биде сосема задоволен. Со еден потег била реализирана целта: "елиминирањето ... на старото, и според гледиштето на ККЕ националистичко и недоверливо раководство на НОФ".[79]

Состојбата во која се нашла организацијата НОФ, со можни крајни негативни последиции во однос на самиот развој на македонското нацинално-ослободително движење во егејскиот дел на Македонија, била причина, во април 1948 година, неколкумина од најистакнатите лидери на организацијата писмено да му се обратат на ЦК на КПЈ, со барање за соодветна помош. Во писмото, тие жестоко се обжалувале дека ККЕ не ги исполнила обврските што произлегувале од спогодбата за обединување од 1946 година. И покрај тоа, што во редовите на ДСЕ имало над 13 000 Македонци, односно повеќе од една третина од нејзината севкупна борбена сила, сепак, како што тврделе потписниците на писмото, Македонците насекаде биле третирани со едно "*необјасниво потценување*". Тие немале свои претставници во највисоките органи на Партијата, армијата, во Привремената демократска влада, Народната милиција, и народната власт, или во крајна линија биле поставувани на

[77] *Егејска Македонија во НОБ 1948*, т.V, 214; 217.

[78] Ibid., 217.

[79] A. Rossos. "Incompatible Allies: Greek Communism and Macedonian Nationalism", 66.

несоодветни и безначајни функции. И покрај укажувањата, оваа состојба да биде променета во интерес на борбата на македонскиот и грчкиот народ, сепак, во праксата ништо не било сторено. Спротивно, од страна на ККЕ продолжувала да се "толерира една хронична болест". "Ние како политичка организација, фактички не учествуваме во решавањето на овие проблеми и нашите предлози и мненија ... не се земаат предвид". Згора на тоа, со примената на политиката "разделај па владај", и тоа преку фаворизирањето на Македонци кои биле против НОФ, како и со поддршката на П. Митровски, кој според нив, "клевети и одобрува клевети против сите кадри на НОФ ... само и само да обезбеди негово лично постоење", ККЕ, уште повеќе ја влошила состојбата. Сето ова предизвикало незадоволство кај Македонците, проследено со опаѓање на борбениот морал, нарушување на неговото единство и единствто со грчкиот народ, и тоа на "штета на заедничката и општата борба". Токму од овие причини потписниците на писмото барале од ЦК на КПЈ да помогне во надминување на оваа ситуација, односно да се овозможи Македонците рамноправно да бидат застапени во највисоките воени органи на ДСЕ и во органите на народната власт; да се елиминира тенденцијата за издигање на одредени македонски кадри, и да се "отфрли од раководството на НОФ како штетен за целата организација и како кочница во подобрувањето на односите меѓу нас и Грците, др.[от] Паскал [Мировски]".[80]

Иако не е познато дали партиското раководство на Федерална Југославија одговорило на ова писмо, едно е сосема сигурно: КПЈ, која го иницирала формирањето на НОФ во 1945 година, и го принудила да се согласи со одредбите на спогодбата за обединување во 1946 година, во дадениот момент, веќе не била во позиција да и ја укаже потребната

[80] Писмото е потпишано од М. Керамитчиев, В. Николова, П. Раковски, В. Ајановски-Оче и И. Димовски-Гоце. ( *Егејска Македонија во НОБ 1948,* т.V, 199-203).

поддршка. Спорот, со советската комунистичка партија, во текот на пролетта 1948 година, и донесувањето на резолуцијата на Информбирото, иницирале состојба во која Тито, морал да го заштити опстанокот на сопствениот режим. Неговата долгорочна цел за обединувањето на егејскиот дел на Македонија со НР Македонија во рамките на Југославија, изгубила секакво значење. Настапувал моментот кога станувало сосема јасно дека Тито не бил подготвен да го ризикува дотогаш стекнатото заради обединувањето на Македонија. Оттука, НОФ и Македонците, морале да бидат, и биле препуштени сами на себе во решавањето на проблемите, и во крајна линија во реализирањето на поставените цели. Што е посебно важно, вака создадената констелација, се појавила како исклучително поволна можност, што му овозможила на Захаријадис. "да ја ослободи ККЕ од сенака и туторство на Тито и конечно да го доведе НОФ и македонскиот национализам во Грција под нејзина потполна контрола".[81]

Предусловите за остварување на оваа цел биле создадени на 10 јули 1948 година, кога се состанало Политбирото на ЦК на ККЕ, за да се оцени активноста на НОФ, во периодот од оддржувањето на неговиот Прв конгрес. Откако П. Митровски, единствениот присутен од раководството на НОФ, го поднел извештајот за активноста на НОФ, била усвоена резолуција, со која била упатена сериозна критика на дотогашната работа на НОФ и неговото раководство. И покрај тоа што во редовите на ДСЕ во дадениот момент имало 11 000 Македонци,[82] а македонското население активно ги помагало борците, кои војувале на планината Грамос,[83] во

---

[81] A. Rossos. "Incompatible Allies: Greek Communism and Macedonian Nationalism". 67-68.

[82] Ibid., 44. М. Керамитчиев и И. Димовски - Гоце, во писмото упатено до ЦК на ККЕ, на 2 јули 1949 година, наведуваат дека до 7 јули 1948 година, во редовите на ДСЕ имало 14 000 Македонци. ( *Еīејска Македонија во НОБ 1949*, т. VI, 321).

[83] Р. Кирјазовски, *Народноослободиīелниоīī фронīī*, 252.

резолуцијата било оценето дека раководството на НОФ не одговорило на задачите што ги поставил Првиот Конгрес: регрутирање на борци, обезбедување на соодветна материјална помош, информации, и транспорт за потребите ДСЕ; популаризирање на политиката на Привремената демократска влада и инстуцијата Народен одбор; политичко и идеолошко издигнување на народните маси. Според проценката дадена во резолуцијата, ваквата состојба се должела на непринципилелната, фракционерска и лична борба помеѓу Керамитчиев и Митровски за лидерска превласт, што довела до расцеп во раководството на НОФ и до негова поделба на две противнички групи. Следствено на тоа, Политбирото, го повикувал Централниот совет на НОФ, да се ослободи од "непоправливите фракционери", и да го поведе "НОФ по правилниот пат трасиран со политичката линија на ККЕ и решенијата на Првиот конгрес на НОФ".[84]

Сепак, треба да се потенцира, дека несогласувањата помеѓу Митровски и Керамитчиев, кои од страна на ККЕ биле оценувани, како непринципиелно и лично ривалство, имале сосема поинаква суштина. Тоа го потврдува и самиот П. Митровски, во изјавата до Политбирото на ЦК на ККЕ, од 12 април 1948 година: "... Во НОФ постои една ситуација ... која бездруго се одразува врз целото движење на македонскиот народ. Ако сакаме да ја објасниме таа ситуација, просто како личен судир, правиме грешка... Всушност се работи за две линии, што се судруваат, за две опции, за две варијанти".[85] Несомнено е дека "личната и непринципиелна борба" помеѓу Митровски и Керамитчиев, била резултат, пред се, на нивните различни ставови во однос на двете фундаментални прашања: дали ККЕ ги исполнувала одредбите од спогодбата за

---

[84] *Еѓејска Македонија во НОБ 1948*, т.V, 266-268.

[85] Р. Кирјазовски, *Македонциѿе и односиѿе на КПЈ и КПГ*, 225.

обединување,[86] и дали крајната цел на македонското ослободително движење ќе била остварувањето на"полна рамноправност во рамките на грчката држава", или остварувањето на "правото на самоопределување", кое би водело кон обединувањето на Македонија.[87]

Како и да е, на 8 август 1948 година, резолуцијата на Политбирото на ЦК на ККЕ од 10 јули, му била наложена на Првиот пленум на Централниот совет на НОФ, кој во основа бил свикан и со таа цел. Пленумот се одржал во селото Буково, Преспанско. Присуствувале триесет и два членови на Централниот совет и пет кандидати за членови на окружните одбори, како и претставниците на ККЕ, Ј. Јоанидис и М. Порфирогенис. Главниот тек на состанокот бил даден од дискусиите на Митровски и Керамитчиев. Митровски, застапувајќи ги ставовите на Партијата, настојувал да докаже дека неговите опоненти - Керамитчиев, Николова , Раковски, Димовски, и Ајановски, "водат националистичка политика"; "нивните погледи се свртени кон Скопје, а не спрема Атина" и дека "неоправдано викаат дека македонскиот народ и неговите раководители се незадоволни". Керамитчиев ја обвинил ККЕ за тоа дека "не му посветила доволно внимание на НОФ" и за водењето на "политика на потценување ... на македонските кадри". Останатите делегати со нивните дискусии се поделиле во три групи, така што, деветнаесет го поддржале Керамитчиев, шест останале неутрални и шест застанале на страната на Митровски. На крајот своето мислење го изнеле Порфирогенис и Јоанидис. Избегнувајќи да даде одговор на сите

---

[86] A. Rossos. "Incompatible Allies: Greek Communism and Macedonian Nationalism", фуснота 116, 68. Во врска со различните ставови на Митровски и Керамитчиев, во однос на ова прашање, види: *Егејска Македонија во НОБ 1948*, т.V, 228-234; 244-247; *Егејска Македонија во НОБ 1949*, т.VI, 315.

[87] Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 223; A. Rossos, "Incompatible Allies: Greek Communism and Macedonian Nationalism", фуснота 116, 68.

принципиелни прашање што произлегле од дискусиите, Порфирогенис, ја фокусирал неговата дискусијата на остри напади на Керамитчиев и неговите приврзаници. Јоанидис, ги повикал "присутните да не паѓаат под негово влијание [на Керамитчиев]" и "да се согласат со Партија", објаснувајќи дека "оние кои се свртуваат кон Скопје се кукавици, а оние кои гледаат спрема Атина се вистински борци". Потоа ја прочитал резолуцијата од 10 јули. Со содржината на резолуцијта се се согласиле четворица делегати, додека "другите ги наведнаа главите без збор". Во присуство на грчките претставници, и без процедура на гласање од Извршниот одбор на Централниот совет на НОФ, исто така, било избрано и новото раководство на НОФ. За претседател бил избран Ставрос Кочопулос, а за секретар Вангел Којчев. Со тоа осумчасовниот состанок завршил. [88] ККЕ ја постигнала нејзината цел. Организацијата НОФ, сега, била под целосна нејзина контрола, ослободена од секакво влијание на Југославија и НР Македонија.

Сепак, во присутната реалност, овој потег на ККЕ, не можел да биде ништо друго, освен уште поголемо нарушување на нејзиниот авторитет сред Македонците. Во суштина, со отстранувањето на старите раководители на НОФ, од кои повеќемина учествувале во вооружената борба од самиот почеток на Втората светска војна, и ја создале "врската помеѓу македонските селани и грчката левица", ККЕ, "ја прекинала оваа врска и ја поткопала поддршката што дотогаш ја имала од НОФ, и воопшто од Македонците".[89] Во извештајот од 25 септември, В. Ајановски - Оче, осврнувајќи се на воено-политичката ситуација во Воденскиот округ, забележувал, дека постоело назадоволство и недоверба, "како меѓу раководителите [на НОФ] и борците од ДСЕ, така и меѓу народот - кон

---

[88] *Егејска Македонија во НОБ 1948*, т.V, 305-310. За резолуцијата на Првиот поленум на НОФ, види: Ibid., 302-304.

[89] A. Rossos, "Incompatible Allies: Greek Communism and Macedonian Nationalism", 70.

демократското движење". Македонските борци говореле: "Толку години што се боревме е се за џабе не ни се признава",[90] додека меѓу народот, според Ѓорѓи Петричевски, активист на НОФ во Воденско, се слушало: "Пак не излажаа".[91]

Меѓутоа, треба да се напомене дека одредена незадоволство и конфузија, барем според, извештајот на Ајановски, во дадениот момент се појавила и од постапките на "југословенските власти", кои "од тие [Македонците] кои пребегаа во Југославија ... некои вратија назад", а истите "веднаш ги стрелаа[грчките комунисти]... Југословенските власти, освен што ги враќаат назад, на Штабот [на Кајмакчалан] му пренесуваат и тоа што ќе им го кажат дотичните". Од народот, борците и раководителите "ова се окаректиризира како антипатриотска пракса од страна на Југословените...", така што многумина веле: "...и од тука ни се пресече патот (Југославија), сега ништо не не бери [спасува]. Грците ќе не отепаат како глувци." Длабокото разочарување од севкупната ситуација се согледува и од констатацијата на Ајановски: "Никаде веќе нема право за нас борците Славомакедонците. Секаде каде си ја кажуваме болката и бараме решение на нашето прашање, дури да ни се даде правото, ни се даваат куршуми во градите".[92]

Интересно е да се одбележи дека, по одржувањето на Првиот пленум на НОФ, Митровски и другите Македонци привзаници на ККЕ, укажувајќи на опаѓањето на борбениот морал, дезертерствата, и преминувањето на Македонците во НР Македонија, практично, како причина го истакнувале истите проблеми за кои говореле и "недоверливите" раководители на НОФ.[93]

---

[90] *Егејска Македонија во НОБ 1948*, т.V, 332-333.

[91] Ibid., 376.

[92] Ibid., 333.

[93] Ibid., 345-346; 365-370.

За да сопрат ваквите алармантни тенденции, посебно кога ДСЕ се соочувала со сериозен проблем во обезбедувањето на нови резерви, потребни за запирање на офанзивата на владините сили, генералниот секретар на ККЕ, Н. Захарјадис, одлучил лично да се зафати со решавањето на "македонскиот проблем", играјќи на информбировската карта за независна Македонија.

На 5 октомври 1948 година, Захарјадис, одржал состанок со членовите на Централниот совет и окружните и реонските секретари на НОФ и АФЖ, при што признал дека за создадента "ненормалната состојба во НОФ" не биле единствено одговорни суспендираните раководители. Тој го посочил Порфирогенис, кој и покрај тоа, што бил "настроен плодотворно кон НОФ и македонскиот народ", според него се "покажал целосно неспособен за раководење со македонското прашање". Захарјадис, дури признал дека "ЦК на ККЕ е најмногу одговорен", затоа што на "македонскиот народ ... не му било овозможено она што го заслужува, да има свои претставници во Главниот штаб на ДСЕ, во ПДВ и во Управата на националн малцинства". Во оваа смисла, тој најавил дека лично ќе се заземел за елиминирање на овие неправди и дека дури ќе биле формирани "македонски единици како составен дел на ДСЕ". Воедно, што секако е мошне парадоксално, суспендираните лидери на НОФ - Керамитчиев, Димовски и Ајановски, добиле задача да извршат регрутација на борци за ДСЕ од македонската емиграција, што се наоѓала во НР Македонија. Со иста задача, во Албанија, биле упатени Т. Кочопулос-Виктор и Л. Поплазаров.[94]

Набргу, односно, во декември 1948 година, во писмото објавено во списанието *Димократикос Стратос*, орган на Главниот штаб на ДСЕ,

---

[94] *Егејска Македонија во НОБ 1949*, т.VI, 324. Види и: Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 257; A. Rossos, "Incompatible Allies: Greek Communism and Macedonian Nationalism", 71.

Захарјадис, побарал да му се "стави крај" на дискриминаторскиот однос кон Македонците во армијата, зошто, се разбира, кога ќе се поправеле "таквите сериозни грешки ... македонскиот народ ќе придонесе поцелосно во борбата". Што е посебено важно, во ова писмото, тој ја најавил и промената на партиската политика кон македонското прашање: "Денеска [на македонскиот народ] му е потребно и *боребеното единство* со грчкиот народ. Но, тоа не значи дека треба да се откаже од своите национални стремежи за една незвисна национална државност, туку напротив тоа значи унапредување на тие негови стермежи".[95] Оваа најава, во секој случај, и довела до промена на дотогашната политика на КЕЕ во однос на македонското прашање, и тоа, како што е и погоре напоменато, во јануари 1949 година, на Петтиот пленум на ЦК на ККЕ, со признавањето на правото на Македонците на самоопределување.[96] На овој Пленум, исто така било одлучено да биде наименуван македонски министер во Привремената демократска влада, и претставник во Главниот штаб на ДСЕ; да се формира македонска дивизија и посебна македонска партиска организација.[97]

По донесените одлуки на Петиот пленумот на ЦК на ККЕ, и одлуката на Вториот пленум на Централниот совет на НОФ, од 3 февруари 1949 година,[98] со која, како што е понапред споменато, се предвидувало Вториот конгрес на организацијата да ја прокламирана новата полтитичка платформа на ККЕ во однос на македонското прашање, делегација на ККЕ и НОФ, во февруари заминала за Скопје.

---

[95] *КПГ и македонското национално прашање 1918-1974*, 436.

[96] *Егејска Македонија во НОБ 1949*, т. VI, 44.

[97] Ibid., 59.

[98] Работата на Пленумот била следена од генералниот секретар на ККЕ, Н. Захарјадис. Пленумот исто така решил членството на Секретарјатот да биде проширено со вклучувањето на П. Митровски и П. Раковски. (*Егејска Македонија во НОБ 1949*, т. VI, 53).

Основната цел на делегацијата била, да го убеди македонското државно и партиско раководство да не им дава азил на македонските бегалци и дезертерите од ДСЕ, да ги врати сите бегалци, и да помогне да се изврши доброволна или присилна мобилизација од македонската емиграција што се наоѓала во Југославија.[99]

По неуспехот на разговорите во Скопје, М. Порфирогенис, министерот за правосудство во Привремената демократска влада, заминал на разговори за истите прашања во Белград, но и тука не наишол на соодветна поддршка.[100] Во суштина, овие разговори и не можеле да доведат и до никакво решение, освен да ги потенцираат непремостивите разлики, што веќе постоеле, помеѓу про-информбировски ориентираната грчка комунистичка партија и Комунистичката партија на Југославија, заедно со нејзините сојузници - суспендираните "национални лидери на НОФ".[101]

Во ваква атмосфера, во која НОФ бил доведен под целосна контрола на ККЕ, а Македонците од егејскиот дел на Македонија во комплетна резигнираност, во селото Попли (Levkon), Преспанско, на 25-26

---

[99] Било предвидено да се изврши мобилизација на 5 000 Македонци, со што во 50 проценти ќе бил реализиран планот на Главниот штаб на ДСЕ за обезбедувањето на резерви за 1949 година. (*Егејска Македонија во НОБ 1949*, т. VI, 76).

[100] За водените разговори во Скопје помеѓу претставниците на ККЕ (М. Порфирогенис, Н. Георгалис и П. Митровски, преведувач) и претставниците на македонското државно и партиско раководство (Л. Колишевски и Ц. Узуновски), види: Р. Кирјазовски, *Македонците и односите на КПЈ и КПГ*, 108-119. За разговорите помеѓу делегацијата на ККЕ и НОФ (М. Порфирогенис, П. Митровски, К. Мангов и Марика Елкова) со суспендиранито раководство на НОФ (М. Керамитчиев, И. Димовски-Гоце, В. Ајановски-Оче, и С. Вангелкова-Славјанка), види: *Егејска Македонија во НОБ 1949*, т. VI, 68-77; Р. Кирјазовски, *Македонците и односите на КПЈ и КПГ*, 119-123. За разговорите на М. Порфирогенис во Белград со југословенскиот партиски претставник К. Попивода, види: Р. Кирјазовски, *Македонците и односите на КПЈ и КПГ*, 124-127. Во текот на овие разговори К. Попивода, напоменал дека Југославија им дала азил на повеќе илјади Македонци од егејскиот дел на Македонија, но и дека 2 000 од нив биле вратени назад, односно стапиле во ДСЕ, што било помогнато од КПЈ. (Ibid., 125).

[101] A. Rossos, "Incompatible Allies: Greek Communism and Macedonian Nationalism", фуснота, 125, 71.

март 1949 година, бил одржан Вториот конгрес на НОФ. На Конгресот учествувале седумстотини делегати - членови на НОФ, потоа претставници од македонските политички бегалци од Албанија, претставници на ККЕ и ДСЕ и делегација од пиринскиот дел на Македонија.[102] Декларирајќи се како воен организатор на победата, Конгресот ја истакнал решеноста за уште помасовна и порешителна борба "за ПОБЕДА на демократијата и независноста на земјата", и во оваа смисла повикал на целосно борбено единство на Македонците, како и на нивно борбено единството со грчкиот народ". Исто така, повикал и на зацврстувањето на "идеолошкото, политичкото и организационото единство на НОФ, и прераснувањето на НОФ во "еден сенационален борбрн фронт", кој ќе ги "активира ... и најодалечените маси" од македонскиот народ. Конгресот, воедно ги осудил и ги прогласил за предавници сите оние кои вршеле "завера, организираат дезертерства и разединување" во редовите на НОФ, како и сите оние што биле привлечени од нивното делување и тргнале "по лесниот пат на бегството и дезертеството".[103] Во суштина, обвинувањата биле упатени на раководителите на НОФ, коишто се наоѓале во НР Македонија, и не се согласувале со политиката на Захарјадис кон македонското прашање и кон Југославија.[104]

Што се однесува до задачата на Конгресот да ја прокламира новата политичка линија на ККЕ во однос на македонското прашање, таа била прокламирана, но во едно видно изменета форма, од онаа што била најавена на Вториот пленум на НОФ. Во Конгресната прокламација било истакнато: "Македонскиот народ, со неговата борба и жртви, со

---

[102] *Егејска Македонија во НОБ 1949*, т. VI, 155. Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 287.

[103] Ibid., 155-157.

[104] Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 288.

досегашните придобивки, го прокламира денеска своето решение да се бори за негово нацоинално ослободување, за реализирањето на слободниот национален државен живот како што сака самиот тој".[105] Како што е и понапред споменато, ваквата формулација се должела на извесното повлекување на Захарјадис, по реакциите што уследиле од страна грчката влада и Соединетите Американски Држави, во однос на ставот на ККЕ за создавање на независна македонска држава.

По одржувањето на Вториот конгрес на НОФ, Захарјадис започнал со реализирањето на предходно дадените ветувања. На 27 март 1949 година, 163 македонски коминисти - делегирани од Вториот конгрес на НОФ, во присуство на Захарјадис, донеле одлука за формирање на Комунистичката организација на Егејска Македонија (КОЕМ).[106] Новоформираната организација требала да претставува "организатор и раководител на НОФ", но, "како самостојна и самобитна партиска организациона и политичка единица припаѓа кон ККЕ".[107] Првата конференција на КОЕМ, била одржана на 2 август 1949 година, на денот на Илинденското востание.[108] Присуствувале седумдесет и пет делегати, како и претставници на ККЕ и нејзиниот генерален секретар, Захарјадис.[109] Во усвоената релозолуција, КОЕМ ја декларирала решеноста "да ја продолжи со уште поголем интензитет... борбата што ја водат" македонскиот и грчкиот народ, и повикала на зацврстување на нивното борбнено единство, како резултат на што ќе се извојувала "националната слобода на нашиот [македонскиот] народ".[110] Сепак,

---

[105] *Еѓејска Македонија во НОБ 1949*, т. VI, 156.

[106] Ibid., 172.

[107] Ibid., 176.

[108] Ibid., 400

[109] Р. Кирјазовски, *Македонски национални институции*, 168.

[110] *Еѓејска Македонија во НОБ 1949*, т. VI, 401-404.

немало простор за реализирањето на декларираните начела. Набргу по одржувањето на конференцијата, во втората половина на август 1949 година, уследил воениот пораз на ДСЕ, со што завршило и делувањето и самото постоење на КОЕМ.[111]

Во меѓувреме, односно на 1 април 1949 година, Извршниот одбор на Централниот совет на НОФ, на првата седница одржана по Вториот конгрес извршил избор на негово Претседателство. На иницијатива на Захарјадис за претседател, односно лидер на НОФ, повторно бил наименуван П. Митровски.[112] Исто така, на негова иницијатива, Централниот совет на НОФ на истата седница, одлучил да се обнови организацијата НОМС,[113] како посебна македонска младинска организација, што било сторено на 6 мај 1949 година.[114] На 3 април, со реорганизирањето на Привремената демократска влада, П. Митровски бил наименуван и за министер за снабдување, додека В. Којчев бил именуван за член на реорганизираниот Виш воен совет на ДСЕ.[115] И покрај ветувањата на Захарјадис, сепак, посебни македонски единици не биле формирани.[116]

Во секој случај, во дадениот историски момент, новиот политички курс на ККЕ кон македонското прашање, не претствувал ништо друго освен краткорочно пропагандно и тактичко делување, како интегрален дел од информбировската кампања против Југославија. Со преземените политички чекори, ККЕ настојувала ги постигне следните цели: "да ги

---

[111] Р. Кирјазовски, *Македонски национални институции*, 169.

[112] За потпретседател на Претседателството била избрана В. Николова, за секретар М. Малиос, и за членови П. Раковски и В. Којчев. (*Егејска Македонија во НОБ 1949*, т. VI, 184-185).

[113] Ibid., 185.

[114] Ibid., 247-248.

[115] Ibid., 192-193.

[116] Р. Кирјазовски, *Македонски национални институции*, 326.

лиши Тито и Југославија од иницијативата за македонското прашање, што ја стекнале и имале од 1943 година, кога им ветиле на Македонците еднаквост и статус на нација во Федерална Југославија; да ги насочи Македонците во сите трите дела на Македонија, вклучувајќи ја и НР Македонија, против Тито и југословенскиот став за македонското прашање; да ја дескредитира старата гарда на НОФ, која била про-југословенска, и ја сметала Македонската република како "Пиемонт" на македонското обединување, и да ја присили да се врати назад во преградките на ККЕ; и на крајот да мобилизира дури и поголем број на Македонци за борбата".[117]

Сепак, новиот курс на ККЕ, како инструмент на анти-југословенската кампања на Информбирото не успеал. Македонците во Југославија не истапиле против Тито, а и самата Југославија ги издржала сите притисоци на Москва. ККЕ не успеала да ги привлече и врати суспендираните раководители на НОФ, кои се наоѓале во НР Македонија, ниту да ги убеди Македонците кои пребегале или дезертирале во НР Македонија, да стапат во редовите на ДСЕ. Новиот полтички курс, во контекстот на времето, единствено, предизвикал нови поделби, и нараснување на постоечкта деморализација и конфузија.[118] За време на кусиот претстојот во Скопје, во април 1949 година, П. Раковски и В. Николова, "вонредно" се состанале со некои од поранешните раководители на НОФ. Притоа, Раковски, им предочил дека "...состојбата долу [во егејскиот дел на Македонија] не е толку добра, односите не се добри помеѓу кадрите на НОФ и Грците, како и меѓу старите и новите кадри на НОФ". Николова, пак, му се доверила на В. Ајановски-Оче дека "ККЕ повторно почна да ја спроведува својата расцепничка политика

[117] A. Rossos, "Incompatible Allies: Greek Communism and Macedonian Nationalism", 74.

[118] Ibid., 75.

помеѓу кадрите на НОФ", дека "денеска во НОФ постојат три фракции, една на Паскал [Митровски], друга на Раковски и трета на Којчев", и дека "ККЕ повторно подготвува нешто против НОФ".[119]

Во секој случај, како краткорочна и за една употреба, паролта на ККЕ за самопределување на Македонците, била напуштена на Шестиот пленум на ЦК на ККЕ, одржан на 9 октомври 1949 година, односно по завршувањето на Граѓанската војна. Образложувајќи го ваквото решение, В. Барџотас, помеѓу останатото истакнал: "Таа парола се исфрли во еден непогоден момент и тоа го сторивме за да им се спротиставиме на разбивачките акции на Титовата клика и на нејзините агенти и да го привлечеме повеќе Славомакедонскиот народ во вооружената борба - до победата". Меѓутоа, "денеска ситуацијата се измени и се наложува повторно да ја разгледаме таа парола. Сталин не учи, дека националното прашање се потчинува на поопштите интереси на Партијата. Тоа треба да стане и кај нас денес. Треба да се вратиме на *паролата на национална рамноправност* што ја фрли VI конгрес на ККЕ ".[120]

Паролите од едни или други причини се прогласуваат и се повлекуваат, но за историјата остнуваат фактите, што зборуваат за самите резултати. Во овој случај, покрај останатото, фактите говорат, и за тоа, дека веднаш по прогласувањето на паролата за смоопределување на Македонците, само во западниот дел на Егејска Македонија, грчките власти затвориле и интернирале повеќе од 3 500 Македонци. Од преките воени судови биле изречени и повеќе од 2 000 смртни пресуди, затоа што при судењето дисциплинираните комунисти (Македонци и Грци) на

---

[119] Состанокот се одржал ноќта на 12-13 април. Покрај П. Раковски и В. Николова, присуствувале и Тане Наумов, секретар на Леринскиот окружен одбор на НОФ, М. Керамитчиев, И. Димовски-Гоце и С Вангелова. ( *Егејска Македонија во НОБ 1949*, т. VI, 229-234).

[120] Ibid., 450-451.

поставеното прашање "дали се согласуваш со ставот на Партијата по македонското прашање", одговарале потврдно. [121]

И покрај се, Мекедонците, кои во средината на 1949 година, сочинувале дури и повеќе од половина борбениот состав на Демократската армија, ја продлжиле борбата до нејзиниот крај. Сепак, останува впечатокот дека и немале друг избор. Во текот на последните битки на планините Вичо и Грамос, југословенската граница била затворена, но, исто така, од другата страна, и тоа уште порано, од ДСЕ бил затворен единствениот пат, што овозможувал спас во НР Македонија.[122] Во вакви услови, тие, едноставно, биле принудени на борба до смрт.

### 3. *Крајот на една илузија*

Развојот на воените операции во текот на 1947 година, допринел во почетокот на 1948 година, Демократската армија и грчките владини сили, да бидат доведени во "воена пат позиција". Создадена е состојба која од двете страни била искористена за забрзани подготовки за преземање на одлучувачки воени дејствија, а во функција на дефинитивно решавање на отворените политички прашања.

Грчката влада, значително охрабрена од неуспехот на ДСЕ, во нејзиниот обид да го освои градот Коница, како и од сестраната поткрепа на Соединетите Американски Држави, предвидувала во текот на 1948 година да и стави крај на "третата рунда" на Граѓанската војна. Во суштина, во оваа насока биле преземени сите неопходни мерки. Бројниот состав на грчките вооружени сили до крајот на годината бил зголемен на

---

[121] Р. Кирјазовски, *Македонците и односите на КПЈ и КПГ*, 107.

[122] A. Rossos. "Incompatible Allies: Greek Communism and Macedonian Nationalism". 75.

вкупно 242 000 војници од сите родови.[123] Во исто време, односно до септември 1948 година, Соединетите Американски Држави на Грција и испорачале 140 авиони, 3 890 топови и минофрлачи, 97 000 пушки и 10 000 возила и камиони.[124] На 7 февруари 1948 година, американскиот генерал-поручник Џејмс А. Ван Флит, ја презел командата на ЏУСМАПГ, а една недела подоцна, заедно со шефот на британската воена мисија, генерал-мајорот Ролингс, биле приклучени кон Грчкиот нацинален совет за одбрана.[125] Освен тоа, во Грција биле присутни 250 американски офицери, од кои преку педесет биле припоени кон грчкиот Генерален штаб.[126] Британската воена мисија ја задржала одговорноста за обуката и организирањето на грчките вооружените сили, додека Американците ја презеле одговорноста околу укажувањето на оперативни совети за успешното изведување на воените операции и соодветното екипирање на армијата.[127] Едновремено, била извршена и реорганизација на Грчката национална армија (ГНА) за нејзино поефикасно делување, додека грчката влада во рамките на граѓанската сфера презела жестоки акции за казнување на сите оние кои биле осомничени за помагање на герилските сили.[128] На овој начин биле создадени сите предуслови за реализирање на воениот план на грчкиот Генерален штаб, кој предвидувал систематско настапување на грчкита армија од Атика кон северните делови на земјата, разбивање на единиците на Демократската армија во позадината, и

---

[123] PRO FO 371/72251/R 14157/31/G, From B.J.S.M. Washington to Ministry of Defense, London, 16th December, 1948.

[124] B. Jelavich, *History of the Balkans*, vol. 2, 311.

[125] E. O'Ballance, *The Greek Civil War*, 166.

[126] E. Averoff - Tossizza, *By Fire and Axe*, 267.

[127] PRO FO 371/78481/R 3413/1201/19G, Integration of U.K. and U.S. Military Missions in Greece, Minute Peack, 24th March, 1949.

[128] E. O'Ballance, *The Greek Civil War*, 166-167.

уништување на нејзините главни сили на планината Грамос. Почеткот на воените операции бил предвиден за пролетта 1948 година.[129]

Од друга страна, и Демократската армија ги вршела неопходните подготовки за проширување на воените операции во позадината на владините војски.[130] Сепак, веднаш треба да се констатира, дека таа согласно расположивите човечки ресурси и воени сретства ни од далеку не била во можност да одговори на претстојните воени предизвици. Имено, според британски податоци во почетокот на 1948 година, ДСЕ броела од 20 000 - 30 000 војници.[131] Кон ова треба да се додаде дека Демократската армија, се соочувала и со проблемот на обезбедувањето на борбена сила. Фактички, и во периодот што следел, таа, не успеала во борбата масовно и доброволно да го вклучи ниту селанството, ниту пак, населението од градовите.[132] Освен тоа, воената и материјална помош, што и ја укажувале балканските народи,[133] и пред се Југословените, во

---

[129] T. D. Sfikas. *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 221.

[130] Ар. Улунян, *Коммунистическая Партия Греции*, 213.

[131] PRO FO 371/72241 R 4402, The Military Situation in Greece, 23th March, 1948.

[132] "Генерал" Маркос подоцна изјавил дека до средината на 1947 деведесет проценти од борците на ДСЕ биле мобилизирани насилно. A. E. Laiou, ја доведува во прашање веродостојноста на овва изјава со оглед на околностие во кои била дадена. (Види: B. Jelavich, *History of the Balkans*, vol. 2, 312; A. E. Laiou, "Population Movements in the Greek Countryside During the Civil War", *Studies in the History of the Greek Civil War*, 59) . На 30 март 1948 година Политбирото на ЦК на ККЕ упатило отворено писмо до партиските ченови во Атина, Иреја, Солун и другите поголеми градови, во кое биле изнесени претстојните задачи за успешно организирање на борбата: масовен егзодус на градското население во планините; секој член на ККЕ, што ќе останел во градовите да организира мали, но, моќни саботажни групи; Комунистичката организација во Атина (КОА) до крајот на 1948 година да организира две комлетни работнички бригади, кои би и биле на располагање на ДСЕ. Сепак, поставените задачи не биле реализирани, заради што била донесена и одлука за распуштање на КОА. (King's Golledge, Liddell Hart Center for Military Archives, London, Woodhouse Papers, 2/3).

[133] До 1 јуни 1948 година, во Југославија за ДСЕ пристигнала помош од Романија (оружје, храна и облека) и Унгарија (воглавно храна, санитетски материјал и облека). Исто така одредена помош пристигнала и од Полска (оружје и облека). Види: Р. Кирјазовски, *Македонците во односите на КПЈ и КПГ*, 269-272. Што се однесува до помошта за ДСЕ од Бугарија, V. Dedijer наведува дека таа можеби и испорачувала храна и санитетски материјал, но не и оружје. Наспроти ваквото тврдење, во трудот на Р.

никој случај не можела да го постигне квантитетот и квалитетот на помошта што можеле Соединетите Американски Држави да им ја упатат на грчките владини војски.

Уште поважно, од крајот на 1947 и почетокот на 1948 година, се појавиле и првите знаци на взаемно несогласување, и тоа помеѓу комадантот на Демократската Армија, Маркос, и генералниот секретар на ККЕ, Захарјадис. На 2 декември 1947 година, на состанокот на Полибирото на ЦК на ККЕ, одржан на планината Вичо, во присуство на Јоанидис, Барџотас, Маркос и ред команданти на регионалните групи на ДСЕ, Захарјадис го обвинил Маркос, дека бројниот состав на Демократската армија што го презентирал на Третиот пленум, не одговарал на реалната состојба, односно дека изнесувал само 18 000 војници.[134] Во исто време Захарјадис побарал до март 1948 година, да биде формирана петнаесетилјадна "стратегиска резерва", по пат на концентрирање на дел од силите на ДСЕ во едно од нејзините упоришта, на што се спротиставил Маркос. Тој сметал дека, во постоечките услови на општ недостаток на борбена сила со дислоцирањето на силите на ДСЕ од еден регион во друг не можел да се реши проблемот на создавање на резерви, и целиот план го оценил како неоснован.[135]

Овој прв нивен конфликт, бил проследен и со несогласувањата во однос на понатамошната стратегија и тактика на вооружената борба, која била разгледувана на советувањето на военото и политичкото раководство, одржано на 15 јануари 1948 година на планината Вичо.

---

Кирјазовски е презениран список за упатената помош од Бугарија, од кој се согледува дека покрај санитетски матерјал, облека и храна било испорачано и оружје. (Види: V. Dedijer, *Novi prilozi*, 267; Р. Кирјазовски, *Македонците во односите на КПЈ и КПГ*, 272-273).

[134] Ар. Улунян, *Коммунистическая Партия Греции*, 204-205; T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 211.

[135] Г. Д. Кирьякидис, *Гражданская война в Греции 1946-1949* (Москва: Наука, 1972), 277.

Додека Захарјадис инсистирал на реорганизирањето на Демократската армија од герилска во регуларна, како и на примената на фронталната борба - концентрирање на главните сили на ДСЕ во регионот на Воијо - Грамос - Вичо, како и активна одбрана со цел да се исцрпеле противничките војски и преминување во контраофанзива до нивно уништување, Маркос, оценувал дека Демократската армија не требала да отстапи од дотогашната тактика на герилско делување. Иако, подоцнежниот тек на настаните покажал дека Маркос бил во право, во тогашнот момент преовладало мислењето на полтичкото раководство предводено од Захаријадис. [136]

Во секој случај, треба да се напомене дека како дел од глобалната воена стратегија и на двете страни била присутна и масовната евакуација на населението, при што, треба да се потенцира дека таа најпрвин била применета од страна на грчката влада, и била далеку поголема од онаа што ја спровеле ККЕ/ДСЕ. До почетокот на 1949 година, со цел да го отежни регрутирањето на нови борци и да ја лиши ДСЕ од изворите за обезбедување на храна, грчката влада, евакуирала 700 000 лица, од кои 450 000 биле од Северна Грција, односно егејскиот дел на Македонија.[137]

Во овој контекст, сепак, пособено внимание привлекува прашањето за масовната евакуација, и тоа, на оние најмалдите и најнезаштитените, односно децата. Имено, и покрај тоа што и двете страни, а посебно грчките комунисти го истакнувале нејзиниот хуманитарниот аспект, забележливо е дека постоеле и други мотиви за нејзиното извршување.[138]

---

[136] Ibid., 286-287.

[137] B. Jelavich, *History of the Balkans*, vol. 2, 313; Р. Кирјазовски, *Правнаша дискриминација на големо-грчкаша йолишика*, 71. Поопширно: A. E. Laiou, "Population Movements", 55-103.

[138] За евакуацијата на децата во земјите на "народната демократија"(вкупен број во секоја земја, сместување, едукација), и реакциите предизвикани сред грчката јавност и меѓународните фактори, поопширно во: PRO FO 371/78361 R 1789/10111/19, The Problem of Displaced Greek Children, The General Assembly Resolution, January 28, 1949; Р. Кирјазовски,

Грчката кралица Фредерика, во нејзините мемоари, многу отворено ја изнела суштината на владиниот проект за евакуирањето на децата: "... да се спасат нашите деца во северните провинции од префрлањето преку граница, и од тоа да бидат едуцирани како непријатели на земјата" односно "да се најдат ... и да се однесат пред тоа да го сторат комунистите".[139] Фактички, на нејзина иницијатива, 14 000 македонски и грчки деца, од Северна Грција, односно егејскиот дел на Македонија,[140] биле префрлени во специјалните центри, т. н. "Кампови на кралицата", каде покрај останатото биле воспитувани во духот на "националната идеологија".[141] Помал дел од овие деца, воглавно сирачиња биле евакуирани уште во 1947 година, а останатите во 1948 година.[142]

Што се однесува до мотивот на грчките комунисти за евакуацијата на децата од воено загрозените подрачја, може да се констатира дека бил со долгорочна цел, и во непосредна корелација со потребата за обезбедувањето на резервини сили за борбата, за која, тие во 1948 година, најверојатно сметале дека ќе трае многу подолго. Дека зад хуманоста на евакуацијата стеоел наведениот мотив, секако најдобра потврда е тоа, што во почетокот на 1949 година, од евакуираните деца во Романија, една група од 120 деца на возраст од 14 до 15 години, била префрлена на

---

"Документи за егзодусот на децата од егејскиот дел на Македонија", *Историја*, XXIII/1-2 (Skopje: Институт за историја при Филозофскиот факултет, Сојуз на друштвата на историчарите, 1987), 175-198; L. Boerentzen, "The 'Paidomazoma' and the Queen's camps", *Studies in the History of the Greek Civil War*, 127- 157; Y. D. Stefanidis, "From Cold War polemics to Nationalist propaganda the former 'Refugee' children from Greece and the Yugoslav connection", *Makedoniki zoi*, no.326, July 1993; Ф. Мартинова-Буцкова, *И ние сме деца на мајката земја...*(Скопје: Здружение на децата-бегалци од егејскиот дел на македонија, 1998).

[139] Цитирано според: L. Boerentzen, "The 'Paidomazoma", 127. Мемоарите на кралицата Фредерика, што ги користи авторот, насловени се како "*A Measure of Understending*".

[140] Ф. Мартинова-Буцкова, *И ние сме деца*, 50.

[141] Y. D. Stefanidis, "Macedonia",18.

[142] PRO FO 371/78361 R 1789/1011/19, Memorandum, Subject: Refugee children Cared for by Queen's Fund, December 12, 1948.

"слободната територија" и распоредена по разните воени единици на ДСЕ. Мобилизацијата на децата, фактички, организирано се вршела и во другите земји, преку претставништвата на ККЕ. Дури во мај 1949 година, како резултат на реакциите на меѓународните фактори и жалбите на мајките до ПДВ и Главниот Штаб на ДСЕ, ККЕ издала наредба за враќање на мобилизираните деца во соодветните детски домови во земјите на "народната демократија".[143]

Инаку, евакуацијата на децата, извршена од страна на грчките комунисти, започнала во пролетта 1948 година, и траела, се до крајот на годината. Во овој временски период, од Западна и Источна Македонија, Тракија и Епир, во земјите на Источниот блок, вклучувајќи ги и Југославија и Албанија, биле префрлени од 28 000 до 30 000 македонски и грчки деца.[144]

Задржувајќи се, на воените операции, може да се забележи дека во првите три месеци од 1948 година, имало само повремени воени судири помеѓу Демократската армија и Грчката национална армија, и тоа посебно во пограничните области. Дејствијата на ДСЕ во овој период биле концентрирани на уништувањето на комуникациите, со цел да се изолираат гарнизоните на ГНА во градовите, но исто така, во еден широк регион биле продолжени нападите на селата и помалите градови. Овие напади, пред се, биле во функција на насилното регрутирање, предизвикување на страв и несигурност среде населениото и создавање на впечаток дека владините сили не биле во состојба да ги заштитат.[145] Составен дел на овие операции биле и нападите на поголемите урбаните

[143] Ф. Мартинова-Буцкова, *И ние сме деца*, 72-75.

[144] Ibid., 25, 33.

[145] E. O'Ballance, *The Greek Civil War*, 163-164.

центри. Така, во текот на ноќта на 10/11 февруари, Солун бил изложен на артилериски напад, иако силите на ДСЕ не успеале да влезат во градот.[146]

Што се однесува до Грчката национална армија, таа под американска иницијатива, презела воени дејствија во планинските области (Вермион (Каракамен Планина) Кајмакчалан, Олим-Пиерија), кои, воглавно, биле сосема успешни.[147] Следела реализацијата на планираната пролеттната офанзива, позната по кодиранот назив "Dawn".

Основната цел на оваа, прва заеднички испланирана американско-британска-грчка операција била ликвидирањето на герилските сили на ДСЕ (околу 2 500) во областа Румели. Операцијата "Dawn" започнала на 15 април, и траела се до 5 мај 1948 година.[148] И покрај нерамномерниот соодност на силите, од 10:1 во полза на владините војски, и појавата на дезертерство во редовите на ДСЕ, сепак, во текот на операцијата, целосната елиминацијата на герилците не била остварена. Нивниот главен дел успеал да се повлече на север, и на тој начин да го избегне целосното уништување.[149] Во секој случај, британското министерство за војна ја оценило операцијата како многу успешна.[150]

Во овој период, особен интерес кај англо-американската дипломатија и грчката влада, предизвикала изјавата на Привремената демократска влада, пренесена преку востаничкото радио "Слободна Грција" на 31 мај 1948 година, со следната содржина: "Привремената демократска влада на Грција е секогаш подготвена да ја прифати и да ја

---

146 E. Averoff - Tossizza, *By Fire and Axe*, 256; Y. D. Stefanidis, "Macedonia", 19.

147 Поопширно: PRO FO 371/72211 R 4334/11/19, Bandit War in Greece, Consul-general Knight to Mr. Bevin, 6 th April, 1948.

148 PRO WO 202/982, Progress Report No. 35 on the Greek National Army for the period 21Feb. to May 1948.

149 T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 221.

150 PRO WO 202/982, Progress Report No. 35 on the Greek National Army for the period 21Feb. to May 1948.

потикне секоја иницијатива од било која страна, која би била насочена кон тоа да и помогне на Грција да постигне внатрешен мир, под еден услов: Дека демократскиот живот на народот ќе биде безрезервно обезбеден, дека националната автономија и независност ќе биде обезбедена без било какво надворешно мешање, и дека народот самостојно и слободно ќе може да одлучува за неговата иднина. Во оваа насока Привремената демократска влада е подготвена да ја направи секоја отстапка, која ја дозволуваат националните и народните интереси... Народното демократско движење, - се вели понатаму во изјавата - во нашата земја никогаш немаше за цел, а ниту сега има за цел да постигне насилна и целосна доминација. Тоа е секогаш подготвено да разговара за било кој предлог за доброто на народот и татковината".[151]

Забелешките на американската амбасада дека во оваа изјава се содржани навредливи зборови допринело на 2 јули, ПДК да издаде уште една, значително поблага изјава, која во суштина немала никаков ефект. Јазот на меѓусебната недоверба бил толку голем, што овие изјави само го зголемиле сомнението кон искрените намери на Привремената демократска влада. Според зборовите на вршителот на работите во американската амбасада во Атина, К. Ранкин, ваквиот потег претставувал само вовед за советска интервеницијa во Обединетите нациии, во правец на прекинување на непријателствата, со што фактички би се реализирало советското настојување да се избегне брзиот пораз на ККЕ. Токму од тие причини тој инсистирал Вашингтон да даде повторно уверување дека "нема намера да отстапи од потврдениот курс". Во исто време, шефот на АМАГ, Д. Грисволд, оценувал дека "не треба да има контакти помеѓу грчката влада и ПДК ´билатерално или на меѓународно ниво". За британскиот амбасадор во Атина, Нортон, основната цел на понудените

---

[151] Цитирано според: T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 222.

предлози била намерата на комунистите да создадат впечаток дека една прифатлива понуда била одбиена.[152] Воедно, шефот на Југоисточниот оддел на Форин офис, Валингер, тврдел дека имало само два начини за постигнување на договор во Грција: "Првиот е да се убеди Кремљ да ја сопре помошта на востаниците, така што Грчката национална армија би можела да се бори без туѓа помош; вториот, западните сојузници да испорачаат доволно сили со што би се овозможило грчката команда да го ликвидира востанието...Сигурен сум дека не можеме да го заплашиме Сталин да отстапи од неговата грчка политика без да го убедиме дека навистина имаме намера да употребиме сила за да се стави крај на грчкото востание, доколку тоа не може да биде сторено со преговори"- констатирал Валингер.[153]

Од друга страна, грчката влада, длабоко убедена дека предлозите на ККЕ имале за цел да се добие во време, изјавила дека "никакви разговори не биле можни со комунистите, чиишто единствен избор бил помеѓу предавањето и елиминацијата".[154] Иако со сигурност не може да се говори за тоа од што биле мотивирани предлозите на ПДК, сепак, може да се констатира дека тие биле во склад со однапред зацртаната двојна стратегија на ККЕ.

Во текот на јули, ПДВ повторно ја изразила нејзината подготвеност "да прифати било каков достоен демоктратски договор, што можел да и донесе мир и спокојство на Грција". Меѓутоа, грчката влада и сите опозициони партии биле единствени "во одбивањето на било каква идеја за преговори со Маркос", што секако било во врска и со предвиденото отпочнување на најголемата дотогаш офанзива на владините сили против

---

[152] Ibid., 222-223.

[153] PRO FO 371/ 72243 R 7560/31/G, Minute by Waalinger, 24 May, 1948.

[154] T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 223.

Демократската армија.[155] Во суштина, следело реализирањето на операцијата наречена "Crown",[156] која зпочнала ноќта на 15-16 на јуни 1948 година,[157] со основна цел да се уништат герилските формации и нивните главни упоришта на планината Грамос, и да се востановат силите на ГНА, со што би се спречило повторното продирање на ДСЕ во оваа област.[158] Во операцијата учествувале шест дивизии на Грчката националната армија, со вкупна јачина од околу 80 000 војници,[159] додека во одбраната на позициите на ДСЕ учествувале седум бригади,[160] сочинети од 10 500 борци.[161] Треба да се напомене дека во текот на воените операции од страна на владинита авијација за прв пат биле употребени и американски напалм бомби.[162]

Операцијата "Crown", завршила на 22 август 1948 година,[163] со расчистувањето и освојувањето на подрачјето на Грамос, од страна на владините војски, но "целта - како што констатирало британското

---

[155] PRO FO 371/72362 MA/1070/3, Monthly Intelligence Review, Greece, 27 Jul 1948.

[156] Поопширно: Ibid.; PRO WO 202/984, Quarterly Historical Report of the Headquarters British Military Mission to Greece for the Quarter ending 31 December, 1948, 23 February, 1949; E. O'Ballance, *The Greek Civil War*, 170-173; Г. Д. Кирьякидис, *Гражданская война в Греции*, 302-316; E. Averoff - Tossizza, *By Fire and Axe*, 280-292.

[157] Ibid. Во достапнта литература е наведено дека операцијата започнала на 14, односно 14-15 јуни. (E. Averoff - Tossizza, *By Fire and Axe*, 280; *H Trihroni epopia tou Demoktatikou Stratou Elladas* (Athina: Sinhroni epohi, 1998, 371).

[158] Ibid.; PRO WO 202/984, Quarterly Historical Report, 23 February, 1949.

[159] Y. D. Stefanidis, "Macedonia", 19. Во однос на бројниот состав на ГНА во достапната литературата се презентирани различни податоци. Според E. O'Ballance и E. Averoff - Tossizza во реализирањето операцијата "Crown" учествувале 40 000 припадници на ГНА, според Г. Д. Кирьякидис 90 000, а според D. H. Close 50 000. (E. O'Ballance, *The Greek Civil War*, 170; Г. Д. Кирьякидис, *Гражданская война в Греции*, 303; E. Averoff - Tossizza, *By Fire and Axe*, 282; D. H. Close, *The Origins of the Greek Civil War*, 217.

[160] Ibid.

[161] PRO WO 202/984, Quarterly Historical Report, 23 February, 1949.

[162] PRO FO 371/72362 MA/1070/3, Monthly Intelligence Review, Greece, 27 Jul 1948; E. O'Ballance, *The Greek Civil War*, 171.

[163] Според податоци од литературата операцијата завршила на 20-21 август. (*H Trihroni epopia tou Demoktatikou Stratou Elladas*, 376).

министерство за војна - била само делумно постигната".[164] Ноќта на 20-21 август, силите на ДСЕ на Грамос, од вкупно 8 500 герилци,[165] со вешт маневар успеале да "преминат во Албанија и повторно да се вратат на грчка териотрија во секторот на Вичо, запдано и југозападно од Florina (Лерин)", така што и грчкиот Генерален штаб морал да го потенцира фактот дека "војната против вооружените групи не завршила со завршувањето на операцијата 'Crown".[166] Што е посебно важно, по завршувањето на операцијата, британските воени експерти можеле исто така да констатираат, дека "не се остварило и предвидувањето албанската влада да го спречи повлекувањето на ДСЕ преку границата или да го изврши нивното разоружување;[167] да се прекине снабдувањето од соседните држави, како и да се скрши моралот на Главниот штаб на ДСЕ".[168] Сепак, треба да се напомене дека во текот на оваа офанзива на ГНА, Демократската армија претрпела тешки загуби. Според британски проценки 2 500 нејзини припадници биле убиени, 3 200 биле ранети, 416 заробени, додека 635 се предале.[169] Меѓутоа, може да се забележи, дека сериозни биле и загубите на Грчката национална армија. Бројот на

---

[164] PRO WO 202/984, Quarterly Historical Report, 23 February, 1949.

[165] T. D. Sfikas. *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 227.

[166] PRO WO 202/984, Quarterly Historical Report, 23 February, 1949.

[167] На 13 септември 1948 година францускиот министер во Тирана, од името на француската, американската и британската влада и упатил демарш на албанската влада, обрнувајќи и внимание на нејзините меѓунардни обврски "да ги разоружи и да ги интернира Маркосовите востаници, кои преминале на албанска територија". Воедно и било сугерирано да ја прифати контролата на нејзината граница со Грција од страна на УНСКОБ. Во одговорот даден на 20 септември, албанската влада го оспорила правото на трите сили да и упатуваат демарш од ваков тип, докажувајќи дека Албанија во основа ги исполнувала нејзините обврски според меѓународното право. Воедно таа изјавила дека Специјалниот комитет само ја влошувал ситуацијата на албанската граница, за која таа била подготевена директно да разговара со грчката влада. (PRO FO 371/72277 R 11435/31/19, From FO Minute Wallinger, 24th September, 1948).

[168] PRO FO 371/72362 MA/1070/3, Monthly Intelligence Review, Greece, 27 Jul 1948.

[169] PRO WO 202/984, Quarterly Historical Report, 23 February, 1949.

убиените на крајот на операцијата, според британски информации, ја достигнал цифрата од 1063, додека на ранетите 3883. Со исчезнатите 92 лица, вкупниот број на жртвите на ГНА, и тоа смо од редовите на пешадијата, изнесувал 5 038 војници.[170]

И покрај настојувањата, крајната цел на Грчката национална армија - опкружување и уништување на главните сили на ДСЕ, не била реализирана ниту до крајот на 1948 година. Веднаш по завршувањето на операцијата "Crown", ГНА презела воени дејствија во подрачјето на планината Вичо, но по успешната одбрана, Демократската армија на 10 септември преминала во контра-напад, принудувајќи ги владините војски да ги напуштат позициите што ги имале окупирано во текот на повеќе од два месеци војување.[171] ДСЕ успеала да ја пробие фронтовската линија на владините војски се до градот Костур, заканувајќи се и со освојувањето на овој град.[172] Исто така и воените операции на Националната армија, што отпочнале на 11 септември во подрачјето на планинскот масив Мургана во Епир, не ги дале очекуваните резултати. Поголемиот дел од силте на ДСЕ го избегнале окружувањето и успеале да се повлечат од оваа област.[173] Како резултат на ваквиот развој на воената ситуација, Грчката национална армија повторно била доведена во положба на одбрана, додека Демократската армија, во текот на зимата 1948-1949 година, ја презела иницијативата во повеќе области.

Во меѓувреме, потребно е да се напомене дека започнатиот судир помеѓу М. Вафијадис и Н. Захаријадис, резултирал со промени во врвот на Демократската армија. Имено, на 25 август, на инсистирање Н. Захарјадис, со тајна одлука на Политбирото на ЦК на ККЕ, "генерал

---

[170] PRO FO 371/72362 MA/1070/3, Monthly Intelligence Review, Greece, 27 Jul 1948.

[171] T. D. Sfikas. *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 227.

[172] Y. D. Stefanidis, "Macedonia", 19.

[173] PRO WO 202/984, Quarterly Historical Report, 23 February, 1949.

Маркос" бил отстранет од неговата функција главен командат на Демократската армија и исклучен од Политбирото.[174] Следниот месец тој бил упатен на лечење во Москва. Оттаму тој испратил опширно писмо до Одделот за надворешна политка на КПСС, во кое дал ред забелешки на воена и партиска политика на ККЕ од потпишувањето на договорот во Варкиза до октомври 1948 година, односно на одлуките на ККЕ, во чиешто донесување учествувал и самиот тој.[175] Во октомври, копија од писмото, била упатена и до раководството на ККЕ, така што набргу тој бил повикан да присуствува на состанок на Полибирото, што се одржал на 15 ноември 1948 година. На овој состанок "генералот Маркос" бил обвинет за антипартиска дејност и со тајно решение на Политбирото бил исклучен од ККЕ, иако до јануари 1949 година сите официјални документи на ДСЕ и ПДВ го носеле неговиот потпис.[176] Според тврдењата, пак на самиот Маркос, тој бил исклучен од Политбирото на ЦК на ККЕ на Петтиот пленум, во јануари 1949 година, по што заминал за Советскиот Сојуз.[177] Тука секако низбежно се наметнува прашањето за ставот на Москва, во однос на настанатиот судир, помеѓу Маркос и Захарјадис. Заради недостаток од соодветна архивска документација, се разбира дека

---

[174] *H Trihroni epopia tou Demoktatikou Stratou Elladas*, 382. Според T. Sfikas, Захарјадис на 20 август побарал од неговиот командант Маркос да замине на малку одмор. Ар. Улунян, наведува дека тајната одлука на Полтбирото на ЦК на ККЕ била донесена на 27 август. (T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 242; Ар. Улунян, *Коммунистическая Партия Греции*, 218).

[175] Маркос, го критикувал партиското раководство за апстинирањето од учеството во изборите 1946 година, за учеството во плебисцитот, што се одржал шест месеци подоцана, за одложувањето на почетокот на вооружената борба, за нереланоста на донесените одлуките на Третиот пелнум и за прераното создавање на Привремената влада. Исто така како сосема погрешна ја оценил и ориентацијата за преобразувањето на ДСЕ во регуларна армија, заложувајќи се за продолжување на вооружената борба со интензивна герилска дејност. (T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 242; Ар. Улунян, *Коммунистическая Партия Греции*, 223-225).

[176] Ар. Улунян, *Коммунистическая Партия Греции*, 225.

[177] D. Kljakić, *Izgubljena pobeda generala Markosa*, 161, 168.

не може со сигурност да се прецизира нејзиниот став, но според, презентираното може да се забележи дека таа, пред се, немала намера директно да се вмеша во разрешувањето на внатрешниот конфликт на грчките комунисти. Нејзината дистанцираност, како и отстранувањето на Маркос, од друга страна, ја дозволува констатацијата дека таа го одбрувала политичкиот и военот курс на Н. Захарјадис, односно курсот кој можеби таа самата му го наметнала на грчкото партиско раководство.

Официјалнато објавување на Маркосовото отсранување од неговите функции уследило на почетокот на февруари 1949 година, кога радиото "Слободна Грција" известило дека "Петтиот пленум земајќи во предвид дека во текот на повеќе месеци другарите Хриса Хаџивасилиу и Маркос Вафијадис биле сериозно болни и неспособни да ги извршуваат серозните задачи оддредени од ЦК на ККЕ, едногласно одлучил да ги ослободи од сета партиска работа".[178] На 8 февруари, оваа објава била проследена и со личната изјава на "генералот Маркос" дека заради лошата здравствена состојба бил принуден да даде оствка од функцијата премиер на ПДВ и командант на Демократската армија.[179]

"Оставката" на Маркос, предизвикала појава на различни коментари и анализи во круговите на сите заинтересирани и инволвирани страни во Граѓанската војна. Така, во Форин Офис настанот бил протолкуван како доказ за "сериозен расцеп" во редовите на ККЕ и тоа помеѓу "групата на воените реалисти кои гледале на востаничката борба како на серија мали герилски операции, очекувајќи притоа пристигнување на голема надворешна помош" и "групата на екстремистите, која под директни инструкции на Москва настојувала да ја продолжи Граѓанската војна со сите средства и да изгради силна револуционерна армија за да ја

[178] King's Golledge, Liddell Hart Center for Military Archives, London, Woodhouse Papers, 2/3.

[179] Ibid.

постигне конечната победа". Иако не доволно сигурен за вистинските причини за отстранувањето на Маркос, Форин Офис, исто така оценил дека непосредната причина била и желбата на "воените реалисти" да се добие помош од Југославија "по цена и на постигнувањето на договор со Тито за Македонија", додека "чистите Информбировци (Cominform purists) претпрочитале да го спречат добивањето на помош од таков извор, и по инструкции на Москва, да ја заменат со нивни сопствени средства, со поддршка можеби од Бугарија и Албанија".[180]

Поранешниот југословенски амбасадор во Прага го уверувал британскиот амбасадор во Белград, Чарлс Пик, дека "Маркос го преферирал Титовиот вид на комунизам наспроти Информбировската варијанта",[181] додека А. Беблер, заменикот министер за надворешни работи на Југославија во разговорот со британскиот државен министер МакНил, укажал дека отстрнувањето на Маркос било "case of Titoizam" ("случај на Титоизам").[182] Сепак, се чини дека единствената реална причина за Маркосовото отстрнување било неговото несогласување со Н. Захарјадис околу стратегијата и тактиката на Демократската армија, односно неговато залагање за примената на герилското војување. Сите интерпретации што го поврзуваат Маркос со "Титоизмот", може да се сметаат како неосновани, бидејќи како што констатира и Т. Sfikas "... не само што тој се согласил со определбата [на ККЕ] против Тито, ами доколку беше "Титоист", неговиот патување во Москва во септември 1948 година, најверојатно би било патување во вечноста".[183]

---

[180] PRO FO 371/78395/ R 1791/10134/19, Greek Rebel Rift, From FO Minute Mr. Peck, 9th February 1949.

[181] PRO FO 371/78447 R 1647/19G, From Belgrade to Foreign Office, 10th February, 1949.

[182] PRO FO 371/ 78447 R 2404/10392/196, From Foreign Office to Belgrade, 4th March, 1949.

[183] T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 243.

Без оглед на причините за Маркосовото отстранување едно е сосема сигурно. Со неговото отстранување, дефинитивно преовладал ставот на Н. Захарјадис за примената на конвенционалното војување, нешто што однапред го детерминирал брзиот, но во исто време и катастрофален пораз на Демоктратската армија. Во овој контекст, исто така треба да се напомене дека поразот на ДСЕ бил неизбежен, пред се, и заради цврстата определбата на западните сојузници, Грција по секоја цена да биде сочувана за "западната демократија". Но, во исто време секако останува и констатацијата дека последиците за Демократската армија, и воопшто за Македонците кои масовно биле во нејзините редови сигурно не би биле толку трагични доколку не преовладал овој Захарјадисов став.

По сменувањето на Маркос, командувањето на Демократската армија го презел ново-формираниот Врховен воен совет, во кој бил вклучен и Н. Захарјадис, како негов претседател.[184] До крајот на годината целосно било завршено трансформирањето на ДСЕ во регуларна армија, и во текот на зимата 1948-1949 година, презела серија на воени дејаствија.[185] Цел на нападите биле градовите Воден (Edessa), С'ботско (Aridea), Негуш (Naousa), Лерин (Florina), во егејскиот дел на Македонија, како и градот Кардица во Тесалија и градот Карпенси во Централна Грција. Освен временото освојување на Негуш, Кардица и Карпенси, може да се забележи дека сите останати напади биле безуспешни, и воглавно проследени со големи загуби на Демократската армија.[186] Сепак,

---

[184] Ар. Улунян, *Коммунистическая Партия Греции*, 219.

[185] T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 244.

[186] Според резолуцијата на Политбирото на ЦК на ККЕ, од 10 фербруари 1948 година, операциите во подрачјето на Воден, С'ботско и Негуш, биле "наметнати од потребата за едно исцрпување на непријателот и за концентрирање на нужните резерви". (*Егејска Македонија во НОБ 1949*, т. VI, 61; E. O'Ballance, *The Greek Civil War*, 183-185. 189-190);

и во овој период, ККЕ продолжила да апелира за постигнување на согласност со грчката влада. На 27 јануари 1949 година, ПДВ, понудила нов мировен предлог, содржан во следното: "1. Преиспитување на сите пактови и договори, што се однесуваат на слободата и незвисноста на земјата; 2. Спротиставените армии да ги задржат нивните територии; 3. Моментална прокламација на политичка амнестија; 4. Повторно воспоставување на сите политички слободи; 5. Отпочнување на преговори за формирање на влада прифатлива за двете страни. Таа влада да ги уточни членовите на договорот што треба да биде потпишан, и во рок од два месеци да се одржат слободни избори".[187]

Меѓутоа, како и во предходните случаи, овој мировен предлог бил оценет како сомнителен и неприфатлив. Во Форин Офис, и покрај тоа што било оценето дека "... овој предлог го содржи никулецот за решавањето на грчкиот проблем", едновремено било изразено и длабоко сомнение: "...може ли некој да верува дека тој е искрено поставен од востаниците од било која друга побуда, освен од побудата да се искористи како тактика на Тројански коњ". Затоа, Форин Офис очекувал дека "реакцијата на грчката влада ќе била како и предходните - да ја одбие секоја варијанта, освен безусловното предавање од востаниците".[188] На 1 февруари, британскиот амбасадор Нортон го известил, грчкиот министер за надворешни работи. Цалдарис, дека "нема никаква промена на британската политика во однос на вооружените групи".[189]

Во овој контекст, може да се забележи, и тоа, врз основа на развојот на настаните, дека во почетокот на 1949 година, американската, британската и грчката влада, во суштина, ја форсирале воената опција,

---

[187] PRO FO 371/78395 R 1825/10134/19, Coments on the apparent Rift in the Greek Communist Party, Greek Rebel Peace Proposals, 28th January, 1949.

[188] Ibid.

[189] PRO FO 371/78395 R 1232/1034/19, Norton to Foreign Office, 1 February, 1949.

како единствен начин за решавање на грчкиот проблем. Најдобра индикација за тоа, можеби е фактот што воените операции предвидени за текот на оваа година биле подготвени уште во ноември 1948 година.[190] Во прилог на споменатата констатација е секако и фактот што воедно биле преземени и сите потребни чекори за создавање на погодно опкружување за успешно реализирање на предвидените операции. Така, кон крајот на јануари 1949 година, "на енергична интервенција на кралот Павле",[191] била создаена широка коалициона влада, повторно под премиерството на Софулис. Едновремено, за главен командант на грчките вооружени сили бил наименуван, генералот Александрос Папагос, кој притоа добил широки овластувања. Според британскиот амбасадор во Атина, Нортон, во овој период од Соединетите Американски Држави биле испорачани и нови големи количини на воена опрема.[192]

Согласно ваквите намери, во меѓувреме, владините војски, отпочнале воени операции за систематско расчистување на формациите на ДСЕ, и тоа од југот на земјата кон нејзините северни делови. Така, во декември 1948 година, повеќе од 40 000 припадници на Грчката национална армија биле ставени во функција на уништувањето на 3 000 герилци на Пелопонез. Операцијата, траела во текот на следните три месеци, и завршила со целосен пораз на силите на Демократската армија. До крајот на март 1949 година, Пелопонез бил целосно расчистен, така што владините војски можеле да отпочнат операции за "чистење" на

---

[190] T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 256.

[191] Каралот Павле I, го наследил грчкиот престол на 1 април 1947 година, по смртта на неговиот брат, кралот Георги II. (PRO FO 371/72240 R 2576/31/19, Greece: Annual Report for 1947. Sir C. Norton to Mr. Bevin, February 28, 1948).

[192] PRO FO 371/83643 RG 1011/1, Greece Annual Review for 1949, Sir C. Norton to Mr. Younger, July 18, 1950.

Централна Грција.[193] Во реализирањето на овие операции биле ангажирани 70 000 војници на Грчката национална армија, поддржани од тенкови, артилерија и авијација. Наспроти оваа импозантана воена сила се наоѓале само 4 500 слабо екипирани припадници на Демократската армија.[194] Кон крајот на јуни целата оваа област, според Нортон, била "прифатливо чиста", и "генералот Папагос бил во позиција да го отпочне неговиот напад на главното востаничкото упориште по должината на северо-западните граници на Грција [195] ", односно на планините Вичо и Грамос. [196]

Во вака создадената ситуација, во која скоро и не постоеле реални изгледи за било каков успешен воен исход за Демократската армија, грчката влада станувала се понепристапна за барањата на ККЕ за копромис. Тоа се потврдило, кога, Привремената демократска влада на 20 април 1949 година, упатила апел до Генералното собрание на Обединетите нации и Светскиот мировен конгрес: "... Со цел да се постигне мир и спокојство во Грција ние сме подготвени да направиме големи отстапки...Подготвени сме да ја запреме војната, штом ќе биде можно во Грција да се живее без теророт на смрта, штом масовните егзекуции ќе престанат, и штом генералната амнестија ќе биде дадена, и елементарни демократски права на луѓето и граѓаните ќе им бидат загарантирани" - било истакнато во апелот.[197]

---

[193] Ibid., T. D. Sfikas. *The British Labour Government and the Greek Civil War*. 256. D. H. Close, *The Origins of the Greek Civil War*, 218. Поопширно види: E. O'Ballance. *The Greek Civil War*, 188-189.

[194] T. D. Sfikas. *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 256.

[195] PRO FO 371/83643 RG 1011/1, Greece Annual Review for 1949, Sir C. Norton to Mr. Younger, July 18, 1950.

[196] Во почетокот на април 1949 година, планината Грамос била повторно освоена од Демократската армија. (D. H. Close, *The Origins of the Greek Civil War* , 217).

[197] PRO FO 371/78412 R 4360/10148/19 Telegrame to UK Delegation in New York. , 23 Apil, 1949. Ова била дваесет и прва по ред понуда на ККЕ од 1946 година. (T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 257).

И покрај, подготвеноста на ПДВ за "големи отстапки", од Атина не пристигнувале охрабрувачки сигнали. "Положувањето на оружјето би претставувал прв услов за мирот во земјта", коментирале политичките кругови во Атина, додавајќи дека "...Без безусловното предавање на вооружените групи, никаков друг развој не може да биде прифатен од сегашната или било која национална грчка влада, освен продолжувањето на војувањето до комлетно уништување на вооружените групи".[198] Конечниот одговор на"сомнителната понуда", бил даден на 4 мај, кога министерот за надворешни работи, Цалдарис, официјално изјавил дека "само безусловното предавање ќе биде прифатено".[199]

Интересно е да се напомене дека во напорите да се постигне примирје, министерот за првда на ПДВ, М. Порфирогенис, во Прага, му се обратил на чехословачкиот министер за надворешни работи, В. Клементис. Притоа тој го замолил, да му го упати на претседавачот на Генералното собрание на Обдинетите нации, д-р Херберт Еват, писмото од претседателот на ПДВ, Д. Парцалидис, во кое тој барал да биде прифатена неговата иницијатива за постигнување на мировен договор во Грција. Во телеграмата, што потоа Клементис му ја доставил на д-р Еват, тој изразил верување дека д-р Еват, како претседавач на Генералното собрание на ООН, ќе ја прифател оваа понуда за соработка, и дека воедно ќе интервенирал, министерот Порфирогенис да добие влезна виза, така што ќе можел да оствари директни контакти со него.[200] Меѓутоа, барањето на Порфирогенис да отпатува во Њујорк било одбиено, со образложението на Стејт Департментот дека без официјална покана од Обединетите нации тој бил "неприфатлив за Соединетите Американски

---

198 Ibid.

199 PRO FO 371/78412 R 4786/10148/19, From Foreign Office to New York, 5th May, 1949.

200 Ibid., From Prague to Foreign Office, 9th May, 1949.

Држави".[201] Ваквиот реакција, е сосема разбирлива, доколку се земе во предвид и изјавата на портпаролот на Стејт Департментот, во однос на присуството на "грчки ´востанички´ претставник во ООН". Според портпаролот овој чин ги содржел "сите обележја на воен психолошки потег" и затоа потенцирал дека "доколку грчките герилци имаат било какви значајни предлози, доволно е само се обратат до грчката влада".[202]

Во сиот овој контекст, треба да се истакне дека ККЕ, всушност, имала серозна причина за ваквите очајнички повици. Грчката влада во почетокот на април 1949 година, побарала од Лондон и Вашингтон да преземат поморски операции против Албанија,[203] што од своја страна директно делувало на промената на ставот на Советскиот Сојуз во однос на продолжувањето на Граѓанската војна.[204] Имено, соочен со опасноста Албанија да биде окупирана, а со тоа и изгубена како единствени советски излез на Медитеранот, Сталин, во средината на април 1949 година, побарал од Захарјадис, вооружената борба да биде сопрена, и тоа до

---

[201] T. D. Sfikas. *The British Labour Government and the Greek Civil War*. 257.

[202] PRO FO 371/78412 R 4786/10148/19. News Chronicle, 5 May, 1949.

[203] Сојузничка блокада на Албанија за да се елиминирала како база за ДСЕ, била побарана и во септември 1948 година, од грчкиот минисер за надворешни работи, Цалдарис, во текот на разговорите со британскиот државен министер, МакНил. Шефот на Југоистичниот оддел на Форин офис, Валингер оваа "идеа" ја оценил како "посебно опасна и покрај тоа што имаме многу јасна резолуција од Генераланото собрание за осуда на Албанија врз која би ја базирале нашата акција". Затоа тој предлагал оваа "идеја" да биде ставена во "замрзнувач"се додека се видело како ќе се одвивала дебатата во Обединетите нации, во однос на Албанија. (PRO FO 371/72246 R 11266/31/19G. Minutes, G. A. Wallinger. 28th September, 1948). Треба да се напомене дека и доставеното барање во април 1949 година не било прифатливо за Лондон и Вашингтон, бидејќи како што оценувал Форин офис, тоа би ги довел западните сојузници во директен конфликт со Советскиот Сојуз. Затоа, Лондон сметал дека најдобриот начин за делување против Албанија бил да се потикнат субверзивните активности во земјата од страна на "Титоистичките елементи", додека Вашингтон преферирал пристап со кој би се принудиле Албанија, Бугарија и Југославија да дадат гаранции за грчките граници. (B. Kondis, "The Termination of the Greek Civil War", 302; T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 255-256).

[204] B. Kondis, "The Termination of the Greek Civil War", 301; T. D. Sfikas. *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 255.

крајот на мај истата година.[205] Како резултат на ваквиот Сталинов став, на 26 април 1949 година, Андреј Громико, шефот на советската делегација во Обединетите нации за време на ручекот во Нујорк со Дин Раск, амерканскиот помошник државен секретар и Хектор МакНил, британскиот претставник во Советот за безбедност на Обединетите нации, ја прифатил американската иницијатива, трите сили да го употребат нивното влијание кон постигнувањето на договор во Грција. Громико, Раск и МакНил, се состанале уште два пати, и тоа, на 4 и 14 мај. На последната средба Раск и МакНил, фактички, го информирале Громико за нивниот став во однос на неговиот предходно даден предлог за прекинување на непријтелствата во Грција, одржување на избори, во кои ќе учествувале и герилските сили и давање на општа амнестија. Притоа, тие обрнале внимание, дека и покрај тоа, што го поздравуваат воспоставувањето на мирот во Грција, не можеле да преговараат за прашањето на ниеден друг начин, освен во соодветен меѓународен форум, кој ќе обезбедел целосно учество и на грчката влада. Покрај тоа, Раск повторил дека главната причина за внатрешнита состојба во Грција била надворешната помош што ја добивале востаниците, особено од Албанија и Бугарија. Од друга страна, Громико ја изразил подготвеноста на Москва заедно со големите сили да учествува во контролата на новите избори во Грција, како и во контролата на нејзините граници, но исто така предочил дека било потребно сета надворешна помош, во материјал и персонал, да биде прекината. Разговорот завршил без соодветен коментар на овие предлози, и со повторната напомена на Раск и МакНил дека се подготвени да разговараат со Советите за грчкото прашање, но

---

[205] Ibid., 303; Ibid., 257; Р. Кирјазовски, *Македонците и односите на КПЈ и КПГ*, 168;

единствено во соодветен форум, односно во Обединетите нации и со учеството на грчката влада.[206]

Во текот на самите разговори советското раководство го информирало Захарјадис дека им биле понудени одредени предлози на Американците и Британците за мирно решавање на грчкото прашање. Но, сепак, било потребно Демократската армија да ги одложи плановите за повлекување и да ги интензивира офанзивните дејствија. Бил тоа еден тактички потег насочен кон елиминирањето на впечатокот дека советските предлози произлегле од "слбост".

Што се однесува до самите разговори и поконкретно до предлозите на Громико, интересно е да се одбележи дека тие претставувале отстапка од дотогашната советска политика, односно ставот дека меѓународната контрола на изборите или на политичката и воената ситуација во една земја, претставувало неоправдано мешање во нејзините внатрешни работи. Останува впечатокот дека интенцијта за постигнување на политичко решение во Грција, била последениот обид на Москва. ККЕ , низ амнестијата да биде сочувана, а низ изборите и вратена во рамките на легалниот грчкиот политички живот, со што на одреден начин би се обезбедило советското влијание во оваа земја.

Од друга страна, воочливо е дека Лондон и Вашингтон сметале дека за постигнувањето на мирот во Грција не биле потребни посебни преговори и разговори. За неговото остварување доволно било прекинувањето на надворешната помош на Демократската армија од северните соседи, што тие верувале дека можело да биде постигнато доколку Москва го употребела нејзиниот авторитет. Или како што изјавил претседателот Труман, уште на 12 јули 1948 година, дека "грчката ситуација не барала посебни преговори и дека ако Кремљ сакал да

---

[206] Ibid., 303-304; Ibid., 257-258. Види и: Р. Кирјазовски, *Македонците и односите на КПЈ и КПГ*, 169-172.

допринесе кон светскиот мир, тоа најдобро можел да го покаже во Грција".[207] Едноставно речено, за западните сојузници, ниедна друга опција не била прифатлива, освен стопирањето на надворешната помош, како и предавањето на оружјето од припадниците на ДСЕ, за што посебно се залагал официјален Лондон.[208] Дотогаш, се разбира, нивната помош на Грција ќе продолжела. Американското и британското инсистирањете, склучувањето на евентуалното примирје да биде разгледувано во Обединетите нации и тоа со учество на грчката влада, пак, може да биде протолкувано како чин, што требал да овозможи опсегот на преговорите да биде одреден, од за нив, легалната и призната грчка влада.

Сепак, треба да се напомене дека интересот на Американците и Британците да ја вклучат грчката влада во било какви разговори значело и дека судбината на советските предлози зависела и од расположението што преовладувало во Атина. А, официјална Атина, очигледно вознемирена од можноста грчките национални интереси да бидат жртвувани како дела од еден европски договор, одбивала секаков компромис. На 15 мај 1949 година, дневниот весник на десницата, *Акрополис*, ги повикал партиските лидери да реагираат на напорите да се постигне нова Варкиза. Одговорот на Цалдарис бил сосема јасен: "земјата нема да може да биде измамена без да ги вкуси плодовите на армиските победи и нема да може има никаква нова Варкиза. На никаков Тројански коњ нема да му биде дозволено да се најде внатре во националните зидови".[209] "Предлозите на Громико - како што пишувал британскиот амбасадор во Атина, Нортон, во извештајот од 26 мај 1949 година упатен до Форин Офис - биле целосно одбиени врз основа на тоа дека Грција веќе

---

[207] T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 223.

[208] B. Kondis, "The Termination of the Greek Civil War", 305.

[209] Цитирано според: T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 259.

предолго патела од комунистите за да им се даде друга можност да ја разбиваат земјата од внатре".[210] Во секој случај, може да се констатира дека ваквиот безкопромисен став, во крајна линија бил во целосен склад со ставовите на англо-американската дипломатија.

Москва, од своја страна, во овој период продолжила да врши притисок за разговори за грчкиот проблем. На 30 мај, весникот *Правда* во една редакциска статија укажувал дека ситуацијата во Грција можела да биде решена врз основа на предходно дадените предлози од Громико. Ова секако бил јасен сигнал дека Советскиот Сојуз настојувал да постигне предвремен договор за грчкиот проблем. Меѓутоа, и покрај ваквиот советски интерес, Вашингтон не отстапил од ставот да не се прифати никаков комромис.[211] Со ова воената солуција во решавањето на грчкот проблем станала неизбежна. Сепак, веднаш треба да се забележи дека таа, во суштина, била и останала врвен приоритет за американската, британската и грчката влада - како најсигурен начин за целосно елиминирање на комунистичкото влијание во Грција.

По успешните операции на Пелопонез и во Централна Грција, грчките владини војски биле подготвени да се пресметаат со главните сили на Демократската армија, концентрирани на планините Вичо и Грамос. За успешно изведување на овие операциите, на крајот на април 1949 година, генералот Папагос наредил апсења и депортации на сите оние кои имале или биле осомничени дека имаат било каква врска со герилското движење во Северна Грција, односно егејскиот дел на Македонија.[212] На 4 јули, како вовед во главната операција на Вичо и Грамос, Грчката национална армија, отпочнала офанзива против силите

---

[210] PRO FO 371/78339 R 5839/1013/19, To Foreign Office from H. M. Ambassador, Athens, 26 May, 1949.

[211] B. Kondis, "The Termination of the Greek Civil War", 305-306.

[212] T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 260-261.

на ДСЕ на планината Кајмакчалан.[213] Офанзивата траела до 8 јули, при што формациите на Демократската армија биле принудени да ги напуштат нивните позиции, оставајќи зад себе 124 убиени и 130 заробени или предадени. Околу 500 припадници на ДСЕ на 8 јули преминале на југословенска територија, меѓутоа, како што е наведено во еден британски извештај од 23 јули, тие "биле спроведени назад на грчка територија од еден југословенски баталјон уште истата ноќ, иако 160 од нивните ранетите биле оставени". Во овој контекст исто така интересна е забелешката дадена во истиот извештај дека грчките офицери кои биле на границата во текот на операцииите на Кајмакчалан известиле дека "југословенските граничари се покажале многу по пријателски настроени отколку што биле во текот на операциите во истата област минатата година".[214]

Според еден друг британски извештај од 16 јули 1949 година, грчки офицери, пак, во текот на овие операции стапиле во контакт со југословенски офицери, пришто ги информирле дека "ГНА посебно ќе внимавала да избегне секаква повреда на југословенската територија. За возврат ја побарале југословенска соработка во спречувањето востаниците да ја преминат границата, и ова било ветено".[215] Сето ова секако било во согласност со дефинитивната југословенска одлука да се затвори границата кон Грција, што, од своја страна, несомнено допринело кон побрзиот, но не и неизбежен пораз на Демократската армија. Коментирајќи ја оваа одлука на југословенското раководство, грчкиот генерал Цакалотос, забележал дека таа "го забрзала поразот на

[213] PRO WO 208/5004, From MELF to War Office, 8 July, 1949; PRO WO 208/5004, From Salonika to Foreign Office, July 16 th, 1949.

[214] PRO WO 208/5004, From Salonika to Foreign Office, 23rd July, 1949.

[215] PRO WO 208/5004, From Salonika to Foreign Office, July 16th, 1949.

вооружените групи, инаку, никој нема да можел да предвиди колку долго борбата ќе била пролонгирана".[216]

И покрај, стопирањето на главната помош од Југославија, и неуспехот на советската иницијатива, Захарјадис, не отстпил од одлуката да одговори на воениот предизвик. На 9 јули востаничкото радио ја пренело неговата изјава дека "доволно сили биле концентрирани на Вичо за да ја скршат грчката армија - додавајќи - дека непријателот [на Вичо] нема да мине".[217] Во дадениот момент на планините Вичо и Грамос биле распоредени 12 000 припадници на Демократската армија. Оваа скромна воена сила требала да се соочи со владината армија од преку 1 00 000 војници,[218] ангажирани за реализирањето на операцијата, позната по кодираниот назив "Torch".

По содветните подготовки, Грчката национална армија, во функција на успешното изведување на престојаната операција на планината Вичо, на 3 август извршила напад на планината Грамос, со што, фактички ги изолирала 5 000-те илјади припадници на ДСЕ, во овој регион.[219] По овој успех, на 10 август 1949 година, владините сили со вкупна јачина од 60 000 војници,[220] подржани од тешка артилерија, тенкови и авијација го отпочнале и нападот на планината Вичо, бранета од 7 000 војници на Демократската армија.[221] До 13 август, Националната

---

216 Цитирано според: T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 261.

217 PRO WO 208/5004, Greek Bulletin, 19th, August, 1949.

218 T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 261; D. H. Close, *The Origins of The Greek Civil War*, 219.

219 PRO FO 371/78339 R 7826/1013/19, To Foreign Office from H.M. Charge d'Affairs, Athens, 11th August, 1949.

220 T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 261. Според резолуцијата на Политбирото на ЦК на ККЕ, од 20 август, 1949 во операцијата учествувале 80 000 припадници на ГНА.( *Егејска Македонија во НОБ 1949*, т. VI, 419).

221 PRO WO 208/5004, Note on Recent Operations in Northern Greece, Operation "Torch" 10 th-30th August.

армија успеала да ги пробие одбрамбените позиции на ДСЕ, делејќи го фронтот на Вичо на два дела. Во вакви услови, за да го избегне опколувањето и комлетното уништување на нејзините сили, командата на Демократската армија, наредила општо повлекување. Така, околу 5 000 преживеани припадници на ДСЕ, од Вичо се повлекле во Албанија. По завршувањето на операцијата, на 15 август, грчката армија, се востановила по должината на грчко-албанската граница, почнивајќи од езерото Преспа до Алевица на Грамос.[222]

За Демократската армија, ова бил навистина тежок пораз, проследен со сериозни човечки з агуби. Според, податоците на грчкиот Генерален штаб, во текот на операцијата загинале 1115, биле заробени 706 и се предале 110 припадници на ДСЕ, со тоа што бројот на повредените останал непознат. За разлика од ваквите тешки загуби, според истиот извор, ГНА имала само 206 убиени и 926 ранети.[223]

По постигнатиот успех на Вичо, Грчката национална армија продолжувајќи со реализирањето на операцијата "Torch", на 24 август го отпочнала одлучувачкиот напад против силите на ДСЕ на планината Грамос.[224] Пред самото отпочнување на операцијата, на фронтот лично се појавил и грчкиот крал Павле, што секако говори од колкава воопшто важност била оваа операција. Во оваа смисла интересно е да се спомене и

---

[222] PRO WO 208/5004, Greek Bulletin, 19th, August, 1949; PRO FO 371/78339 R 8051/1013/19. To Foreign Office from H.M. Charge d'Affairs, Athens, 18th August, 1949.

[223] Ibid. Во расположливата документација присутни се различни податоци во однос на загубите на ДСЕ и ГНА. Според британски податоци вкупниот број на жртвите на ДСЕ изнесувал 1728, од кои 1 086 биле убиени, а 642 биле заробени или предадени. Податоците за бројот на жртвите на ГНА се индентични со податоците на грчкиот Генерален штаб. (PRO WO 208/5004, Note on Recent Operations in Northern Greece). Во резолуцијата на Политбирото на ЦК на ККЕ, од 20 август, 1949 година, во однос на загубите на ГНА е дадена цифрата од 4 000 загинати и 11 000 ранети. Треба да се забележи дека овие цифри делуваат крајно нереално, и најверојатно биле во функција на јакнењето на воениот морал на ДСЕ. (*Егејска Македонија во НОБ 1949*, т. VI, 419).

[224] PRO WO 208/5004, From HQ BMM Greece to The War Office, 29 th August, 1949.

присуството на американскиот генерал-поручник Ван Флит, кој несомнесно го применил сето негово воено знаење и искуство за успешно реализирање на опрерацијата.[225]

Грчкото комунистичко раководство, и покрај претрпените предходни порази, сепак, не отстапило од продолжувањето на борбата. Во функција на одбрана на Грамос, од Албанија биле префлени и предходно повлечените сили на Демократската армија од планината Вичо.[226] Меѓутоа, ова секако, не било доволно да се задржи нападот на надмоќниот противник. Така, отткако IX дивизија на ГНА ги опколила позициите на ДСЕ, и го окупирала главниот премин кон Албанија, ККЕ и нејзината армија биле принудени на брзо повлекување, за да го избегнат комлетното уништување.[227] Ноќта на 27-28 август, Демократската армија на Грција и раководството на Комунистичката партија го започнале повлекувањето кон Албанија, за никогаш, повеќе да не се вратат.[228] Зад нив останале последиците од тешкиот пораз, од 696 мртви и 560 заробени или предадени.[229]

Сиот отпор на Демократската армија на планината Грамос завршил утрото на 30 август 1949 година, кога целата грчко-албанска граница била освоена од Грчката национална армија.[230] Фактички, ова бил и крајот на Граѓанската војна во Грција, и крајот на илузијата на грчките комунисти и Македонците.

---

[225] E. Averoff-Tossizza, *By Fire and Axe* , 345; T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 261.

[226] Р. Кирјазовски, *Народноослободишелниош фронш*, 369.

[227] T. D. Sfikas. *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 261.

[228] PRO FO 208/5004, From HQ BMM Grecce to The War Office, 31st August, 1949.

[229] PRO WO 208/5004, Note on Recent Operations in Northern Greece.

[230] PRO FO 208/5004, From HQ BMM Grecce to The War Office, 1st September, 1949.

## 4. *Последици*

Набргу по повлекувањето во Албанија, лидерите на ККЕ, морале да ја прифатат новата реалност, односно дека нема да можат понатаму да ја продолжат нивната, веќе, сосема, осамена вооружена борба.

На почетокот на септември 1949 година, Захарјадис, бил повикан во Москва, каде од советското раководство добил инструкции за понатамошното делување на ККЕ. Во оваа смисла му бил доставен и писмен документ, и тоа, потпишан лично од Сталин. Покрај оценките за поразот на Демократската армија: "слабоста на ККЕ да го реши проблемот со резервите на ДСЕ; помошта што ја добил "монархофашизмот" од Англичаните и Американците, како и предавството на кликата на Тито", во документот била изнесена и потребата ККЕ "да ја прекине вооружената борба, држејќи мали партизански единици како средство на притисок... [за] поглемо демократско помирување", и да ја пренесе борбата на политички и економски план.[231]

По враќањето на Захарјадис во Албанија, врз основа на документот од Москва, на 9 октомври, Шестиот пленум на ЦК на ККЕ ја донел одлуката за прекинување на вооружената борба.[232] Официјалното

---

[231] Р. Киријазовски, *Македонската политичка емиграција*, 45-48; Idem, *Македонците и односите на КПЈ и КПГ*, 188, 191-193. На 4 ноември 1949 година грчкото востаничко радио ја пренело официјалната изјава на ЦК на ККЕ, за причините на поразот на ДСЕ .Во неа покрај останатото било напоменато:"... Од денот кога Информационото биро... го разоткри Титовото издајство, бандата на слугите на империјализмот започнаа се повеќе и повеќе отворено да ја поткопуваат тешката и нерамномерна борба на грчкиот народ. Бандата на предавниците и дезертерите се востанови во Скопје и под раководство на Белградската клика организираше дезертерства од ДСЕ. Тито не лиши од потребните резерви. На крајот не само што и дозволи на монархофашистичката армија да ја употреби југословенската територија за да ја нападне ДСЕ на Кајмакчалан, туку, исто така дозволи неговите сили да не нападнат зад грб во текот на борбите на Вичо. (King's Golledge, Liddell Hart Center for Military Archives, London, Woodhouse Papers, 2/3).

[232] *Егејска Македонија во НОБ 1949*, т. VI, 445-450.

објавувањеуследило една недела подоцна, односно на 15 октомври, кога Привремената демократска влада се огласила со прокламација упатена до "грчкиот народ". Толкувајќи го прекинувањето на вооружените дејствија на ДСЕ како "оданост кон интересот на татковината", ПДВ, во прокламацијата, укажала дека во дадениот момент на "народот и земјата" му биле потребни само "*мир, соземање и изградба*", и воедно повикала на "најрешителна борба за демократија и мир".[233]

Во меѓувреме, македонските организации НОФ, АФЖ, НОМС, па дури и КОЕМ, биле обвинети од ККЕ, за агентури на Титова Југославија, блиски соработници на "монархофашистите" и "империјалистите", и за "виновници" за поразот. На 3 октомври 1949 година, во Бурели, Албанија, единаесет македонски лидери, членови на ККЕ, вклучувајќи го и П. Митровски, биле уапсени, како Титови агенти, а потоа и префрлени во Советскиот Сојуз, каде им се судело за "велепредавство". Иднината на македонските организации била разгледувана на Шестиот пленум на ЦК на ККЕ, кога Политбирото му предложило на Пленумот да се преземат потребните чекори за нивно расформирање. Сепак, официјалната одлука била донесена дури во февруари 1951 година, во Полска, иако фактички нивната активност била сосема замрена. Дефинитивното нивно расформирање уследило во април 1952 година.[234]

Во периодот на де-сталинизацијата, односно по отстранувањето на Захаријадис и неговите блиски соработници на Шестиот пленум на ЦК на ККЕ, одржан во март 1956 година, ККЕ го променила и ставот во однос на македонските организации, НОФ, АФЖ и НОМС. Официјално ги рехабилитирала во мај 1956 година, повторно прогласувајќи ги за

---

[233] Ibid., 452-454.

[234] Ibid., 450-451; 458-459; Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 311, 330, 376-377, 378; Idem, *Македонската политичка емиграција*, 50-51; 182-185; 186-187.

национални и народноослободителни, и одавајќи им признание за масновното вклучување на Македонците во борбата.[235]

Потребно е да се потенцира дека со поразот на Демократската армија, започнал и животот во егзил на ККЕ, нејзините борци, како и на цивилното население. Според официјалните податоците на ККЕ, бројот на припадниците на Демократската армија, што се префрлиле во Албанија, ја достигнал цифрата од 18 000. Во текот на септември и октомври 1949 година, и последните поголеми формации на ДСЕ (VI и VII дивизија), од вкупно 6 000 борци, ја напуштиле територијата на источниот дел на Егејска Македонија и преминале во Бугарија.[236] Треба да се напомене дека при повлекувањето на ДСЕ, се повлекло и цивилното население од западниот дел на Егејска Македонија, претежно од Леринско и Костурско, потоа населението од Источна Македонија и пограничното подрачје на Епир.[237]

Понатамошната судбина на ова население, како и на припадниците на Демократската армија, што се наоѓале во Албанија и Бугарија, била одлучена во Москва, за време на разговорите на Сталин со Захарјадис. Согласно постигнатиот договор, во октомври 1949 година, со советски бродови, започнало нивното префрлање од Албанија, кон Советскиот Сојуз и другите источно - европски земји. Истото завршило во средината на ноември 1949 година.

Според податоците изнесени на Третата конференција на ККЕ, одржна во октомври 1950 година, вкупниот број на лицата - Македонци и Грци, што во 1949 година, биле префрелни во Советскиот сојуз и другите источно-европски земји, изнесувал 55 881. На сите, вклучувајќи ги оние

---

[235] Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 331.

[236] Р. Кирјазовски, *Македонски национални институции*, 225; Idem, *Македонската политичка емиграција*, 44.

[237] Ibid., 225.

што пребегале во Југославија, им бил определен стаус на политички бегалци.[238] Во овој контекст, потребно е да се изнесат и цифрите за бројот на бегалците презентирани во трудовите на T. Sfikas и D. H. Close. T. Sfikas наведува дека во предвечерието на поразот на Демократската армија, помеѓу 70 000 - 100 000 комунисти ја напуштиле земјата и заминале да живеат како политички бегалци во земјите на Источниот блок, додека D. H. Close истакнува дека во последнате етапи на војната најверојатно преку 140 000 лица се спасиле со бегство. [239]

По повлекувањето на главната сили на ДСЕ, во Грција и егејскиот дел на Македонија останале само мали единици, кои не е го надминувале бројот од повеќе од 200 лица.[240] Тие биле ставени во функција на реализирањето на препораката на Сталин да "извршат птритисок за што поголемо демократско помирување". Но, треба да се напомене дека токму оваа препорака ја обезбедила грчката влада со дополнителен претекст за непрестана репресија. За неа војната сеуште не била завршена. Операциите за "чистење на теренот", продолжиле до крајот на годината,[241] додека егзекуциите и натаму биле извршувани врз основа на одлуките на преките судови. Дури во октомври 1949 година, под притисок на заканата од можна осуда од Генералното собрание на Обединетите нации, нивното извршување било привремено сопрено.[242]

---

[238] Во Романија биле префрлени 9 100 лица од кои 4 000 биле Македонци; Чехословачка 11 941 од кои 3 800 Македонци; Полска 11 458 од кои 5 479 Македонци; Унгарија 7 253 од кои 3 299 Македонци; Бугарија 3 071 од кои 380 Македонци; ДР Германија 1 128; Советскиот Сојуз 11 980 од кои 2 954 Македонци. (Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 382-383; Idem, *Македонски национални институции*, 225, 228-229; Idem, *Македонската политичка емиграција*, 52-56; Idem, *Правната дискриминација на големо-грчката политика*, 130.

[239] T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 262; D. H. Close, *The Origins of The Greek Civil War*, 219.

[240] D. H. Close, *The Origins of The Greek Civil War*, 219.

[241] PRO FO 371/83643 RG 1011/1, Greece Annual Review for 1949, Sir C. Norton to Mr. Younger, July 18, 1950; D. H. Close, *The Origins of The Greek Civil War*, 219.

[242] D. H. Close, *The Origins of The Greek Civil War*, 220.

Во овој период, Соединетите Американски Држави настојувале да ја смират милитантноста на грчката влада и да ги нормализираат состојбите во земајта. Во оваа смисла, бил извршен притисок врз официјална Атина, да се откаже од нејзината намера да ги уништи базите на ДСЕ во Албанија, а потоа била сугерирана и програма за рехабилитација на поранешните припадници на Демократската армија, спроведување на избори, како и на плебисцит со кој би се одлучила понатамошната позиција на ККЕ. Сепак, ваквата замисла, се покажала како неприфатлива за официјален Лондон. Така, австралискиот предлог евентуалната репатријација на герилците да биде извршена под контрола на Обединетите нации, бил одбиен од Форин Офис, со образложение дека никој не можел да ја гарантира нивната сигурност. Форин Офис, исто така одбил да ја прифати и идејата за спроведување на плебицит во однос на одредувањето на понатамошната судбина на ККЕ, тврдејќи дека формата на референдум може да биде успешна само во висико развиените земји, но не и во Грција.[243]

Како и да е, понатамошната политиката на Соединетите Американски Држави и Велика Британија во однос на Грција, била заснована на напори да се сочува стабилноста на земјата, што посебно било условено од реалноста на Студената војна. Или како што истакнал британскиот генерал-мајор, Доун, на состанокот помеѓу членовите на британската воена мисија и членовите на ЦУСМАПГ, одржан на 10 ноември 1949 година: "... останува полтика на владите на Соединетите Американски Држави и Велика Британија, да не се дозволи Грција да падене зад ˊжелезната завесаˊ во текот на ˊСтудената војнаˊ. За да го

[243] T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 262.

спречиме тоа, посебно важно ќе биде да ја сочуваме стабилноста на земјата".[244]

На 27 октомври 1949 година, британската влада одлучила да ги повлече нејзините трупи од Грција. Последните британски војници заминале во почетокот на 1950 година, кога било сосема јасно дека земјата била сочувана во таборот на земјите од "западната демократија".[245]

Граѓанската војна во Грција, како, впрочем, и сите Граѓански војни, што воопшто ги познава историјата, ги предизвикала сите можни човечки страдања и ужаси. Фатот, дека вкупниот бројот на загинатите изнесувал 1 54 000 лица, сосема доловно говори за данокот што го однела оваа војна, имајќи го, притоа, предвид, и тоа дека популацијата на Грција, во тој период броела 7 000 000. Во овој контекст, неопходно е да се спомене и бројката од најверојатно 90 000 лица, кои пред ужасот на војнта биле принудени да ја напуштат земјата, повеќето од нив никогаш да не се вратат. Кон ова потребно е да се додаде и тоа дека во текот на Граѓанската војна, околу 40 000 лица, биле интернирани во концентрационите логори; 20 000 лица биле осудени за "антидржавна дејност", а од нив најмалку 6 000 биле егзекутирани. Во исто време повеќе од 700 000 лица, биле раселени, станувајќи "бегалци" во сопствената земја. До септември 1949 година, животните трошоци биле зголемени за 254 пати, така што 2 400 000 лица биле соочени со "гладување". Сепак, треба да се напомене дека жртвите на "левицата", од 51 000 мртви и 50 000 ранети, биле неспоредливо поголеми, во однос однос на жртвите на "десницата", од 10 249 мртви и 37 000 ранети. [246]

---

[244] PRO WO 202/980, Minutes of a Mitting held in the Office of Lieut-General Van Fleat, 10 November, 1949.

[245] T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 262.

[246] Во достапната литература постојат одредни разлики, во однос на податоците за бројот на загинатите, бегалците, интернираните и егзекутираните, во текот на

Меѓутоа, останува впечатокот дека особено трагични и сериозни, биле последиците за Македонците. Како резултат на учество во Граѓанската војна, животот го изгубиле 21 000 Македонци, додека повеќе од 50 000 ја доживеале судбината на прогонети, раселени и откорнати луѓе од сопствениот дом.[247]. Доколку, сето ова се разгледува и во корелација со фактот дека во тоа време Македонците претставувале најверојатно само една дваестина од вкупната популација на Грција,[248] тогаш станува сосема јасно колкав воопшто бил размерот на последиците, што тие ги претрпеле во однос на останатото грчко население. Ваквиот трагичен биланс, бил сосема логичен, ако се земе во предвид масовното присуство на Македонците во редовите на Демократската армија. Во текот на 1948 година од вкупната борбена сила на ДСЕ од 25 000, 11 000 биле Македонци, додека кон средината на 1949 година, од вкупниот број од 20 000 тие биле 14 000, што значи далеку повеќе од половина.[249] Покрај тоа, во овој контекст потребно е да се потенцира и фактот, дека најтешките борби, вклучувајќи ги и решавачките се воделе во областите, што главно биле населени од Македонци. Оттука, фактички, не само што биле неминовни големите човечки жртви на Македонците, туку, за нив, неизбежни станале и тешките матерјални последици. Во прилог на последново, секако е сосема доволно да се изнесе само податокот, дека по Граѓанската војна, во пописните листи од 1951 година, 46 македонски села

---

Граѓанската војан. (Види: Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 383-384; E. Averoff-Tossizza, *By Fire and Axe*, 355; T. D. Sfikas, *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 262; D. H. Close, *The Origins of The Greek Civil War*, 219-220).

[247] Повеќе од 20 000 Македонци биле префрлени во земјите на Источниот блок, додека 30 000 емигрирале во Федерална Југославија. (Ibid; Idem, *Македонската политичка емиграција*, 17; Idem, *Правната дискриминација на големо-грчката политика*, 131).

[248] A. Rossos, "Incompatibile Allies: Greek Communism and Macedonian Nationalism", 43. Валидни статистички податоци за бројот на Македонците, што го населувале егејскиот дел на Македонија во овој период не постојат.

[249] Ibid., 43-44.

не се споменуваат , што значи и дека биле сосема уништени.[250] Кон сето ова треба да се додаде, дека заради учеството во Граѓанската војна, врз основа грчкиот правен систем прилагоден кон условите на војната на 15 000 Македонци им било одземено грчкото државјанство, а исто така била и извршена конфискација на околу два милиони декари земја, главно во пограничните македонски подрачја.[251] И што е најважно крајот на Граѓанската војна не ги сопрел понатамошните страдања на Македонците. Во земјите на "народната демократија" не само што се соочија со тешкиот живот во егзил. туку до 1956 година, беа жртви на продолжениот процес за откривањето и казнивањето на "Титовите агенти".[252]

Во секој случај, за победниците Граѓанската војна не завршила, долг период по нејзиниот крај. Дури до 1962 година, грчките судови споменувале дека "востанието" се уште тралело. Неприкосновеното законодавство од 1946-1949 година, ја надживеало Граѓанската војна. за цели дваесет и пет години, за дефинитивно да биде укинато во 1974 година. Во текот на оваа година ККЕ била легализирана,[253] а шест години потоа, војната што се водела наместо "бандитска", била прогласена за Граѓанска. На 29 декември 1982 , во рамките на политиката на грчката влада за национално помирување, била објавена и одлуката за слободна репатријација на политичките бегалци. Согласно оваа одлука право на репатријација добиле сите поличички бегалци од Граѓанската војна, но не и Македонците.[254] Тие, едноставно биле осудени вечно да го носат печатот

---

[250] Н. Пејов, *Македонциите и Граѓанската војна во Грција* (Скопје: Институт за национална историја, 1968; Р. Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 383-384; С. Киселиновски, *Егејскиот дел на Македонија*, 140.

[251] Р. Кирјазовски, *Правната дискриминација на големо-грчката политика*, 97, 98.

[252] Поопширно види: Ibid., 236-253.

[253] T. D. Sfikas. *The British Labour Government and the Greek Civil War*, 262.

[254] Р. Кирјазовски, *Правната дискриминација на големо-грчката политика*, 135; 159-160.

на животот во егзил, пресенувајќи им го како трајно чувство на сите следни генерации.

# ЗАКЛУЧОК

Можноста за рекапитулацијата на еден историски настан како што е Граѓанската војна во Грција (1946-1949), и тоа доведена во корелација со учеството на Македонците од егејскиот дел на Македонија во неа, може да се оцени како една крајно "неблагодарна привилегија". На прв поглед, се разбира, констатацијата изгледа предимензионирана. Меѓутоа, доколку се имаат во предвид големиот број на фактори од кои што бил предизвикан овој настан, а посебно неговиот краен ефект - целосно разбивање на етничкото структурно јадро на Македонците од овој дел на Македонија, тогаш оваа констатација сигурно добива во својата тежина. Дотолку повеќе што комплексноста на настанот и неговите последици ја прават исклучително тешка достапноста до целосната историската вистина - предизвикувајќи го впечатокот дека таа во одредени аспекти ќе остане "вечна тајна". Токму затоа, проблемот на Граѓанската војна во Грција и учеството на Македонците во неа и понатаму останува отворен за научни-истражувања.

Историското следење на настаните од Граѓанската војна во Грција, односно нејзината "трета рунда", што го одбележала периодот од 1946 - 1949 година, упатуваат на заклучокот дека таа претставува процес чиишто корени можат да се лоцираат уште во периодот на Втората светска војна. При тоа постојано треба да се има во предвид дека овој процес преставува комбинација на два навидум независни фактори - внатрешниот и меѓународниот. Кон овие фактори последователно се надоврзал регионалниот, односно тежненијата за регионална доминација. Ако кон ова се додаде и проширената повена конфронтација помеѓу дотогашните сојузниците на антихитлеровската коалиција - Соединетите Американски Држави, Велика Британија, од една страна, и Советскиот

Сојуз од друга, тогаш општествената рамка во која отпочнува Граѓанската војна во Грција станува целосна.

Анализата на причините што ја предизвикале појавата на внатрешниот фактор, упатува на еден историски процес присутен уште од меѓувоениот период, а изразен во еден склоп на политичка, економска и социјална криза низ која проаѓа грчката држава. Дополнителни, но во секој случај, и пресудни димензии, овој внатрешен потенцијал добил по отпочнувањето на грчкото движење на отпорот против силите на Оската во 1941 година, со растечкото влијание на грчката левица во рамките на комунистички предводената организација ЕАМ, и нејзината воена компонента ЕЛАС. Оваа нова воено-политичка реалност директно влијаела врз промената на односот на силите на внатрешната политичка сцена на штета на политичките сили кои стоеле зад владата во егзил, со што во прашање се доведувало и повоеното уставно уредување на Грција. Дотолку повеќе што сето ова можело да го доведе во прашање и традиционалното британско влијание.

Од друга страна, воено-полтичката организација ЕДЕС - втората по своето значење организација во грчкото движење на отпорот - предводена од републиканскиот полковник Наполеон Зервас, не само што не била во можност да одговори на предизвикот наречен ЕАМ/ЕЛАС, туку таа, барем во почетниот период исто така се спротиставувала на врќањето на грчкиот крал, односно на обновувањето на монархијата во земјата по нејзиното ослободување.

Токму вака создадената констелација, во која неспорна била доминацијата на грчките комунисти во движењето на отпорот, а скоро сосема безначајна улогата на останатите политички субјекти, ја предизвикува појавата на меѓународниот фактор, изразен главно низ политиката на Велика Британија. Нејзина цврста политичка определба е обнова на влијанието во повоена Грција, како гаранција за сочувувањето

на нејзината империјална позиција и обезбедувањето на поморските комуникации и патишта кон Индија и нафтените полиња на Средниот Исток. Во функција на остварување на оваа цел неопходно било во Грција да биде воспоставен пријателски режим, кој за премиерот Черчил бил видлив, пред се, во ликот на грчкиот крал Георги II.

Потенцирањето на овој момент е посебно важно бидејќи овозможува методолошки приод што ќе ја долови вкупноста на грчките внатрешно-политички превирања, но во еден посебен меѓународно-политички контекст, што резултира со педесетгодишна биполарна подвоеност на светот.

Гледано од аспект на историскиот континуитет, станува сосема јасно дека одлуките донесени на Јалта во февруари 1945 година, преставуваат само израз на веќе постоечката поделеност во таборот на сојузниците, потикната од различноста на нивните стратешки интереси, а потиснувана од потребата да се победи Германија. Во такви едни услови, промовирањето и практицирањето на принципот на сфери на влијанија во меѓународните односи, од страна на големите сили, а во услови на нивна идеолошка подвоеност сосема природно резултира со појава на состојби исти или слични како во Грција непосредно по нејзиното ослободување.

Имено, според "процентуалниот договорот", постигнат помеѓу Черчил и Сталин, во Москва, во октомври 1944 година, Грција влегла во британската сфера на влијание. Од друга страна, главен политички и воен фактор што ја водел борбата за ослободување е Грчката комунистичка партија, која како и секоја друга политичка сила нормално тежнее да ги искористи стекнатите позиции за да ја освои власта, неводејќи сметка, или незнаеќи дека принципот на поделба на сфери на влијанија не и го дозволува тоа. При тоа таа како свој противник има политички опции кои немаат, или недоволно имаат своја воена компонента, стекната во периодот на ослободителната војна. Во такви услови британското

инволвирање на страна на пославиот, но пријателски наклонет политички субјект не е незначајно. Напротив, присуството на британскиот воен контингент, е всушност, основната противтежа на военото крило на ККЕ, што го балансира внатрешниот однос на политичките сили и со самото тоа влијае врз натамошниот развој на настаните. Политичкте преговори и подметнувања, склучувањта и раскинувањата на договорите, британската воена интервенција во Атина во декември 1944 година, како и честите промени на владите, се само дел од технологијата на сите инволвирани страни.

Во овој контекст склучувањето на договорт од Варкиза (февруари 1945 година) може да се гледа како дефинитивен чекор напред во обидите да се стабилизира внатрешно-политичкиот живот во Грција. Ова е дотолку поважно доколку се има во предвид фактот дека ККЕ прифатила со мирољубиви средства да се бори за освојување на власта. Друго е прашањето колку оваа определба е искрена, односно почитувана од страна на останатите политички соперници. Во такви услови ескалацијата на белиот терор не претставуваше само експресија на моќ, поткрепена со британското воено присуство. Напротив, таа во себе ја содржи и желбата со насилни средства да се елиминира противникот што на куси патеки резултира со примена на реципрочни мерки. Немоќта на британскиот кабинет да го спречи ваквото однесување, попратена со чувството за дефинитивно губење на стекнатите позиции од страна на ККЕ не можеше да доведе до ништо друго туку до нападот на Литохоро (март 1946 година) и до отпочнување на "третата" и последна рунда на Граѓанската војна. Повикот во оваа борба да се вклучат и Македонците не треба да се сфати само како израз на потребата на ККЕ да најде сојузници. Длабоко во себе тој ја отсликува целокупната грчка внатрешна состојба, обременета не само со традиционалниот судир помеѓу десницата и левицата, туку и со

нерешените малцински проблеми, изразени преку катастрофално лошата положба на македонското малцинство.

Всушност, зборувајќи за положбата на македонското малцинство, не може а да не се спомене фактот дека за неговите лидери Втората светска војна и борбата против фашизмот претставуваше нормално продолжение на борбата за остварување на националните права, изразени преку идејата за обединета Македонија. Во такви услови, правото на самоопределување силно пропагирано од страна на сите членки на антихитлеоровската коалиција, следствено и од комунистичките партии, за македонските лидери претставуваше примамлива понуда во напорите за изнаоѓање на сојузници. Гледано од аспект на состојбите во Грција, без оглед на постојаното тактизирање на ККЕ, која практично и никогаш јавно не го поддржа овој принцип, сосема разбирливо беше да се очекува создавање на еден ваков неприроден сојуз. ККЕ имаше потреба од сојузник, преку кого можеше да ја ја обезбеди помошта од Федерална Југославија. Од друга страна, потребата на Македонците да имаат силен сојузник, кој иако не доволно принципиелен, сепак ја прифаќаше реалноста наречена македонска национална посебност, влијаеше кај македонските лидери да го прифатат овој сојуз. При тоа за волја на вистината, неопходно е да се потенцира дека шансите за воспоставување на овој неприроден сојуз беа скоро занемарливи доколку неговото формирање не беше силно поддржано од лидерите на Југословеската комунистичка партија. Формирањето на НОФ во Скопје (април 1945 година) на иницијатива на КПЈ/КПМ е податок кој доволно зборува и за можноста да се влијае врз политичкото делување на неговиот врв. Фактички се покажа дека токму ова влијание беше пресудно во моментите на формирањето на овој сојуз.

Секако, во функција на одбегнување на црно-белото претставување на работите во овој контекст неминовно е да се забележат

и уште неколку моменти. Имено, во овој контекст од непомало значење се и одлуките на Првото заседание на АСНОМ. Конституирањето на ФНРЈ, а во тие рамки на НР Македонија, како посебна федерална единица, не претставува само историски чин, или етапа во борбата на македонскиот народ за стекнување на своја национална држава. Напротив. Одлуките на Првото заседание на АСНОМ, во кои се зборува за обединување на македонскиот народ, како и културната автономија што ја уживаа Македонците во Пиринска Македонија, во комбинација со се позачестените изјави за обединување на ФНРЈ и НР Бугарија, а што само по себе би требало да доведе и до натамошно македонско обединување, сосема нормално имаа свој ефект и помеѓу Македонците во Грција, односно егејскиот дел на Македонија.

Во крајна линија од непомало значење за подигањето на борбеното расположение помеѓу Македонците во Грција имаше и употребуваната реторика од страна на југословенскиот и македонскиот политички врв. Честите изјави, а посебно говорите на митинзите во Скопје на Јосип Броз и Лазар Колишевски, како и изјавите давани во домашните и странските медиуми, со кои се потикнуваше обединувањето на Македонија, колку да имаа своја внатрешна намена секако дека не ги оставаа рамнодушни сонародниците од другата страна на границата. Друго е прашањето дали овие изјави беа само чиста реторика или во себе ја содржеа и желбата за регионална доминација.

Во оваа смисла следењето на настаните не може да го занемари и фактот дека положбата на македонското малцинство во Грција имаше своја употребна врденост не само во рамките на регионалното стабилизирање на системот на држави, туку и пошироко. Битката за Трст, што во тоа време ја водеше Југославија не може да се гледа изолирано од формирањето на НОФ и појавата на првите македонски вооружени акции во егејскиот дел на Македонија. Гледано во рамките на глобалниот судир

помеѓу двата никнувачки блока, при следењето на сосотојбите во Грција, постојано треба да се имаат во предвид и состојбите околу Иран и Турција.

Всушност, методолошки гледано развојот на настаните во Грција, а од македонска точка учеството на Македонците во Граѓанската војна, постојано треба да се следи во корелација со развојот на настаните во Европа па и пошироко. Потполно погрешно би било секое занемарување на фактот дека почетокот на организираните вооружени акции, спроведувани од страна на грчките комунисти, временски се поклопуваат со активната реализација на Трумановата доктрина. Спуштањето на железната завеса од Балтикот до Средоземјето и воспоставувањето на политиката на задржување, дефинитивно во игра ги воведе Соединетите Американски Држави. Не Велика Британија, туку САД, станаа најголемиот сојузник на владата во Атина. Глобалниот трансфер на моќта помеѓу Велика Британија и САД својата практична експресија ја имаше токму во Грција и токму во дефинирањето не само на внатрешното политичко уредување туку и врз натамошната судбина на Македонците. Фактички, уште пред да почне, Граѓанската војна беше изгубена, како за ККЕ така и за Македонците. Не навлегувајќи во прашањето дали по своја вина или не, за тоа се уште не постои релевантна историска документација, Македонците поттикнати од сосптвените национални интереси, поддржаа страна која не само што беше отпишана од својот најголем сојузник - Советскиот Сојуз, туку и соочена со противник кој не само што не можеше, туку и не смееше да изгуби. Во оваа смисла вербалната поддршка што од време на време доаѓаше од Москва повеќе може да се толкува како тактичка и дел од глобалната стратегија отколку како искрена.

Потенцирањето на овој однос на силите е посебно важен од аспект на концентрирањето на натамошното внимание на еден посебно важен

момент, како за македонската историографија, така и за поуките што можат од сето тоа да се извлечат.

Имено, како што беше погоре потенцирано, односот помеѓу ККЕ и Македонците најпрецизно може да се дефинира како однос на неприродни сојузници. Текот на Граѓанската војна и нивните взаемни односи тоа најдобро го покажуваат. Ставањето на НОФ под раководство, а подоцна и под целосна контрола на ККЕ не само што не го зајакна овој сојуз, туку од македонска гледна точка допринесе за несоздавање на целосна и јасно дефинирана политичка платформа. Интересите на ККЕ по својата суштина колку и да изгледаа интернационалистички, колку и да требаа да водат сметка за правото на самоопределување, во праксата не можеа да отстапат од прагматизмот. Во крајна линија, ККЕ беше дел на грчкото политичко ткиво и како такво нормално дека првенствено водеше сметка за територијалниот интегритет и суверенитет на Грција. Всушност, токму овој однос пројавен во целиот период на Граѓанската војна во Грција можеби е најдобар пример за длабокиот и нерешен теоретски проблем, помеѓу интернационализмот и национализмот присутен во комунистичкото движење. Праксата изразена во следните декади преку појавата на национал-болшевизмот, во скоро сите социјалистички држави се чини е и дефинитивниот одговор на оваа сега веќе само теоретска дилема.

Македонците под влијание како на политичкиот врв во НР Македонија, така и со директна инволвираност на југословенскиот политички врв се откажаа од позицијата на рамноправен сојузник. Прифатија да не формираат сопствени независни облици на делување и со самото тоа своите интереси да ги стават во функција на една поширока и доста недефинирана политичка опција. Ако кон ова се додаде баластот на взаемно градената недоверба од годините на Втората светска војна, веќе

зацврстените национални стереотипи, како и традиционалното балканско нетактичко однесување, сликата станува комплетна.

Воспоставен е организационен облик на делување кој и самиот по себе не е во состојба максимално да ги мобилизира своите внатрешни потенцијали. Истовремено тој облик заради карактерот на своето формирање, како и поделбата на улогите, генерира постојана расцепканост во македонското политичко раководство во Грција. За волја на вистината при ова во ниеден момент не треба да се испушти од предвид и однесувањето на југословенскиот политички врв. Нечувствувајќи потреба од било какви консултации, или сведувајќи ги на најмал можен степен, раководството во Белград, учеството на Македонците во Граѓанската војна се повеќе го подредува на државните интереси на Југославија, кои не мораа, а од време на време и не беа истоветни со интересите на Македонците. Настаните што уследија во текот на 1948 година се најдобра потврда на изнесеново.

Имено, влошувањето на југословенско-советските односи, како и Резолуцијата на Информбирото од јуни 1948 година, не само што во потполност ја измени состојбата во европското, па и светското комунистичко движење, туку свои реперкусии имаше и врз текот на Граѓанската војна во Грција. Ова во ниеден момент не треба да се сфати како тврдење дека доколку не дојдеше до прекин на односите помеѓу Москва и Белград, дека грчките комунисти, а во тие рамки и Македонците од егејскиот дел на Македонија имаа некаква шанса на успех. Напротив, како што е истакнато и претходно таа војна беше изгубена уште пред да почне. Овде се работи за нешто друго. Се работи за согледување и извлекување на поуки!

Не само грчките комунисти, туку и Македонците како заедничките, така и секој своите посебни интереси, тесно ги поврзаа со зависноста од помошта од балканските држави, каде на власт беа

комунистичките партии. Ова само по себе не е и не може да се разбере како нешто што е негативно. Барањето и изнаоѓањето на сојузник е сосема нормална работа. Во конкретниов случај се работи за барање на сојузник, во услови кога сите тие и главните актери, пред се ККЕ но и сојузниците, балканските држави, се исцело зависни во своите внатрешни и надворешни потези на центарот во Москва. Фактички, целокупното нивно делување е подредено на интересите на Москва. Одвојувањето што во текот на 1948 година го направи Југославија, за да во иднина им даде приоритет на своите интереси, беше успешено како заради монолитноста на југословенскиот комунистички врв, така и заради веќе воспоставената би-поларност во меѓународните односи. Во таква една меѓународна констелација, сосема е разбирливо дека загубата на едната страна претставува добивка за другата. Членките на западната алијанса ја подржаа Југославија во своите намери да се одвои од Москва прифаќајќи го тоа како своја добивка. Истовремено, тие таа своја поддршка, сосема нормално, ја условија со југословенско повлекување од директната инволвираност во Граѓанска војна во Грција.

Во такви едни услови, југословенскиот државен врв, воден од логиката на потполн прагматизам, кој патем речено ни претходно не му недостасуваше, единственото нешто што можеше да го направи е да ги жртвува интересите на Македонците во Грција за сметка на југословенските државни интереси.

Потенцирањето на едниот од двајцата партнери во неприродниот сојуз, овде се прави за да се согледа и еден друг момент. Имено, откажувајќи се од натамошната помош, југословенскиот врв, тоа секако дека го направи и на штета на грчките комунисти. Меѓутоа, за волја на вистината тие исто така веќе го имаа направено својот избор. Тие како и останатите комунистички партии, па во тие рамки и останатите балкански комунистички партии, во овој судир застанаа на страната на Москва.

Уште повеќе, можноста што југословенскиот врв им ја даде преку неговото инсистирање, македонското нацинално-ослободително движење да се стави под целосно раководство на ККЕ, од страна на последниов беше ставено во една нова функција. Во функција на пропагандната војна против Југославија. Токму од овие причини, грчкото комунистичко движење, непосредно пред крајот на Граѓанската војна, се согласи Македонците од Грција да имаат право на самоопределување. Резултат на ваквата промена на ставот на ККЕ претставува и одлуката на Вториот пленум на НОФ за создавање на "македонска држава во рамките на народнодемократската федерација на балканските народи", сега веќе силно поуларизирана од страна на бугарските медиуми. При тоа овде не се работи за проценка на причините што допринеле за донесување на едно вакво решение. Тие се јасни и се антијугословенски. Тоа што овде е поважно е тоа дека за неполни три години македонското прашање под притисок на надворешни фактори добива една друга улога, плаќајќи ја и онака веќе претплатената цена за постојаното откажување, односно несоздавање можности за воспоставување свој независен организационен облик на делување заснован врз платформа што ќе претставува реален одраз на сопствените национални интереси и можности.

Споменувањето на 21 000 убиени и 50 000 раселени, 46 потполно уништени села како и конфискацијата на два милиони декри обработлива земја се само надворешна, материјална експресија на хуманитарната катастрофа што ја доживеаја Македонците. Гледано од аспект на македонските национални интереси, овој резултат, чии што последици се чувствуваат и денес, би бил уште потрагичен доколку од него не се извлечат соодветни поуки.

# КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

## А. *ИЗВОРИ*

### I. *Архивски документи*

King's Colledge, Liddell Hart Centre for Military Archives, London, Great Britain

(i) Mayers Papers

(ii) Woodhouse Papers

PRO: Public Record Office, Kew Gardens, London, Great Britain

(i) Foreign Office Papers:

FO 371: General Politic Files

(ii) War Office Papers: WO 208, 202

(iii) Prime Minister's Office: Patronage Papers: PREM 8

### II. *Објавени документи*


*Велика Британија и Македонија 1944-1945: Документи* (Избор, превод и редакција: Т. Чепреганов), т. I (Скопје: Институт за национална историја, 1995).

*Велика Британија и Македонија мај 1945-ноември 1948: Документи* (Избор, превод и редакција: Т. Чепреганов), т. II (Скопје: Институт за национална историја, 1996).

*Dokumenti o spoljnoj politici Socijalističke Federativne Republike Jugoslavije 1941-1945*, II (Beograd: Jugoslovenski pregled, 1984).

*Documents on British Policy Overseas: Eastren Europe 1945-1946*, M. E. Pelly, H. J. Yasamee and K. A. Hamilton assisted by G. Bennett (Eds.), sries I, vol. VI (London: Foreign and Commonwelth Office, HMSO, 1991).

*Егејска Македонија во НОБ 1944-1945: Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во антифашистичката војна 1941- 1945 година* (Редакција: Р. Кирјазовски, В. Пејов, Т. Симовски), т. I, (Скопје: Архив на Македонија, 1971).

*Егејска Македонија во НОБ 1945: Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во*

*Граѓанската војна во Грција 1945 година* (Превод и редакција: Р. Кирјазовски, Т. Симовски), т. II (Скопје: Архив на Македонија, 1973).

*Егејска Македонија во НОБ 1946: Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во Граѓанската војна во Грција 1946 година* (Превод и редакција: Р. Кирјазовски, Т. Симовски), т. III (Скопје: Архив на Македонија, 1976).

*Егејска Македонија во НОБ 1947: Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во Граѓанската војна во Грција 1947 година* (Превод и редакција: Р. Кирјазовски, Т. Симовски), т. IV (Скопје: Архив на Македонија, 1980).

*Егејска Македонија во НОБ 1948: Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во Граѓанската војна во Грција 1948 година* (Превод и редакција: Р. Кирјазовски, Ф. Буцкова-Мартинова), т.V, (Скопје: Архив на Македонија, 1981).

*КПГ и македонското национално прашање 1918-1974: Документи за односот на Комунистичката партија на Грција кон македонското национално прашање 1918-1974* (Скопје: Архив на Македонија, 1982).

*Егејска Македонија во НОБ 1949: Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во Граѓанската војна во Грција 1949 година* (Превод и редакција: Р. Кирјазовски, Ф. Буцкова-Мартинова), т.VI (Скопје: Архив на Македонија, 1983).

*Егејска Македонија во антифашистичката војна 1941-1943 година: Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во антифашистичката и Граѓнската војна во Грција 1941-1949 година* (Превод, редакција и коментар: Р. Кирјазовски, Ф. Буцкова-Мартинова), т.VII, кн. 1 (Скопје: Архив на Македонија, 1985).

*Егејска Македонија во антифашистичката војна 1 јануари-31 август 1944: Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во антифашистичката и Граѓнската*

*војна во Грција 1941-1949 година* (Превод, редакција и коментар: Р. Кирјазовски), т.VII, кн. 2 (Скопје: Архив на Македонија, 1987).

*Егејска Македонија во НОБ септември 1944 - февруари 1945: Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во антифашистичката и Граѓнската војна во Грција 1941-1949 година* (Превод, редакција, коментар: Р. Кирјазовски), т. VII, кн. 3 (Скопје: Архив на Македонија, Матица Македонска, 1996).

*Yugoslavia Political Diaries 1918-1965*, vol. 3, R. L. Jarman (Ed.), (UK: Archive Editions Limited, 1997).

Кирјазовски, Р., *Македонците и односите на КПЈ и КПГ 1945-1949: Официјални документи со коментари* (Скопје: Култура, 1995).

*Saranda Hronia tou KKE 1918-1985* (Politikes kai Logotechikes Ekdoseis, 1958).

*Сборник документов: Советский Союз на международных конференцях периода Великой отечественной войны 1941-1945 гг., Тегеранская конференция руководителеи трех Союзных держав - СССР, США и ВеликоБритании 28 ноября - 1 декабря 1943 г.* (Главная редакционная комиссия: А. А. Громыко, И. Н. Земсков, В. А. Крючков, Ш. П. Санакоев, П. П. Севостьянов, С. Л. Тихвинский, К. У. Черненко), т. II (Москва: Издателъство политической литературы, 1978).

*Сборник документов: Советский Союз на международных конференцях периода Великой отечественной войны 1941-1945 гг., Крымская конференция руководителеи трех Союзных держав - СССР, США и ВеликоБритании 4-11 февраля 1945 г.* (Главная редакционная комиссия: А. А. Громыко, И. Н. Земсков, В. А. Крючков, Ш. П. Санакоев, П. П. Севостьянов, С. Л. Тихвинский, К. У. Черненко), т. IV (Москва: Издателъство политической литературы, 1979).

*Сборник документов: Советский Союз на конференцях периода Великой отечественной войны 1941-1945 гг., Берлинска международныхя конференция (Потсдамская конференция) руководителеи трех Союзных держав - СССР, США и ВеликоБритании 17 июля - 2 августа 1945 г.* (Главная редакционная комиссия: А. А. Громыко, И. Н. Земсков, В. А. Крючков, Ш. П. Санакоев, П. П. Севостьянов, С. Л. Тихвинский, К. У. Черненко), т.VI (Москва: Издателъство политической литературы, 1980).

*To Kommounistiko Komma Elladas ston polemo ke stin andistasi 1940-1945, Episima keimena*, t.V (Ekdosi tu KKE, 1973).

*The Conspiracy against Greece* (Greek Under-Secretariat for Press and Informations, 1947).

*Foreign Relations of the United States, Diplomatic Papers: The Conference of Malta and Yalta 1945* (Washington: *United States Governement Printing Office*, 1955).

## Б. *ЛИТЕРАТУРА*

Averoff - Tossizza, E., *By Fire and Axe: The Communist Party and Civil War in Greece, 1944-1949* (New York: Caratzas Brothers Publishers, 1978).

Ајановски-Оче, В., *Егејски бури* (Скопје: Институт за национална историја, 1975).

Alvarez, D. J., *Bureaucracy and Cold War Diplomacy: The United States and Turkey 1943-1946* (Thessaloniki: Institute for Balkan Studies, 1980).

Almond, M., *Europe's Backyard War: The War in the Balkans* (London: Heinemann, 1994).

Андоновски, Х., *Македонциѿе ѿод Грција во борбаѿа ѿроѿив фашизмоѿ 1940-1941* (Скопје: Институт за национална историја, 1968).

Acheson, D., *Present at the Creation: My Years in the State Department* (New York: Norton & Company, 1969).

Baev, J., *O Eemfilios polemos stin Ellada - Diethnis diastaseis* (Athina: Filistor 1996).

Barker, E., *Britanska politika prema Jugoistočnoj Evropi u Drugom Svjetskom ratu* (Zagreb: Globus, 1978).

Barker, E., "The Yugoslavs and the Greek Civil War", L. Baerentze, J. O. Iatrides, O. L. Smith (Eds.), *Stidies in the History of the Greek Civil War 1945-1949* (Copenhagen: Museum Tusculanum Press, 1987).

Barker, E., "Yugoslav Policy towards Greece 1947-1949", L. Baerentze, J. O. Iatrides, O. L. Smith (Eds.), *Stidies in the History of the Greek Civil War 1945-1949* (Copenhagen: Museum Tusculanum Press, 1987).

Баркер, Е., *Македонија и нејзиноѿо месѿо меѓу Балканскиѿе ѿолиѿички сили* (Скопје: Македонска книга, 1992).

Bekić, D., *Jugoslavija u Hladnom ratu: Odnosi s velikim silima 1949-1955* (Zagreb: Globus, 1988).

Благоев, С., "Некои аспекти од мешањето на Соединетите Американски Држави и Велика Британија во внатрешните работи на Грција 1943-1945, *Гласник на ИНИ,* XXIX/3 (Скопје: Институт за национална историја, 1985).

Благоев, С., "Тајната дипломатија во текот на Граѓанската војна во Грција и македонското прашање", *Гласник на ИНИ,* 40/2 (Скопје: Институт за национална историја, 1996).

Black, C. E., Helmreich, J. E., Helmreich, P. C., Issawi, C. P., McAdams, A. J., *REBIRTH: A History of Europe Since World War II* (Boulder, San Francisko, Oxford: Westview Press, 1992).

Boerentzen, L., "The 'Paidomazoma' and the Queen's Camps", L. Baerentze, J. O. Iatrides, O. L. Smith (Eds.), *Studies in the History of the Greek Civil War* (Copenhagen: Museum Tusculanum Press, 1987).

Boyle, P. G ., "America's Hesitant Road to NATO", J. Smith (Ed.), *The Origins of NATO* (Exeter: Exeter University Press, 1990).

Brown, J. F., *Nationalism, Democracy and Security in the Balkans* (Aldershot, Brookfiled: Dartmounth, 1992).

Буцкова - Мартинова, Ф., *И ние сме деца на мајкаша земја...* (Скопје: Здружение на децата-бегалци од егејскиот дел на Македонија, 1998).

Wallerstein, I., *Geopolitics and Geoculture: Essays on the Changing World-System* (Cambridge: Cambridge University Press, 1991).

Woodhouse, C. M., *Apple of Discord: A Survey of Recent Greek Politics in their International Setting* (London, New York, Melbourne: Hutchinson & CO. LTD, 1948).

Woodhouse, C. M., "Ljeto 1943: Kritični mjeseci", *Britanska politika prema pokretu otpora u Jugoslavijai i Grčkoj* (Globus: Zagreb, 1978).

Wolff, R. L., *The Balkans in Our Time* (Cambridge, Massachusetts: Harvard University Press, 1974).

Vukadinović, R., *Američko-sovjetski odnosi od 1917. do 1976* (Zagreb: Školska knjiga, 1977).

Вукмановиќ-Темпо, С., *Борба за Балканош* (Скопје: Мисла, 1982).

Gardner, L. C., *Spheres of Influence: The Great Powers Paritition Europe, from Munich to Yalta* (Chicago: IVAN R. DEE, 1993).

Gaddis, J. L., *We Now Know: Rethinking Cold War History* (Oxford: Clarendon Press, 1997).

Гиренко, Ю. С., "СССР - Югославия: 1948 год.", *Новая и Новейшя иcтория*, 4 (Москва: Академија Наук СССР. Институт Всеобщей Истории, 1988).

Davies, N., "Poland", M. McCauley (Ed.), *Communist Power in Europe 1944-1949* (London: The Macmillan Press LTD, 1977).

Dedijer, V., *Interesne sfere* (Beograd: Prosveta, 1980).

Dedijer, V., *Novi prilozi za biografiju Josipa Broza Tita*, t. III (Beograd: RAD, 1984), 267.

*Drugi svetski rat: Pregled ratnih operacija*, knj. 3 (Beograd: Vojnoistoriski institut, 1964).

*Drugi svetski rat: Pregled ratnih operacija*, knj. 4 (Beograd: Vojnoistoriski institut, 1967).

*Drugi svetski rat: Pregled ratnih operacija*, knj. 5 (Beograd: Vojnoistoriski institut, 1970).

*Drugi svetski rat 1939-1945*, II (Beograd: Mladost, 1969).

*Други светски рат*, књ.трећа (Београд: Народна књига, 1980).

Duignan P. and Gann, L. H., *The USA and the New Europe 1945-1993* (Oxford: Blackwell, 1994).

Đilas, M., *Razgovori sa Staljinom* (Beograd: Književne novine, 1990).

Edson, C. F., "Greece During the Second World War", *Balkan Studies*, vol.8, no.2 (Thessaloniki: Institute for Balkan Studies, 1967).

*Istotia tis Andistasis 1940-1945*, t. protos (Athina: Avlos).

*I trihroni epopia tou Demokratiku Stratu Elladas* (Athina: Sinhroni Epohi, 1998).

Iatrides, J. O., "Perceptions of Soviet Involvment in the Greek Civil War 1945-1949", L. Baerentzen, J. O. Iatrides, O. L. Smith (Eds.), *Studies in the History of the Greek Civil War 1945-1949* (Copenhagen: Museum Tusculanum Press, 1987).

Jelavich, B., *History of the Balkans: Twentieth Century*, vol. 2 (Camridge: Cambridge University Press, 1983).

Kalvokorezi, P., Vint, G., *Totalni Rat* (Beograd: RAD, 1987).

Karakasidou, A., "Fellow Travellers, Separate Roads: The KKE and the Masedonian Question", *East European Quarterly,* XXVII, no.4 (Colorado: University of Colorado, 1993).

Катарџиев, И., *Време на зреење: Македонското национално прашање меѓу двете светски војни 1919-1930, II,* (Скопје: Култура, 1977).

Катарџиев, И., *Борба за развој и афирмација на македонската нација* (Скопје: Култура, 1981).

Катарџиев, И., *Соседите и Македонија, вчера, денес, утре* (Скопје: Менора, 1998).

Kegly, C. W., Wittkopf, Jr., E. R., *American Foreign Policy: Pattern and Process, Fourth Edition* (New York: St. Martin's Press, 1991).

Kennan G., ("X"), "The Sources of Soviet Conduct", J. Kurland (Ed.), *The Failure of Diplomacy: The Origins of the Cold War* (New York, 1975).

Kennedy, P., *The Rise and Fall of the Great Powers: Economic Change and Military Conflict from 1500 to 2000* (New York: Random House, 1987).

Кирјазовски, Р., *Народноослободителниот фронт и другите организации на Македонците од Егејска Македонија 1945-1949* (Култура: Скопје, 1985).

Кирјазовски, Р., *Македонски национални институции во егејскиот дел на Македонија 1941-1961* (Скопје: Институт за национална историја, 1987).

Кирјазовски, Р., "Документи за егзодусот на децата од егејскиот дел на Македонија", *Историја,* XIII/1-2 (Скопје: Институт за историја при Филозофскиот факултет, Сојуз на друштвата на историчарите, 1987).

Кирјазовски, Р., *Македонската политичка емиграција од егејскиот дел на Македонија во Источна Европа* (Скопје: Култура, 1989).

Кирјазовски, Р., *Демократски и антифашистички партии и организации во егејскиот дел на Македонија 1941-1945* (Скопје: Институт за национална историја, 1991).

Кирјазовски, Р., "Односот на големите сили од антихитлеровската коалиција спрема Грција во текот на Втората светска војна и

проблемот на обединувањето на Македонија", *АСНОМ, Педесет години македонска држава 1944-1994* (Скопје: МАНУ, ИНИ, 1995).

Кирјазовски, Р., *Правната дискриминација на големо-грчката политика во егејскиот дел на Македонија по Втората светска војна* (Скопје: ППС "МИС", 1996).

Кирјазовски, Р., "Македонското прашање во политиката на големите сили во Грција по Втората светска војана"(труд во ракопис).

Кирьякидис, Г. Д., *Гражданская война в Греции 1946-1949* (Москва: Наука, 1972).

Киселиновски, С., *КПГ и македонското национално прашање 1918-1940* (Скопје: Мисла, 1985).

Киселиновски, С., *Егејскиот дел на Македонија 1913-1989* (Скопје: Култура, 1990).

Kissinger, H., *Diplomacy* (New York: Simon & Schuster, 1994).

Clive, N., "British Policy Alternatives 1945-1946", L. Baerentzen, J. O. Iatrides, O. L. Smith (Eds.), *Studies in the History of the Greek Civil War 1945-1949* (Copenhagen: Museum Tusculanum Press, 1987).

Clogg, R., "Greece", M. McCauley (Ed.), *Communist Power in Europe 1944-1949* (London: The Macmillan Press LTD, 1977).

Close, D. H., *The Origins of the the Greek Civil War* (London, New York: Longman, 1995).

Kljakić, D., *Izgubljena pobeda generala Markosa: Građanski rat u Grčkoj 1946-1949. i KPJ* (Beograd: Narodna knjiga, 1987).

Kljakić, D., *Sovjetizacija Balkanse zone: Ispovest Lazara Koliševskog* (Beograd: Radnička (Štampa, 1992).

Кљакиќ, Д., *Времето на Колишевски* (Скопје: Матица македонска, 1994).

Kondis, B., "Aspects of Greek Amerikan Relations on the Eve of the Truman Doctrine", *Balkan Studies*, vol. 18, no. 2 (Thessaloniki: Institute for Balkan Studies, 1978).

Kondis, B., "The Termination of the Greek Civil War: Its International Implications", *Balkan Studies*, vol. 29, no. 2 (Thessaloniki: Institute for Balkan Studies, 1988).

Kofos, E., *Nationalism and Communism in Macedonia* (Thessaloniki: Institute for Balkan Studies, 1964).

Kofos, E., *The Impact of the Macedonian Question on Civil Conflict in Greece (1943-1949)* (Athens: Hellenic Foundation for Defense and Foreign Policy, 1989).

Kofos, E., "National Heritage and National Identity in Nineteenth and Twentieth Century Macedonia", M. Blinkhorn and T. Vermis (Eds.), *Modern Greece: Nationalism & Nationality* (Athens: ELIAMEP, 1990).

Кочов, С., *(Само)жртвувањето на Македонците под Грција: Како и зошто беше изманипулиран македонскиот народ под Грција во Граѓанската војна 1945-1949 година* (Скопје: Матица македонска, 1994).

Crampton, R. J., *Eastren Europe in the Twentieth Century* (London, New York: Routledge. 1994).

Xydis, S. G., *Greece and the Great Powers 1944-1947: Prelude to the "Truman Doctrine"* (Thessaloniki: Institute for Balkan Studies, 1963).

Xydis, S. G., "The USSR and the Creation of Commission of Investigation Concerning Greek frontier incidents" *Balkan Studies,* vol. 4 (Thessaloniki: Institute for Balkan Studies, 1963).

Xydis S. G., "The Truman Doctrine in Perspective", *Balkan Studies,* vol. 8, no. 2 (Thessaloniki: Institute for Balkan Studies, 1967).

Laiou, A. E., "Population Movements in the Greek Countryside During the Civil War", L. Baerentze, J. O. Iatrides, O. L. Smith (Eds.), *Studies in the History of the Greek Civil War* (Copenhagen: Museum Tusculanum Press, 1987).

Lampe, R. J., *Yugoslavia as History: Twice there was a country* (Cambridge: Cambridge University Press, 1996).

Lory, B., L'Europe Balkanique de 1945 à nos jours (Paris: Ellipses/édition marketing S.A.,1996).

Мамуровски, Т., *Бугарската пропаганда во Југозападна и Централна Егејска Македонија 1941-1944* (Скопје: Институт за национална историја, 1989).

Мамуровски, Т., *Македонците во Егејска Мкаедонија 1945-1946* (Скопје: Институт за национална историја, 1995).

Meter Van, C. D., "The Macedonian Question and the Guerrilla War in Northen Greece on the Eve of the Truman Doctrine", *Journal of the Helenic Diaspora*, vol. 21.1 (New York: Pella Publishing Company, INC., 1995).

Минчев, Д., *Македонскияш въирос и Бйлгаро-Югославскиme ошношения 9 сеишември 1944-1949* (София: Университетско издателство "Св. Климент Охридски", 1994).

MccGwire, M., "National Security and Soviet foreign policy", M. P. Leffler and D. S. Painter (Eds.), *Orgins of the Cold War: An International History* ( London, New York: Routledge, 1994).

McNeill, W. H., *The Greek Dilemma: War and Aftermath* (London: Victor Collancr LTD, 1947).

Наринский М. М., "СССР и план Маршалла. По материалам архива президента РФ", *Новая и Новейшая история*, no.2 (Москва: Наука, март-апрель 1993).

O' Ballance, E., *The Greek Civil War 1944-1949* ( London: Faber and Faber, 1966).

Painter, D. S. and Leffler, M. P., "Introduction: The International System and the Orgins of the Cold War", M. P. Leffler and D. S. Painter (Eds.), *Orgins of the Cold War: An International History*( (London, New York: Routledge, 1994).

Partos, G., *The World that Came in from the Cold: Perespectives from East and West on the Cold War* (London: Royal Institute of International Affairs 1993).

Пејов, Н., *Македонциme и Граѓанскаша војна* (Скопје: Институт за национална историја, 1968).

Petranović, B., *Balkanska federacija 1943-1948* (Beograd: IKP Zaslon, 1991).

Pirjevec, J., "The Tito-Stalin Split and the End of the Civil War in Greece", L. Baerentze, J. O. Iatrides, O. L. Smith (Eds.), *Studies in the History of the Greek Civil War 1945-1949* (Copenhagen: Museum Tusculanum Press, 1987).

Prevelakis G., "The return of the Macedonian Question", Carter, F. W., Norris, H. T. (Eds.), *The changing shape of the Balkans* (London: UCL Press, 1996).

*Savremeni svet*, IV (Beograd: Narodna knjiga, Vuk Karadžić, RAD, 1983), 295.

Smith, O. L., "Self-Defence and Communist Policy 1945-1947", L. Baerentze, J. O. Iatrides, O. L. Smith (Eds.), *Studies in the History of the Greek Civil War 1945-1949* (Copenhagen: Museum Tusculanum Press, 1987).

Smith, J., *The Cold War 1945-1991, Second Edition* (Massachusetts: Blackwell, 1998).

Смирнова, Н. Д., "Грецијая в политике США и СССР. 1945-1947гг. Новые архивные документы", *Новая и Новейшая исторuя*, no.5 (Москва: Наука, сентябрь-октябрь 1997).

Stefanidis, I., "United States, Great Britain and the Greek Yugoslav Rapprochement 1949-1950", *Balkan Studies,* vol. 27, no. 2 (Thessaloniki: Institute for Balkan Studies, 1988).

Stefanidis, Y. D., "From Cold War polemics to Nationalist propaganda: The former 'Refugee' children from Greece and the Yugoslav connection", *Makedoniki Zoi*, no.326 (June,1993).

Stefanidis, Y. D., "Macedonia: Political Developments and Social Dimensions, 1923-1950", *Modern and Contemporary Macedonia,* vol. II (Thessaloniki: Papazissis Publishers-Paratiritis Publishing House, 1993).

Sfikas, T. D., *The British Labour Government and the Greek Civil War 1945-1949: The Imperialism of "Non-Intervention"* (England: Ryburn Publishing. Keele University Press, 1994).

Рачев, С., *Англия и съпротивителното движение на Балканите 1940-1945,* (София: БАН, 1978).

Richter, H. "The Second Plenum of the Central Committee of the KKE and the Decision for Civil War: A Reappraisal, L. Baerentze, J. O. Iatrides, O. L. Smith (Eds.), *Studies in the History of the Greek Civil War 1945-1949* (Copenhagen: Museum Tusculanum Press, 1987).

Росос, А., "Македонците од Егејска Македонија: Извештај на еден британски офицер, 1944", *Гласник на ИНИ* ,38/1-2 (Скопје: Институт за национална историја, 1994).

Rossos, A., "Macedonianism and Macedonian Nationalism on the Left", I. Banac, K. Verdery (Eds.), *National Character and National Ideology in Interwar Eastren Europe*, (New Haven: Yale Center for International and Area Studies, 1995).

Rossos, A., "Incompatibile Allies: Greek Communism and Macedonian Nationalism in the Civil War in Greece, 1943-1949", *The Journal of Modern History,* vol. 69, no. 1 (Chicago: University of Chicago Press, March 1997).

Улунян, Ар., *Коммунистическая Партия Греции: Актуалњи вопросы идеологии, политики и внутренней истории, КПГ в Национальном Сопротивлении, Гражданской и "Холодной" войнах 1941-1956* (Москва: Фонд Грческих Исследований, 1994).

Fowkes B. *The Rise and Fall of Communism in Eastern Europe*, *Second Edition* (London: Macmillan Press LTD, 1995).

Фотев, М., *Врховистите во служба на фашистичките окупатори и НОД во Егејска Македонија (1941-1944)*) (приватна архива на Евдокија Фотева).

Hadziiossif, C., "Economic Stabilization and Politikal Unrest: Greece 1944-1947", L. Baerentze, J. O. Iatrides, O. L. Smith (Eds.), *Studies in the History of the Greek Civil War 1945-1949*, (Copenhagen: Museum Tusculanum Press, 1987).

Howard, H. N., "Greece and its Balkan Neighbors (1948-1949): The United Nations Attempts at Conciliation", *Balkan Studies*, vol. 7, no. 1 (Thessaloniki: Institute for Balkan Studies, 1966).

Чепреганов, Т., "Меморандум од Антони Идн, министер за надворешни работи на Велика Британија за македонското прашање, *Гласник на ИНИ*, XXXV/1-2 (Скопје: Институт за национална историја, 1991).

Чепреганов, Т., *Велика Британија и македонското национално прашање 1944-1948* (Скопје: Институт за национална историја, 1997).

Черчил, В., *Други светски рат*, *Обруч се стеже*, т.V (Београд: Просвета, 1964).

Черчил, В., *Други светски рат: Триумф и трагедија*, т. VI (Београд: Просвета, 1964).